Собрание на Република Северна Македонија



# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Северна Македонија
## за периодот
## 1.1.2023 - 31.12.2023

*Почитувани граѓани,*

*Во воведот на Годишниот извештај за периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година, можете да добиете јасна слика за работата на Собранието на Република Северна Македонија, со сите активности кои се дел од неговите уставни надлежности. Примарна се разбира е законодавната надлежност која и во овој известувачки период беше прилично богата.*

*Можам слободно да кажам дека најсветлата точка беше донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието во рамките на процесот Жан Моне Дијалог, којшто е заеднички проект на Собранието со Европскиот Парламент и кој е заеднички успех на сите колеги пратеници кои го дадоа својот максимален конструктивен придонес и донесовме одлука со консензус. Ова ќе биде одлична основа за новиот пратенички состав во рамките на деловничките можности да придонесе во функционалноста, ефикасноста и ефективноста на Собранието, со тоа и во развојот на демократскиот парламентаризам. Дигитализацијата на Собранието и новото ТВ собраниско студио ќе внесат нова димензија во целосната транспарентност и достапност на законодавниот дом за информирање на граѓаните, домашните и странските медиуми, невладините организации и сите други заинтересирани.*

*Во извештајот има и податоци за пратеничките состави и нивните структури по различни параметри, промени во мандатите на пратениците, бројот и активностите на постојаните, посебните и неформалните работни тела. Сѐ се тоа податоци кои собраниската служба ги евидентира и сумира редовно и јас сум благодарен за нивната професионалност.*

*Драги пријатели, во 2024 година не очекуваат претседателски и парламентарни избори и Собранието повторно ќе биде местото каде што ќе се донесуваат тешки одлуки со кои ќе се направат потребните чекори за европската иднина на Република Северна Македонија и јас сум убеден дека сѐ ќе биде според Вашите надежи и очекувања.*

*Претседател*
*на Собранието на*
*Република Северна Македонија*
*Талат Џафери*

# СОДРЖИНА


**1. Вовед 2**
**2. Пратенички состав 4**
2.1.Промени во пратенички состав 5
2.2.Промени во структура на пратенички состав 9
2.2.1 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.2 Полова структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.3 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.4 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 9
**3. Пленарни седници на Собранието 10**
3.1. Пленарни седници 11
3.1.1. Посебни седници 12
3.1.2 Времетраење на седниците 13
3.2 Разгледувани акти 15
3.2.1. Поставени акти на седница 15
3.2.2. Разгледани акти на седница 17
3.3. Закони 18
3.3.1. Донесени закони 22
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 30
3.3.3. Закони по редовна постапка 32
3.3.4. Донесени ратификации 35
3.3.5. Повлечени закони 38
3.3.6. Неприфатливи закони 40
3.4. Одлуки 41
3.5. Други акти 51
3.5.1. Усвоени акти 51
3.5.2 Само разгледани акти 55
3.5.3 Акти за усвојување 56
3.5.4. Неусвоени и повлечени акти 57
3.6. Амандмани 60
3.7. Пратенички прашања 64
**4. Работни тела на Собранието 66**
4.1. Постојани работни тела 67
4.2. Посебни работни тела 138
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 138
4.3. Совети 141
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 141
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 146
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 150
4.4. Други тела 164
4.4.1. Клубови на пратеници 164
4.4.1.1. Клуб на жени пратеници 164
4.4.1.2. Клуб на младински прашања и политики 180
4.4.2. Интерпартиски групи на пратеници 192
4.4.2.1. ИПГ за лица со посебни потреби 192
4.4.2.2. ИПГ за правата на ромите 197
4.4.2.3. ИПГ за правата на ЛГБТИ лицата 199
**5. Претседател и потпретседатели 201**
5.1. Претседател 202
5.2. Потпретседатели 224
**6. Меѓународна соработка 230**
6.1. Мултилатерална соработка 231
6.2. Билатерална соработка 256
6.3. Друга меѓународна активност 261
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието 263**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 264
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 264
7.3. Свечени изјави 266
7.4. Доделување на државни награди 267
**8. Јавност во работата на Собранието 269**
8.1.Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици 270
8.2. Електронска комуникација 271
8.3. Собраниски ТВ канал 275
8.4. Средства за јавно информирање 279
**9. Поддршка на невладините и меѓународните организации на Собранието 281**
9.1. Национален демократски институт НДИ 282
9.2. Вест Минстер 301
9.3. DCAF 307
**10. Служба на Собранието 312**
10.1. Внатрешна организација 313
10.2 Посебни организациони единици 328
10.2.1. Одделение за внатрешна ревизија 328
10.2.2. Одделение - Парламентарна буџетска канцеларија 331
10.2.3. Парламентарен Институт 333
10.3.Системи за управување со квалитет 344
10.4. Податоци од стручно-административен карактер 346
**11. Прилози 351**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 352
Прилог 2 Дневни редови на седници 356
Прилог 3 Меѓународни активности 377

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

## 2.1.ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | политичка партија | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Адеми Вјолца | ДУИ | |
| 2. | Адеми Арбер | ДУИ | |
| 3. | Азири Елми | Алијанса | |
| 4. | Ајдари Берат | ДУИ | |
| 5. | Ајдари Рина | ДУИ | |
| 6. | Ангелевска Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 7. | Ангелова Марија | СДСМ | |
| 8. | Апасиев Димитар | Левица | |
| 9. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 10. | Аџиоски Мирче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 11. | Бајрами Басри | БЕСА | од 26.7.2023 - независен пратеник, од 15.9.2023 Европска Демократска Партија |
| 12. | Бакрачевска Грација | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 13. | Балковски Љупчо | ВМРО - Народна | |
| 14. | Бектеши Шаќири Фисрике | ДУИ | |
| 15. | Биљали Зендели Арта | ДУИ | |
| 16. | Ванчева Калеска Снежана | СДСМ | |
| 17. | Василевска Иванка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Вељановски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Велковски Диме | СДСМ | |
| 20. | Гаши Африм | Алтернатива | |
| 21. | Георгиевска Марија | СДСМ | |
| 22. | Даути Илире | Алијанса | |
| 23. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 24. | Ѓавочанова Драгица | СДСМ | |
| 25. | Ефтимов Дајанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Зајкова Моника | СДСМ | |
| 27. | Зендели Фадил | БЕСА | |
| 28. | Зеќири Белкиса | СДСМ | |
| 29. | Зибери Арбен | ДУИ | |
| 30. | Здравковски Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Ибраим Енес | ПДТ | |
| 32. | Иљас Бејџан | ДПТМ | |
| 33. | Исмаили Хусни | Алтернатива | од 20.11. 2023 - независен пратеник |
| 34. | Јанушев Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Јаревски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Јаулески Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Јахоски Исмаил | ДУИ | |
| 38. | Јованчев Зоранчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 39. | Јовановиќ Мирослав | ССМ | |
| 40. | Кадриев Мухамед | СДСМ | |
| 41. | Каевски Дарко | СДСМ | |
| 42. | Кадрија Бајрам | ДУИ | |
| 43. | Ковачки Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 44. | Колева Даниела | СДСМ | |
| 45. | Коџаџику Колчи Мерита | ДУИ | од 17.8.2023 - Демократско Движење |
| 46. | Костадинова Марија | СДСМ | |
| 47. | Костовски Мартин | СДСМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 48. | Коцевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Коциќ Ненад | СДСМ | |
| 50. | Кочовска Марија | СДСМ | |
| 51. | Крмов Борислав | Левица | |
| 52. | Лазаревска Жаклина | СДСМ | |
| 53. | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 54. | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 55. | Лефков Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 56. | Лозановска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Марковска Даниела | СДСМ | |
| 58. | Меџити Изет | ДУИ | од 17.8.2023 - Демократско Движење |
| 59. | Мизрахи Рашела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 60. | Миланов Стојан | СПМ | |
| 61. | Милошоски Антонијо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 62. | Минов Панчо | СДСМ | |
| 63. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 64. | Мисајловски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 65. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 66. | Митревски Јован | СДСМ | |
| 67. | Михаиловска Соња | СДСМ | |
| 68. | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 69. | Мојсовски Боби | ЛДП | |
| 70. | Морачанин Маја | ДОМ | |
| 71. | Незири Атнан | Алијанса | |
| 72. | Николова Даниела | СДСМ | |
| 73. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 74. | Николовски Илија | ПП | |
| 75. | Николовска Фаница | СДСМ | |
| 76. | Панова Ели | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 77. | Пашоли Арбана | ДУИ | |
| 78. | Пенков Златко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 79. | Петкова Ангелинка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 80. | Петковска Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 81. | Петрушевска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 82. | Петрушевски Бране | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 83. | Пешевска Жаклина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 84. | Поцкова Јадранка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 85. | Пренџов Љупчо | ГРОМ | |
| 86. | Рабаџиевска Наумовска Бети | СДСМ | |
| 87. | Рамбабова Емилија | СДСМ | |
| 88. | Рамчиловиќ Зеќир | независен | 10.1.2023, избран за Амбасадор заменет со Стојановска Пановска Даниела |
| 89. | Рашити Сурија | Алијанса | 16.3.2023, оставка заменет со Мехмеди Ремзи |
| 90. | Реџепи Кастриот | БЕСА | од 17.8.2023 - Демократско Движење |
| 91. | Реџепи Скендер | Алтернатива | од 24.11.2023 -Движење Попули |
| 92. | Ристески Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 93. | Ристова Лолита | СДСМ | |
| 94. | Садики Шаини Садије | Алтернатива | |
| 95. | Сајкоски Ѓорѓија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 96. | Салиу Абдула | Алијанса | |
| 97. | Села Зијадин | Алијанса | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 98. | Силјановска Давкова Гордана | - | |
| 99. | Снопче Халил | Алијанса | |
| 100. | Спасова Љубица | СДСМ | |
| 101. | Стаменковска Трајковска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 102. | Стојановски Бојан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 103. | Стојаноски Синиша | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 104. | Стојаноска Дафина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 105. | Стојкова Серафимовска Велика | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 106. | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| 107. | Талевски Миле | СДСМ | |
| 108. | Таневски Лазе | СДСМ | |
| 109. | Тасевска Лидија | СДСМ | |
| 110. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 111. | Трајанов Здравко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 112. | Трајанов Павле | ДС | |
| 113. | Ќазими Артина | Алијанса | |
| 114. | Фазли Бедри | ДУИ | |
| 115. | Филиповски Драгољуб | СДСМ | |
| 116. | Христова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 117. | Чаракчиев Коле | СДСМ | |
| 118. | Џафери Талат | ДУИ | |
| 119. | Шиковска Љатифе | СДСМ | |
| 120. | Шкријељ Санела | независен | |
| 121. | Стојановска Пановска Даниела | СДСМ | 24.1.2023,<br>наместо Рамчиловиќ Зеќир |
| 122. | Мехмеди Ремзи | Алијанса | 16.3.2023,<br>наместо Рашиди Сурија |

| Реден број | Скратен назив | Политичка партија | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 01.01.2023 | 31.12.2021 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 39 | 39 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 2 | 2 |
| 3. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија | 1 | 1 |
| 5. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 31 | 32 |
| 6. | БЕСА | Движење БЕСА | 3 | 1 |
| 7. | ЛДП | Либерално демократска партија | 2 | 2 |
| 8. | НСДП | Нова социјал -демократска партија | 2 | 2 |
| 9. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 10. | ВМРО-НП | ВМРО- Народна партија | 1 | 1 |
| 11. | ПДТ | Партија за движење на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 12. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 13. | ПОПГМ | Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 1 | 1 |
| 14. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 15. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 15 | 13 |
| 16. | АЛИЈАНСА | Алијанса на Албанците | 8 | 8 |
| 17. | АЛТЕРНАТИВА | Алтернатива за албанците | 4 | 2 |
| 18. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 1 | 1 |
| 19. | ЛЕВИЦА | Левица | 2 | 2 |
| 20. | НП | Независни пратеници | 3 | 3 |
| 21. | ЕДП | Европска демократска партија | - | 1 |
| 22. | ДЕ | Демократско движење | - | 3 |
| 23. | ДП | Движење Попули | - | 1 |
| | | ВКУПНО: | 120 | 120 |

## 2.2. ПРОМЕНИ ВО СТРУКТУРА НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

### 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 1.1.2023 | 78 | 65 | 31 | 25,8 | 3 | 2,5 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 |
| 31.12.2023 | 79 | 65,8 | 31 | 25,8 | 3 | 2,5 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 2 | 1,66 |

### 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 1.1.2023 | 74 | 61,6 | 46 | 38,4 |
| 31.12.2023 | 73 | 60,8 | 47 | 39,1 |

### 2.2.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 1.1.2023 | 5 | 4,1 | 29 | 24,2 | 48 | 40 | 23 | 19,2 | 13 | 10,8 | 2 | 1,6 |
| 31.12.2023 | 5 | 4,1 | 29 | 24,2 | 49 | 40,9 | 22 | 18,3 | 13 | 10,8 | 2 | 1,6 |

### 2.2.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 1.1.2023 | 1 | 0,83 | 69 | 57,5 | 15 | 31 | 4 |
| 31.12.2023 | 1 | 0,83 | 70 | 58,3 | 14 | 31 | 4 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 39 нови седници од кои 15 останаа незавршени со 83 преостанати точки (51 закон, 13 одлуки, 7 извештаи, две декларации, една резолуција, една информација, 3 плана, едно автентично толкување, една интерпелација, една стратегија една иницијатива и едни уставни измени).

Истовремено во овој период беа завршени и седум седници од 2021 и 2022 година со 7 точки, како и 50 точки од други незавршени седници од 2021 и 2022 година.




| | |
|---|---|
| **вкупно седници** | - 39 |
| завршени | - 24 |
| незавршени | - 15 |



## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 1.1.2023 – 31.12.2023

Пратенички прашања -11

- 101 седница одржана на 26.1.2023 година,
- 105 седница одржана на 23.2.2023 година,
- 108 седница одржана на 28.3.2023 година,
- 113 седница одржана на 27.4.2023 година,
- 116 седница одржана на 26.5.2023 година,
- 119 седница одржана на 30.6.2023 година,
- 122 седница одржана на 27.7.2023 година,
- 128 седница одржана на 28.9.2023 година,
- 130 седница одржана на 26.10.2023 година,
- 133 седница одржана на 1.12.2023 година и
- 137 седница одржана на 28.12.2023 година.

Обраќања - 6

- Обраќање на сојузниот претседател на Република Австрија Н.Е. д-р Александер Ван Дер Белен (109 седница, 29.3.2023 година),
- Обраќање на претседателот на Владата на Република Хрватска Н.Е. Андреј Пленковиќ (110 седница, 5.4.2023 година),
- Обраќање на претседателката на Република Косово Н.Е. д-р Вјоса Османи - Садриу (114 седница, 26.4.2023 година),
- Обраќање на претседателката на Република Словенија, Н.Е. Наташа Пирц Мусар (118 седница, 13.6.2023 година),
- Обраќање на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг (132 седница, 21.11.2023 година) и
- Обраќање на претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски (134 седница, 19.12.2023 година)

Одбележжување - 1

- Одбележување на Шеесетгодишницата од катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26.7.1963 година (121 седница, 26.07.2023 година)

Времетраење на седниците

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е **сто петнаесетатта седница** со **17** работни денови.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е **сто четвртата седница** со **92 часа и 15 минути**.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е **шестото продолжение на сто четвртата седница** која имала 4 точки на дневен ред, која траела од **12 часот и 15 минути** на 22 февруари **до 1 часот и 25 минути по полноќ** на 23 февруари или во континуитет **13 часа и 10 минути.**
- Според вкупниот број на работни часови најкратки седници на Собранието на Република Северна Македонија се сто дваесет и првата и сто дваесет и четвртата седница кои траеле **15** минути.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 34 седница | 1 | 1 минута |
| 41 седница | 2 | 48 минути |
| 45 седница | 1 | 1 минута |
| 47 седница | 1 | 1 минута |
| 50 седница | 2 | 45 минути |
| 51 седница | 3 | 46 минути |
| 54 седница | 1 | 1 минута |
| 61 седница | 2 | 4 минути |
| 66 седница | 2 | 17 минути |
| 68 седница | 1 | 1 минута |
| 69 седница | 2 | 3 минути |
| 71 седница | 8 | 17 часа и 30 минути |
| 74 седница | 3 | 1 час и 30 минути |
| 79 седница | 5 | 4 часа и 30 минути |
| 84 седница | 1 | 5 минути |
| 86 седница | 2 | 12 минути |
| 91 седница | 5 | 8 часа и 14 минути |
| 95 седница | 5 | 4 часа и 28 минути |
| 97 седница | 2 | 1 час и 34 минути |
| 99 седница | 7 | 1 час и 21 минути |
| 100 седница | 7 | 1 час и 5 минути |
| 101 седница | 1 | 6 часа и 20 минути |
| 102 седница | 1 | 1 час и 55 минути |
| 103 седница | 10 | 7 часа и 1 минута |
| 104 седница | 13 | 92 часа и 15 минути |
| 105 седница | 1 | 6 часа и 40 минута |
| 106 седница | 5 | 13 часа и 12 минути |
| 107 седница | 1 | 50 минути |
| 108 седница | 1 | 5 часа |

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 109 седница | 1 | 25 минути |
| 110 седница | 1 | 25 минути |
| 111 седница | 8 | 2 часа и 49 минута |
| 112 седница | 4 | 1 час и 41 минути |
| 113 седница | 1 | 6 часа и 5 минута |
| 114 седница | 1 | 20 минути |
| 115 седница | 17 | 39 часа и 20 минути |
| 116 седница | 1 | 4 часа и 30 минута |
| 117 седница | 7 | 11 часа и 27 минути |
| 118 седница | 1 | 20 минути |
| 119 седница | 1 | 6 часа и 10 минута |
| 120 седница | 11 | 36 часа и 58 минути |
| 121 седница | 1 | 15 минути |
| 122 седница | 1 | 6 часа и 45 минута |
| 123 седница | 1 | 2 часа и 45 минута |
| 124 седница | 1 | 15 минути |
| 125 седница | 4 | 12 часа и 35 минути |
| 126 седница | 5 | 5 часа и 30 минута |
| 127 седница | 3 | 1 час и 55 минути |
| 128 седница | 1 | 5 часа и 5 минута |
| 129 седница | 4 | 2 часа и 27 минута |
| 130 седница | 1 | 6 часа и 5 минута |
| 131 седница | 5 | 8 часа и 30 минута |
| 132 седница | 1 | 30 минути |
| 133 седница | 1 | 5 часа и 50 минута |
| 134 седница | 1 | 30 минути |
| 135 седница | 4 | 24 часа и 30 минути |
| 136 седница | 3 | 55 минути |
| 137 седница | 1 | 5 часа и 20 минута |
| вкупно: 39 нови и 19 стари | 91 ден | 376 час и 40 минути |

## 3.2.РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ
### 3.2.1.ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | декларации | резолуции | уставни измени | информации | извештаи | планови | интерпелации | автентични толкувања | завршни сметки | стратегии | деловник | иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 41 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 45 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 47 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 50 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 51 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | | |
| 54 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 61 | 1 | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| 62 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 66 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 68 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 69 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 71 | 16 | 3 | 4 | | | | | 9 | | | | | | | |
| 74 | 3 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 79 | 15 | 5 | | | | | | 6 | | | 4 | | | | |
| 84 | 3 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 86 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 91 | 5 | 1 | 1 | | | | | 2 | 1 | | | | | | |
| 95 | 15 | 13 | 2 | | | | | | | | | | | | |
| 97 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 99 | 14 | 6 | 4 | | | | | | | | 3 | | | | 1 |
| ВКУПНО | 86 | 45 | 14 | - | - | - | - | 17 | 2 | - | 7 | - | - | - | 1 |

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | декларации | резолуции | уставни измени | информации | извештаи | планови | интерпелации | автентични толкувања | завршни сметки | стратегии | деловник | иницијативи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100 | 5 | 4 | | | | | | 1 | | | | | | | |
| 102 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | |
| 103 | 26 | 13 | 10 | | | | | | | | 3 | | | | |
| 104 | 4 | | 4 | | | | | | | | | | | | |
| 106 | 17 | 8 | 4 | | | | | 1 | | | 4 | | | | |
| 107 | 1 | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 111 | 31 | 18 | 8 | | | | | 2 | 1 | | 2 | | | | |
| 112 | 8 | 8 | | | | | | | | | | | | | |
| 115 | 35 | 19 | 5 | | | | 1 | 9 | | | 1 | | | | |
| 117 | 32 | 18 | 7 | | | | | 2 | | | 5 | | | | |
| 120 | 30 | 11 | 8 | | 1 | | | 6 | | | 2 | 1 | 1 | | |
| 123 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | | |
| 124 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 125 | 23 | 15 | 5 | 1 | | | | 1 | | | 1 | | | | |
| 126 | 21 | 8 | 8 | | | | | | | | 5 | | | | |
| 127 | 8 | 4 | 3 | | | | | | | | | | | 1 | |
| 129 | 29 | 3 | 24 | | | | | | | 1 | 1 | | | | |
| 131 | 29 | 18 | 9 | 1 | | | | | | | | | | 1 | |
| 135 | 43 | 28 | 10 | | | | | 1 | 3 | | 1 | | | | |
| 136 | 4 | 3 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 349 | 179 | 107 | 2 | 1 | 1 | 2 | 23 | 4 | 1 | 25 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| ВКУПНО | 435 | 224 | 121 | 2 | 1 | 1 | 3 | 40 | 6 | 1 | 32 | 1 | 1 | 2 | 1 |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | прво читање | само разгледани | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неприфатливи | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | закони | 224 | 125 | | 27 | | | | | 19 | 2 | 51 |
| 2. | одлуки | 121 | 107 | | | | | | | 1 | | 13 |
| 3. | декларации | 2 | | | | | | | | | | 2 |
| 4. | резолуции | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| 5. | уставни измени | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| 6. | информации | 2 | | | | | 1 | | | | | 1 |
| 7. | извештаи | 40 | | | | 12 | 21 | | | | | 7 |
| 8. | планови | 6 | | | | | 3 | | | | | 3 |
| 9. | интерпелации | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| 10. | автентични толкувања | 32 | 4 | | | | | | 27 | | | 1 |
| 11. | завршни сметки | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| 12. | стратегии | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| 13. | деловник | 2 | 1 | | 1 | | | | | | | |
| 14. | иницијативи | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| | ВКУПНО | 435 | 238 | | 28 | 12 | 25 | | 27 | 20 | 2 | 83 |

# 3.3.ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската Унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Северна Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

#### Прво читање

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот

е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

Второ читање

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела исклучиво на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман, се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

Трето читање

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската Унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

В) ИТНА ПОСТАПКА

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Северна Македонија" - меѓународни договори.

Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Северна Македонија".

ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ
173




ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 125



## 3.3.1. Донесени закони

По постапка




По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони | Д. Каевски<br>Д. Велковски<br>Љ. Шиковска | скратена | 102<br>23.1.2023 |
| 2. | Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор | Влада | редовна | 99<br>24.1.2023 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола | Влада | редовна | 99<br>24.1.2023 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | редовна | 99<br>13. 2.2023 |
| 5. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување | Влада | скратена | 106<br>16.3.2023 |
| 6. | Закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства | Влада | скратена | 106<br>16.3.2023 |
| 7. | Закон за амнестија | А. Б. Зендели<br>П.Минов<br>С.К.Ванчева | скратена | 106<br>16.3.2023 |
| 8. | Закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија | В.Адеми<br>Д.Филипоски<br>И. Николовски<br>М.Талевски<br>П. Трајанов<br>Р.Ајдари<br>С. Михаиловска | скратена | 106<br>16.3.2023 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија | Б.Бајрами<br>В.Адеми<br>Г.Мисовски<br>Д.Стојановска<br>Ј.Митревски<br>Т.Џафри | скратена | 106<br>20.3.2023 |
| 10. | Закон за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица | Влада | скратена | 99<br>20.3.2023 |
| 11. | Закон за младински додаток | С.Шкријељ<br>Вј.Адеми<br>Ф.Б.Шаќири<br>Д.Каевски<br>Б.Зеќири<br>М.Морачанин<br>М.Зајкова<br>Б.Мојсовски<br>Е.Ибраим<br>С. С. Шаини<br>Х.Исмаили<br>Д. Ѓавочанова<br>Д.Николова<br>Ж.Лазаревска | скратена | 99<br>20.3.2023 |
| 12. | Закон за дополнување на Законот за концесии и јавно-приватно партнерство | Влада | скратена | 95<br>20.3.2023 |
| 13. | Закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 95<br>20.3.2023 |
| 14. | Закон за изменување на Законот за социјалната заштита | Влада | скратена | 95<br>20.3.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Закон за дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните | БКадрија<br>ДКолева<br>Д Каевски<br>Д.Ѓавочанова<br>Е.Рамбабова<br>Л.Тасевска<br>Л.Ристова<br>Љ.Спасова<br>М. Костадинова<br>Ф.Николова | скратена | 103<br>20.3.2023 |
| 16. | Закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој | Б.Кадрија<br>Д. Колева<br>Д.Каевски<br>Д.Ѓавочанова<br>Е.Рамбабова<br>Л. Тасевска<br>Л.Ристова<br>Љ.Спасова<br>М. Костадинова<br>Ф.Николова | скратена | 103<br>20.3.2023 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | скратена | 71<br>10.4.2023 |
| 18. | Закон за дополнување на Законот за возила | Влада | редовна | 111<br>19.4.2023 |
| 19. | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија | Влада | редовна | 111<br>19.4.2023 |
| 20. | Закон за зоотехника | Влада | редовна | 111<br>19.4.2023 |
| 21. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи | Влада | редовна | 111<br>19.4.2023 |
| 22. | Закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк | М.Зајкова<br>С.Шкријел<br>Б.Мојсовски<br>Д.Николова<br>Ж.Лазаревска | скратена | 111<br>26.4.2023 |
| 23. | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште | М.Зајкова<br>С.Шкријел<br>Б.Мојсовски<br>Д.Николова<br>Ж.Лазаревска | скратена | 111<br>26.4.2023 |
| 24. | Закон за изменување на Законот за ловство | П.Минов<br>Н.Коциќ<br>Л.Ристова<br>Д. Ѓавочанова<br>Љ.Спасова<br>М.Ангелова<br>М. Кочовска | скратена | 111<br>26.4.2023 |
| 25. | Закон за задругите | Влада | редовна | 115<br>10.5.2023 |
| 26. | Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија | Влада | скратена | 115<br>26.5.2023 |
| 27. | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | скратена | 115<br>26.5.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 28. | Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | Влада | скратена | 115<br>26.5.2023 |
| 29. | Закон за изменување и дополнување на Законот за градење | Влада | скратена | 115<br>26.5.2023 |
| 30. | Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање | Влада | скратена | 115<br>26.5.2023 |
| 31. | Закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина | Влада | редовна | 117<br>14.6.2023 |
| 32. | Закон за нуспроизводи од животинско потекло | Влада | редовна | 117<br>14.6.2023 |
| 33. | Закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција | С.Мираковска<br>Љ.Шиковска<br>С.К. Ванчева<br>Б.Кадрија<br>Ф.Б.Шаќири<br>Д.Каевски<br>Д.Маркоска<br>М.Георгиевска<br>В.Адеми<br>М.Зајкова<br>Д.Колева<br>А. Б.Зендели<br>Ж.Лазаревска<br>И.Даути<br>А.Незири<br>Б.Илјас | скратена | 117<br>14.6.2023 |
| 34. | Закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија | Влада | редовна | 117<br>14.6.2023 |
| 35. | Закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи | Влада | скратена | 66<br>14.6.2023 |
| 36. | Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | Влада | скратена | 95<br>14.6.2023 |
| 37. | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по договорот за заем за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2” | Влада | скратена | 100<br>14.6.2023 |
| 38. | Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини | Влада | скратена | 112<br>14.6.2023 |
| 39. | Закон за изменување на Законот за фитофармација | А. Зибери<br>Б. Фазли<br>Д.Ѓавочанова<br>М. Костадинова<br>П.Минов<br>Р.Ајдари | скратена | 115<br>14.6.2023 |
| 40. | Закон за академија за судии и јавни обвинители | Влада | скратена | 115<br>14.6.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 41. | Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ - Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | Влада | скратена | 120<br>18.7.2023 |
| 42. | Закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите | В.Адеми<br>Д.Филиповски<br>И.Јанушев<br>Љ.Пренџов<br>М.Талески | скратена | 115<br>18.7.2023 |
| 43. | Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи | А.Адеми<br>А.Незири<br>Б.Зеќири<br>Д.Марковска<br>Д. Николова<br>Д. Ѓавочанова<br>Е. Рамбабова<br>Ж.Лазаревска<br>И.Николовски<br>Ј.Митревски<br>Л.Тасевска<br>М.Костадинова<br>М.Костовски<br>П. Минов<br>С. Шкријељ<br>С.К.Ванчева<br>С.Мираковска<br>Ф.Николова | скратена | 115<br>18.7.2023 |
| 44. | Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување | А.Адеми<br>А.Незири<br>Б.Зеќири<br>Д.Марковска<br>Д. Николова<br>Д. Ѓавочанова<br>Е. Рамбабова<br>Ж.Лазаревска<br>И.Николовски<br>Ј.Митревски<br>Л.Тасевска<br>М.Костадинова<br>М.Костовски<br>П. Минов<br>С. Шкријељ<br>С.К.Ванчева<br>С.Мираковска<br>Ф.Николова | скратена | 115<br>18.7.2023 |
| 45. | Закон за вештачење | Влада | редовна | 117<br>18.7.2023 |
| 46. | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва | Влада | редовна | 117<br>18.7.2023 |
| 47. | Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Влада | скратена | 117<br>18.7.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 48. | Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување | Б.Зеќири<br>Б.Р. Наумовска<br>Д. Николова<br>Д.С. Паневска<br>Д.Ѓавочанова<br>Е. Рамбабова<br>Ж. Лазаревска<br>Л.Тасевска<br>Л.Ристова<br>Љ. Спасова<br>М. Морачанин<br>М.Ангелова<br>Н. Коциќ<br>С.Шкријељ<br>С.Михаиловска | скратена | 117<br>18.7.2023 |
| 49. | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | скратена | 125<br>06.9.2023 |
| 50. | Закон за адвокатура | Влада | редовна | 126<br>19.9.2023 |
| 51. | Закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | Влада | редовна | 126<br>19.9.2023 |
| 52. | Закон за изменување и дополнување на Законот за семејство | Б.Крмов<br>Д. Апасиев<br>Љ. Шикоска | редовна | 126<br>19.9.2023 |
| 53. | Закон за данокот за солидарност | Влада | скратена | 120<br>19.9.2023 |
| 54. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадената вредност | Влада | скратена | 120<br>19.9.2023 |
| 55. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка | Влада | скратена | 120<br>19.9.2023 |
| 56. | Закон за изменување на Законот за здравствена заштита | Б.Р. Наумовска<br>Е. Рамбабова<br>Н. Коциќ | скратена | 120<br>19.9.2023 |
| 57. | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната | Влада | редовна | 127<br>3.10.2023 |
| 58. | Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | Влада | скратена | 125<br>3.10.2023 |
| 59. | Закон за решавање банки | Влада | скратена | 125<br>3.10.2023 |
| 60. | Закон за системот за проценка на лица со попреченост | Влада | скратена | 125<br>03.10.2023 |
| 61. | Закон за регистар на задолжително социјално осигурување | Влада | скратена | 125<br>3.10.2023 |
| 62. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување | А.Зибери<br>Б.Илјаз<br>Б.Зеќири<br>Б.Р.Наумовска<br>Е.Рамбабова<br>К.Чаракчиев<br>Љ.Спасова<br>М.Јовановиќ<br>М.Кадриов<br>Н.Коциќ<br>С. Михаиловска | скратена | 125<br>3.10.2023 |
| 63. | Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните | Ж.Лазаревска<br>Љ. Шиковска<br>С.Шкријељ<br>С.К.Ванчева<br>С.Мираковска | скратена | 125<br>3.10.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 64. | Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта | Ж.Лазаревска<br>Љ. Шиковска<br>С.Шкријељ<br>С.К.Ванчева<br>С.Мираковска | скратена | 125<br>3.10.2023 |
| 65. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија | Влада | скратена | 125<br>3.10.2023 |
| 66. | Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година | Влада | скратена | 126<br>3.10.2023 |
| 67. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита | А. Зибери<br>Б.Иљас<br>Б.Зеќири<br>Б.Р. Наумовска<br>Е.Рамбабова<br>М. Морачанин<br>Н.Коциќ<br>С.Михаиловска | скратена | 126<br>2.11.2023 |
| 68. | Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците | Влада | скратена | 34<br>27.11.2023 |
| 69. | Закон за доплнување на Законот за јавните патишта | П.Ристески<br>Д.Стојановска<br>С.Стојановски<br>Г.Бакрачевска<br>Ж.Пешевска<br>А. Петкова<br>С. Миланов<br>Д.Ефтимов<br>Ј.Поцкова<br>Л.Петкоска<br>О.Лозаноска<br>А.Лашкоска<br>Б.Ласовска<br>Т.Јарески | скратена | 117<br>27.11.2023 |
| 70. | Закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем | Влада | скратена | 120<br>27.11.2023 |
| 71. | Закон за дополнување на Законот за минерални суровини | М.Костовски<br>М.Георгиевска<br>П.Минов | скратена | 129<br>27.11.2023 |
| 72. | Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) | Влада | скратена | 129<br>11.12.2023 |
| 73. | Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции | Влада | скратена | 131<br>11.12.2023 |
| 74. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин-Табановце | Влада | скратена | 131<br>11.12.2023 |
| 75. | Закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој | Влада | редовна | 131<br>11.12.2023 |
| 76. | Закон за дивечот и ловството | Влада | редовна | 131<br>11.12.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 77. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII - источна делница МК, делница Крива Паланка - граница меѓу Северна Македонија и Бугарија | Влада | скратена | 131<br>11.12.2023 |
| 78. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност | Влада | скратена | 131<br>11.12.2023 |
| 79. | Закон за задолжување на РСМ со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот Коридор VIII - Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија | Влада | скратена | 131<br>11.12.2023 |
| 80. | Закон за изменување на Законот за здравствената заштита | А.Зибери<br>А.Незири<br>Б. Иљас<br>Б. Р.Наумовска<br>Д. Марковска<br>Н.Коциќ | скратена | 131<br>11.12.2023 |
| 81. | Закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем | Влада | скратена | 111<br>11.12.2023 |
| 82. | Закон за задолжување на РСМ со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извознички на нафта по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност | Влада | скратена | 136<br>12.12.2023 |
| 83. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договор за заем заснован на политики за Северна Македонија | Влада | скратена | 131<br>12.12.2023 |
| 84. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија | Влада | скратена | 131<br>12.12.2023 |
| 85. | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги | Влада | скратена | 136<br>13.12.2023 |
| 86. | Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани | Влада | скратена | 136<br>13.12.2023 |
| 87. | **Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година** | **Влада** | **редовна** | **135<br>27.12.2023** |
| 88. | Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Влада | скратена | 135<br>27.12.2023 |
| 89. | Закон за изменување на Законот за поштенските услуги | А.Незири<br>А. Салиу | скратена | 135<br>27.12.2023 |
| 90. | Закон за дополнување на Законот за странци | С.К.Ванчева<br>С. Мираковска<br>Љ.Шиковска<br>С. Шкријељ<br>Ж.Лазаревска | скратена | 135<br>27.12.2023 |

## 3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со правото на ЕУ

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор | Влада | редовна | 99<br>24.1.2023 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола | Влада | редовна | 99<br>24.1.2023 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | редовна | 99<br>13.2.2023 |
| 4. | Закон за зоотехника | Влада | редовна | 111<br>19.4.2023 |
-Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупцијата;

-Предлог на закон за ратификација на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален Совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година помеѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал;

-Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце-Елез Хан" и „Јажинце-Глобочица";

-Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска;

-Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска;

-Предлог на закон за ратификација на Договорот за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција;

-Предлог на закон за ратификација на амандманите на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој.

**Предлог - Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 61 |
| Вкупно разгледани точки | | 190 |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | 41 |
| | економски систем | 46 |
| | јавни дејности | 33 |
| Закони | 1 читање | 22 |
| | 2 читање | 20 |
| | скратена и итна | 69 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| ратификации | | 32 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 14 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| барања за автентични толкувања | | 26 |
| други акти | | 3 |

# Комисија за одбрана и безбедност

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МИЛЕ ТАЛЕВСКИ,** претседател |
| | **ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ,** заменик на претседателот |
| | ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Горан Мисовски |
| 2. | Лазе Таневски |
| 3. | Павле Трајанов |
| 4. | Драгољуб Филиповски |
| 5. | Ѓорѓија Сајкоски |
| 6. | Драган Ковачки |
| 7. | Марија Петрушевска |
| 8. | Бојан Стојаноски |
| 9. | Иван Стоилковиќ |
| 10. | Рина Ајдари |
| 11. | Арбер Адеми |
| 12. | Абдула Салиу |
| | ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ |
| 1. | Марија Кочовска |
| 2. | Соња Михаиловска |
| 3. | Даниела Николова |
| 4. | Марија Георгиевска |
| 5. | Антонијо Милошоски |
| 6. | Александар Вељановски |
| 7. | Бране Петрушевски |
| 8. | Игор Јанушев |
| 9. | Зоран Коцевски |
| 10. | Арбана Пашоли |
| 11. | Вјолца Адеми |
| 12. | Ремзи Мехмеди |

НАДЛЕЖНОСТИ:

-за заштита на поредокот утврден со Уставот,
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста,
-одбрана на Републиката и цивилната заштита,
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила,
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации,
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот,
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти,
-државјанство,
-одржување на јавниот ред и мир,
-јавните собири и јавните приредби,
-безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај,
-заштита од природни непогоди и епидемии,
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето,
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас,
-движење и престој на странци,
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на одбраната и безбедноста и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

Составот на Комисијата за одбрана и безбедност е утврден врз основа на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, донесена на 14 септември 2020 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 219/20).

*Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија, како матично работно тело во периодот од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година има одржано 17 седници на кои беа разгледани вкупно дваесет точки (20) и тоа:*

- еден (1) Предлог на закон во прво читање;
- пет (5) Предлог на закони по скратена постапка;
- шест (6) Предлог на одлуки за испраќање на припадник или припадници на Армијата на Република Северна Македонија во меѓународни операции;
- три (3) Предлог одлуки за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија;
- три (3) Информации добиени од Министерство за одбрана;
- еден (1) Долгорочен план за развој на одбранбените способности и
- еден (1) Статут во прва и втора фаза ;

**Комисијата во прво читање го разгледа**
-Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана.

**Комисијата по скратена постапка ги разгледа:**
-Предлог на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите;
-Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за странци;
-Предлог на закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Комисијата на седниците разгледа вкупно два (2) амандмани од кои двата беа прифатени и усвоени. Едниот беше комисиски амандман, а другиот амандман од Законодавно-правната комисија усвоен со изменет текст.

**Комисијата ги разгледа следниве Предлог на одлуки:**
-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина (мај 2023 година до ноември 2023 година);
-Предлог на одлука за испраќање припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина (јули 2023 година - јануари 2024 година);
-Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „EUTM RCA" во Централно-африканската Република;
-Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ" во Република Либан;
-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина;
-Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во

операцијата на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина;

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението;

-Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово;

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението.

**Комисијата ги разгледа следниве Информации:**

-Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за снабдување со резервни делови, поправка на делови, снабдување со потрошен материјал и давање на услуги за воздухопловите тип Ми-8МТ/17, Бел 206Б3 и Злин 242Л, со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република;

-Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за обезбедување на резервни делови по програмата Cooperative Logisitic Supply Support (CLLSA), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави со склучување на договор влада со влада и

-Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за набавка на лесни оклопни возила на тркала, со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

**Комисијата го разгледа** Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032;

**Комисијата го разгледа** и Статутот на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје (прва и втора фаза);

**Позначајни работни средби, учества на конференции, учества на панел дискусии и друг вид на состаноци на претседателот и/или на членовите и замениците на членови на Комисијата за одбрана и безбедност се:**

-учество на членови на Комисијата на панел дискусија „Зајакнување на регионалната соработка за парламентарниот надзор за одбрана и безбедност во Југоисточна Европа", Виена, Австрија, март 2023 година,
-средба на претседателот на Комисијата, Миле Талевски со г-ѓа Ангелика Лазар, офицер за политика ЕПФ/ЕЕАС, г. Цирил Бретес, воен советник, ЕПФ/ЕЕАС, г-ѓа Вердијана Маринони, проект менаџер ФПИ/ЦОМ, г. Христо Тончев - политички службеник во Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија и г. Јулијан Васало, раководител на политичкиот оддел на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, април 2023 година,
-присуство на членовите на Комисијата на настан за официјално започнување на Заедничката операција на ФРОНТЕКС во Северна Македонија, април 2023 година,.
-средба на претседателот на Комисијата, Миле Талевски со Делегација на Конгресот на САД, предводена од Конгресменот г. Верн Бјукенан, Претседател на Партнерство за демократија на Конгресот, републиканска партија, мај 2023 година,
-присуство на членовите на Комисијата за на Ден за високи гости во рамки на вежбата „Immediate Response 23" во касарна „Јане Сандански", Штип, мај 2023 година,
-учество на членови на Комисијата на регионален состанок на високо ниво за мало и лесно оружје (МЛО)-спречување и намалување на насилството, Тирана, Република Албанија, јуни 2023 година,
-присуство на членовите на Комисијата на настан за презентацијата на ЈЛТВ ВОЗИЛАТА (лесни оклопни возила) во касарната „Јане Сандански" во Штип на покана на Министерството за одбрана, јуни 2023 година и
средба на членовите на Комисијата со слушатели со чин потполковник / полковник на Сениорскиот курс на НАТО Одбранбениот колеџ од Рим, Република Италија, декември 2023г.

<u>Други активности и средби:</u>

Врз основа на потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу Собранието и ДЦАФ (Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор) односно финансиската и стручната поддршка која ја овозможува ДЦАФ, а во рамки на Програмата за реформи во безбедносниот и разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026) и Проектот за зајакнување на парламентарниот и независен надзор во текот на 2023г. целиот состав на Комисијата за одбрана и безбедност активно учествуваа на повеќе специјално дизајнирани семинари, обуки и работилници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 17 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | 6 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 5 |
| одлуки | | 9 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за политички систем

НАДЛЕЖНОСТИ:
-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
-избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Северна Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Северна Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на политичките системи и односите меѓу заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **СОЊА МИРАКОВСКА,** претседател |
| | **МАРТИН КОСТОВСКИ,** заменик на претседателот |
| | ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Снежана Калеска Ванчева |
| 2. | Бејџан Иљас |
| 3. | Даниела Маркоска |
| 4. | Дарко Каевски |
| 5. | Љатифе Шиковска |
| 6. | Гордана Сиљановска Давкова |
| 7. | Драган Ковачки |
| 8. | Лидија Петковска |
| 9. | Дајанчо Ефтимов |
| 10. | Ели Панова |
| 11. | Љупчо Пренџов |
| 12. | Фисниќе Бектеши Шаќири |
| 13. | Бајрам Кадрија |
| 14. | Илире Даути |
| | ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Фаница Николова |
| 2. | Марија Ангелова |
| 3. | Панчо Минов |
| 4. | Жаклина Лазаревска |
| 5. | Бети Рабаџиевска Наумовска |
| 6. | Ангелина Петкова |
| 7. | Зоран Коцевски |
| 8. | Иванка Василевска |
| 9. | Иван Стоилковиќ |
| 10. | Александар Николоски |
| 11. | Жаклина Пешевска |
| 12. | Вјолца Адеми |
| 13. | Арта Билали Зендели |
| 14. | Артина Ќазими |

*Во периодот од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците закажа 19 седници, од кои 15 седници и 11 продолженија на седници беа одржани. Од нив 3 седници останаа незавршени. 4 седници воопшто не беа одржани. Беа разгледани 24 точки а 4 точки останаа неразгледани.*

На седниците на Комисијата беа разгледани следниве точки:
-Предлог одлука за одржување на надзорна расправа на тема "Примената на законските одредби на Законот за неевединтирани лица од матичната евиденција";

-Надзорна расправа на тема "Примената на законските одредби на Законот за неевединтирани лица од матичната евиденција";

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија по скратена постапка; поднесен од пратениците Талат Џафери, Јован Митревски, Горан Мисовски, Вјолца Адеми, Дафина Стојаноска и Басри Бајрами;

-Предлог на закон за амнестија, по скратена постапка, поднесен од пратениците Панчо Минов, Снежана Калевска Ванчева, Арта Биљали Зендели и Сурија Рашиди;

-Предлог на закон за Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција – I читање (поднесен од пратеникот Павле Трајанов);

-Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2022 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија - II читање;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2022 година;

-Годишен извештај за 2022 година од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер;

-Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2022 година;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2022 година;

-Извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2022 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2022 година;

-Годишен извештај за работата на инспекцискиот совет за 2022 година;

-Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, поднесен од Државната комисија за спречување на корупцијата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција по скратена постапка; поднесен од пратениците Соња Мираковска, Арта Биљали-Зендели, Атнан Незири, Бајрам Кадрија, Бејџан Иљас, Вјолца Адеми, Даниела Колева, Даниела Маркоска, Дарко Каевски, Жаклина Лазаревска, Илире Даути, Љатифе Шиковска, Марија Георгиевска, Моника Зајкова, Санела Шкријељ, Снежана Калеска Ванчева, Соња Мираковска, Фиснике Бектеши Шаќири;

-Јавна расправа на тема: "Ревидирање на нормативната рамка, системската реформа за правда на децата која ќе обезбеди комплементарност на законите и нивна успешна имплементација во пракса"

-Разгледување на Заклучокот на Собранието на Република Северна Македонија по Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесен од пратениците Павле

Трајанов, Димитар Апасиев, Боби Мојсоски, Љупчо Балкоски, Панчо Минов, Моника Зајкова, Борислав Крмов и Маја Морачанин.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи по скратена постапка; поднесен од пратениците Јован Митрески, Албер Адеми, Снежана Калеска Ванчева, Соња Мираковска, Фаница Николоска, Панчо Минов, Мартин Костовски, Даниела Марковска, Марија Костадинова, Илија Николовски, Атнан Незири, Емилија Рамбамбова, Жаклина Лазаревска, Санела Шкријељ, Лидија Тасевска, Белкиса Зекири, Драгица Ѓавочанова и Даниела Николова;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување по скратена постапка; поднесен од пратениците Јован Митрески, Албер Адеми, Снежана Калеска Ванчева, Соња Мираковска, Фаница Николоска, Панчо Минов, Мартин Костовски, Даниела Марковска, Марија Костадинова, Илија Николовски, Атнан Незири, Емилија Рамбамбова, Димитар Апасиев, Жаклина Лазаревска, Санела Шкријељ, Лидија Тасевска, Белкиса Зекири, Драгица Ѓавочанова, Даниела Николова;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, по скратена постапка;

-Предлог на Одлука за основање на анкетна комисија за скандалот во ЈЗУ Универзитетска Клиника за радиотерапија и онкологија; поднесена од пратениците Ели Панова, Антонијо Милошоски, Јован Јаулески, Драган Ковачки, Грација Бакраческа, Владо Мисајловски, Дајанчо Ефтимов, Рашела Мизрахи, Зоран Коцевски, Љупчо Димовски, Тони Јаревски, Дафина Стојаноска, Љупчо Пренџов, Александар Велјановски, Зоранчо Јованчев, Даниела Христова, Мирче Аџиоски, Петар Ристески, Благица Ласовска, Миле Лефков и

-Предлог за покренување на Граѓанска иницијатива за распишување на задолжителен дополнителен референдум за одлучување на граѓаните на државно ниво за целата територија на Република Северна Македонија по предлог на најмалку 150.000 граѓани, преку овластениот предлагач г. Љупчо Палевски.

.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 15 |
| Вкупно разгледани точки | | 24 |
| **Поднесени амандмани** | | 4 |
| Закони по области | политички систем | 9 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 10 |
| одлуки | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | 1 |
| **надзорни расправи** | | 1 |
| **јавни расправи** | | 1 |

# Комисија за надворешна политика

НАДЛЕЖНОСТИ:

-надворешната политика на Република Северна Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Северна Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Северна Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Северна Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | АНТОНИЈО МИЛОШОСКИ, претседател |
| | ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ, заменик на претседателот |
| | ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Моника Зајкова |
| 2. | Даниела Колева |
| 3. | Лидија Тасевска |
| 4. | Санела Шкријељ |
| 5. | Соња Мираковска |
| 6. | Ане Лашкоска |
| 7. | Драгхан Ковачки |
| 8. | Иванка Василевска |
| 9. | Марија Петрушевска |
| 10. | Арбер Адеми |
| 11. | Арта Билали Зендели |
| 12. | Халил Снипче |
| | ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Илија Николовски |
| 2. | Миле Талевски |
| 3. | Дарко Каевски |
| 4. | Енес Ибрахим |
| 5. | Бејџан Иљас |
| 6. | Љупчо Димовски |
| 7. | Даниела Христова |
| 8. | Љупчо Пренџов |
| 9. | Александар Николовски |
| 10. | Арбана Пашоли |
| 11. | Мерита Колчи Коџаџику |
| 12. | Абдула Салиу |

*Комисијата во изминатиот извештаен период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, **закажа 15 седници**, на кои **разгледа 43 точки** од вкупно предложени **46 точки**.*

Во однос на активностите поврзани со разгледувањето на законите за ратификација на меѓународни договори, беа разгледани **33 предлози на закони**.

**Комисијата ги разгледа следниве точки на Дневен ред:**

1. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативните активности спроведени од

страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија;

2. Предлог на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина;

3. Предлог на закон за ратификација на Протоколот 16 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи;

4. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за основање културно-информативни центри во Белград и во Скопје;

5. Предлог на закон за ратификација на Договорот за партнерство помеѓу Република Северна Македонија, претставена од Министерството за локална самоуправа како партнер и Република Косово, претставена од Министерството за администрација на локална самоуправа како партнер - лидер за управување со грант Договорот за техничка помош 2019/410-322, под програмата ИПА Северна Македонија - Косово 2014/2020;

6. Предлог на закон за ратификација на Договорот за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан;

7. Предлог на закон за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан;

8. Предлог на закон за ратификација на Договорот за признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на Централно-европскиот Договор за слободна трговија;

9. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, 2019 (С 190);

10. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учеството на Република Северна Македонија во „Царините" Програма на Унијата за соработка во областа на царините;

11. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување и дополнување на Договорот помеѓу Страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила;

12. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан;

13. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија, Советот на Министри на Босна и Херцеговина, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија и Владата на Република Словенија во врска со аранжманите на земјата домаќин за статусот на Постојаната организација на Балкански медицински наменски сили и нејзиниот персонал;

14. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро;

15. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република

Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло;

16. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со Протоколите од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувањата од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година;

17. Предлог на закон за ратификација на Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор;

18. Предлог на закон за ратификација на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал;

19. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за вода и здравје на Конвенцијата од 1992 година за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера;

20. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на ветеринарството, безбедноста на храна и на добиточна храна и фитосанитарна област во Западен Балкан;

21. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан;

22. Предлог на закон за ратификација на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија;

23. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро;

24. Предлог на закон за ратификација на изменетата Спогодба за јавни набавки (2012) со Одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светската трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012);

25. Предлог на закон за ратификација на Шестиот дополнителен Протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа;

26. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството;

27. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупцијата;

28. Предлог на закон за ратификација на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален Совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година помеѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал;

29. Предлог на закон за ратификација на Договорот за културна соработка меѓу

Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција;

30. Предлог на закон за ратификација на амандманите на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој;

31. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце - Елез Хан" и „Јажинце - Глобочица";

32. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска;

33. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Во однос на активностите поврзани со разгледувањето на платформи за дипломатски активности на амбасадори **Комисијата ги разгледа следниве платформи:**

1. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Република Словенија, г. Горан Милевски;
2. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Кралството Шпанија, г. Едмонд Адеми;
3. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С. Македонија во Швајцарската конфедерација, г. Реџеп Демири;
4. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Република Србија, г. Никола Тупанчески;
5. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Државата Израел, г. Шпенд Садики;
6. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Република Полска, г. Јасмин Ќахил;
7. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Народна Република Кина, г. Сашко Насев;
8. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Федеративна Република Бразил, г. Игор Попов;
9. Платформата за дипломатските активности на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република С.Македонија во Сојузна Република Германија, г. Илбер Села.

На една од седниците Комисијата го разгледа **Отчетното обраќање** на амбасадорот Сашко Тодоровски за вршењето на должноста амбасадор на Република С. Македонија во Република Чешка.

**2. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА КОМИСИЈАТА:**

- Комисијата оствари видеосредба со членови на Комисијата за надворешна политика на Врховната Рада на Украина (15 февруари 2023 година)

- Комисијата оствари работна средба со г-ѓа Аналена Links Бербок, Сојузен министер за надворешни работи на СР Германија (23 март 2023 година)

- Комисијата оствари работна средба со Делегација на Групата за пријателство Косово-Северна Македонија на Собранието на Република Косово (7 јуни 2023 година)

- Комисијата оствари работна средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика и дијаспора на Собранието на Република Косово (31 октомври 2023 година)

- Комисијата оствари работна средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика на Парламентот на Република Албанија (12 декември 2023 година)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 15 |
| Вкупно разгледани точки | | 43 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 33 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 33 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | 9 |
| **ислушување на амбасадори** | | **1** |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;
-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската Унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;
-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија;
-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
-анализирање на последиците од пристапување на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и подготвува извештаи во врска со истите;
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската Унија;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБЕР АДЕМИ,** претседател | |
| | **АРТА БИЛАЛИ-ЗЕНДЕЛИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | | |
| 3. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 4. | Фаница Николоска | |
| 5. | Лидија Тасевска | |
| 6. | Лолита Ристова | |
| 7. | Жаклина Пешевска | |
| 8. | Благица Ласовска | |
| 9. | Марија Петрушевска | |
| 10. | Тони Јаревски | |
| 11. | Антонијо Милошоски | |
| 12. | Миле Лефков | |
| 13. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Николовски | |
| 2. | Марија Кочовска | |
| 3. | Мартин Костовски | |
| 4. | Љубица Спасова | |
| 5. | Бети Рабаџиевска-Наумовска | |
| 6. | Санела Шкријељ | |
| 7. | Љупчо Димовски | |
| 8. | Мирче Аџиоски | |
| 9. | Гордана Сиљановска-Давкова | |
| 10. | Игор Здравковски | |
| 11. | Александар Николоски | |
| 12. | Лидија Петковска | |
| 13. | Вјолца Адеми | |
| 14. | Абдула Салиу | |

*Во изминатиот извештаен период Комисијата за евроспки прашања има одржано **21 седница**, на кои беа разгледани **45 точки** и Комисијата оствари повеќе активности согласно со своите надлежности:*

- Комисијата во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Северна Македонија за ЕУ процесите на седница ја разгледа: **Програмата и Приоритетите за работата на шпанското претседателство со Советот на Европската Унија** за периодот јули-декември 2023 година, претставени од страна на

Амбасадорот на Република Шпанија во Република Северна Македонија, Н.Е Хозе Луис Лозано Гарсија (11 јули 2023 година),

-Комисијата на седница ја разгледа **Информацијата за досегашниот тек на скринингот** на Република Северна Македонија (23 јануари 2023 година),

-Комисијата организираше **Јавна расправа** на тема: „Владење во функција на граѓаните во рамките на Комисијата за европски прашања" (9 октомври 2023 година),

-Комисијата го разгледа **Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2023 година** (16 ноември 2023 година) и

-Комисијата одржа тематска седница на тема: **Нацрт патоказот за Владеење на правото и Нацрт патоказ за реформа на јавната администрација** и Разгледвуање на **Нацрт реформската агенда**: Индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан (20 декември 2023 година).

**Комисијата ги разгледа следниве точки на Дневен ред:**

**Во редовна постапка - 9 предлог на закони во прво читање:**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи - I читање;

2. Предлог на закон за нуспроизводи од животинско потекло - I читање;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва – I читање;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната – I читање;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права – I читање;

6. Предлог на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија - I читање;

7. Предлог на закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој – I читање;

8. Предлог на закон за дивечот и ловството - I читање;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри – I читање.

**Во редовна постапка - 13 предлог на закони во второ читање:**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи - II читање;

2. Предлог на закон за зоотехника - II читање;

3. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина - II читање;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва - II читање;

5. Предлог на закон за парничната постапка - II читање;

6. Предлог на закон за вештачење - II читање;

7. Предлог на закон за нуспроизводи од животинско потекло - II читање;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права – II читање;

9. Предлог на закон за адвокатурата - II читање;

10. Предлог на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија - II читање;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната - II читање;

12. Предлог на закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој – II читање и

13. Предлог на закон за дивечот и ловството - II читање.

Во скратена постапка - 17 предлог на закони

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи - по скратена постапка;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање - по скратена постапка;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење - по скратена постапка;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација - по скратена постапка;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија - по скратена постапка;

6. Предлог на Закон за академија за судии и јавни обвинители - по скратена постапка;

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - по скратена постапка;

8. Предлог на закон за данокот на солидарност - по скратена постапка;

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност - по скратена постапка;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка - по скратена постапка;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на кривичниот законик - по скратена постапка;

12. Предлог на закон за регистар на задолжително социјално осигурување - по скратена постапка;

13. Предлог на закон за системот за проценка на лица со попреченост - по скратена постапка;

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за акцизите - по скратена постапка;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за развојната банка на Северна Македонија - по скратена постапка;

16. Предлог на закон за решавање банки - по скратена постапка и

17. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) - по скратена постапка.

## 2.МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И КОМИСИЈАТА

### 2.1 Меѓународна активност на Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања во странство:

-Претседателот учествуваше на **Конференција на комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки - (КОСАК)** во рамки на Шведското претседателство со Советот на ЕУ, што се одржа во **Стокхолм, Кралството Шведска** (31 јануари 2023),

-Претседателот заедно со **Бујар Османи** министер за надворешни работи и **Џенк Сејфула** директорот за ЕУ во МНР имаа **работна посета** во **Стокхолм**, **Кралството Шведска** (март 2023),

-Претседателот **учествуваше на работен состанок** со германскиот пратеник **Михаел Рот** и колегите од парламентите на земјите од регионот, Албанија, БиХ, Србија и Косово во **Берлин, Сојузна Република Германија** (26 септември 2023),

-Претседателот учествуваше на **Конференција на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ - (КОСАК)**, во рамките на Шведското претседателство со ЕУ, што се одржа во **Мадрид, Кралството Шпанија** (17 и 18 септември 2023),

- Претседателот учествуваше на **форум за граѓанско општество**, посветен на зајакнување на европската иднина на Западен Балкан, **во Тирана, Република Албанија** (14 и 15 октомври 2023),

-Претседателот **Арбер Адеми** и пратеникот **Љупчо Пренџов**, учествуваа на Регионална конференција на тема: ІУлогата на парламентите во Берлинскиот процес", во **Тирана, Република Албанија** (16 октомври 2023),

### 2.2 Меѓународна активност на Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Северна Македонија:

-Претседателот имаше средба со **Марек Женишек**, претседател на Комисијата за надворешни работи и **Ондржеј Бенешик**, претседател на Комисијата за европски прашања од **Парламентот на Чешката Република** (7 февруари 2023),

-Претседателот **Арбер Адеми** и **пратениците: Александар Николоски**, **Ненад Коциќ**, се сретнаа со **Делегација на Пратеничката група за пријателство при Собранието на Француската Република**, предводена од **Лилиана Танги** (20 јуни 2023),

-Претседателот учествуваше на Конференција на тема: „Зајакнување на Берлинскиот процес преку Парламентарна Дипломатија„ (12 септември 2023),

-Претседателот оствари видео средба со Алесандро Џиљо Виња, претседател на Комитетот за ЕУ политики и Џулио Тремонти, претседател на Комитетот за надворешни работи, како и со членовите на двете тела (14 декември 2023),

2.3 Меѓународна активност на Комисијата за европски прашања во странство

- Делегација од Комисијата во состав: Арбер Адеми, Миле Лефков, Фаница Николоска и Абдула Салиу, учествуваа на Конференцијата на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ (КОСАК), во рамките на шведското претседателство со Советот Европската Унија, што се одржа во Стокхолм, Кралството Шведска (16 јануари 2023),

- Делегација од Комисијата во состав: Арбер Адеми, Фаница Николовска, Бети Рабаџиевска Наумовска, Игор Здравковски и Абдула Салиу, учествуваа на заедничка интерпарламентарна средба на Комисиите за европски прашања и надворешни работи на Парламентите на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Северна Македонија, Косово и Хрватска, во Приштина, Косово (17 ноември 2023).

2.4 Меѓународна активност на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Северна Македонија:

-Комисијата имаше средба со Јорида Табаку, претседателка од Комисијата за европски прашања од Собранието на Албанија и Резарта Красниќи, претседателка од Комисијата за европски интеграции од Собранието на Косово во Собранието на Република Северна Македонија (5 јуни 2023),

-Комисијата оддржа работна средба со Делегација на групата за пријателство Косово-Северна Македонија на Собранието на Република Косово предводена од Ганимете Муслиу (7 јуни 2023),

- Комисијата оствари средба со Лилиана Танги и Пјер-Анри Димон, пратеници од Комисијата за европски прашања на француското Собрание (7 септември 2023)

- Комисијата имаше средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика и дијаспора на Собранието на Република Косово, предводена од претседателката на ова работно тело Арбереше Криезиу Хисени; (31 октомври 2023)

- Комисијата имаше средба со Рене Троказ, специјален пратеник за Западен Балкан и Матје Абграл надлежен за Северна Македонија и Црна Гора и за безбедносни прашања на Западен Балкан во Француското Министерство за Европа и за надворешни работи (17 ноември 2023)

-Комисијата имаше работна средба со Делегација на парламентарната Комисијата за европски прашања на Чешката Република, предводена од претседателот на Комисијата Владислав Вилимец. (4 декември 2023)

2.5 Претседателот на Комисијата за европски прашања Арбер Адеми оддржа одвоени работни средби во странство со:

-Алесандро Џилио Вигна, претседател на Комисијата за ЕУ политики во Мадрид, Кралството Шпанија; (17 септември 2023)

-**Алесандро Катанео**, член на Комисијата од Парламентот на Италија во **Мадрид, Кралството Шпанија**; (17 септември 2023)

-**Игли Хасани** министер за Европа и надворешни работи од Република Албанија во **Тирана Република Албанија** (13 октомври 2023)

-**Линдита Никола** претседателка на Албанскиот Парламент во **Тирана Република Албанија.** (13 октомври 2023)

**2.6 Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми оддржа одвоени работни средби во Собранието на Република Северна Македонија со:**

-**Роберт Декер** со заменик амбасадорот на Кралството Холандија во **Република Северна Македонија**; (7 февруари 2023)

-**Н.Е Јарослав Лудва** амбасадорот на Чешката Република во Република Северна Македонија; (17 март 2023)

-**Н.Е Софија Филипиду** амбасадорката на Грција во Република Северна Македонија; (24 април 2023 )

-**Н.Е. Ами Ларсон** амбасадорката на Кралството Шведска во Република Северна Македонија; (24 април 2023 година)

-**Н.Е. Георг Вутсас** амбасадорот на Република Австрија во Република Северна Македонија; (24 април 2023 година)

-Џефри Голдстајн заменикот на Амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје (20 јуни 2023)

- -**Михаел Рот** претседател на Комисијата за надворешни работи во германскиот Бундестаг; (12 септември 2023)

- **Мануел Сарацин** специјалниот германски пратеник за Западен Балкан (13 септември 2023) и

- **Елвира Ковач** претседателка на Одборот за европска интеграција во Белград, Република Србија (20 октомври 2023)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 21 |
| Вкупно разгледани точки | | 45 |
| **Поднесени амандмани** | | **26** |
| Закони по области | политички систем | 3 |
| | економски систем | 14 |
| | јавни дејности | 9 |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 13 |
| | скратена и итна | 17 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 5 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

НАДЛЕЖНОСТИ:

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,
-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,
-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,
-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,
-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,
-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,
-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членови на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,
-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,
-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,
-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,
-донесување акти за кои е овластена од Собранието,
-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,
-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,
-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,
-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,
-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,
-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во “Службен весник на Република Северна Македонија”,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и
-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија е постојано работно тело на Собранието основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 64/17, 73/17 и 33/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 207/19), во која се утврдени бројот на членовите и на замениците членови на комисијата и нејзината надлежност. Комисијата има претседател, заменик претседател, 12 члена и нивни заменици.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МАРИЈА ГЕОРГИЕВСКА,** претседател | |
| | **ЈОВАН МИТРЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Диме Велковски | |
| 3. | Фаница Николоска | |
| 4. | Дарко Каевски | |
| 5. | | |
| 6. | Арбен Зибери | |
| 7. | Антонијо Милошоски | |
| 8. | Александар Николоски | |
| 9. | Дафина Стојаноска | |
| 10. | Игор Јанушев | |
| 11. | Никола Мицевски | |
| 12. | Ремзи Мехмеди | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Хусни Исмаили | |
| 4. | Мартин Костовски | |
| 5. | Берат Ајдари | |
| 6. | Арта Билали Зендели | |
| 7. | Владо Мисајловски | |
| 8. | Благица Ласовска | |
| 9. | Ане Лашкоска | |
| 10. | Марија Петрушевска | |
| 11. | | |
| 12. | | |

Персоналниот состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е избран согласно Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 205/20) и Одлуките за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 284/20, 64/22 и 85/23).

*Во Извештајниот период од 1.1.2023 до 31.12.2023 година Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа вкупно 19 седници, 12 продолженија на 23-та седница и 1 продоложение на 35-та седница*

**Во Извештајниот период, Комисијата ги утврди следниве Предлог - одлуки:**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави,
2. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република",
3. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на

надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/ комисии,

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври",

5. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври",

6. Предлог на одлука за избор на претседател, членови и нивни заменици на Анкетната комисија за скандалот во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија,

7. Предлог на одлука за избор на здруженија од областа на човековите права, полицискотo право и правосудството за Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола,

8. Предлог на одлука за именување член на Комисијата на Агенцијата за пошти;

9. Предлог на одлука за разрешување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Северна Македонија,

10. Предлог на одлука за именување на претседател и член на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство,

11. Предлог на одлука за именување на член на Државната комисија за жалби по јавни набавки,

12. Предлог на одлука за именување на член на Комисијата за заштита на конкуренцијата,

13. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мајка Тереза",

14. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски",

15. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев Јасмин",

16. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „22 Ноември",

17. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мето Јовановски",

18. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,

19. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата,

20. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка,

21. Предлог на одлука за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско претстапништво,

22. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври",

23. Предлог на одлука за избор на директор на Оперативно техничката агенција – ОТА,

24. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки,

25. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски,
26. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата,
27. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации,
28. Предлог на одлука за именување на член на Комисијата на Агенцијата за пошти,
29. Предлог на одлука за избор на здружение од областа на човековите права, полициското право и правосудството за механизмот за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител и
30. Предлог на одлука за избор на членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

**Комисијата за прашања на изборите и именувањата во извештајниот период ги утврди следниве предлози:**

1. Предлог за избор на член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија по Огласот за избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија", број 27/2022),
2. Предлог за избор на член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија по Огласот за избор на еден член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија", број 154/2022) и
3.Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Заради отпочнување на постапката за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за прашања на изборите и именувањата формираше Комисија за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во постапката за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата Комисијата за прашања на изборите и именувањата спроведе Интервју на пријавените кандидати. Интервјуто траеше три дена.

**Во Извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа една јавна расправа:**

- Јавна расправа за утврдување на предлог листа од пријавените кандидати по Одлуката за објавување јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 234/23).

*Во рамките на своите надлежности Комисијата за прашања на изборите и именувањата ги утврди следниве Предлог листи:*

-Утврдување Предлог на листа за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата,
-Утврдување предлог на листа за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и
-Утврдување листа на пријавени кандидати по Одлуката за огласување на избор на член на Државната изборна комисија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 234/23).

Како точки на Дневен ред на оддржаните седници на Комисијата за прашања на изборите и именувањата по кои не беа утврдени Предлог одлуки беа следните:

-Утврдување предлог на одлука за избор на член на Државната изборна комисија, врз основа на предлозите на политичките партии.

На барање на политичка партија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди и Предлог одлука за огласување избор на член на Државната изборна комисија.

Како точка на Дневен ред на оддржаните седници на Комисијата за прашања на изборите и именувањата беше разгледано следново барање:

-Барање на здравствените работници ангажирани во Собранието на Република Северна Македонија.

Одлуки за поништување на огласи:

1. Одлука за објавување јавен оглас за избор на заменик - директор на Агенцијата за заштита на личните податоци. („Службен весник на Република Северна Македонија" број 248/22);
2. Одлука за распишување јавен оглас за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/21);
3. Одлука за објавување јавен оглас за именување член на Државната комисија за жалби по јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/21);
4. Одлука за објавување јавен оглас за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско престапништво („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/21);
5. Одлука за распишување јавен оглас за назначување на претседател и членови на Советот за граѓански надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/21),
6. Одлука за објавување јавен оглас за именување на член на Комисијата за заштита на конкуренција („Службен весник на Република Северна Македонија" број 276/21) и
7. Одлука за објавување јавен оглас за именување на членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („ Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/22 )
8. Одлука за распишување јавен оглас за назначување на претседател и членови на Советот за граѓански надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 34/23) и
9. Одлука за објавување Јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија " број 34/23).

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 19 |
| Вкупно разгледани точки | 59 |
| одлуки | 41 |
| листи | 7 |
| решенија | - |
| барања | 1 |
| интервјуа | 1 |
| разно | 8 |
| **јавни расправи** | 1 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

НАДЛЕЖНОСТИ:

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ХАЛИЛ СНОПЧЕ, претседател | |
| | ЕЛМИ АЗИРИ, заменик на претседателот | |
| | ЧЛЕНОВИ | |
| 1. | Љубица Спасова | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Даниела Стојановска Паневска | |
| 4. | Маја Морачанин | |
| 5. | Бети Рабаџиевска Наумовска | |
| 6. | Драгица Ѓавочанова | |
| 7. | Александар Велјановски | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Димитар Апасиев | |
| 10. | Рашела Мизрахи | |
| 11. | Ангелинка Петкова | |
| 12. | Рина Ајдари | |
| 13. | Исмаил Јахоски | |
| 14. | Фадил Зендели | |
| | ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Белкиса Зеќири | |
| 3. | Марија Ангелова | |
| 4. | Даниела Маркоска | |
| 5. | Коле Чаракчиев | |
| 6. | Даниела Николова | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Ане Лашкоска | |
| 9. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 10. | Златко Пенков | |
| 11. | Фисниke Бектеши Шаќири | |
| 12. | Арбана Пашоли | |
| 13. | Петар Ристески | |
| 14. | | |

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

*Во периодот од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот* ***не оддржа*** *седници.*

# Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање

НАДЛЕЖНОСТИ:

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање на граѓаните и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ЉУПЧО ПРЕНЦОВ, претседател | |
| | ДРАГАН КОВАЧКИ, заменик на претседателот | |
| ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Мартин Костовски | |
| 2. | Павле Трајанов | |
| 3. | Мирослав Јовановиќ | |
| 4. | Драгољуб Филиповски | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Александар Николоски | |
| 7. | Вјолца Адеми | |
| 8. | Илире Даути | |
| ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Јован Митрески | |
| 2. | Боби Мојсоски | |
| 3. | Марија Костадинова | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Зоранчо Јованчев | |
| 6. | Петар Ристески | |
| 7. | Бајрам Кадрија | |
| 8. | Артина Ќазими | |

Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија'' број 64/17, 73/17 и 33/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија'' број 207/19).

Во 2023 година од тековниот мандатен период на Собранието на Република Северна Македонија, се оствари персонална промена на членовите и замениците на членови на Комисијата со донесувањето на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици

на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија бр.08-2354/1 од 19 април 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија'' број 85/23).

*Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање во 2023 година има одржано 3 (три) седници на кои се разгледаа 4 точки.*

Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање во 2023 година реализираше и 2 (две) надзорни посети во Агенцијата за национална безбедност и во Агенцијата за разузнавање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

НАДЛЕЖНОСТИ:
-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите,
-утврдување на законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на овластените органи (ОТА),
-утврдување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки,
-изготвување извештај за извршениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на овластените органи (ОТА) за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија'' број 64/17, 73/17 и 33/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија'' број 207/19)

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИГОР ЈАНУШЕВ,** претседател | |
| | **ПЕТАР РИСТЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Миле Талевски | |
| 2. | Бране Петрушевски | |
| 3. | Драган Ковачки | |
| 4. | Драгољуб Филиповски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Басри Бајрами | |
| 3. | Бедри Фазли | |
| 4. | Мирче Аџиоски | |

Во 2023 година од тековниот мандатен период на Собранието на Република Северна Македонија се оствари персонална промена на членовите и замениците членови на Комисијата со донесувањето на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија бр.08-2354/1 од 19 април 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија'' број 85/23).

*Комисијата има одржано 4 седници и 5 продолженија на кои се разгледаа 10 точки и во извештајниот период нема реализирано надзорни или работни посети.*

Комисијата поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија за претходната календарска година, најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 6 |
| Други акти | | 4 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

НАДЛЕЖНОСТИ:
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Со оваа Одлука се утврдени надлежностите на комисиите.

Согласно со оваа одлука, Комисијата за финансирање и буџет ги разгледува прашањата што се однесуваат на:

*Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година има одржано 24 седници со вкупно 41 точка на дневен ред и едно продолжение на седница која беше свикана во 2022 година со 3 точки на дневен ред. На седниците се разгледани вкупно 41 точка и тоа: 1 Предлог на закон во прво читање, 18 Предлози на закони по скратена постапка, 2 Предлог на одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, 9 извештаи, 3 финансиски плана, 2 стратешки плана, 2 програми за работа, Предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година и една Јавна расправа. На продолжението на седницата свикана во 2022 година Комисијата разгледа 1 финансиски план. Комисијата не водеше претрес по 3 точки на дневен ред, бидејќи материјалите беа повлечени од страна на предлагачот.*

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | БОЈАН СТОЈАНОВСКИ, претседател | |
| | МАРИЈА ПЕТРУШЕВСКА, заменик на претседателот | |
| ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Лолита Ристова | |
| 2. | Марија Кочовска | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Диме Велковски | |
| 6. | Даниела Марковска | |
| 7. | Тони Јаревски | |
| 8. | Зоранчо Јованчев | |
| 9. | Мирче Аџиоски | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Дафина Стојаноска | |
| 12. | Арта Билали Зендели | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Елми Азири | |
| ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Коле Чаракчиев | |
| 2. | Лазе Таневски | |
| 3. | Жаклина Лазаревска | |
| 4. | Даниела Колева | |
| 5. | Драгица Ѓавочанова | |
| 6. | Јован Митревски | |
| 7. | Бране Петрушевски | |
| 8. | Игор Здравковски | |
| 9. | Рашела Мизрахи | |
| 10. | Љупчо Пренџов | |
| 11. | Бети Стаменкоска Трајковска | |
| 12. | Исмаил Јахоски | |
| 13. | Бајрам Кадрија | |
| 14. | Атнан Незири | |

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година. Согласно со законската обврска утврдена во член 52 од Законот за буџетите, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија по нејзиното утврдување од страна на Владата на Република Северна Македонија се доставува до Собранието на Република Северна Македонија за разгледување и донесување. Извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на буџетот, заедно со коментарите на Министерството за финансии се составен дел на Завршната сметка. Воедно, кон Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија се приложени и завршните сметки на буџетите на Единиците на локалната самоуправа. Завршната сметка, односно Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија ја рефлектира фискална политика реализирана во претходната година и користењето на буџетските средства од страна на корисниците. При подготовка на Предлог-завршната сметка за 2022 година е направена софтверска техничка грешка и од тие причини до Собранието беше доставен Изменет преглед на Буџетски расходи по Функции на Буџетот на Република Македонија за 2022 година, кој е составен дел на Предлог на завршната сметка за 2022 година.

Согласно со членот 33 став 7 од Законот за буџетите за прераспределби меѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата за финансирање и буџет согласно своите надлежности ја разгледа Предлог-одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Целта на предложената Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници и фондовите за 2023 година беше обезбедување на средства за зголемување на платите за 10% од месец септември 2023 година и исплата на регрес за годишен одмор за 2023 година согласно одредбите од Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор, обезбедување на дополнителни средства за пораст на пензиите од месец септември 2023 година, обезбедување на средства за спроведување на мерки за надминување на определени непредвидени состојби во стопанството, обезбедување на дополнителни средства за субвенции во областа на земјоделството и образованието, поддршка на домашни и странски компании преку обезбедување на дополнителни средства за државна помош, обезбедување на дополнителни средства за исплата на правата од социјалното осигурување, набавка на амбулантни возила и лекови во областа на здравството, справување со африканската чума, исплата по судски извршни решенија.

На една од своите седници, Комисијата ја разгледа и Предлог на одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, чија цел беше соодветна реалокација на средства помеѓу буџетските корисници за реализација на деветтиот пакет на антикризни мерки, финансиска поддршка на домашни и странски компании преку обезбедување на дополнителни средства за државна помош и инфраструктурно уредување во зоните, дополнителни

средства за реализација на проектите од областа на културата, спортот, локалната и социјалната инфраструктура, за реконструкција на објекти на владини органи, за исплата на социјалните права, студентски оброк, стипендии за студентите и партиципација за ученичките домови, за финансиска поддршка на земјоделците, како и финансирање на други приоритетни потреби на буџетските корисници во функција на подобрена реализација на Буџетот за 2023 година.

Имајќи ја предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, забелешки и предлози по однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. На седницата свое излагање имаше и претседателот на Фискалниот совет, Глигор Бишев. На Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година беа поднесени вкупно 272 амандмани. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по сите поднесени амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои 6 амандмани на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Согласно со Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2022 година. Државниот завод за ревизија во 2022 година ја реализираше Годишната програма за работа со која беа опфатени 188 ревизии. Утврдени се 1.242 состојби и дадени 775 препораки содржани во 223 ревизорски извештаи, во кои се презентирани фактички информации за работењето на ревидираните субјекти. Во однос на показателите од работењето, со ревизиите во 2022 година беше зголемен опфатот на ревидирани расходи во однос на вкупните буџетски средства. Континуирано се укажува и на системските слабости, односно слабости и недоречености во регулативата во одредени области и на потребата за нивно надминување. Собранието ќе продолжи да ја зајакнува соработката со Државниот завод за ревизија, особено во насока на воспоставување на ефективен и ефикасен механизам за разгледување на конечните ревизорски извештаи во Собранието, а со цел да се зајакне парламентарниот надзор и контрола на трошењето на јавните средства.

Во извештајниот период Комисијата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2021 година и Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година и му предложи на Собранието истите да ги усвои.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2021 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година. Комисијата му предложи на Собранието да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година. Комисијата му предложи на Собранието да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година.

Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењета на осигурителниот пазар во 2022 година.

Во извештајниот период Комисијата ги разгледа и Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година и Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2023 година и му предложи на Собранието истите да ги усвои.

Комисијата на една од своите седници ги разгледа Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје. Воведно образложение по Конечните извештаи даде главниот државен ревизор г. Максим Ацевски. На седницата свое излагање имаше и јавниот обвинител г.Љубомир Јовески. Комисијата за финансирање и буџет, врз основа на расправата заклучи да му предложи на Собранието да усвои Заклучоци кои ќе бидат доставени до Државниот завод за ревизија, Јавното обвинителство, Владата, Министерството за здравство и ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје.

Заклучоците беа составен дел на Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје. Со овој Закон, Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и АД ЕСМ, во износ од 25 милиони евра, доколку АД ЕСМ, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем. Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕСМ во рокови и услови предвидени во Договорот за заем. Рокот за отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.

Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје. Целта на предложениот Закон е да се обезбеди свеж капитал за малите и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија и проекти за зелена транзиција, со цел поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството, зголемен извоз и зелена транзиција.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје. Заемот во износ до 100 милиони евра има за цел надминување на потешкотиите во ликвидноста, кои се настанати поради кризата во снабдувањето со електрична енергија.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Железничкиот коридор VIII – источна делница МК, делница Крива Паланка – граница меѓу Северна Македонија и Бугарија. Основната цел е целосно завршување на источниот дел од железничкиот Коридор 8, преку реализација на третата и последна делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија. Заемот од ЕИБ изнесува 175 милиони евра.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот Коридор VIII – Фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија. Основната цел е целосно завршување на источниот дел од железничкиот Коридор 8, преку реализација на третата и последна делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија. Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и ЕБОР ќе склучат Договор за заем со цел обезбедување на 175 милиони евра за кофинансирање на овој проект.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин-Табановце. Основната цел на проектот е воспоставување на заеднички железнички граничен премин во Табановце на границата меѓу Северна Македонија и Србија, на железничкиот Коридор X, вклучувајќи и надградба и енергетско ефикасно реновирање на постојните згради на железничките станици и изградба на дополнителни нови згради со високи енергетски карактеристики вклучувајќи и придружни објекти/опрема. Вкупниот износ на заемот кој ќе го додели ЕБОР изнесува 5 милиони евра.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седница го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции. Целта на заемот во износ од 50.000.000 евра обезбеден со државна гаранција е обезбедување на свеж капитал за малите и средни претпријатија и средно пазарно капитализираните претпријатија и извозно ориентираните компании (крајни корисници), со цел поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност. Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка. Заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка ќе и биде доделен на Република Северна Македонија во износ од 93.800.000 евра и истиот се очекува да биде повлечен во една транша до крајот на 2023 година. Клучните активности кои ќе се поддржат со овој заем се поделени во три области и тоа: подобрување на квалитетот на испорака на јавни услуги, попродуктивни работни места во приватниот сектор и зголемена климатска отпорност.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова (КфВ) по Договорот за заем заснован на политики за

Северна Македонија. Целта на обезбедувањето на заемот од КФВ во износ од 90.000.000 евра е да и помогне на земјата да има одржлива надворешна финансиска состојба, истовремено поттикнувајќи ги економските прилагодувања и структурните реформи. Средствата се доделени за надминување на состојбата предизвикана од војната во Украина и енергетската криза, заради кои дојде до зголемување на цените на производите, како во светот, така и во Република Северна Македонија.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договорот за заем за Макро-финансиска поддршка на Република Северна Македонија. Целта е да се обезбедат средства во износ од 100.000.000 евра преку МФП инструментот за да се помогне на земјите во враќање на одржлива надворешна финансиска состојба, истовремено поттикнувајќи ги економските прилагодувања и структурните реформи.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извознички на нафта по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност. Целта на овој заем во износ од 50.000.000 евра е да се обезбедат средства за буџетска поддршка, односно обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Програмата за одржливост и отпорност.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани. Во услови на постојната финансиска и енергетска криза, Владата на Република Северна Македонија донесува пакет на мерки за справување со продолжените ефекти од енергетската и ценовната криза за финансиска поддршка кон ранливи категории на граѓани. Мерките за финансиската поддршка за ранливи категории на граѓани, се обезбедуваат за следните категории на лица: корисници на посебен додаток, корисници на правото на надоместок заради попреченост, самохрани родители, корисници на гарантирана минимална помош, корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари, ученици од основно, односно средно образование чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари и студенти кои живеат надвор од местото на студирање.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги. Основната цел на проектот е да се прошири пристапот и да се подобри квалитетот на социјалните услуги, вклучувајќи ги предучилишните услуги за ранливите групи. Заемот наменет за реализација на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги изнесува 27,5 милиони евра.

Во извештајниот период Комисијата одржа јавна расправа на тема Иновативна и конкурентна економија. На седницата на Комисијата присуствуваа пратеници, професори, претставници од државни

институции, претставници од бизнис секторот, експерти, претставници од различни организации, институции, здруженија и претставници од НВО секторот. Во расправата беше истакнато дека Националната развојна стратегија е долгорочен стратегиски развоен документ, во кој треба да бидат утврдени приоритетите за развој на општеството и државата. Во изработката на Националната развојна Стратегија активно се вклучени и претставници од Собранието на Република Северна Македонија да дадат свој придонес во развојот на македонската економија. Потребно е да се спроведат структурни реформи кои ќе овозможат повисоки стапки на економски раст.

Во извештајниот период претседателот и членовите на Комисијата за финансирање и буџет остварија неколку средби со претставници на ММФ, Светската банка, Фискалниот совет и Канцеларијата на Фондот за население на Обединети нации-УНФПА.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 24 |
| Вкупно разгледани точки | | 41 |
| **Поднесени амандмани** | | **5** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 19 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 18 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 17 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ,** претседател |
| | **ДАНИЕЛА НИКОЛОВА,** заменик на претседателот |
| ЧЛЕНОВИ | |
| 1. | Лазе Таневски |
| 2. | Коле Чаракчиев |
| 3. | Панчо Минов |
| 4. | Љупчо Димовски |
| 5. | Здравко Трајанов |
| 6. | Тони Јаревски |
| 7. | Зоранчо Јованчев |
| 8. | Рина Ајдари |
| 9. | Бедри Фазли |
| 10. | Илире Даути |
| ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ | |
| 1. | Боби Мојсоски |
| 2. | Марија Георгиевска |
| 3. | Ели Панова |
| 4. | Стојан Миланов |
| 5. | Петар Ристески |
| 6. | Лидија Петкоска |
| 7. | Вјолца Адеми |
| 8. | Атнан Незири |
| 9. | Лидија Тасевска |
| 10. | Муса Ибраими |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

*Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година има одржано 7 седници со вкупно 11 точки на дневен ред. На седниците на Комисијата беа разгледани 1 предлог на закон во прво читање, 3 предлог на закони во второ читање, 3 предлог на закони по скратена постапка, 1 јавна расправа, 1 предлог на финансиски план и 2 одлуки.*

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, поднесен од група пратеници. Цел на Предлог законот е надминување на проблемот на штетни даночни практики (некооперативни јурисдикции) и исполнување на барањето од peer review процесите поврзани со обврските на Република Северна Македонија со Мерката 5 од БЕПС Инклузивната рамка, воедно и барањето на Code of conduct групата при Советот на ЕУ.

Исто така, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, поднесен од група пратеници. Предложените измени и дополнувања на Законот за минерални суровини се со цел усогласување на одредбите на овој закон со одредбите на Закон за утврдување на Јавен интерес и номинирање на стратешки

партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (Делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 163/21) во делот кој се однесува на доделување концесии за експлоатација на минерални суровини за изградба на државни, општински патишта и хидротехнички објекти, како и патни коридори.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за минерални суровини, поднесен од група пратеници. Целта на Предлогот на закон е менување на начинот на распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на метелична минерална суровина во случај кога истата се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на истата на територија на друга општина од општината на чија територија се врши концесиската дејност. Во тој случај се предлага концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина сразмерно да се распределува по половина меѓу општината на која се врши концесиската дејност и општината на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на металичната минерална суровина.

Согласно со Законот за енергетика, Комисијата ги разгледа Предлог на Финансиски план на Регулаторната Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2023 година и Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2023 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 18 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 8 |
| | 2 читање | 5 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

НАДЛЕЖНОСТИ:

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ,** - претседател | |
| | **ДАЈАНЧО ЕФТИМОВ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Панчо Минов | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Боби Мојсоски | |
| 4. | Љубица Спасова | |
| 5. | Зоранчо Јованчев | |
| 6. | Здравко Трајанов | |
| 7. | Златко Пенков | |
| 8. | Берат Ајдари | |
| 9. | Бајрам Кадрија | |
| 10. | Атнан Незири | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Даниела Колева | |
| 2. | Драгица Ѓавочанова (Миле Талевски) | |
| 3. | Лолита Ристова | |
| 4. | Диме Велковски (Љупчо Балковски) | |
| 5. | Петар Ристески | |
| 6. | Јадранка Поцкова | |
| 7. | Миле Лефков | |
| 8. | Исмаил Јахоски | |
| 9. | Бедри Фазли | |
| 10. | Халил Снопче | |

*Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година има закажано 5 седници од кои: две (дваесеттата и дваесет и втората седница) се прекинати, а 3 седници се одржани. Вкупно се предложени 8 точки на дневниот ред, а разгледани се вкупно 6 точки кои комисијата ги разгледа како матично тело. Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.*

Комисијата разгледа:

- 6 (шест) предлог закони во **скратена постапка** од кои 5 (пет) се поднесени од пратеници а 1 (еден) од Влада;

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период има предложено 1 (еден) амандман.

Комисијата ги разгледа следниве точки на дневен ред:

**во скратена постапка:**

- Предлог закон за дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, (поднесен од пратениците: Дарко Каевски, Лолита Ристова, Драгица Ѓавочанова, Марија Костадинова, Даниела Колева, Лидија Колева, Лидија Тасевска, Фаница Николоска, Емилија Рамбабова, Љубица Спасова и Бајрам Кадрија);

- Предлог закон за изменување на Законот за замјоделство и рурарен развој (поднесен од пратениците: Дарко Каевски, Лолита Ристова, Драгица Ѓавочанова, Марија Костадинова, Даниела Колева, Лидија Колева, Лидија Тасевска, Фаница Николоска, Емилија Рамбабова, Љубица Спасова и Бајрам Кадрија);

- Предлог закон за изменување на Законот за ловство (поднесен од пратениците: Лолита Ристова, Драгица Ѓавочанова, Панчо Минов, Ненад Коциќ, Марија Кочовска, Љубица Спасова и Марија Ангелова);

- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште (поднесен од пратениците: Лолита Ристова, Драгица Ѓавочанова, Панчо Минов, Марија Кочовска, Љубица Спасова и Марија Ангелова);

- Предлог закон за изменување на Законот за фитофармација (поднесен од пратениците: Арбен Зибери, Драгица Ѓавочанова, Марија Костадинова, Рина Ајдари, Панчо Минов и Бедри Фазли);

- Предлог закон за изменување на Законот за квалитетот на земјоделските производи.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство од овластени предлагачи беа поднесени 2 (два) амандмани, од кои 1 (еден) е разгледан, а 1 (еден) не е разгледан од причина што Комисијата е прекината.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период не одржа јавни и надзорни расправи, работни средби и вебинари.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 6 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 6 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/08, 119/10, 23/13 и 66/17). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ,<br>- претседател |
| | СТОЈАН МИЛАНОВ,<br>- заменик на претседателот |
| | ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Ненад Коциќ |
| 2. | Коле Чаракчиев |
| 3. | Марија Георгиевска |
| 4. | Љупчо Балкоски |
| 5. | Ане Лашкоска |
| 6. | Бојан Стојаноски |
| 7. | Мирче Аџиоски |
| 8. | Исмаил Јахоски |
| 9. | Берат Ајдари |
| 10. | Ремзи Мехмеди |
| | ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Диме Велковски |
| 2. | Маја Морачанин |
| 3. | Сафије Садики Шаини |
| 4. | Мирослав Јовановиќ |
| 5. | Бране Петрушевски |
| 6. | Олга Лозановска |
| 7. | Љупчо Пренџов |
| 8. | Арбана Пашоли |
| 9. | Арбен Зибери |
| 10. | Атнан Незири |

*Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, има закажано 6 седници од кој 5 седници се одржани и една е одложена. Разгледани се вкупно 25 точки на дневен ред кои Комисијата ги разгледа како матично работно тело. Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.*

Комисијата разгледа:

- 1 (еден) предлог на закон во прво читање,
- 1 (еден) предлог на закон во второ читање
- 5 (пет) предлог на закони во скратена постапка и

- 18 (осумнаесет) годишни извештаи, годишни програми, финансиски извештаи.

До Комисијата за транспорт, врски и екологија од овластени предлагачи поднесени беа вкупно 3 (три) амандмани од кои се усвоени сите 3 (три) амандмани.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на дневен ред:

Во редовна постапка (прво читање):
-Предлог на закон за воздухопловство

Во редовна постапка (второ читање):
-Предлог на закон за воздухопловство;

во скратена постапка:
-Предлог закон за доплнување на Законот за јавните патишта (поднесен од пратениците: Петар Ристески, Дафина Стојаноска, Синиша Стојаноски, Грација Бакраческа, Жаклина Пешевска, Ангелинка Петкова, Стојан Миланов, Дајанчо Ефтимов, Јадранка Поцкова, Лидија Петкоска, Олга Лозановска, Ане Лашкоска, Благица Ласовска и Тони Јаревски;

-Предлог на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем и

-Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги (поднесен од пратениците: Атнан Незири и Абдула Салиу).

Програми, извештаи и планови

- Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година,
- Предлог годишна програма за работа и развоја на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година,
- Предлог годишен Финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година,
- Годишен Извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година,
- Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година,
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2021 година,
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година,
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година,
- Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година со дополнување и пренамена на средства,
- Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2022 година,
- Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2023 година,
- Финаниски план за изменување на финанискиот план на Јавното радиодифузно

претпријатие Македонска радио-телевизија за 2023 година со дополнување на средства,

- Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година,
- Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година,
- Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година,
- Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2022 година,
- Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и
- Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 25 |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 7 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 18 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

НАДЛЕЖНОСТИ:

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, ("Службен весник на Република Северна Македонија" број: 219/20; 237/20 и 284/20)*

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** претседател | |
| | **ЛОЛИТА РИСТОВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Санела Шкријељ | |
| 2. | Дарко Каевски | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Драгица Ѓавочанова | |
| 5. | Даниела Николова | |
| 6. | Силвана Ангелеска | |
| 7. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 8. | Иванка Василевска | |
| 9. | Благица Ласовска | |
| 10. | Игор Здравковски | |
| 11. | Здравко Трајанов | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| 13. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 14. | Халил Снопче | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ненад Коциќ | |
| 2. | Марија Костадинова | |
| 3. | Лидија Тасевска | |
| 4. | Љстифе Шиковска | |
| 5. | Емилија Рамбабова | |
| 6. | Зоран Коцевски | |
| 7. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 8. | Јован Јаулески | |
| 9. | Миле Лефков | |
| 10. | Бети Стаменкоска Трајкоска | |
| 11. | Даниела Христова | |
| 12. | Фисниќе Бектеши Шаќири | |
| 13. | Арбер Адеми | |
| 14. | Илире Даути | |

**Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија, ("Службен весник на Република Северна Македонија" број: 219/20; 237/20 , 284/20, 173/21, 87/22 и 85/23) за заменик член на Комисијата е избран Даниела Стојановска Пановска*

*Во мандатниот период 1 јануари - 31 декември 2023 година беа закажани две (2) седници на Комисијата за образование, наука и спорт. Од нив, двете (2) седници се завршени. На дневните редови на седниците беа 5 точки, од кои сите пет (5) предлог закони во прво читање.*

*Комисиска расправа по:*

- *предлог закони*

Во прво читање на дневен ред пред Комисијата беше: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Во извештајниот период Комисијата ја продолжи и заврши работата по Седумнаесеттата седница одложена на 21 септември 2022 година на чиј дневен ред беа предлог на закон за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, предлог на закон за изменување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција и предлог на закон за изменување на Законот за спортска академија.

*Други активности*

Согласно со утврдената надлежност, Комисијата за образование наука и спорт на 7 ноември 2023 година оствари консултативна средба со Канцеларијата на Советот на Европа. Во фокусот на средбата беше образованието, односно измените и дополнувањето на Законот за основното образование и подготвување план за десегрегација. Овие планови се во насока за спречување на каква било сегрегација.

Комисијата за образование наука и спорт исто така на 20 ноември 2023 година имаше средба со децата и младите ,,Децата го преземаат Собранието" која беше организирана од страна на Парламентот и Уницеф по повод Светскиот ден на детето.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| **Поднесени амандмани** | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 5 |
| Закони | 1 читање | 5 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **КАСТРИОТ РЕЏЕПИ,** претседател | |
| | **ЛИДИЈА ТАСЕВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Љупчо Балкоски | |
| 3. | Енес Ибрахим | |
| 4. | Бети Стаменкоска Трајкоска | |
| 5. | Ане Лашкоска | |
| 6. | Даниела Христова | |
| 7. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 8. | Бајрам Кадрија | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Абдула Салиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Хусни Исмаили | |
| 2. | Љатифе Шиковска | |
| 3. | Соња Мираковска | |
| 4. | Иванка Василевска | |
| 5. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 6. | Игор Здравковски | |
| 7. | Стојан Миланов | |
| 8. | Арбен Зибери | |
| 9. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 10. | Артина Ќазими | |

НАДЛЕЖНОСТИ:
-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,
-заштита на природното и културното наследство во Република Северна Македонија,
-збогатување на историското и уметничкото творештво,
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,
-афирмација и заштита на авторството и авторското право,
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,
-издавачка дејност и библиотекарство,
-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,
-употреба и заштита на македонскиот јазик,
-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,
-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и
-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година Комисијата за култура одржа две седници на кои беа разгледани четири точки на дневен ред:*

1. Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик – I читање;

2. Информација околу активностите за донесување предлог на програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2023 година;
3. Активности за подготовка на предлог на програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2024 година;

4. Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик – II читање

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>2</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>1</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>1</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">уставни измени</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">прашања и предлози</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">јавни расправи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни droги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/17).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АРБЕН ЗИБЕРИ,** претседател |
| | **БЕДРИ ФАЗЛИ,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Маја Морачанин |
| 2. | Бети Рабаџиевска Наумовска |
| 3. | Ненад Коциќ |
| 4. | Соња Михаиловска |
| 5. | Петар Ристески |
| 6. | Грација Бакраческа |
| 7. | Синиша Стојаноски |
| 8. | Рашела Мизрахи |
| 9. | Берат Ајдари |
| 10. | Артина Ќазими |
| **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Белкиса Зеќири |
| 2. | Бејџан Иљас |
| 3. | Хусни Исмаили |
| 4. | Емилија Рамбабова |
| 5. | Јадранка Поцкова |
| 6. | Дафина Стојаноска |
| 7. | Олга Лозановска |
| 8. | Александар Велјановски |
| 9. | Арта Билали Зендели |
| 10. | Абдула Салиу |

*Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници. Комисијата за здравство во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година, свика 6 седници со 11 поставени точки, од кои 5 се завршени додека една седница сеуште не е завршена и одредни точки не се разгледани.*

Беа разгледани следните предлози на закони:

- Предлог на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка (Белкиса

Зеќири, Лолита Ристова, Драгица Ѓавочанова, Даниела Николова, Лидија Тасевска, Ненад Коциќ, Емилија Рамбабова, Санела Шкријељ, Даниела Стојановска Пановска, Љубица Спасова, Маја Морачанин, Бети Рабаџиевска Наумовска, Жаклина Лазаревска, Марија Ангелова, Соња Михаиловска)

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка (Димитар Апасиев, Борислав Крмов)

- Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка;

- Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка (Атнан Незири, Арбен Зибери, Даниела Маркоска, Ненад Коциќ, Бејџан Иљас, Бети Рабаџиевска Наумовска)

На седниците на Комисијата за здравство се водат конструктивни дебати по прашањата, односно законите од здравствената дејност. Постојани соработници на Комисијата, покрај ресорното министерство, Министерството за здравство се Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и коморите од областа на здравството Лекарската комора, Стоматолошката и Фармацевтската комора на Република Северна Македонија.

До Комисијата за здравство се доставени повеќе дописи од невладини организации кои се заинтересирани за здравствената дејност. Секој допис, редовно се проследува, така што се одржуваат работни средби на претседателот на Комисијата, членовите/замениците членови на Комисијата заедно со подносителот на барањето, односно дописот со предлог мерки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 8 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 8 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 3 |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

НАДЛЕЖНОСТИ:

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕЛМИ АЗИРИ,** претседател | |
| | **РАШЕЛА МИЗРАХИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Жаклина Лазаревска | |
| 2. | Санела Шкријељ | |
| 3. | Емилија Рамбабова | |
| 4. | Љатифе Шиковска | |
| 5. | Илија Николовски | |
| 6. | Благица Ласовска | |
| 7. | Силвана Ангелевска | |
| 8. | Велика Стојкова Серафимовска | |
| 9. | Јадранка Поцкова | |
| 10. | Ангелинка Петкова | |
| 11. | Арбен Зибери | |
| 12. | Вјолца Адеми | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марија Георгиевска | |
| 2. | Лолита Ристова | |
| 3. | Бејџан Иљас | |
| 4. | Соња Михаиловска | |
| 5. | Лидија Тасевска | |
| 6. | Златко Пенков | |
| 7. | Олга Лозановска | |
| 8. | Синиша Стојановски | |
| 9. | Даниела Христова | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| 11. | Бајрам Кадрија | |
| 12. | Берат Ајдари | |

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година Комисијата за труд и социјална политика одржа **3 седници** на кои беа разгледани **8 точки** на дневен ред, од кои за една точка материјалот е повлечен од предлагачите.*

На дваесет и шестата седница на Комисијата разгледани се две точки

1. Предлог на закон за изменување на Законот за социјална заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и

2. Предлог на закон за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

На дваесет и седмата седница на Комисијата разгледана е една точка

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за работни односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

*Материјалот за оваа точка е повлечен од овластените предлагачи.*

На дваесет и осмата седница на Комисијата разгледани се пет точки

1. Предлог на закон за регистар на задолжително социјално осигурување, по скратена постапка,

2. Предлог на закон за системот за проценка на лица со попреченост, по скратена постапка,

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за семејството, второ читање, поднесен од група пратеници,

4. Годишен извештај за работењето на агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2022 година и

5. Финансиски извештаи на агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година.

.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 6 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за локална самоуправа

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Северна Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14), со која се определени надлежностите на Комисијата.

НАДЛЕЖНОСТИ:

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | АНЕ ЛАШКОСКА, претседател |
| | ЃОРЃИЈА САЈКОСКИ, заменик на претседателот |
| | ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Ненад Коциќ |
| 2. | Мартин Костовски |
| 3. | Љупчо Балкоски |
| 4. | Мирослав Јовановиќ |
| 5. | Драгољуб Филиповски |
| 6. | Миле Лефков |
| 7. | Златко Пенков |
| 8. | Зоран Коцевски |
| 9. | Силвана Ангелевска |
| 10. | Исмаил Јахоски |
| 11. | Бајрам Кадрија |
| 12. | Атнан Незири |
| | ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ |
| 1. | Миле Талевски |
| 2. | Марија Костадинова |
| 3. | Панчо Минов |
| 4. | Фаница Николовска |
| 5. | Мухамет Кадриов |
| 6. | Александар Велјановски |
| 7. | Грација акрачевска |
| 8. | Здравко Трајанов |
| 9. | Велика Стојкова-Серафимовска |
| 10. | Фисникe Бектеши-Шаќири |
| 11. | Мерита Колчи-Коџаџику |
| 12. | Халил Снопче |

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година Комисијата за локална самоуправа одржа една седница на која се оддржа јавна расправа.*

**Комисијата за локална самоуправа** на 6 и 18 септември 2023 година ја одржа третата седница на која се оддржа **јавна расправа** на тема: **Национална развојна стратегија - значењето на локалната самоуправа и регионалниот развој.**

Врз основа на дискусиите од јавната расправа, Комисијата за локална самоуправа ги донесе следниве ЗАКЛУЧОЦИ:

**1.** Предлог визија: Општините како главни двигатели на локалниот и регионалниот развој да располагаат со доволно ресурси, авторитет и капацитет за планирање и

спроведување на развојни проекти прилагодени на локалните/регионалните потреби.

2. Премин од институционална во функционална децентрализација, етапно зголемување на приходите на општините за спроведување на пренесените надлежности, намалување на нагласените диспаритети помеѓу општините и планските региони, повисоки износи на наменски средства за стимулирање на меѓуопштинската соработка и остварување на рамномерен регионален развој.

3. Целосно интегрирање на целите за климатска акција и заштита на животната средина и биолошката разновидност во локалните и регионалните политики, ефективно справување со зачестените природни несреќи, поголем степен на отпорност на населените места и животната средина на поврзани ризици, сеопфатна политика за правична и воедначена транзиција кон зелена економија, осигурувајќи целосна инклузија во процесот.

4. Поддршка на дигиталната транзиција, зголемување на степенот на дигитална писменост и целосна достапност на локалните дигитални услуги за населението со забрзно приближување кон просекот на државите-членки на ЕУ-27.

5. Целосно спроведување на законските одредби и на поврзаните родово одговорни политики кои ќе создадат локално опкружување за еднакви можности за жените и мажите, како и социјалната и културната кохезија.

6. Поттикнување локален и економски развој во руралните средини со овозможување услови за отварање мали и средни претпријатија, како и меѓусебно инфраструктурно поврзување.

7. Активно учество на пратениците во процесот на финализирање на стратегијата и нејзината имплементација.

8. Активно учество на општините во процесот на спроведување на Националната развојна стратегија – Интегрирање и спроведување на НРС целите и приоритети преку развојните планови на општините и Програмите за развој на планските региони.

**Комисијата за локална самоуправа** и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците организираа студиска посета на Комитетот за политички систем, правосудство и управа на Собранието на Црна Гора на Република Северна Македонија која се одржа од 15 до 18 февруари 2023 година.

Комисијата за локална самоуправа зема учество на **Работилница за националната развојна стратегија - предизвици, идни приоритети и системски промени во стратешката област: територијален развој**. Работилницата беше во организација на УНДП, а се одржа на 15 јуни 2023 во Скопје.

**На 28 септември 2023 година,** Комисијата за локална самоуправа во Собранието на Република Северна Македонија одржа работен состанок со претставници на УНДП и експерти на тема: Поврзаноста на Националната развојна стратегија со просторното планирање и регионалниот развој.

**На 25 и 26 октомври 2023 година** во Леуново, Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираше работна средба посветена на Комисијата за локална самоуправа на која присуствуваше и претставничка на Министерството за локална самоуправа. На

работилницата беа презентирани и дискутирани Извештаите од оценката на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа и Законот за Градот Скопје.

**На 28 декември 2023 година** се одржа работна средба на членовите на Комисијата за локална самоуправа со претставници на Канцеларијата на Фондот за население на Обединети нации-УНФПА.
На средбата беше презентирана Нацрт стратегијата за демографски политики.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

НАДЛЕЖНОСТИ:

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА, претседател | |
| | БЕТИ СТАМЕНКОСКА ТРАЈКОСКА, заменик на претседателот | |
| ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Моника Зајкова | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Даниела Колева | |
| 4. | Марија Ангелова | |
| 5. | Силвана Ангелевска | |
| 6. | Рашела Мизрахи | |
| 7. | Марија Петрушевска | |
| 8. | Арта Билали-Зендели | |
| 9. | Фиснике Бектеши-Шаќири | |
| 10. | Илире Даути | |
| ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Сафије Садики Шаини | |
| 2. | Соња Михаиловска | |
| 3. | | |
| 4. | Панчо Минов | |
| 5. | Лидија Петкоска | |
| 6. | Ели Панова | |
| 7. | Синиша Стојаноски | |
| 8. | Мерита Колчи-Коџаџику | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Артина Ќазими | |

*Во периодот од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година Комисијата за еднакви можности на жените и мажите одржа 2 седници.*

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија на **Десеттата седница** одржана на 7 март 2023 година, како матично работно тело ја разгледа:

**Информацијата за напредокот за родовите прашања во последните две децении во Република Северна Македонија.**

На предлог на Клубот на пратенички Комисијата за еднакви можности на жените и мажите едногласно ги усвои следниве заклучоци:

1. Измена и дополнување на Изборниот законик во правец на постигнување на целосна родова еднаквост на листите за пратеници и советници;
2. Измена и дополнување на Законот за Влада преку воведување на најмалку 40% од помалку застапениот пол во извршната власт;
3. Измена и дополнување на Изборниот законик и воведување на квота 30% од помалку застапениот пол за избор на градоначалници;
4. Усвојување на Законот за Родова еднаквост и формирање на Секретаријат до крајот на 2023 година ;
5. Донесување на родово сензитивен Деловник за работа на Собранието до крајот на 2023 година;
6. Законско регулирање на интернет просторот за спречување на говорот на омраза.
7. Следење на имплементацијата на законските решенија поврзани со родовите прашања во согласност со Планот за родово сензитивно Собрание 2022-2024 година.

На Единаесттата седница одржана на 1 јуни 2023 година се оддржа:

1. **Работна средба на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието со општински Комисии за еднакви можности на мажите и жените.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

НАДЛЕЖНОСТИ:

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

***Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања** во период од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година одржа 5 седници на кои разгледа 6 точки .*

Комисијата во рамките на своите надлежности кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПАНЧО МИНОВ,** претседател | |
| | **ДАРКО КАЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Белкиса Зеќири | |
| 2. | Хусни Исмаили | |
| 3. | Мухамед Кадриов | |
| 4. | Игор Јанушев | |
| 5. | Дајанчо Ефтимов | |
| 6. | Јован Јаулески | |
| 7. | Арбана Пашоли | |
| 8. | Халил Снопче | |
| ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Соња Мираковска | |
| 3. | Даниела Маркоска | |
| 4. | Никола Мицевски | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Дафина Стојаноска | |
| 7. | Рина Ајдари | |
| 8. | Марија Костадинова | |

Согласно со оваа надлежност Комисијата, на 10 јануари 2023 година го разгледа **Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија**, и согласно со членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го верифицира мандатот за пратеникот од листата на кандидати за остатокот од мандатот: **ДАНИЕЛА СТОЈАНОВСКА ПАНОВСКА, КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ** (СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ БЕСА – БЕСА, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА –

ЛДП, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, „ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21" – ПЕП 21, ПАРТИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН И ЕКОНОМСКИ НАПРЕДОК – ПОЕН, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, БОШЊАЧКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ – ПП, ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ НА РОМИТЕ – ПДПР, ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО-НП, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЦЕР ОД РСМ И СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА),во Изборната единица број 3.

**На Петнаесеттата седница на Комисијата одржана на 16 март 2023 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија** и согласно со членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го верифицира мандатот за пратеникот од листата на кандидати за остатокот од мандатот: **РЕМЗИ МЕХМЕДИ** од листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборната Единица 5, на овластениот подносител "АЛИАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА".

**На 20 март 2023 година, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања ја оддржа Четиринаесеттата седница со следниов дневен ред**

1. Разгледување на Извештајот на ГРЕКО за Република Северна Македонија за Четвртиот круг на евалуација - Адендум на Вториот извештај за усогласеност, во делот кој се однесува на пратениците и
2. Курикулум за обука за примена на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

**На Шеснаесеттата седница на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања одржана на 10 октомври 2023 година во прво читање го разгледа**

1. Предлогот на деловник на Собранието на Република Северна Македонија (поднесен од пратеникот Талат Џафери) и по расправата врз основа на членот 142 од Деловникот на Собранието едногласно констатира дека Предлогот на деловник на Собранието на Република Северна Македонија поднесен од пратеникот Талат Џафери е прифатлив и треба да се даде на натамошно читање.

**На Седумнаесеттата седница на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на Собранието на Република Северна Македонија одржана на**

**9 ноември 2023 година во второ читање го разгледа**

Предлогот на деловник на Собранието на Република Северна Македонија (поднесен од пратеникот Талат Џафери).

Комисијата Предлогот на Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, го проследи на натамошна постапка во Собранието на Република Северна Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **12** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| деловник | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка 1 читање | Закони постапка 2 читање | Закони постапка скратена, итна | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 61 | 190 | 1 | 22 | 20 | 69 | - | 32 | 46 | - | - |
| одбрана и безбедност | 17 | 20 | - | 1 | - | 5 | 1 | - | 14 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 15 | 24 | - | 2 | 1 | 6 | 4 | - | 13 | 1 | 1 |
| надворешна политика | 15 | 43 | - | - | - | - | - | 33 | 10 | - | - |
| европски прашања | 21 | 45 | - | 9 | 13 | 17 | 26 | - | 5 | 1 | - |
| прашања на изборите и именувањата | 19 | 59 | - | - | - | - | - | - | 58 | 1 | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 3 | 4 | - | - | - | - | - | - | 4 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 4 | 10 | - | - | - | - | - | - | 10 | - | - |
| финансирање и буџет | 24 | 41 | 2 | 1 | - | 18 | 5 | - | 19 | 1 | - |
| економски прашања | 8 | 20 | - | 8 | 5 | 5 | - | - | 2 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 3 | 6 | - | - | - | 6 | 1 | - | - | - | - |
| транспорт, врски и екологоја | 5 | 25 | - | 1 | 1 | 5 | - | - | 18 | - | - |
| образование, наука и спорт | 2 | 5 | - | 5 | - | - | - | - | - | - | - |
| култура | 2 | 4 | - | 1 | 1 | - | - | - | 2 | - | - |
| здравство | 6 | 11 | - | - | - | 8 | 2 | - | 3 | - | - |
| труд и социјална политика | 3 | 8 | - | - | 1 | 5 | - | - | 2 | - | - |
| локална самоуправа | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 5 | 6 | - | - | - | - | 12 | - | 6 | - | - |
| Вкупно: | 217 | 525 | 3 | 50 | 42 | 144 | 51 | 65 | 25 | 5 | 1 |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРБАНА ПАШОЛИ,** претседател | |
| | **ЕНЕС ИБРАИМ,** заменик на претседателот | |
| | ЧЛЕНОВИ | |
| | **Од редот на пратениците Македонци** | |
| 1. | Лазе Таневски | |
| 2. | Марија Кочовска | |
| 3. | Марија Георгиевска | |
| 4. | Даниела Марковска | |
| 5. | Дафина Стојаноска | |
| 6. | Александар Велјановски | |
| 7. | Велика Стојкова-Серафимовска | |
| | **Од редот на пратениците Албанци** | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Берат Ајдари | |
| 10. | Бедри Фазли | |
| 11. | Кастриот Реџепи | |
| 12. | Скендер Реџепи | |
| 13. | Ремзи Мехмеди | |
| 14. | **Од редот на заедницата на Власите**, Љупчо Балкоски | |
| 15. | **Од редот на пратениците Роми**, Љатифе Шиковска | |
| 16. | **Од редот на пратениците Срби**, Иван Стоилковиќ | |
| 17. | **Од редот на пратениците Бошњаци**, Санела Шкријељ | |

*Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа* ***седум (7) седници:***

- **Тринаесеттата седница** на Комитетот се одржа на 31 јануари 2023 година со дневен ред:

Разгледување на Извештајот за работа на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2022 година

- **Четиринаесеттата седница** на Комитетот се одржа на 15 февруари 2023 година, со дневен ред:

Евалуација на постигнувањата и сработеното од програмата за работа за

2022 година и промовирање и утврдување на активности за 2023 година со партиципативност на членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците

- **Петнаесеттата седница** на Комитетот се одржа на 7 јуни 2023 година, со дневен ред:

25 години од стапувањето на сила на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа;

- **Комеморативна Шеснаесетта седница** на Комитетот се одржа на 11 јули 2023 година по повод одбележувањето на 11 јули-Ден за сеќавање на геноцидот во Сребреница.

- **Седумнаесетта седница** на Комитетот се одржа на 10 октомври 2023 година, со дневен ред:

Свечено одбележување на Дваесетгодишнината на Комитетот за односи меѓу заедниците

- **Осумнаесетта седница** на Комитетот се одржа на 25 октомври 2023 година со дневен ред:

Извештај на Агенцијата за темелни права на Европската унија за 2022 година, Поглавја за „Еднаквост и недискриминација", „Расизам, ксенофобија и нетолеранција", како и „Еднаквост и инклузија на Ром(к)ите", презентиран од Институтот за европска политика * Скопје (ЕПИ).

- **Деветнаесетта седница** на Комитетот се одржа на 16 ноември 2023 година со дневен ред:

Национална стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија со Акциски план 2024-2026.

**Работни средби и работни посети на Комитетот за односи меѓу заедниците и активности на претседателката на Комитетот.**

Комитетот за односи меѓу заедниците, во текот на Извештајниот период оствари работни средби со:

* Љатифе Шиковска, координатор на БНП за поддршка на правата на Ромите, со цел да се разгледа Извештајот за активностите на БНП за поддршка на правата на Ромите. Средбата се оствари на 13 февруари 2023 година;

* Еран Куртиш, директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, заменик директорот Џељо Хоџиќ и членовите на ГНП за поддршка на правата на Ромите. Средбата се оствари на 2 март 2023 година;

* учество на Партиципативниот форум „Превенција и заштита од етничка дискриминација" во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, одржан на 9 март 2023 година.

* градоначалникот на општина Охрид Кирил Пецаков и претседателот на Советот на општината, Сашо Донев (со цел реализација на Програмата за работа на Комитетот за 2023 г.) Средбата се оствари на 17 март 2023 година;

* Фатмир Ѓека, министер за човекови права и малцинства во Црна Гора. Средбата се оствари на 30 март 2023 година;

* учество во организацијата по повод одбележувањето на 8 април - Меѓународниот ден на Ромите одржан на 6 април 2023 година;

* г-ѓа Николина Патален, експерт од Република Хрватска и Еран Куртиш, директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ). Средбата се оствари на 26 април 2023 година;

* членовите на Секретаријатот на Консултативниот Совет за заедници, Канцеларија на претседателката на

Република Косово. Средбата се оствари на 26-28 април 2023;

* учество на претседателката на Комитетот, Арбана Пашоли и членови на Комитетот на Конференцијата за правата на заедниците во регионот на 27 април 2023 година во организација на ОБСЕ Мисијата на Косово и Консултативниот Совет за Заедници во рамките на Канцеларијата на Претседателот на Косово;

* членовите на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, одржаа работна средба со претставници на Коалицијата на граѓански организации - Форум на помалкубројни заедници во Републиката на 10 мај 2023 година;

* Рубин Земон од Центарот за напредни истражувања и со претставници од НДИ во врска со подготовките за организација на свечената средба по повод 25-годишнината од стапувањето во сила на Рамковната конвенција на Советот на Европа за заштита на националните Малцинствата. Средбата се оствари на 1 јуни 2023 година;

* работна средба на Комитетот за презентација на процесот на подготовка на Националната стратегија за развој 2024-2044 година. Средбата се оствари на 13 јуни 2023 година;

* учество на претседателката на Комитетот, Арбана Пашоли во настан по повод Меѓународниот ден на демократијата, организирано од НДИ (National Democratic Institute) на 15 септември 2023 година;

* работна посета на Летна школа во Охрид од 15 до 17 септември 2023 год. под наслов "Заштита на разноликоста и другоста: ефектите од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства по 25 години";

* средба со Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за интер-културализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка на 04 октомври 2023 година во Собранието на Република Северна Македонија;

* учество на претседателката на Комитетот Арбана Пашоли во регионалната Конференција на високо ниво ІМоќта на изборот: Остварувајќи телесна автономија за жени и девојчиња" што се одржа на 5 октомври 2023 година, во Вилата Водно, во Скопје, чиј домаќин е Елизабета Ѓоргиевска, сопруга на Претседателот на Република Северна Македонија, во соработка со Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија;

* учество на Конференција на тема: „Не мнозинските заедници на патот кон ЕУ интеграција на РМВ-Можности и предизвици во преговарачкиот процес" организирана од Форумот на не мнозинските заедници. Учеството се оствари на 18 октомври 2023 година;

* учество во организирањето по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човековите права организирана од страна на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Учеството се оствари на 10 декември 2023 година.

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

НАДЛЕЖНОСТИ

- донесува годишна програма за содржината на програмите што се емитуваат на Собранискиот канал, а ги обезбедува Собранието согласно со членот 32-а од овој закон, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,

-донесува годишен план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,

- ја следи релизацијата на годишниот план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски,

- дава насоки на Собранискиот канал за програмската шема и ја разгледува реализацијата на програмската шема најмалку на три месеци и дава забелешки и предлози во врска со програмската шема,

-донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија,

го разгледува и дава мислење на годишниот извештај за работа на јавниот радиодифузен сервис за претходната година во делот за Собранскиот канал,

- ја разгледува програмата за работа и финансискиот план на јавниот радиодифузен сервис за наредната година во делот за Собранскиот канал,

- донесува деловник за својата работа,

- врши други работи поврзани од работата на Собранискиот канал и

- донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македнија број 104/09) и Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 174/21).

Унапредувањето на Собранискиот канал ја наметна потребата од измена и дополна на Законот за Собранието на Република Македонија во делот за Собранискиот канал и допрецизирање на одредбите што се однесуваат за емитување на програмите на Собранискиот канал, надлежностите на Советот на Собранисиот канал и неговото работење (Службен весник на Република Северна Македнија број 174/21), кој се донесе на седницата на Собранието одржана на 29 јули 2021 година.

На Собранискиот канал се емитуваат активности од работата на Собранието и други програмски содржини под услови и начин утврдени со закон.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на телевизиски сигнал до јавниот радиодифузен сервис, а јавниот радиодифузен сервис до крајните корисници. Собранието за Собранискиот канал може да обезбеди услови и за дополнителни услуги како електронски програмски водич, телопи и титлови.

На Собранискиот канал се емитуваат директни преноси од седниците на Собранието, директни преноси и снимки од седниците на работните тела и на другите тела на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат меѓународни активности, официјални државни посети и средби на претседателот на Собранието и на постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, повремените делегации на Собранието и пратеничките групи за соработка со другите парламенти, свечени настани кои се одржуваат во Собраниетои конференции, културни и други настани кои се одржуваат во Собранието или настани кои се под покровителство на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат програми од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативни програми и програми од информативен карактер кои Собранието ги изработува самостојно или копродукциски. Едукативните програми и програмите од информативен карактер особено се наменети за информирање на граѓаните за прашања од надлежност на Собранието. Содржините за Собранискиот канал ги обезбедува Собранието. Трошоците за создавање на овие програмски содржини се обезбедуваат од Буџетот на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат седници на Европскиот парламент, Генералното собрание на Организацијата на Обединетите Нации, како и седници, конференции и други активности на меѓународни организации.

Собранието склучува договор со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието може да воспостави соработка за преземање програмски содржини, коишто ќе се емитуваат на Собранискиот канал, врз основа на одлука на Советот на Собранискиот канал.

Уредувачката одговорност на Собранискиот канал ја има јавниот радиодифузен сервис.

Јавниот радиодифузен сервис е должен да постапува согласно со годишната програма за содржините на програмите на Собранискиот канал.

Програмската шема на Собранискиот канал се усогласува со Советот на Собраниски канал на начин утврден со Законот за Собранието на Република Македонија и договорот кој Собранието го склучува со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој е составен од претседател и 10 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието, потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Претседателот и членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

До изборот на претседателот на Советот, седниците ги свикува и со Советот претседава претседателот на Собранието, со право на одлучување.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Советот на Собранискиот канал работи на седници.

Седница на Советот свикува претседателот на Советот. Претседателот свикува седница и ако тоа го побара претседателот на Собранието или најмалку една третина од членовите на Советот, кои треба да достават материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на Советот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ја свикува претседателот на Собранието и со седницата претседава членот на Советот што ќе го определи претседателот на Собранието до завршувањето на седницата.

Во работата на Советот на Собранискиот канал, присуствуваат генералниот Секретар на Собранието и раководителот на организационата единица надлежна за поддршка на Советот на Собранискиот канал или лице кое тој ќе го определи, без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествува главниот и одговорен уредник на Собранискиот канал, а во случај на негова спреченост присуствува овластен претставник на јавниот радиодифузен сервис без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал по потреба учествуваат и надворешни членови-експерти од соодветна област, без право на одлучување.

Советот на Собранискиот канал одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови.

Годишната програма и годишниот план Советот на Собранискиот канал ги доставува до јавниот радиодифузен сервис и ги објавува на веб-страницата на Собранието во рок од три дена од денот на донесувањето.

Советот на Собраниски канал, финансискиот и инвестиционен план го донесува најдоцна до 30 јуни во тековната за наредната година и го доставува на согласност до Буџетскиот совет на Собранието.

Буџетскиот совет е должен да ја донесе одлуката за давање на согласност на финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал најдоцна до 15 јули во тековната за наредната година. Доколку Буџетскиот совет не донесе одлука за

давање на согласност, се смета дека согласноста е дадена.

Доколку во Собранието не е основан Совет на Собраниски канал и не е донесен финансискиот и инвестиционен план средствата за Собранискиот канал во Предлог-буџетот на Собранието за наредната година ќе бидат утврдени врз основа на последниот донесен финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал.

Со постапка за јавна набавка беше избрана фирма која со своите активности, согласно склучениот договор, започна на 3 февруари 2023 година, а инсталирањето на опремата заврши на 25 мај 2023 година. Потоа беше извршено тестирање на опремата од страна на претставници од фирмата избрана по јавната набавка и вработените од Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал и Одделението за аудио, видео техника и системите за електронско гласање и говорење при Секторот за ИКТ во Собранието. На 13 јуни беше извршено пробно снимање на емисијата - Собраниски ТВ вести (во 10:30 часот). До крајот на јуни 2023 година, пробно беа снимени три вида на емисии: „Собраниски ТВ вести", „Законодавен брифинг" кои се од информативен карактер и „Собраниска ризница" која е е од информативно-документарен карактер. Во наредниот период со докомплетирање на вработените лица во секторот кои се неопходни за продукција на содржини пробно беа снимени повеќе емисии.

Во соработка со Националниот демократски институт (НДИ) и Швајцарската амбасада беше објавен оглас за вработување на седум лица на различни позиции во Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал во Одделението за реализација на програма. Од објавените седум работни позиции, беа избрани четири лица за четири работни позиции и тоа: двајца камермани, еден продуцент - режисер и еден тонец - монтажер. Бидејќи на првиот оглас за вработување беа избрани само четири лица, по завршување на истиот, беше спроведен втор оглас за вработување на три лица за три работни позиции на кој беа избрани двајца новинари и еден видеомиксер - монтажер. Со завршувањето и на втората постапка за вработување, во секторот за поддршка на Советот на Собраниски канал вкупно беа вработени седум лица кои се неопходни за целосно и непречено ставање во функција на Собранискотo телевизиско студио.

Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал во соработка со Парламентарниот институт организираше работилница на тема „Подготовка на нацрт програма за работа на собранискиот канал и финансиско и инвестиционо планирање" која се одржа од 6 до 8 јули 2023 година во Кавадарци. На работилницата учествуваше и Генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија.

На одржаната работилница се дебатираше за сите предлози кои ќе придонесат за непречено и целосно ставање во функција на Собранискиот канал, за програмската шема и за финансирањето. Со отворањето на новото собраниско студио и воведување на нова програма на Собранискиот канал ќе се реализира стремежот за подобрување и за приближување на работата на Собранието

до граѓаните. На работилницата се разговараше и за спојувањето на Одделението за аудио, видеотехника и системите за електронско гласање и говорење при Секторот за ИКТ во Собранието во Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал со оглед на истородноста на видот на работата односно пренесувањето и продукцијата на програмски содржини кои се емитуваат на Собранискиот канал. По завршувањето на работилницата беше доставен допис до претседателот на Собранието со кој тој се известува за подготвеноста на Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал за почеток со работа со новите програмски содржини, при што како почетен датум е е наведен 1 ноември 2023 година.

На 13 декември 2023 година свечено беше пуштено во употреба Собранискотo студио и беше означен крај на првата фаза од „Програмата за парламентарна поддршка" (ПСП), преку која се реализираа повеќе проекти кои овозможија релиси целосна независност на Собранието како институција која е претставники дом на граѓаните и носител на законодавната власт во земјава. На отворањето на студиото и презентацијата на подготвените и снимени содржини присуствуваа претседателот на Собранието Талат Џафери, генералната секретарка Цветанка Иванова, координаторите на пратеничките групи и други пратеници, како и амбасадорката на Швајцарската конфедерација и претставници на НДИ во Северна Македонија.

Во функција на подготовка за почеток на работа на Советот ан Собранискиот канал од страна на вработените во Секторот за поддршка на Советот на Собраниски канал беа изготвени предлог Деловник на Советот на Собраниски канал, предлог Финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за 2024 година, предлог Годишна програма за содржината на програмите и предлог Годишен план за видот и содржината на програмата за работа на Собранискиот канал за 2024 година.

На 135-та седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 22 декември 2023 година, беше донесена одлука за избор на членови на Советот на Собранискиот канал.

Со изборот на членови и официјално е формиран Советот на Собранискиот канал, а со почетокот на неговото работење се создаваат услови за усвојување на законски предвидените документи за почеток на продукција на нови програмски содржини во Собранискотo ТВ студио и нивно емитување на Собранискиот канал. Советот на Собранискиот канал во овој мандат се уште не е формиран.

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

НАДЛЕЖНОСТИ:

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Северна Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Северна Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа и
-врши и други работи утврдени со закон.
Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Северна Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77/08 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија'' број 104/09).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и раководителот на организационата единица надлежна за финансиски прашања или лице кое тој ќе го определи.

Со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Буџетскиот совет, г. Горан Мисовски.

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа 3 седници на кои беа разгледани 8 точки.

На седницата одржана на 24 март 2023 година Буџетскиот совет врз основа на членот 40-њ став 1 од Законот за Собранието на Република Македонија на членот 27 став 1 алинеја 6 и членот 40- њ став 1, а во врска со членот 3 став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и „Службен весник

на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на собраниските службеници за 2023 година. Согласно оваа Одлука вредноста на бодот за пресметување на платите на собраниските службеници се утврдува во износ од 0,3% од минималната плата.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија на истата седница, врз основа на членовите 27 став 1 алинеја 7 и 40-е став (1) и (3) од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21,298/21, 67/22 и 65/23 ), членот 25 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 14/20), членовите 105, 106 и 107 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09,149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/2021 и 288/21), ја донесе Одлуката за начинот на утврдување на платите на вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија кои вршат помошно-технички работи и немаат статус на административни службеници. Со денот на донесувањето на оваа Одлука престана да важи Одлуката за начинот на утврдување на платите на вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија кои вршат помошно-технички работи и немаат статус на административни службеници бр. 32-1389/2 од 24 март 2022 година.

На оваа седница Буџетскиот совет согласно со членот 27 став (1) и членот 36 став (4) од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23), ја донесе Одлуката за начинот на функционирање и обезбедување на средства за остварување на контакти на пратениците со граѓаните. Со оваа Одлука се утврдува начинот на функционирање, начинот на обезбедување на средства за финансирање на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните (во натамошниот текст: канцеларии) и начинот на користење на средствата за оперативни трошоци на канцелариите. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на функционирање и обезбедување на средства за остварување на контакти на пратениците со граѓаните под архивски број 32-3499/6 од 1 јуни 2018 година.

На седницата одржана на 31 август 2023 година Буџетскиот совет согласно надлежностите утврдени во членот 31-а став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) донесе Одлука за давање на согласност за изменување и дополнување на Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2023 година. Во членот 31-а став 1 од Законот за

Собранието на Република Македонија, Собранието самостојно одлучува за користењето, распределбата, намената и прераспределбите на средствата обезбедени во Републичкиот буџет, во разделот наменет за Собранието согласно со закон. Во ставот 2 е утврдено дека во постапката на подготвување на изменувањето и дополнувањето на Републичкиот буџет, средствата во Буџетот на Собранието не може да се намалуваат без согласност на Буџетскиот совет.

На истата седница Буџетскиот совет го разгледа предлог на стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2024-2028 година и врз основа на расправата едногласно ги усвои следниве заклучоци:

1. Буџетскиот совет согласно член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и донесе Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2024-2028 година.

2. Буџетскиот Совет констатира дека Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2024-2028 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

3. Овие заклучоци заедно со Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија да се доставаат до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година и врз основа на расправата едногласно ги усвои следниве заклучоци:

1. Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и утврди Предлогот на буџетот на Собранието за 2024 година.

2. Буџетскиот совет цени дека финансиските средства кои се планирани во предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија.

3. Финансиската проекција на средства во Предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2024-2028 година.

4. Овие заклучоци на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија да се доставаат до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и Секторот за финансиски прашања во Собранието на Република Северна Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет согласно со надлежностите утврдени во членот 40-љ од Законот за Собранието на

Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23), донесе Одлука за давање на финансиска согласност на Годишниот план за вработување во Службата на Собранието за 2024 година.

На седницата одржана на 27 ноември 2023 година Буџетскиот совет согласно со надлежностите утврдени во членот 31-а став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) донесе Одлука за давање на согласност за изменување на Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2023 година.

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето, дебатата и следењето на европската интеграција на државата.

Во извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за 2023 година презентирани се:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- реализирани активности на Националниот совет за евроинтеграции и
- присуство и учество во дискусија на седниците на Советот

### ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

- Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник" на Република Северна Македонија бр.140/07) донесена на седницата на Собранието на 19 ноември 2007 година.
- Одлука за изменување на Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник" на Република Северна Македонија бр.91/2011), донесена на седница на Собранието одржана на 6 јули 2011 година. Со оваа одлука во составот на Советот, за членовите од редот на пратениците во Собранието се определија заменици-членови.

Националниот совет за евроинтеграции согласно Одлуката за основање има надлежност да:

- го следи и оценува текот на активностите за добивање членство во Европската Унија;
- дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство во Европската Унија;
- дава мислења и насоки за преговарачките позиции на државата;
- разгледува информации за процесот на преговарањето;
- дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;
- ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

- одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Републиката, претседателот на Владата и претседателот на Собранието;

- одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

- по потреба дава мислења за усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија и

- најмалку два пати годишно го известува Собранието за својата работа.

Составот на Националниот совет за евроинтеграции ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество обединети во заедничката цел – членството во Европската унија. Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, МАНУ, на граѓанското општество претставено преку членови или претставници од: Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници.

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со:

- Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собранието на 23 декември 2020 година ( "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.310/2020);
- Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собрание на 21 април 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/2021);
- Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собрание на 29 јули 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/2021).
- Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на седница на Собрание на 19 април 2023 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.85/2023).

Согласно Одлуката за основање на НСЕИ ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.140/07), претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција. Во членот 3 од Одлуката за основање на НСЕИ, утврден е составот на Советот: претседател и потпретседател, 15 члена и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието и шест члена од други

институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на државата, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно членот 5 од Одлуката за основање на Национален совет за евроинтеграции и во текот на 2023 година во работата на НСЕИ учествуваа 8 претставници номинирани од: Стопанската комора на Северна Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Македонската православна црква Охридска Архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква и Евангелско-методистичката црква.

Во текот на 2023 година до Националниот совет за евроинтеграции беа доставени нови номинации за претставници или нивни заменици од Сојузот на синдикатите на Македонија и Македонската православна црква – Охридска Архиепископија и номинација за претставник од Стопанска комора на Северо-Западна Македонија.

И во 2023 година во работата на НСЕИ не учествуваше претставник од граѓанското општество и покрај поканата за номинирање на претставник од Граѓанската платформа на Македонија. Неможноста да се делегира претставник е поради тоа што Граѓанската платформа[1] повеќе не е активна. За да се изврши избор на претставник на граѓанското општество за учество во работата на НСЕИ, треба да се најде содветно решение, односно да се измени формулацијата "граѓанската платформа на Македонија" во членот 5 од Одлуката за основање на НСЕИ.

Во однос на составот на НСЕИ, предлозите за именување на 3 нови членови во НСЕИ и тоа: член по функција - потпретседател на Влада задолжен за европски интеграции, член од ЗЕЛС и член од кабинетот на претседателот на Владата, до крајот на 2023 година постапката сеуште не е завршена.

*Деловник на Националниот совет за евроинтеграции*

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови како и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредени со Деловник донесен консензуално на седница одржана на 25 октомври 2011 година.

[1] Извршниот директор на Асоцијацијата за граѓански иницијативи на 6.0.2021 год. по електронски пат достави информација дека Граѓанската платформа на Македонија повеќе не е активна и не е возможно е да се спроведе процес на избор на претставник во НСЕИ.

Согласно со членот 7 став 2 од Деловникот, Националниот Совет одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

## СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2023 година одржа **5 седници.**

**Осмата седница на Националниот совет за евроинтеграции в**о текот на парламентарниот мандат 2020-2024, се одржа на 9 јануари 2023 година и на неа беа презентирани Програмата и приоритетите на Шведското претседателство со Советот на Европската Унија за период јануари-јуни 2023 година, од страна на амбасадорката на Кралството Шведска, Н.Е. Ами Ларсон Џеин. На седницата присуствуваа Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ, Н.Е. Јарослав Лудва, амбасадор на Чешката Република, претставници од амбасадата на Кралството Шпанија и од Делегацијата на ЕУ. Приоритетите на Шведското претседателство со Советот на ЕУ се надоврзува на достигнувањата на Чешкото претседателство и согласно со пошироката програма на актуелното трио - Франција, Чешка и Шведска. Програмата утврдуваше 4 приоритети и главни насоки за шестмесечното претседавање со Советот на ЕУ: безбедност-единство, конкурентност, зелени и енергетски транзиции и демократски вредности и владеење на правото. Амбасадорката Џеин потенцираше дека иднината на земјите од Западен Балкан е во Европската Унија и дека ЕУ ќе продолжи да ги поддржува реформите на земјите од пристапниот процес. На седницата свои обраќања имаа Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ, Александар Николоски, претседател на Советот, Соња Мираковска, потпретседателка на Советот, Бојан Маричиќ, заменик претседател на Владата задолжен за европски интеграции, Дарко Каевски и Рина Ајдари, членови на Советот и Арта Биљали Зендели, заменик член на Советот.

**На Деветата седница на Националниот совет за евроинтеграции** што се одржа на 22 февруари 2023 година беше презентирана анализата „Што сакаат младите - професиите на иднината бараат вештини денес" изготвена од Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП). На седницата на Советот присуствуваа Н.Е. Биби Грамсон, заменик-амбасадор на Кралството Шведска земја претседавач со Советот на ЕУ во првата половина од 2023 година, и Марина Курте советничка за правни прашања и евроинтеграции како претставник од Делегацијата на ЕУ во земјата. Анализата заедно со заклучоците кои произлегуваат од неа, пред Националниот совет ја презентираше Бојан Кордалов комуниколог и претседател на ИДУЕП, кој информираше дека проектот бил спроведен од март до декември 2022 година со учество од над 30 младински организации, со цел подигнување на јавната свест за проблемот со младинската невработеност, утврдување на пречките кои постојат на пазарот на труд, олеснување на вклучување на младите на пазарот на труд преку поголемо јавно говорење и застапеност на темата за младинска (не)вработеност во јавноста, како и утврдување на клучни мерки преку заклучоци и препораки за долгорочни ефекти и најдобри резултати при младинското вработување. Во однос на главните заклучоци кои произлегуваат од анализата, Кордалов информираше за следното: младите сакаат квалитетни работни места кои нудат можности за развој на вештини; добро платена работа; законско регулирање на работата од

дома; флексибилно работно време; нула проценти данок за младите во ИТ секторот; можности за социјално и здравствено осигурување на фриленсерите; зајакнување на мерките за самовработување и отворање на сопствен бизнис; платена пракса и волонтирање, обука и доквалификација за младите во рамки на компаниите со државна помош; квалитетно образование, дуално образование како дел од системот; приватно здравствено осигурување како алтернатива на преоптовареното јавно здравство; вклучување на младите во борбата против корупцијата, како и здрава животна средина со поддршка на младинските иницијативи за справување со предизвиците во областа. На седницата, со свои дискусии и сугестии, учествуваа: Гордана Сиљановска-Давкова, член на Советот; Фиснике Бектеши-Шаќири и Здравко Трајанов, заменик-членови на Советот; Миќо Стојаноски, претставник од Сојузот на синдикати на Македонија; Бојан Стојаноски и Санела Шкријељ, пратеници. Учесниците во дискусијата се осврнаа на прашања кои се однесуваа на селективност на институциите во управувањето со младинските политики, проблемот со иселувањето на младите, операционализација на плановите за реализирање на приоритетите на младите, можности за уредување на младинските политиките по примерот на високо развиените земји, ревидирање на Законот за работни односи во однос на прашања поврзани со младите, креирање на стратешки пристап за вработувањата, деполитизација на процесот на вработување, воспоставување мерит систем при вработување и издвојување на поголем државен буџет за науката и образованието. Учесниците во расправата отворија прашања и изнесоа мислења за предизвиците за младите во поглед на невработеноста, реформата на образовниот систем, потребата за спроведување на ветинг во образованието и надворешна реакредитација на образовните институции во земјата. Беше покренато прашањето и за потребата за формализирање на Клубот на младински прашања во Деловникот за работа на Собранието. Националниот совет за евроинтеграции едногласно одлучи анализата на ИДУЕП со заклучоците и препораките, заедно со стенографските белешки од Деветтата седница на Советот, да се доставаат до Владата за нејзино информирање и натамошно постапување.

**На Десетата седница на Националниот совет за евроинтеграции,** што се одржа на 11 јули 2023 година беше презентирана Програмата и приоритетите за работата на Шпанското претседателство со Советот на ЕУ за периодот јули - декември 2023 година, од страна на амбасадорот на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија, Н.Е. Хозе Луис Лозано Гарсија. Седницата беше заедничка со Комисијата за европски прашања. Амбасадорот Лозано Гарсија информираше дека Шпанија по петти пат го презема претседателството со Советот на ЕУ, во одлучувачки момент за календарот на ЕУ, со оглед на тоа што изборите за Европскиот парламент ќе се одржат во јуни 2024 година. Програмата на претседателството содржи 4 главни приоритети: реиндустријализација на ЕУ и обезбедување на отворена стратешка економија; унапредување на зелената агенда и животната средина; промовирање на поголема социјална и економска правда и зајакнување на европското единство. Програмата е конципирана да може да одговори брзо на потенцијалните кризи, а клучниот аспект е нејзината флексибилност. Шпанија ќе се залага за продлабочување на внатрешниот пазар, унапредување на банкарската унија и на унијата на капиталниот пазар, за подобрување на заедничките инструменти како што е новата генерација на европски фондови. Претседателството ќе продолжи да се залага за оптимизација на процесите на донесување одлуки во рамки на ЕУ и за поефикасно управување со миграцијата

и процедурите за азил. Прашањето за зајакнување на ЕУ не може да биде издвоено од процесот на проширување. Шпанија дава целосна поддршка на процесот на проширување според принципот на заслуга, и нашата земја има целосна поддршка за членство во ЕУ. Отворањето на пристапните преговори во јули 2022 година е најважниот преземен чекор во пристапниот процес, но сепак постојат низа важни предизвици во тековниот семестар. На седницата свои обраќања имаа Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ, Александар Николоски претседател на Советот, Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања, Љупчо Пренџов, Дарко Каевски, Рина Ајдари, Гордана Силјановска Давкова, Халил Снопче, Снежана Калеска Ванчева - членови на Советот.

**На Единаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции,** што се одржа на 16 ноември 2023 година, беше разгледан Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2023 година, Седницата беше заедничка со Комисијата за европски прашања. Во презентацијата на Извештајот на ЕК за 2023 од страна на Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ, беа нотирани следните забелешки и препораки: членството во ЕУ на земјите од Западен Балкан е заеднички и стратешки интерес и за самата Унија; Извештајот на ЕК не го нотира само напредокот во поглавјата, истиот има објективен пристап во оценката на истите; Собранието има важна улога во процесот на пристапување и политичките партии треба да се усогласуваат и да утврдат заеднички пристап во остварување на стратешките цели на државата. Се упати апел да не се злоупотребува постапката за донесување на законите особено при усогласувањето со правото на ЕУ; критика за процесот на донесување на закони во скратена постапка; потребата за почитување на соодветната постапка и во однос на евентуалните уставни промени на Уставот. Извештајот на ЕК нотира добра можност за натамошно напредување во областите каде треба да се работи. Извештајот утврдува низа забелешки за родовата нееднаквост и третирањето на лицата со инвалидитет и маргинализираните лица. Треба да постои соодветна родова застапеност во изборните органи и другите државни институции. Земјата треба посветено да работи во областа на правосудството, да ги надмине неодамнешните случувања во Судскиот совет, да го анулира политичкото и несоодветно влијание во правосудниот сектор, да води поагилна борба против корупцијата, да спроведе реформа на јавната администрација преку усвојување на соодветни законски и подзаконски акти. Во делот на човековите права и состојбите на затворите, треба да се следат препораките од соодветните меѓународни тела. Извештајот на ЕК нотира и потреба од зајакнување на борбата против говорот од омраза и поголема заштита на малцинствата и другите националности. Во однос на слободата на изразување неопходно е да се преземат активности за воведување на одредени законски стандарди кои би ги опфатиле интелектуалните и дигиталните права, а кои се однесуваат најмногу на говорот на омраза и политичката промоција. Законите треба да ги штитат новинарите и да се промовира истражувачко новинарство, а не прогон. Во однос на борбата против организираниот криминал, беше поздравена соработката со ФРОНТЕКС, и нагласена потребата одредени политики на ЕУ соодветно да се имплементираат, пред се во делот на економијата, трудовото право, надворешните односи и безбедноста. Извештајот на ЕК е водич кој посочува каде треба да се фокусираат натамошните реформи и да се преземат одлучни чекори. ЕУ ќе даде поддршка за целокупниот процес, особено за Кластерот 1-Фундаментални вредности, во

преговорите. Поддршката на ЕУ преку Планот за раст на Западен Балкан вклучува грантови и заеми за забрзување на економската конвергенција со ЕУ во износ од 6 милијарди и ги зголемува можностите за работа, соработка и заеднички раст и пристап во Унијата. Во дискусијата учествуваа Бојан Маричиќ, заменик претседател на Владата задолжен за европски интеграции, Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, Антонијо Милошоски, Дарко Каевски, Гордана Силјановска Давкова, Љупчо Пренџов и Снежана Калеска Ванчева, членови на Советот, Здравко Трајанов, заменик член на Советот, Санела Шкриејљ и Миле Лефков, членови на Комисијата за европски прашања и Кастриот Реџепи, пратеник.

**На Дванаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции, заедничка со Комисијата за европски прашања,** што се одржа на 20 декември 2023 година., беа разгледани 3 клучни документи кои произлегуваат непосредно од скрининг процесот: Нацрт-Патоказ за владеење на правото, Нацрт-Патоказ за реформа на јавната администрација и Нацрт-реформска агенда: Индикативна листа на приоритети за планот за раст на земјите од Западен Балкан. Документите кои беа доставени од Секретаријатот за европски прашања, пред Советот ги презентираше Бојан Маричиќ, заменик претседател на Владата задолжен за европски интеграции. Патоказот за владеење на правото и Патоказот за реформи во јавната администрација, придружувани со Акцискиот план за заштита на припадниците на немнозинските заедници, се формални услови за отворање на Кластерот 1 од преговорите. Вицепремиерот Маричиќ информираше дека во процесот на креирање на документите, Секретаријатот за европски прашања (СЕП) остварувал редовна комуникација и консултација со Европската комисија, а забелешките на Комисијата биле вградени во содржината на нацрт-патоказите. СЕП како институција задолжена за координација на евроинтегративниот процес ги подготовил документите преку континуирани средби и консултации со сите надлежни институции. При подготовката на документите во предвид биле земени Извештајот од скринингот за Кластер 1 и Извештајот на ЕК за напредокот за државата. Заедно со ЕК се адресирани најголемите недостатоци во клучните области и истите се претставени со цели и задачи за следните 6-7 години до 2030 година кога се очекува да завршат преговорите за членство. За содржината на двата патокази биле консултирани и граѓанските организации, кои дале свои мислења и идеи. Патоказот за владеење на правото ги опфаќа клучните теми од Поглавјето 23 правосудство и темелни права и Поглавјето 24 Правда, слобода и безбедност, а пропратен документ на овој патоказ се и други мерки од Акцискиот план. Во овој патоказ нотирани се предизвиците за зајакнување на независноста на правосудниот и обвинителскиот систем, континуираното спроведување на законодавството, обезбедување на соодветен извештај за спроведувањето на законите, почитување на правилата за именувања на судии и јавни обвинители засновани на заслуги, нивните унапредувања, постапките за дисциплинска одговорност и разрешувања, кои исклучиво треба да бидат врз основа на објективни критериуми. Борбата против корупцијата е еден од приоритетите и како таков е утврден во Патоказот. Мерките во Патоказот се насочени кон зајакнување на веќе постоечката законодавна рамка и нејзино доследно спроведување, зајакнување на положбата и капацитетот на клучните институции кои се вклучени во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Поглавјето 24 опфаќа 7 приоритетни области, борба против

организиран криминал, соработка во областа, борба против дрогите, борба против тероризамот, судска соработка во граѓанска и кривична материја, миграција, азил и виза, надворешни граници и границите на Шенген, борба против фалсификување на еврото. Акцент е ставен на зајакнување на законодавната институционална рамка и меѓуинституционалната соработка за сузбивање на организиран криминал како и засилена соработка за борба против тероризмот. Основа за подготовката на Патоказот за реформа во јавната администрација е Стратегијата за реформи во јавната администрација 2023-2030. Овој патоказ опфаќа 4 приоритетни области, развој и координација на политиките, управување со јавната служба и човечки ресурси, одговорност, отчетност и транспарентност и испорака на услуги и дигитална трансформација. Предвидените мерки имаат за цел креирање на деполитизирана, ефикасна, ефективна и одговорна јавна администрација која обезбедува високо квалитетни политики и лесно достапни услуги за граѓаните и за деловните субјекти кои се засноваат на европски принципи и кои што се вреднуваат и придонесуваат за одржлив економски раст, владеење на право, социјална кохезија и општествена благосостојба. Новата законска рамка во оваа област треба да го подобри управувањето со човечки ресурси низ различни нивоа на јавната администрација, да помогне да се обезбедат вработувања, унапредувања и отпуштања врз основа на заслуги на сите нивоа, вклучувајќи го и високото раководство на владините и државните институции. Планот за раст се состои од 4 столба и истиот е во насока на стратешка интеграција на Западен Балкан во ЕУ. Планот е одговор на нашите барања за поконкретен и поопиплив пристап на ЕУ кон пристапниот процес и обезбедување на придобивки пред членството во ЕУ. Според ЕК економската интеграција на земјите од Западен Балкан и пристапот до единствениот пазар е клучна цел за промовирање на економски раст и економска стабилност. Со овој План, ЕУ демонстрира посветеност и одлучност со значајна финансиска поддршка да го поддржи забрзувањето на реформите, да ја поврзе финансиската поддршка со успешноста на реформите, особено во делот на прилагодување на националните економии со стандардите на земјите членки на ЕУ. Поддршката доаѓа во вид на грантови, поволни заеми, што е проверен инструмент во финансирањето. Една од обврските кои произлегуваат од Планот е секоја од земјите да подготви реформска агенда со Индикативна листа на приоритети која ќе претставува сеопфатен и кохерентен пакет на мерки за постигнување на предвидените цели за реформите планирани за следните четири години. Реализацијата на реформите ќе биде основа за добивање на финансиските средства. За нашата земја, приоритетите кои ќе треба да бидат опфатени во реформската агенда се однесуваат на управување и реформа на јавната администрација и управување со јавните финансии, дигитална енергетска и зелена транзиција, развој на човечкиот капитал, подобрување на деловното опкружување и владеење на правото, односно темелни вредности како посебна категорија.

По повод расправата на седницата двете тела, НСЕИ и КЕП едногласно усвоија *заеднички заклучоци:*

1. "Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на заедничката седница одржана на 20 декември 2023 година ги разгледаа Нацрт - патоказот за владеење на правото, Нацрт - патоказот за реформа на јавната

администрација и Нацрт-Реформската агенда: Индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан.

2. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања дадоа поддршка на процесот на подготовка на трите документи како особено значајни во процесот на преговорите за пристапување во ЕУ и истовремено препорачаа Секретаријатот за европски прашања при натамошната подготовка на трите документи да ги земе предвид предлозите, сугестиите, мислењата и забелешките изнесени на заедничката седница, со цел подобрување на текстот на документите за кои двете тела беа консултирани.
3. Стенографските белешки од расправата на заедничката седница да се достават до Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за европски прашања".

На седницата со свои мислења, сугестии и предлози учествуваа Александар Николоски претседател на Советот, Соња Мираковска, потпретседател на Советот, Арбер Адеми претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, Гордана Силјановска Давкова, Љупчо Пренџов и Снежана Калеска Ванчева, членови на Советот, Здравко Трајанов, заменик член на Советот, Санела Шкриејљ и Миле Лефков, членови на Комисијата за европски прашања и Антони Пешев, заменик претставник од Стопанска комора на Северна Македонија.

СРЕДБИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР

Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2023 година одржа 2 средби од меѓународен карактер.

Националниот совет за евроинтеграции на 6 септември 2023 година оствари **средба со учесници на Форумот за културна дипломатија Скопје 2023 година.** Тема на Форумот беше: „Промовирање на меѓународната соработка, културно разбирање и мир преку културна дипломатија". На средбата од Националниот совет за евроинтеграции присуствуваа Александар Николоски претседател на Советот, Антонијо Милошоски, Љупчо Пренџов, Рина Ајдари, и Гордана Силјановска Давкова, пратеници и членови на Советот, Здравко Трајанов, пратеник и заменик член на Советот, претставниците во Советот: Менди Ќура од Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, Марјан Кицев од Сојузот на синдикати на Македонија, Благоја Ралповски од Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Ислам Ислами од Исламска верска заедница и Драган Георгиевски од Католичка црква, и заменичите претставници во Советот: Антони Пешев од Стопанска комора на Северна Македонија и Дејан Страчковски од Македонска православна црква.

Од учесниците на Форумот за културна дипломатија Скопје 2023, на средбата со НСЕИ присуствуваа: Армин Лашет актуелен пратеник во Германскиот Бундестаг и поранешен кандидат за канцелар на Христијанско демократската унија (CDU) во 2021 година, Марк Донфрид, генерален директор на Меѓународниот институт за културна дипломатија, Младен Иванчиќ поранешен претседавач со претседателството на БиХ, Петар Стојанов поранешен претседател

на Бугарија, Иво Јосиповиќ поранешен претседател на Хрватска, Борис Тадич поранешен претседател на Србија, Хасан Дииб поранешен премиер на Либија, Наталија Гаврилита поранешен премиер на Молдавија, Мохамед Ханеф поранешен министер за надворешни работи на Авганистан, Фиона Олуглин член на Сенатот на Ирска, Мишел Томсон пратеничка од Шкотска, Далија Орешковиќ пратеничка од Хрватска, Еш Реган пратеничка од Шкотска, Оана Силвиа Тоу и Оана Мурарuи пратенички од Романија, Ханс Кошлер професор на Академијата за културна дипломатија и Сулаиман Атмар од Меѓународниот институт за културна дипломатија. Од Кабинетот на поранешниот претседател на Македонија присуствуваа: Борис Јосифовски, државен советник, Билјана Андонова и Елисавета Орозовиќ советници, и Иван Иванов претседавач на Извршниот одбор на Меѓународниот центар алијанса на цивилизациите. На средбата присуствуваа амбасадорот на Кралството Шпанија Н.Е. Хозе Луис Лозано Гарсија, Наташа Дуцевска и Беатрис Агата Аубер од Делегацијата на Европската Унија во земјата и Золтан Марку, советник за ЕУ во амбасадата на Унгарија.

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Александар Николоски го поздрави присуството на гостите и ги запозна со надлежностите и функционирањето на Националниот совет за евроинтеграции како уникатно тело кое ги обединува сите општествени чинители, во чиј состав учествуваат претставници од Собранието, Владата, од Кабинетот на претседателот на државата и премиерот, стопанските комори, синдикатите и верските заедници. Идејата за конституирање на Советот, и негова главна задача е да постигне политички и општествен консензус за крупни прашања по отпочнување на преговорите за членство во ЕУ. На средбата пред НСЕИ се обратија Марк Донфрид, директор на Меѓународниот институт, Армин Лашет, актуелен пратеник во Германскиот Бундестаг и поранешен кандидат за канцелар на Христијанско демократската унија (CDU) во 2021 година, Мишел Томсон, пратеничка од Шкотскиот парламент , Далија Орешковиќ, пратеничка од Хрватскиот парламент, Еш Реган, пратеничка од Шкотскиот парламент. Присутните гости искажа благодарност до Националниот совет за евроинтеграции за средбата во Собранието, и во дискусиите се осврнаа на мултилатерализмот и влијанието на културата и разбирањето меѓу земјите, иднината на Европа и улогата која ја има Западен Балкан во тој контекст. Беше искажана целосна поддршка за членство на земјите од Западен Балкан во ЕУ, кои на прагматичен начин треба да ги надминат историски различни позиции и омраза од минатото. Треба се надминуваат политичките предизвици и проблемите кои несомнено ќе се појавуваат во иднина, како и историските и идентитетските дискусии кои што постојат во соседните земји. Се изрази задоволство што после две децении на стагнација во пристапниот процес се слушнаа гласови во ЕУ кои поставија нова објективност за земјите од Западен Балкан. За да се исполнат условите, особено во областа на владеење на правото, потребно е повеќе од само промени на законите за успешен напредок. Важно е да се создадат важни столбови на демократијата во нациите кои што поминуваат во транзиција и кои што сакаат полноправно членство во ЕУ. Три клучни столбови се важни за демократијата: првиот е зајакнување на индивидуалниот идентитет како спротивност на етничкиот идентитет, вториот е зајакнување на независноста на институциите како контратеза на клиентелизмот, и третиот столб се однесува на зајакнувањето на контролата на државните власти една со друга. Културната дипломатија помага да се изгради разбирање помеѓу различни

етнички групи, помага за градење на толеранција и изнаоѓање мирни решенија на конфликтите. Во дебатата со свои излагања, сугестии и предлози учествуваа Гордана Силјановска Давкова, Антонијо Милошоски членови на Советот и Антони Пешев, заменик претставник во Советот од Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Националниот совет за евроинтеграции на 7 септември 2023 година оствари **средба со Лилиана Танги и Пјер-Анри Димон, пратеници од Комисијата за европски прашања на Националното собрание на Француската Република.** Потпретседателката на Националниот Совет, Соња Мираковска, го поздрави присуството на Француската делегација и се заблагодари за можноста да се разменат мислења со претставници на држава која се смета на силен поддржувач на процесот на проширување на ЕУ. Мираковска се осврна на новата Методологија за проширување на ЕУ од 2020 година, која во Кластерот 1 Фундаменталните вредности ги постави во сржта на пристапните преговори што се рефлектираше и на преговарачката рамка за нашата држава. Потенцираше дека државата треба целосно да ги спроведе реформите во фундаменталните области на владеење на правото, во судските реформи, борбата против корупцијата и организираниот криминал, фундаменталните права, зајакнувањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и економските критериуми. Мираковска укажа дека Европската комисија го објави Нацрт извештајот за скринингот за Кластерот 1, кој е во фаза на разгледување и поднесување на коментари од земјите членки, по што ќе следува конечен извештај за скрининг процесот. Информираше дека Владата и СЕП подготвуваат патокази според предизвиците идентификувани од скрининг состаноците за кластерот 1 и препораките на ЕК. Се очекува патоказите од кластерот 1 да бидат разгледани на седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Лилиана Танги, пратеничка од Комисијата за европски прашања на Националното собрание на Француската Република, истакна дека Француската делегација сака да размени мислења со НСЕИ за евроинтегративнот пат на земјата затоа што НСЕИ е инстанцата која ќе биде алатка за постигнување консензус во Собранието за значајните ЕУ прашања. Танги покажа интерес за размислувањата на членовите на Советот по однос на новата методологија за пристапување во ЕУ, за начинот на кој земјата се подготвува за спроведување и отворањето на кластерите во преговорите. Укажа дека препораките од НСЕИ во врска со новата методологија ќе се вметнат во конечниот извештај од остварената информативната мисија на француската делегација. Пјер-Анри Димон, пратеник од Комисијата за европски прашања на Националното собрание на Француската Република, се заблагодари за сите појаснувања од членовите на НСЕИ и можноста да се чујат размислувањата не само на позицијата и извршната власт туку и на опозицијата. Во дебатата учествуваа Гордана Сиљановска Давкова, Снежана Калеска Ванчева, членови на Советот, Здравко Трајанов и Маја Морачанин, заменици членови на Советот. На средбата од Националниот совет за евроинтеграции присуствуваа Александар Николоски претседател на Советот, Соња Мираковска, потпретседател на Советот, Љупчо Пренџов, Рина Ајдари, Снежана Калеска Ванчева и Гордана Силјановска Давкова, пратеници и членови на Советот, Маја Морачанин и Здравко Трајанов, пратеници и заменици членови на Советот. На

средбата присуствуваше амбасадорот на Француската Република Н.Е. Сирил Бомгартнер, г.Жан Савоа, администратор и Емауел Гардиј, советничка во Амбасадата.

**Остварени билатерални средби на претседателот на НСЕИ:**

- на 18 јануари 2023 година со Н.Е. Флоријан Ќехаја, амбасадор на Република Косово;
- на 8 март 2023 година со Микела Матуела, вршител на должноста директор за Западен Балкан во Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување на Европската комисија;
- на 5 мај 2023 година со Н.Е. Андраш Клајн, амбасадор на Република Унгарија;
- на 22 мај 2023 година со Н.Е. г.Ерик Вестратен, директор за ЕУ во Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија. На средбата присуствуваше и Н.Е. Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија;
- На 5 октомври 2023 година со Н.Е. Ами Ларсон Џеин, амбасадорка на Кралството Шведска;
- На 16 ноември 2023 година со Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ;
- на 17 ноември 2023 година со Рене Троказ, специјален пратеник за Западен Балкан и Матје Абграл надлежен за Северна Македонија и Црна Гора и за безбедносни прашања на Западен Балкан во Француското Министерство за Европа и за надворешни работи. На средбата присуствуваше и Францускиот амбасадор Н.Е. Сирил Бомгартнер;
- на 20 дкември 2023 година со Рон Нехринг, директор на меѓународни програми на Институтот за лидерство на САД.

**Други активности на претседателот на НСЕИ:**

- учество на Конференција на високо ниво за европски млади лидери од 9 - 11 март 2023 година во Брисел, Белгија, во организација на тинк-тенк „Пријатели на Европа".
- учество на заедничка средба на претседателот на НСЕИ, претседателот на КЕП и прввиот потпретседател на Секцијата на Франкофонијата на Собранието на 20 јуни 2023 година со Делегација на Групата за пријателство од Националното собрание на Француската Република, во состав Лилијана Танги, претседателка на групата, Бертран Сор, заменик претседател, Артур Делапорт, Винсен Сетлинже, Марин Амеле, во придружба на Н.Е. Сирил Бомгартнер, амбасадор на Француската Република во државата.
- учество на промоцијата на Анализа на јавното мислење за пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ во 2023, на 18 декември 2023 година во организација на Институтот за демократија во просториите на Делегацијата на ЕУ.

## ПРИСУСТВО И УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИЈА НА СЕДНИЦИТЕ И СРЕДБИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР НА НСЕИ ВО 2023 ГОДИНА

| Активности / член / претставник | седници / 5 | | седници / 5 | | средби / 2 | | средби / 2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | присуство | % | учество/ дискусија | % | присуство | % | учество/ дискусија | % |
| Александар Николоски | 5 | 100% | 5 | 100% | 2 | 100% | 2 | 100% |
| Соња Мираковска[2] | 5 | 100% | 2 | 40% | 1 | 50% | 1 | 50% |
| Дарко Каевски[3] | 5 | 100% | 3 | 60% | / | / | / | / |
| Снежана Калеска Ванчева | 3 | 60% | 3 | 60% | 1 | 50% | 1 | 50% |
| Рина Ајдари[4] | 5 | 100% | 2 | 40% | 2 | 100% | / | / |
| Гордана Силјановска Давкова[5] | 5 | 100% | 4 | 80% | 2 | 100% | 2 | 100% |
| Љупчо Пренџов | 5 | 100% | 3 | 60% | 2 | 100% | / | / |
| Халил Снопче[6] | 4 | 80% | 1 | 20% | / | / | / | / |
| Арбер Адеми[7] | 4 | 80% | 4 | 80% | 1 | 50% | / | / |
| Антонијо Милошоски | 1 | 20% | 1 | 20% | / | / | 1 | 50% |
| Бојан Маричиќ[8] | 3 | 60% | 3 | 60% | / | / | / | / |
| Александар Љ. Спасов | 2 | 40% | / | / | / | / | / | / |
| Живко Попов | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Младен Чадиковски | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Бранко Азески[9] | 3 | 60% | 1 | / | 1 | 50% | 1 | 50% |
| Трајан Ангелоски | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Менди Ќура[10] | 3 | 60% | / | / | 1 | 50% | / | / |
| Марјан Кицев[11] | 3 | 60% | 1 | 20% | / | / | / | / |
| Благоја Ралповски | 1 | 20% | / | / | 1 | 50% | / | / |
| Даниел Јовановски[12] | 2 | 40% | / | / | 1 | 50% | / | / |
| Ислам Ислами | 3 | 60% | / | / | 1 | 50% | / | / |
| Драган Георгиевски | 1 | 20% | / | / | 1 | 50% | / | / |

[2] На IX и X седница присуствува Маја Морачанин заменик член на НСЕИ;
[3] На XII седница присуствува Моника Зајкова заменик член на НСЕИ;
[4] На XI седница присуствува Фисники Бектеши Шаќири, заменик член на НСЕИ;
[5] На VIII седница присуствува Здравко Трајанов, заменик член на НСЕИ;
[6] На VIII седница присуствува Сурија Рашиди, член на Советот до 19 април 2023 година,
[7] На VIII И седница присуствува и учествува во дискусија Арта Биљали Зендели, заменик член на НСЕИ;
[8] Бојан Маричиќ, од 16 јануари 2022 е заменик претседател на Владата задолжен за европски интеграции. До 31 декември 2023 не беше завршена постапката во врска со предлогот за негово именување за член во НСЕИ по функција;.
[9] На IX, X, XI и XII седница и на средбата на 6.9.2023 присуствува Антони Пешев, заменик претставник од Стопанската комора. На ЦИИ седница и на средбата на 6.9.2023 А.Пешев учествува во дискусија.
[10] На VIII седница присуствува Дриљон Исеини, заменик претставник од Стопанската комора на Северо-западна Македонија. На X, XI седница присуствува Дурим Зеќири, нов заменик претставник од 06.07.2023г.
[11] На IX, X седница присуствува и на IX седница учествува во дискусија Миќо Стојановски , заменик претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија . На XI седница присуствува Иван Пешевски, нов заменик претставник од 14 ноември 2023 година
[12] На IX и XI седница и на средбата на 06.09.2023 г. присуствува Дејан Страчковски, заменик претставник од МПЦ.

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОДОБАР ПРИСТАП НА ПРАТЕНИЦИТЕ ДО ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ПРАШАЊА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во рамките на ИПА Проектот за „Техничка помош за Парламентот", спроведен во Собранието од јануари 2011 до јуни 2012 година, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието. Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.

ЕУ Центарот организациски е во рамки на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и за следење на евроинтеграциите.

ЕУ центарот во текот на 2023 година подготви и издаде 11 месечни публикации - *ЕУ вести*, со околу 150 обработени теми од областа на ЕУ, со цел информирање на пратениците во Собранието. Публикацијата *ЕУ вести* беше доставена во печатена и во електронска форма до пратениците и дел од Собранискатa служба која работи во областа на евроинтеграциите. Публикацијата редовно по електронски пат се доставува до членовите и претставниците на Националниот совет за евринтеграции.

Првата публикација *ЕУ вести* беше издадена во јуни 2014 година, и заклучно со декември 2023 год. **издадени се 89 месечни електронски изданија**.

ЕУ вестите во печатена форма започнаа да се издаваат од мај 2018 година, со што се овозможи поголема видливост на информативната услуга на ЕУ Центарот, за информирање на пратениците за актуелни теми поврзани со европските политики и законодавството. До декември 2023 година, **во печатена форма беа издадени 49 броеви на ЕУ вестите** во кои беа обработени околу 700 теми од областа на политиките, законодавството и статистики од ЕУ.

Електронската публикација ЕУ Вести се објавува и на Собранискатa веб-страница.

ЕУ Центарот располага со мала библиотека од 187 наслови на книги, речници, збирки, прирачници, препораки, брошури и др. за кои се води Регистар.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2023 до 31 декември 2023 година реализираше неколку работни состаноци, учествуваше на средби, работилници, настани, а се вклучи и во одбележување на кампањата ,,16 дена активизам против родово базирано насилство''.

- На **24 јануари 2023 година,** пратеничките од Клубот на пратенички беа поканети и учествуваа на настан во организација на ОБСЕ и ОДИХР на онлине платформата ЗУМ на тема Институционално интегрирање на родовите аспекти во националните парламенти.

-На **26 јануари 2023 година,** Претседателството на Клубот на пратенички заедно со Генералната секретарка одржа работен состанок. Средбата беше свикана со цел разгледување на предлог на планот за одбележување 20 години од постоење на Клубот на пратенички. Пратеничките ги разгледаа предложените активности од страна на Претседателката Лолита Ристова, дадоа свои сугестии и ги прифатија истите. Активностите се дел од агендата на Клубот за родова рамноправност и еднаквост на мажите и жените, со акцент на работата на Клубот сега и во изминатите 20 години. Пратеничките од сите политички партии се договорија да соработуваат со цел, поуспешна реализација на доворените активности по повод овој голем јубилеј.

-На **27 јануари 2023 година,** Шефот на Мисијата на ОБСЕ, амбасадорот Килијан Вал, се сретна со претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова и со претседателката на собраниската Комисија за еднакви можности Гордана Силјановска-Давкова.

Тие разговараа за поддршката на Мисијата за значајната работа на Собранието во промовирањето на родовата еднаквост во земјата, а амбасадорот Вал ја повтори поддршката и застапувањето на Мисијата за усвојување на Законот за родова еднаквост, како и поддршката за организирање настани за одбележување на 20-годишнината од основањето на Клубот на пратенички.

Исто така во изминатиот период Собранието на Северна Македонија со поддршка на Мисијата на ОБСЕ направи големи чекори за унапредување на родовата еднаквост, вклучително и за усвојување и спроведување на Родовите акциски планови на Собранието за 2020-2021 и 2022-2024 година. Мисијата, исто така, силно го поддржува и изготвувањето на Законот за родова еднаквост, кој треба да биде доставен до Собранието.

-На **9 февруари 2023 година**, Пратеничките од Клубот на пратенички заедно со претседателката на клубот Лолита Ристова и претседателката на Комисијата за еднакви можности Гордана Силјановска Давкова, учествуваа на Јавна расправа која е деветта по ред во врска со предлог

Закон за родова еднаквост, а беше организирана од страна на МТСП и министерката Јованка Тренчевска.

Покрај пратеничките присутни беа и експерти кои работат на подготовка на новото законско решение и претставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Претседателката на Комисијата за еднакви можности, Давкова во своето обраќање се осврна на времето кога бил донесен првиот Закон за еднакви можности на жените и мажите и истакна дека седумнаесет години од тогаш, реалната ситуација е доста изменета и дека самото тоа ја наметнува потребата од донесување на нов закон.

На крајот од воведните обраќања претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова направи компарација на нацрттекстот којшто беше предложен за првпат со верзијата која денеска е изработена и којашто секако дека има простор да биде подобрена, врз основа на коментарите од спроведените јавни расправи досега, па се до конечното донесување на законот.

-На **13 февруари 2023 година**, се одржа информативен состанок на Клубот на пратенички со Националната Федерација на Фармери.

Состанокот го започна Претседателката на Клубот на пратенички Лолита Ристова која во своето обраќање се осврна на поддршката која ја дава Клубот на пратенички за изнаѓањето на Законско решение за проблемот со кој се соочуваат жените земјоделки во однос на платено породилно отсуство.

Во продолжение на состанокот претставничките од Националната Федерација на Фармери детално ги информираа пратеничките за Програмата за обезбедување на социјална сигурност за жените кои вршат земјоделска дејност, програма која започнува да се имплементира во 2023 година преку Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство. Работната група на НФФ заедно со МТСП, МЗШВ, Министерство за здравство, УЈП, ПИОМ, ФЗОРСМ, АФПЗПП која беше поддржана од страна на Шведската организација за развој We Effect, ќе продолжи со работа за оваа програма да биде инкорпорирана во Закон и да стане системско решение.

Исто така заедно се договорија дека ќе се продолжи со работа за да се најде соодветно решение и за право на користење боледување на регистрираните земјоделци.

-Во **февруари 2023 година**, Собранието ги донесе и измените на КЗ каде се изврши усогласување со стандардите на Истанбулската конвенција.

Клубот на пратенички заедно со Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејното насилситво работеше претходно на подобрување на ова законско решение. Усогласувањата во КЗ во однос на Инстанбулската конвенција беа во неколку аспекти:

- Интервенција во Кривичниот законик заради употреба на родово сензитивен речник наспроти родово неутралниот кој моментално се употребува.
- Вметнување на родовата перспектива во КЗ, гарантирање дека родовите димензии се земени предвид во дефинирањето на кривичните дела и постапките за спроведување на овој Законик.
- Измени во Кривичниот законик во однос на половиот напад и силувањето.
- Измена на Кривичниот законик со цел дефинирање на психичко насилство.

- Инкриминирање на демнењето како ново кривично дело со одредби преку кои ќе бидат предвидени и санкции за сторителите, а истовремено ќе се обезбеди заштита за жртвите.
- Инкриминирање на сексуалното вознемирување како кривично дело во Кривичниот законик и дефинирање соодветни санкции за сторителите

-На **17 февруари 2023 година**, пратеничките Лолита Ристова, Марија Георгиевска, Марија Кочовска и Ане Лашкоска имаа теренска посета во општина Долнени, каде учествуваа на настан кој го организираше НДИ и ЛАГ Агро Лидер кој беше организиран на тема Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените.

Пратеничките и претходно во два наврати беа дел од активностите на ЛАГ Агро Лидер кои покренаа иницијатива за внесување на "Политички мобинг - дел од Законот за заштита од вознемирување на работното место", во рамките на проектот Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените имплементиран од НДИ, а финансиски поддржан од Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка - СИДА.

Претседателката на Клубот на пратенички Лолита Ристова во обраќањето потенцираше дека пратничките се залагаат за родовата рамноправност.

Исто така кажа дека работното место треба и мора да биде средина без вознемирување. Оттука и поддршката кон оваа иницијатива треба да биде разгледана со внимание.

Во дискусиите по однос на предлог иницијативата, но и пошироко за правата на руралната жена во однос на системско решение за породилно отсуство, право на боледување, право на сопственост на земјоделско земјиште, учествуваа и пратеничките Ане Лашкоска и Марија Георгиевска.

- Заедничко соопштение на пратеничките од Клубот на пратнички на **20 февруари 2023 година**
,,Клубот на пратенички остро ги осудува сите форми на говор на омраза, родова дискриминација, сексизам, антисемитизам, омаловажување и други форми на насилство кои што во последно време се најмногу распространети на интернет просторот. Затоа пратеничките ќе иницираат јавна расправа во Собранието со цел да се понудат решенија како во иднина да се превенираат слични случаи посебно во јавниот простор и со тоа да се поттикне поголема општествена одговорност на креаторите на јавното мислење. Во таа насока, подготвени сме да иницираме и законски решенија за регулирање на интернет просторот, така што нема да се ограничи слободата на говор, туку ќе се подигне нивото на општествена свест и одговорност.,,

- Клубот на пратенички иницираше преку Парламентарниот институт, во рамки на една од сесиите на Детскиот парламент да биде организирана изложба на тема "Жените во политиката".

- Парламентарниот институт на **24 февруари 2023 година** одржа еднодневната интерактивна работилница на тема: „Детски парламент", за ученици од основните училишта во Република Северна Македонија.

Работилницата, се одржа во салата Борис Трајковски и учествува 58 ученици од деветто одделение и 16 наставници од 15 училишта од целата држава.

На една од сесиите беше организирана презентација на изработени креативни паноа - порака до пратеник изразена низ мисла, стих, цртеж.

Учесниците имаа обврска да изработат паноа со порака до пратениците претставена низ мисла, стих или цртеж.

За време на работилницата, изработените паноа беа презентирани пред останатите учесници и пред присутните пратеници.

Темата на која се подготвуваа паноата од страна на учесниците за овој Детски парламент беше „Жените во политиката".

Изработените паноа беа наменети за организација на изложба во Собранието по повод 8ми март.

-Во **март 2023 година**, Клубот на пратенички иницираше потписи од пратеничките и повеќе пратеници со цел да даде поддршка на Иранскиот отпор против режимот во кој страдаа многу невини жени, деца, мажи. Повеќе од 65 пратеници потпишаа изјава за поддршка (Support the Iranian People in Their Struggle for a Secular and Democratic Republic)

-На **1 март 2023 година**, на конференцијата „Жени во политика - Говор на омраза, сенка која обесхрабрува", во организација на Министерството за труд и социјална политика, а со поддршка на УН Вомен, на панелот три за искуствата со говорот на омраза зборуваа пратеничките во Собранието на Република Северна Македонија, Санела Шкриељ, Моника Зајкова, Арбана Пашоли и координаторката на советничката група во Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева. Крајната цел е секако обесхрабрување на жените да учествуваат активно во јавниот живот и носењето на одлуки. Политичката култура, односно некултура, изобилува со родови стереотипи, сексизам, мизогинија, говор на омраза и сето тоа дополнително го засилува насилството врз жените во политиката.

Многу е важно да се истражува и следи говорот на омраза врз жените во политиката за да се укаже на штетното влијание што го има не само врз поедини жени и нивната благосостојба, туку и врз општата мотивација на жените активно да се вклучат во политичкиот и општествениот живот", потенцираше Санела Шкриељ, пратеничка на Собранието на Република Северна Македонија.

Пратеничката во Собранието на Република Северна Македонија, Моника Зајкова, посочи дека, сексизмот, личните навреди, потсмев, пцовки, навлегување во приватниот живот, мизогинија се само дел од работите со кои се соочуват жените особено во политиката.
„Стануваме предмет на навреди и секакви погрдни зборови од луѓе кои воопшто не не познаваат како личности. Да ви ги покажам пораките на мојата страна по трагично од тоа што добивам ниски коментари па и слики од полови органи на мажи е што погрдни и навредливи зборови добиваме и од жени. Не знам дали тие луѓе немаат мајки, сестри или ќерки.

Се додека секоја жена не застане позади друга жена, но се приклучува на тие навреди или додека ги премолчуваме, а не ги објавуваме јавно таквите напади и говор на омраза кон

жените нема да заврши.  Едукација од најрана возраст, јавно говорење и пријава на ваквото вербално насилство е клуч за да почнат проблемите да се решаваат.

Се додека ние како жени молчиме и игнорираме тие ќе се погласни и нема да запрат", порача Зајкова.

Пратеничката Арбана Пашоли истакна дека жена со амбиции за професионален развој се предизвикува себеси, но и околината во која живее!

„Успехот на една жена или девојка не е случаен! Тоа е преплет на вредности, многу труд но и истрајност за надминување на предизвиците како и поддршка пред се од важните жени во нејзиниот живот", потенцираше Пашоли.

Координаторката на советничката група во Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева посочи дека конференциите налик на денешнава, треба повеќекратно да се организираат, и секогаш одново да се препрочитува и превреднува нивната содржина, како четиво на мудри сознајби, но и како пример за жестоката интелектуална женска будност и аналитичка обдареност и како апел до човековата свест за штетноста на говорот на омраза и за важноста на родовата еднаквост.

-На **6 март 2023 година**, неколку пратенички учествува на конференција на тема „Жените и дигитализацијата – надминување на бариерите, отворање можности за унапредување на родовата еднаквост" која се одржа во Хотел Мериот.

-На **7 март 2023 година**, Клубот на пратенички испрати  соопштение до медимуите за осуда на говор на омраза.

-По повод Меѓународниот ден на жената – **8 Март и по повод 20 – годишнината** од формирањето на Клубот на пратенички, Собрането на Репулика Северна Македонија ја одржа ПРВАТА пленарна седница посветена исклучиво на унапредување на родовата еднаковост.

Седницата ја отвори претседателот на Собранието Талат Џафери, кој, честитајќи го празникот, посочи дека во законодавниот дом се усвоени исклучително значајни законски измени во насока на изедначување, подобрување, заштита, унапредување и вреднување на статусот и придонесот на жената како рамноправен член во општествената заедница.

Обраќајќи се пред присустните на седницата, министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска, рече дека се евидентни промените во подобрувањето на положбата на жената и во унапредувањето на родовата еднаквост.

Во изминатиот период, истакна,  донени се повеќе закони кои се однесуваат на заштита на човековите права и слободи,  и овозможување на еднакви можности на жените и мажите.
Во дискусијата учествуваа повеќе пратенички од сите парламентарни групи.

Актуелната претседателка на Клубот на пратенички, Лолита Ристова, најави дека вакви седници посветени на унапредување на родовата еднаквост ќе станат традиција во Собранието на Република Северна Македонија.,,Покрај сите бури и препреки  20 години  надпартирската соработка како модел за соработка по кој е препознаен Клубот на пратенички, придонесе да придвижиме одредени родови перспективи како во донесувањето на повеќе закони, но уште повеќе кон тоа да тежнееме и да бидеме упорни кон промените  кои треба да следат,,

Пратеничката Гордана Силјановска Давкова рече дека се потребни промени за да се овозможи поголема застапеност на жените и во извршната и во локалната власт.

Според Рина Ајдари, потребна е елиминација на сите форми на дискриминација и родова нееднаквост во општеството.

Пратеничката Снежана Калевска Ванчева нагласи дека во последните години е постигнато многу во насока на унапредување на родовата еднаквост и дека речиси целосно е заокружена законската рамка, што се уште не е случај во многу поразвиени европски држави.

Благица Ласовска истакна дека правата на жените се основно човеково право и затоа е потребно сензибилизирање на сите институции во насока на унапредување на ова право.

Според пратеничката Маја Морачанин, треба да се дејствува и за поголема економска независност на жените.

Илире Даути рече дека, иако се донесени многу закони и стратегии, посебно против насилство врз жените и семејно насилство, сето тоа не е доволно, поточно не е доволен начинот на нивно спроведување.

Пратеничката Жаклина Пешевска истакна дека добрите закони и заложби не треба да останат само на хартија, туку доследно да се имплементираат.

Моника Зајкова истакна дека родовата еднаквост не е само морален императив, туку и економска и социјална неопходност.

Во рамки на 107.седница, а по предлог на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените, пратениците усвоија повеќе заклучоци во насока на понатамошно унапредување на женските права:

1. Измена и дополнување на Изборниот законик во правец на постигнување целосна родова еднаквост на листите за пратеници и советници;
2. Измена и дополнување на Законот за Влада преку воведување најмалку 40 проценти од помалку застапениот пол во извршната власт;
3. Измена и дополнување на Изборниот законик и воведување на квота од 30 проценти од помалку застапениот пол за избор на градоначалници;
4. Усвојување на Законот за родова еднаквост и формирање секретаријат до крајот на 2023 година;
5. Донесување родово сензитивен Деловник за работа на Собранието до крајот на 2023 година;
6. Законско регулирање на интернет просторот за спречување на говорот на омраза.
7. Следење на имплементацијата на законските решенија поврзани со родовите прашања во согласност со Планот за родово сензитивно Собрание 2022-2024 година.

Седницата ја следеа претставнички на домашни и меѓународни невладини организации кои тесно соработуваат со Клубот на пратенички, но и поранешни пратенички во последните две децении, поранешни министерки и заменик-министерки, како и 8 поранешни носителки на други функции, избрани во парламентот.

По завршувањето на седницата, на пригодна свеченост во Собранието им беа врачени благодарници на сите досегашни координаторки на Клубот на пратенички, како и на претставнички на невладини организации.

- На **30 март 2023 година**, Клубот на пратенички присуствуваше на Регионална конференција, ,,Гласна и храбра ги поместуваме границите"во Хотел Хилтон, во организација на МТСП.

-На **24 април 2023 година**, претседателката на Клубот на пратенички Лолита Ристова, присуствуваше на Генералното собрание на националната федерација на фармери, одржано на Факултет за земјоделски науки и храна Ђ НФФ.

-На **10 мај 2023 година**, – Делегацијата на Пратеничката група на Парламентот на Република Австрија за соработка со Собранието на Република Северна Македонија, која престојуваше во дводневна посета на Скопје, оствари средба и со Клубот на пратенички.
„Од она што го слушнав и видов, можам да заклучам дека ние можеме да учиме од вас во поглед на застапеноста на жените во политиката и битката за родова еднаквост", им порача австриската пратеничка Штефани Криспер, шефица на Делегацијата, на пратеничките од земјава, кои посочија на повеќе проекти иницирани од Клубот на пратенички кои беа донесени со консензус во законодавниот дом.

Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова, истакна дека Клубот годинава одбелажа 20 години од формирањето, што беше повод за одржување на првата пленарна седница во Собранието на РСМ посветена на родовата еднаквост на 8 Март годинава. Таа рече дека намерата е ова да стане традиција во наредните години.

Ристова нагласи дека во изминатите години се направени големи чекори во унапредувањето на женските права и родовата еднаквост и дека во таа насока во Собранието, со консензус, се донесени повеќе битни закони, иницирани од Клубот на пратенички.

Посочи и дека се планира одржување регионална конференција посветена на овие теми меѓу пратенички од земјите на Југоисточна Европа.

Ристова посочи и на предизвиците со кои се соочува Клубот на пратенички, како што е донесувањето на закон за родова еднаквост, зголемување на бројот на жени во локалната власт, говорот на омраза.

Таа изрази надеж дека и овие предизвици ќе бидат успешно совладани како резултат на соработката што и досега ја имаа пратеничките од сите групи во Собранието.

Пратеничката Жаклина Пешевска истакна дека Клубот на пратенички, како неформално тело, како и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените, се исклучително важни форуми во Собранието, кои во изминатите години успеале да се издигнат над политичката поларизација.

Пешевска, нагласи, и дека сега над 40 отсто од членовите на Парламентот во земјава се жени, што е голем напредок, иако, како што рече родовата еднаквост треба да биде нешто природно, така што ќе се надмине потребата од квоти.

Пратеничката Маја Морачанин истакна дека треба да се стимулираат механизми за поддршка и јакнење на форумите или клубовите на жени во партиите, од каде што произлегуваат и кадри за највисоките државни функции.

**-На 1 јуни 2023 година**, Клубот на пратенички заедно со Комисијата за еднакави можности одржа работна средба со општинските Комисии за еднакви можности во сала Борис Трајковски во Собранието.

Оваа средба беше одлична можност за согледување на потребите на локално ниво и можноста за координирано делување, посебно во процесот на консултирање на разни закони кои го третираат унапредување на родовата еднаквост.

Општинските комисии за еднакви можности ова средба ја оценија како многу корисна и изразија потреба соработката да продолжи.

-Од **24 до 26 јуни 2023 година** Клубот на пратенички со поддршка од ОБСЕ беше домаќин на Регионалната конференција ,,Унапредување на родовата еднаквост во парламентите".

На конференцијата се говореше за застапеноста на жените во парламентите во регионот, како и во вкупните политички процеси, нивната улога во унапредување на човековите права, донесувањето и ефективната имплементација на законите за родова еднаквост и потребата од вклучување на машките пратеници во промоција на еднаквоста.

На овие теми во Скопје дебатираа пратеници и пратенички од парламентите во регионот, претставници на меѓународни и на граѓански организации, независни експерти и практичари.

Конференцијата ја отворија претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери и шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Килијан Вал.

Во своето обраќање, претседателот Џафери потсети дека на 8 Март годинава во Собранието на Република Северна Македонија се одржа Првата пленарна седница за унапредување на родовата еднаквост, со која, како што рече, одбележавме исклучително значаен јубилеј, 20 години од основањето и функционирањето на Клубот на пратенички.
Џафери истакна дека Собранието донесе неколку значајни новини, меѓу кои посебно го истакна родовото одговорно буџетирање.
„Потребна е натамошна промоција на различностите во работата во Собранието, како работно место, потоа и во законите што ги донесува Собранието. Од исклучително значење е и зголемувањето на поддршката на колегите пратеници за прашањата за родот и различностите.
Притоа, не мислам само на бројчано зголемување, мислам на квалитативен придонес и конкретна заложба за да имаме вистински модерен и родово сензитивен парламент според дефиницијата на Интерпарламентарна унија", нагласи Џафери.

Амбасадор Вал истакна дека просечната застапеност на жените во парламентите во регионот на ОБСЕ е 29,6 проценти, така што, како што рече, Северна Македонија, неверојатно, во моментов е над просекот со 42,5% пратенички. Тоа, нагласи амбасадорот, е уште еден светол пример во регионот и потсетник за тоа колкава е моќта на жените во моментов во Собранието.
„Ова значајно влијание носи можности, но и одговорност да се дејствува обединето, над партиските линии, кога ситуацијата бара такво единство за поголемо добро", рече Вал.

Тој рече дека еден од клучните предизвици во овој момент е новиот закон за родова еднаквост, истакнувајќи дека верува дека постои силна посветеност на сите членки на Клубот на пратенички да не дозволат попречување на процесот.

Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички, рече дека во овој период регионот и неговите парламенти минуваат низ значајна трансформација. Се зголемува бројот на жени во парламентите и на жени политички лидери вooопшто, се воведуваат и подобруваат родовите квоти и други афирмативни мерки за политичко учество на жените. Се воспоставуват и зајакнуваат неформалните женски парламентарни пратенички групи и формални парламентарни комисии за унапредување на родовата еднаквост. Сепак, како што нагласи Ристова, постојат отворени прашања за кои ние треба прво заеднички да зборуваме, да делуваме, а потоа и да менуваме...

„Унапредувањето на родовата еднаквост беше и сѐ уште е денес првенствено задача за која се грижат женските граѓански организаци, жените политичарки и жените во владата. Од друга страна, истражувањата и меѓународните норми повикуваат на посилна улога на мажите во родовата еднаквост и на севкупната потреба од заеднички родов пристап, доколку се сака да се случат одржливи промени", истакна Ристова.

Благица Ласовска, заменик претседателка на Клубот на пратенички, рече дека ова тело во Собранието, формирано во 2003 година, е пример како може да се соработува, и покрај различните политички опции застапени во Парламентот, доколку има волја и желба за тоа "Моето мото е дека без жени нема демократија, а со жени ќе има мир. Ова треба да биде заедничка мисија на сите пратенички од регионот и од Европа, затоа што Балканот е во Европа. Резултатот од 20 години активност на Клубот на пратенички е 51 парламентарка меѓу вкупно 120 членови на Собранието, што е повеќе и од законски предвидениот минимум", истакна Ласовска.

Заменик министерката за надворешни работи во Владата на РСМ, Фатмире Исаки, рече дека е неопходна поголема застеапеност на жените, не само во законодавните процеси, туку во сите нивоа на власта и во политиката воопшто. Исаки апелираше на понатамошно интензивирање на соработката во регионот, во насока на дополнително унапредување на женските права, преку, како што рече, застапеност на жените во сите сфери на животот.

Република Северна Македонија овој пат беше домаќин на регионалната конференција на жени парламентарки, која традиционално се одржува во државите од регионот, со поддршка на теренските операции на ОБСЕ.

Во фокусот на Конференцијата „Унапредување на родовата еднаквост во парламентите" беа повеќе теми, вклучувајќи ги досегашните успеси и предизвиците со кои се соочуваат клубовите на пратенички во регионот и комисиите за еднакви можности на жените и мажите, следењето на спроведувањето на законите за еднакви можности, родовата сензитивност на законодавните домови, како и вклучувањето на мажи пратеници во напорите за унапредување на родовата еднаквост.

Конференцијата резултираше со заклучоци кои беа споделени и финализиран со сите учесници од Србија, БиХ, Црна Гора, Косово, Албанија и Република Северна Македонија.

Истовремено, оваа Регионална конференција е една од активностите од Акцискиот план на Клубот на пратенички на Собранието на РСМ, во рамките на одбележувањето на две децении од формирањето.

-На **17 јули 2023 година** Клубот на пратенички одржа средба со ПСРСМ г. Талат Џафери во Уставна сала, во врска со подготвениот документ со ОБСЕ и ОДИХР, а во правец на измени и дополнувања на Деловникот на Собранието.

Овие документи ,,Кон измени на Деловникот и Законот за Собрание,, Клубот на пратенички ги работеше заедно со ОБСЕ и ОДИХР скоро две години. Низ дискусии и консултации со Претседателот на Собранието се укажа на реалните промени кои имплицираат унапредување на родовите аспекти во работата на Законодавниот дом, а кои треба да бидат инкорпорирани во новиот Деловник кој е во финална фаза. Деловникот со дел од предлозите на пратеничките во правец на родово сензитивно Собрание беше усвоен на 131 седница на Собрание на 20 ноември 2023 година а објавен во "Службен весник на Република Северна Македонија" на 24 ноември 2023 година.

-На **18 јули 2023 година** Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија, одржа консултативна средба со Фондот за население на Обединетите нации - УНФПА и Министерството за труд и социјална политика, на која беше презентирана Нацрт-верзијата на Стратегијата за демографски политики, од страна на проф. д-р Драган Тевдовски.

Целта на оваа средба беше информирање и запознавање со процесот за развој на новата Стратегија.

Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички, изрази задоволство од учеството на пратеничките на овој консултативен состанок во рамки на подготовката на документот за демографски политики, чиј носител е Министерството за труд и социјална политика, а поддржан и воден од УНФПА.

Марија Димитровска, аналитичарка на Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, истакна дека демографската политика нема идеолошка определба и затоа е важна вклученоста на сите чинители во овој процес, идентификување на предизвиците и изнаоѓање решенија за одржлива политика на Северна Македонија.

Професорот Тевдовски во презентацијата ги истакна главните цели, важноста, инклузивниот процес на подготовката на Стратегијата.

Целта е што поширока поддршка и вклученост на државните институции, универзитетите, МАНУ, невладините организации и меѓународните агенции, а пратеничките треба да се столб на Стратегијата.

Последниот попис на населението укажа на негативен природен прираст, намалување на наталитетот, надворешна емиграција, стареење на нацијата, процес кој не е само кај нас туку и во европските држави, големи демографски диспаритети и нерамномерна просторна распределеност - посочи Тевдовски.

Презентацијата на Тевдовски резултираше со плодна дискусија на пратеничките во однос на презентираните цели на Стратегијата.

Ова е трета Стратегија за демографски политики 2024 - 2044 година, за период од 20 години, но со можност за ревидирање на секои 5 години. Исто така, пратеничките ја иницираа и потребата од донесување акциски план за следење на спроведувањето на Стратегијата.

-На **10 август 2023 година** одржана е средба на претседателката Лолита Ристова со Лилјана Пецова Илиевска од ДАИ/УСАИД, која пред претседателката ја презентирана програмата ,,Сајбер патеки за жени,, На средбата беше изразена волја од обете страна за натамошна соработка и за номинирање на 2 до 3 лица кои ќе бидат вклучени во натмошната програма.

-На **7 септември 2023 година** претседателкта Лолита Ристова оствари средба со амбсадорката на Република Грција г-ѓа Софија Филипиду. Госпоѓата Филипиду изрази интерес за потесно запознавање со улогата на Клубот на пратенички во Собранието и притоа изрази спремност за одредена поддршка и сорботка.

На средбата се разговараше и за можностите кои се нудат за соработка преку ЕУ програмите за прекугранична соработка меѓу Република Грција-Република Северна Македонија.

-На **19 септември 2023 година** на 120 седница на Собранието е донесена Измена и дополнување на Закон за ДДВ, во кој пратеничките интервенираа во неговата подготовка за додавање на член 9а во Законот, за намалување на ДДВ од 18% на 5% на производите за менструална хигиена. Со ова директно се влијае врз намалување на менструалната сирмоаштија кај девочињата и жените во репродуктивниот период.

-На **21 септември 2023 година,** беше извршена презентација на Извештајот во сенка за Поглавјата 7 и 8 од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. CEDAW во соработка со НДИ

-На **29 септември 2023 година,** Клубот на пратенички и Комисијта за еднакви можностите испрати остра рекација до медиумите, во врска со се позачестените убиства во државата. Во реакцијата беше истакнато ,,Почитувани граѓанки и граѓани, ние, жените пратенички, од Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на мажите и жените, кои едногласно ги подржаваме измените на Кривичниот законик врзани за родово заснованото насилство, ОСТРО и СИЛНО ги осудуваме зачестените случаи не само на свирепо насилство, туку и на фемицид. Воедно, јавно изразуваме согласност со „Националната мрежа проти насилство врз жени и семејно насилство" од страна на ОЈО да се земат во предвид сите елементи кои укажуваат на ФЕМИЦИД , во грозоморното дело во Кочани и делото да се оквалификува како такво, наместо убиство на свиреп начин.

Повикуваме на итен и ефикасен ангажман на сите органи, организации и субјекти, надлежни за превенција, спречување и санкционирање на родово заснованото насилство, потсетувајќи на заедничката и поделена одговорност за злото со кое се соочуваме!

- На **29 октомври 2023 година** се одржа Панел Дискусија во Хотел "Холидеј ин" на тема : ,,Политичка и општествена еднаквост на жените на локално ниво,, во организација на РЕАКТОР-истражување во акција. На панел дискусијата се обратија : Микаел Атерхог (Шведска амбасада Скопје), Роберт Скот Хислет (Национален демократски институт), Тања Иванова (Реактор – Истражување во акција).

Во панел 2 на тема: ,,Жени во политика,, претседателката на Клубот на Пратенички ги изнесе нејзините ставови околу препреките и бариерите со кои се соочуваат жените за влез во политиката, како и преземени иницијативи за унапредување и поголемо учество на жената во политиката и во општеството.

-На **29 октомври 2023 година,** пратеничките Лолита Ристова, Санела Скриељ и Белкиса Зеќири учествуваа на регионалната конференција ,,Женско лидерство" во организација на Friederich Ebert Stiftung во Хотел "Холидеј Ин" Скопје.

**-**На **30 октомври 2023 година,** Претседателката Лолита Ристова и заменикпретседателката на Клубот на Пратенички Благица Ласовска учествуваа на Завршната конференција на Мрежата за заштита од дискриминација, каде се говореше за унапредување на правата на земјоделките и за потребата од носење на системско законско решение за регулирање на породилното отсуство на жените земјоделки.

-На **9 ноември 2023 година,** членките на Клубот на пратенички во Собранието, присуствуваа на Презентација за родовата застапеност во изборите и политичките процеси во Северна Македонија: научени лекции и препораки за парламентарните избори во 2024 година, од страна на меѓународната консултантка за родови прашања, Флоренс Гану.

Презентацијата беше во организација на Меѓународната федерација за изборни системи (ИФЕС), а воведните забелешки и цели на Извештајот ги претстави Јоана Козма, директорка на ИФЕС во државата. Таа упати благодарност за досегашната отворена комуникација со политичките партии и релевантните институции и граѓаните на локано ниво, во однос на изборните реформи.

Во своето поздравно обраќање претседателката на Клубот, Лолита Ристова, изрази благодарност до присутните и сите активни чинители во овој процес за зајакнување на учеството на жените во политиката. Родовата еднаквост е тема која се протега низ сите активности на проектот, со главна цел да се поттикне еднаква родова застапеност и учество во изборите и политичките процеси. Истражување на факторите кои го попречуваат значајниот ангажман на жените парламентарки во процесот на донесување одлуки, во внатрепартиските политички активности, како и со електоратот беа во фокус на истражувањето, посочи Гану на почетокот од Презентацијата.

Таа сподели дека изминатиот период биле спроведени 17 длабински интервјуа во период од 18 до 22 септември 2023 година, од каде произлегоа 11 препораки за засегнатите страни, особено во пресрет на парламентарните избори во 2024 година.

Политичките партии, како и други засегнати страни треба да размислат, покажат посветеност и политичка волја за следниве препораки и тоа:

- Поголема буџетска контрола на женските секции со воведување на посебна буџетска линија;
- Воведување на внатрешни родови квоти;
- Измена на клучот за распределба на јавното финансирање за натамошно изедначување на условите за учество помеѓу политичките партии;

- Изготвување на стратегии за вклучување со цел зголемување на нивото на прифатливост и регрутирање на жени кандидати во руралните и оддалечените/изолираните области;
- Воспоставување или зајакнување на постојните механизми за внатрешен мониторинг за истражување на родовото учество и родовата еднаквост;
- Воведување на пристапот на „патент систем" или „вертикален паритет" во кандидатските листи;
- Отстранување на сериозниот недостаток на жени во Владата и на високи номинирани позиции;
- Министерството за внатрешни работи и Обвинителството треба да ги утврдат причините за непреземањето мерки и да преземат решителни чекори за решавање на состојбата;
- Воздржување од негативни кампањски техники на партиите, нивно следење и санкционирање;
- Изработка на контрастратегија за ублажување на навредите и говорот на омраза на социјалните мрежи преку засилено користење на позитивни пораки за поддршка од страна на политичарките;
- Да не се чекаат подобри норми и нивно подобро спроведување, организирање и дејствување веднаш.

По презентацијата беа разгледани препораките и следеше дискусија по нив, пратеничките беа едногласни во однос на проблемите и следните предизвиците кои им претстојат во однос на овие прашања.

Свои мислења и забелешки дадоа: Маја Морачанин, Снежана Калеска-Ванчева, Жаклина Пешевска, Даниела Колева, Гордана Силјановска-Давкова, Соња Мираковска, Жаклина Лазаревска и Благица Ласовска.

Настанот го затвори генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова, која во своето излагање истакна дека темава е многу важна, во еден исклучително важен момент за нас кога имаме сериозен застој на родовите прашања и ни се случува подем на антиродово движење во државата.

Таа упати апел да се надминат партиските разлики и обединување за овие два акта и тоа за Деловникот и Изборниот Законик.

- Членките на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествува на тридневна работилница на тема: Оценка на спроведувањето на Планот за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022-2024, која се оддржа **во ноември 2023 година** во Струга.

Работилницата беше во организација и целосна поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во правец на интегрирањето на родовата перспектива во работата на Собранието преку проценка на степенот на реализација на активностите, предвидеи со Планот за родово сензитивно Собрание за периодот 2022-2024 година.

Свои воведни обраќања имаа Лидија Петковска, од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите; Душко Тодоровски, национален програмски офицер на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Лолита Ристова, претседателката на Клубот на пратенички.

Петковска говореше за досегашните постигнувања од Планот, а потоа Ристова се осврна на целите кои се поставени на Клубот на пратенички и спроведените мерки и активности, донесените законски решенија кои се од важност за унапредување на родовата димензија а беа утврдени и приоритетите за следниот период.

Во рамки на вториот ден од работилницата следеше работа по групи - Преглед на степенот на имплементација на мерките во сите стратешки цели на планот за унапредување на родовата сензитивност на Собранието, како и презентација на моменталната состојба и степен на имплементација на мерките од стратешките цели 1, 2, 3, 4 и 5.

Последниот ден учесниците ги сумираа резултатите од сработеното и следеше завршна сесија со предлози на кој начин ОБСЕ може да им помогне на пратеничките да ги остварат своите зададени цели.

-На **24 ноември 2023 година,** МТСП  во фоајето на МОБ организираше промотивен настан по повод започнување на кампањата "16 дена активизам за борба против насилство врз жените и девојчињата".

На настанот присуствуваа повеќе жени пратенички и дадоа поддршка во оваа кампања.

- На **24 ноември 2023 година,** Клубот на пратенички се приклучи во кампањата ,,Вклучи се, превенирај, одговори и систематизирај".

Настанот беше во организација  на Националниот Совет за родова рамноправност по повод 16 дена активизам. Настанот се одржа во вилата на Претседателот Пендаровски на Водно, а покровител на настанот беше првата дама Елизабета Ѓорѓиевска.

Преку неколку панелисти беше направен пресек на институционалните пристапи во случаи на насилство за заштита и помош на жртвите и превенција со цел препознавање и пријавување на насилство.

- На **14 декември 2023 година,** пратеничките Лолита Ристова, Арта Биљали Зендели, Снежана Калеска Ванчева, Соња Мираковска ,Маја Морачанин и Гордана Сиљановска Давкова учествуваа на настан во рганизација на НДИ и ОБСЕ на тема ,,Жени во политика - Фактори на привлекување и одбивање". Истите учествуваа како панелистки во неколку панели.

- На **26 декември 2023 година,** Во Собранието се одржа Конференција на тема: „Превенција и заштита од насилство врз жените и девојчињата. Регулатива, имплементација и реалност".

Конференцијата беше во организација на Македонското женско лоби, во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички на Собранието, а во рамките на Меѓународните денови за борба против насилство врз жените и домашно насилство.

Целта беше да се овозможат сознанија, насоки на делување, како и заклучоци и препораки за надлежните институции и за клучните актери кои секојдневно се соочуваат со овие прашања.

Модераторка на настанот беше Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието и поранешна пратеничка.

Таа изрази чест што по подолго време на едно место се собрани голем број жени кои дале свој придонес за еднаквост на мажите и жените и истакна дека треба да им се даде признание за сите вложени напори на ова поле, многу борба и рушење стереотипи, уште од самите почетоци во 1994 година, преку 2004 година кога првпат со закон се регулира семејното насилство, 2017 година кога се ратификува Истанбулската конвенција како најважен правен пропис, па сè до денеска. Исто така, како важен настан го одвои воспоставувањето пракса за одржување пленарна седница посветена на жените на 8 март. Оваа Конференција е важна, рече Иванова, затоа што е во пресрет на првиот извештај од групата експерти за состојбата на државата по ова прашање, и истата треба да резултира со заклучоци.

Гордана Сиљановска-Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, го окарактеризира проблемот со насилството врз жените и девојчињата, како системски, па како таков мора и системски да се решава со заедничко учество на сите релевантни органи, непартиски, човечки, хумано, преку едукација или доедукација, а првиот чекор е превенцијата. Да се започне од дома, во училиштата, на поинаков начин да се решаваат меѓучовечките односи, во смисла на почитување на личноста. Нормата е едно, а реалноста друго, рече таа, затоа што и покрај донесувањето на многу важните закони за заштита од дискриминација, заштита од насилство и измените во Кривичниот законит, сепак, за жал, насилството врз жените и девојчињата продолжува. Работата со жртвите е неверојатно важна, но и со насилниците за нивна ресоцијализација.

Сиљановска - Давкова упати апел надлежните институции да го детектираат фемицидот како посебно кривично дело и повика на поголема застапеност на жените на високите функции. Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, истакна дека ова е прашање на кое сите жени натпартиски треба да работат заедно. Парламентот, институциите, граѓанските организации заеднички да се борат за промовирање на превенцијата. Исто така, вклучувањето на локалната смоуправа е исклучително важно. Заложбата на Министерството за труд и социјална политика е унапредување на човековите права, еднаквоста, борбата против секаков вид насилство, поголема функционалност на центрите за социјална работа, вклучување на стручни тимови во континуирани обуки.

Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова, истакна дека денешната тема е предизвик за цивилизираните вредности, тема која е итна, која бара да се биде на висина на задачата.

Таа напомена дека центрите за социјална работа мора да бидат логистички и финансиски обезбедени, да се вложува во осовременување на наставните содржини, да се елиминираат родовите стереотипи, да се криминализира психичкото насилство.

Исто така, се осврна на насилството над жените во политиката, што е особено нагласено во говорот на омраза, посебно на социјалните мрежи, и во таа насока побара законска регулација на интернет просторот. „Секоја наша заедничка акција ќе води кон светлост на крајот на тунелот, за сите оние што преживеале насилство" - заврши Ристова.

Даниела Димитриевска, извршна директорка на Македонското женско лоби, потсети на нивните заслуги од самото зачленување во Европското женско лоби во 2006 година.

Таа апелираше борбата против насилството врз жените и девојчињата да продолжи и да се одвива постојано. Тоа е работа која бара континуитет, заедничка работа, солидарност, помош, сѐ со цел изнаоѓање решение за мир на жените и поддршка во потрагата по лична среќа.

Воведните обраќања ги заокружи Лилјана Поповска, членка на Извршниот одбор на Европското женско лоби и поранешна пратеничка, која истакна дека без надминување на потчинетата улога на жените, не е можен напредок и еднакви права.

Порача да се гради доверба и сојузништво во оваа борба, зашто само така и во минатото како пратенички, токму со заедништво и меѓусебно почитување, надминувале деликатни проблеми, и со гордост може да ја потенцира актуелната одлична бројка од 42,3 % жени во Парламентот. Таа информира дека Европското женско лоби во моментот се фокусира на две борби, од кои едната моментално неуспешна - недонесувањето на директивата за борба против насилството врз жените и девојчињата, а другата успешна - донесување Резолуција со која не може да се смета за право наплаќањето на сексуалните услуги.

Во натамошниот дел на Конференција презентации извршија:

- Елена Грозданова од Опсерваторијата против насилство врз жените,
- Европско женско лоби, за европските практики во борбата против насилство врз жените и девојчињата;
- Жаклина Просароска, виша полициска советничка од Министерството за внатрешни работи, за улогата на полицијата во справувањето со насилството врз жените и девојчињата;
- Оља Ристова, судика од Основниот кривичен суд Скопје, за подготвеноста на судскиот систем за борба со насилство врз жените и девојчињата;
- Савка Тодоровска, координаторка на Националната бесплатна мобилна СОС линија за жртви на семејно насилство при НСРР, за искуството со згрижување на жртвите од насилство и
- Елена Димушевска, извршна директорка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, за преглед на состојбите со насилство врз жените и девојчињата по ратификацијата на Истанбулската конвенција.

Потоа следеше дискусија, каде учествуваа голем број на присутни, кои со своите мислења и идеи придонесоа кон донесувањето на завршните заклучоци, препораки и следни активности.

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

ВОВЕД

Клубот за младински прашања и политики во текот на 2023 година соработуваше во голема мера со граѓанскиот сектор и здруженијата на граѓани, организирајќи голем број на работни средби, настани и состаноци на кои се дискутираше за актуелните прашања и политики.

СОРАБОТКА СО ФОНДАЦИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТМИНСТЕР

Во текот на 2023 година, Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во рамки на проектот „Практикувај демократија" финансиран од Британската Амбасада го продолжи партнерството со Клубот за младински прашања и младински политики во Собранието.

Соработката на ВФД со Клубот за младински прашања и младински политики имаше за цел да го вмрежи клубот со младинскиот сектор, да ја координира својата работа со државните институции и преку својата работа да биде гласноговорник на младите во рамки на Собранието.

Покрај реализирање на активностите согласно усвоената Програма за работа на клубот, пратениците од Клубот за младински прашања и младински политики постојано ја следеше имплементацијата на младинските политики и работата на институциите задолжени за нивната имплементација.

Преку одржани 4 теренски посети, 3 дебати во Собранието и 1 тркалезна маса, 2 координации со државните институции, прибирање на коментари за измена на законски решенија и учество на работни средби со засегнатите страни, Клубот за младински прашања и младински политики соработуваше и ги застапуваше младите во обезбедување на механизми за поддршка на нивната добросостојба, гарантирање на нивното организирање и учество во образовниот процес, финансирање на нивното учество на локално и национално ниво.

Во текот на оваа календарска година, Клубот за младински прашања и политики сака да ги истакне постигнувањата и придонесот даден кон прашањата на носење на првата Статегија за ментално здравје на млади, вклучувањето на средношколското организирање во новиот Предлог - Закон за средно образование, отпочнувањето на дијалог за измени на Законот за младинско учество и младински политики како и други теми, но пред сè отвореноста и бројните соработки со младите и младинските организации кои го препознаа Клубот за младински прашања за да ги изразат своите мислења и потреби.

Реализирани активности во 2023-та година

1. Стратешко планирање на Клубот за младински прашања и младински политики

Клубот за младински прашања и полтики одржа прва средба за стратешко планирање на 4-5 февруари 2023 година, на кој присуствуваа 8 пратеници од Клубот, организирана од ВФД. Оваа средба послужи за креирање на работниот план на Клубот, а присутните имаа прилика од тимот на Агенцијата за млади и спорт да чујат детали за содржината на Националната стратегија за млади 2023-2027 година. Младинското учество, потребите на младите на локално ниво, менталното здравје, булингот, средношколското организирање и спроведувањето и

финансирањето на младинските политики беа дел од темите кои младите пратеници ги поставија како приоритети за својата работа во 2023 година. На стратешкото планирање учествуваа пратениците: Моника Зајкова, Мухамед Кадриов, Марија Кочовска, Дарко Каевски, Јован Јаулески, Артина Зеќири, Бојан Стојановски и Марија Петрушевска.

2. Втора средба на работната група за предлог на измените на Законот за средно образование

Во 2022 година Клубот започна процес на разгледаување на препораките од средношколските организации за вклучување на средношколското организирање во Законот за средно образование. Во рамките на овој процес беше формирана работна група која ги разгледува предлозите пристигнати до пратениците. На втората работна средба на работната група за законско регулирање на средношколското учество и организирање, одржана на 31 јануари 2023 во Собранието на Република Северна Македонија, присуствуваа пратеници членови на Комисијата за образование, млади и спорт и пратеници членови на Клубот за младински прашања и младински политики.  На средбата беа присутни: Жаклина Лазаревска, Лидија Тасевска, Драгица Ѓавочанова, Санела Шкриејљ, Бети Стаменковска Трајкоска, Бојан Стојаноски, Марија Петрушевска.

Пратеничката Жаклина Лазаревска сподели информации околу претстоен процес на креирање на нов закон за средното образование, кој меѓу другото ќе опфати и поглавје за ученичкото организирање. Пратеничката Санела Шкриејљ сподели дека дел од членовите на работната група ќе присуствуваат на работилници за новиот закон за средно образование во периодот 1-3 февруари, а дека содржината на поглавјето за ученичко организирање во голема мера е изедначена со предлог законскиот текст кој работната група го разгледуваше на првата средба, и јавната дебата во Собранието на 20 октомври 2022 година.

3. Работна средба на Клубот за младински прашања и младински политики со министерот за образование и наука Јетон Шаќири

На 9 февруари 2023 година пратениците од Клубот за младински прашања и политики (Моника Зајкова, Марија Петрушевска, Марија Кочовска, Дарко Каевски, Бојан Стојановски, Мухамед Кадриов, Фиснике Бектеши) остварија средба со министерот за образование и наука, Јетон Шаќири. Оваа средба имаше за цел да пренесе препораки за законот за средно образование кои беа прибрани од учениците, младинските организации и беа предмет на работа на Работната група за измени на Законот за средно образование. Покрај препораките за овозможување на ученичко организирање, на оваа средба пратениците ја потенцираа и важноста за вклучувањето на заштитата од булинг на учениците во рамките на овој закон, додека Министерот изрази отвореност и намера средношколското организирање да биде уредено со новиот закон.

4. Дебата во Собрание: Содржина на Нацрт - националната стратегија за млади 2023-2027

На 22 март, во Собранието на Република Северна Македонија, во организација на Клубот за младински прашања и младински политки се одржа дебата за новата национална стратегија за

млади. На овој настан, покрај пратениците од Клубот, учествуваа претставници на подмладоците на политичките партии и експертите кои работат на Националната стратегија за млади. Креирањето на новата стратегија за млади е процес кој го води Агенцијата за млади и спорт, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, УНФПА во Северна Македонија и УНДП. ВФД како партнер на Клубот даде поддршка во насока на организирање на овие работни средби и поднесување на содржини во Стратегијата кои се важни за работата на Клубот. Целта на дебатата беше стартегијата да биде разгледана од заинтересираните пратеници и презентирана пред засегнатите страни и младински организации пред нејзиното усвојување.

5. **Дебата во Собрание: Спроведување на Законот за младинско учество и младински политики**

Парламентарниот Клуб за младински прашања и младински политики организираше јавна дебата за спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики на 31 март 2023 година. Покрај младинските организации, на дебатата се обратија претставници од Агенцијата за млади и спорт, и општините, со што ги споделија своите досегашни препораки со кои ќе се унапреди имплементацијата на Законот за млади. Овој настан беше прва јавна дебата за законот и научените лекции од неговото спроведување, како можност за оцена и надзор за спроведеното. Како еден од главните заклучоци од дебатата беше отворање на широки консултации за евентуални измени и дополнувања на законското решение, а со цел овозможување на ефективно учество на младите на локално и национално ниво.

6. **Теренски посети на Клубот за младински прашања и младински политики**

Клубот за младински прашања и политики, продолжувајќи ја успешната пракса на средби со младите и локаните самоуправи, за дискусија на нивните потреби и спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, Клубот продолжи со теренските посети и реализираше посети на Општина Чаир, Општина Центар, Општина Шуто Оризари и Општина Илинден.

**Општина Чаир и Општина Центар**

На 5 мај 2023 година, пратениците Моника Зајкова, Дарко Каевски, Марија Петрушевска, и Мухамед Кадриов ги посетија општините Чаир и Центар. Со градоначалникот на Општина Чаир-Висар Ганиу, претседателот на советот на Општина Чаир Јетмир Асани и службеникот за млади на општината, пратениците разговараа за планираното формирање на локален младински совет и проектот за младински центар во Чаир. Во Општина Центар, со градоначалникот Горан Герасимовски и службеничката за млади Јулија Герасимовска, пратениците разговараа за активностите во младинскиот центар, за издвојувањето на финансии за млади, како и олеснување на регистрирањето на младинските организации и организациите за млади во постоечките регистри. Уште една тема која се отвори во дискусиите на овие две теренски посети беше и дигитализацијата на процесите во општините, со што би се олеснил пристапот на граѓаните а особено на помладата популација до услугите на општината. Посетите беа организирани од ВФД во соработка со IDUEP Institute.

Општина Илинден и Општина Шуто Оризари

На 29 мај 2023 година, со поддршка на WFD Клубот направи посета на општина Шуто Оризари и Илинден. На оваа посета учествуваа пратениците Моника Зајкова, Марија Петрушевска и Бојан Стојановски. Покрај главните младински предизвици во општините пратениците со градоначалниците и младите разговараа за важноста од имплементацијата на младинските политики во општините, договарајќи активности кои би можеле да ги подобрат локалните можности за младите во овие две општини.

7. **Работна средба со специјалниот пратеник за Западен Балкан на Велика Британија - Стујарт Пич**

На 14 јуни 2023 година, во рамки на посетата на Северна Македонија на Специјалниот претставник за Западен Балкан на Велика Британија – Лорд Стујарт Пич и Британскиот амбасадор во Северна Македонија Метју Лосон, оствapија средба со пратениције од Клубот за младински прашања и младински политики. Членовите на клубот Моника Зајкова, Марија Петрушевска, Фиснике Бектеши - Шаќири, Бојан Сотојановски, Дарко Каевски и Јован Јаулески дискутираа за младинските приоритети и перспективи во Северна Македонија, иселувањето на младите и младинскиот активизам во земјава, како и перспективите во работата на клубот.

8. **Средба за стратешко планирање на Клубот за младински прашања и младински политики**

На средина од годината во периодот од 23 до 24 јуни 2023 година, Клубот за младински прашања и младински политики одржа работен викенд за проценка на реализираните активности од годишниот план и утврдување на приоритетни активности за втората половина од годината. На ова стратешко планирање беа презентирани нацрт-стратегијата за ментално здравје од страна на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), како и првичните наоди од анализата за демографските состојби со младите во Северна Македонија. На овој работен викенд присуствуваа пратениците: Моника Зајкова, Јован Јаулески, Дарко Каевски, Марија Кочовска и Мухамед Кадриов.

9. **Координативна средба на Клубот за младински прашања и младински политики со институциите кои спроведуваат младински политики**

Младинските политики и состојби беа тема на координативната работна средба меѓу Клубот на Млади пратеници и претставниците од државните институции во која се одржа во Собранието на 29 јуни 2023 година. Претставниците од Министерство за финансии, Агенција за млади и спорт, Агенција за вработување на РСМ, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Заедница на единиците на локална самоуправа и членовите на Клубот за младински прашања и политики доставија сет препораки кои ќе служат во процесот за менување на Законот за младинско учество и политики. На оваа средба беа презентирани наодите од анализите за демографските состојби со младите како и трошењето на буџетските средства за младите во Северна Македонија.

**10. Јавна дебата за потребата од донесување на Национална стратегија за ментално здравје на младите**

По одржаното стратешко планирање на кое младинските организации ја презентираа својата работа во областа на унапредување и заштита на менталното здравје на младите, Клубот за младински прашања и младински политики организираше јавна дебата за потребата од усвојување на Национална стратегија за ментално здравје на младите, на 21 јули 2023 година. На настанот учествуваа претставници од граѓански, младински и меѓународни организации, како и експерти психолози и психијатри кои работат на конкретното прашање. Стратешкиот пристап кон заштитата и унапредувањето на менталното здравје на младите во Северна Македонија беше промовирана преку овој настан, а Клубот даде поддршка на иницијативата да се обезбеди стратешка и системска поддршка за унапредување на менталното здравје и благосостојба на младите на национално ниво.

**11. Студиска посета на Клубот за младински прашања и младински политики во Шкотскиот парламент**

Од 27 до 30 септември 2023 година, делегацијата предводена од пратеничката Моника Зајкова како претседавач со Клубот, заменик генералниот секретар Бојан Василевски, пратениците Јован Јаулески, Дарко Каевски и Фиснике Бектиши Шаќири, заедно со претставници од Фондацијата за демократија на Вестминстер и Британската амбасада во Скопје, учествуваа во дискусии со пратеници и службеници од Шкотскиот парламент, и се сретнаа со организации како Youth Link Scotland и Детскиот парламент.

Студиската посетата имаше за цел да ги запознае пратениците од Клубот со начинот на кој работи шкотскиот парламент, како институционализирано се застапуваат младите но и да научат повеќе за приоритетите на клубот за млади и комисијата за млади во Шкотска. Покрај можноста да се запознаат со колегите од тамошниот парламент и да оформат мрежи кои ќе ја унапредат работата на Клубот, пратениците можеа да разменат идеи и мислења за застапеноста на младите, ангажманот во заедницата и предизвиците со кои се соочува младата генерација во нашата земја и во Шкотска.

**12. Процес на прибирање на коментари и мислења и подготовки на предлог измени на Законот за младинско учество и младински политики**

По дебатата за спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики, Клубот започна со прибирање мислења од младинските организации и засегнатите чинители за спроведувањето и предизвиците со имплементација на Законот. Законот за младинско учество и младински политики бешедонесен на иницијатива на Клубот за младински прашања и младински политики во парламентарниот состав 2016-2020 година. Законот донесен во јануари 2020 година, а веќе во 2022 година Клубот за младински прашања и младински политики (сега во нов парламентарен состав) почнува со активности за надзор на имплементацијата на ова законско решение.

Клубот за младински прашања и младински политики (парламентарен состав 2020-2024) преку теренски посети и организирање на јавни дебати, координации и работни состаноци беше во постојана комуникација со институциите надлежни за имплементација на Законот за млади.

Покрај направените теренски посети во повеќе од 12 општини[13] (во 2022 и 2023 година), Клубот за младински прашања и младински политики организираше јавни дебати во Собранието посветени на младинските политики. На овие дебати, претставници од граѓанскиот сектор, институциите и младинските организации, во повеќе наврати посочија за потребата од интервенирање во содржината на Законот за младинско учество и младински политики. На јавните дебати кои клубот ги организираше (една посветена на Средношколско организирање и учество во октомври 2022 година, една посветена на Имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во март 2023 година) од страна на институциите и младинските организации беа изнесени повеќе предлози за измени во Законот за млади и тоа од: Агенцијата за млади и спорт, службениците за млади на локално ниво - како претставници на единиците на локална самоуправа, и претставници од организации за млади, младински организации и чадор организации.

Клубот за младински прашања и младински политики отвори јавни консултации за потенцијалните измени на Законот за млади (мај, 2023) на кои пристигнаа писмени предлози од 11 организации и институции, додека пак на јавната дебата во Собранието (март 2023) свои предлози и коментари изнесоа 6 организации и институции.

По прибраните коментари од отворените консултации и јавните дебати, како и по изработката на анализата за финансирање на младинските политики во Северна Македонија (со фокус на Законот за млади) Клубот организираше Координативна средба со државни институции (јуни 2023). На оваа средба присуствуваа претставници од: Агенцијата за млади и спорт, Министерството за финансии, Националната Агенција за европски образовни програми, Агенција за вработување, Заедница на единици на локална самоуправа, а беа презентирани наодите од анализата за издвојување на средства од државниот буџет за имплементација на Законот за млади, како носечки закон за оваа група граѓани. На оваа средба исто така беше утврдена потребата за интервенирање во законскиот текст, а со цел негова поголема функционалност.

На подготовката на овој документ претходеа состаноци со Советникот за млади при Владата, Агенцијата за млади и спорт, Сојузот за младинска работа, Националниот младински совет и Министерството за Финансии. Овие состаноци имаа за цел детално да ги вклучат перспективите на имплементаторите на Законот за младинско учество и младински политики, односно директно од искуствата и препораките на овие актери да се креираат соодветни предлози за интервенирање во текстот.

### 13. Тркалезна маса: Предлог на измени на Законот за младинско учество и младински политики

По прибраните коментари за измени во текстот на Законот за младинско учество и младински политики и одржаните работни средби со државните институции и експертот кој ги фасилитираше овие работни средби на 18 октомври 2023 година Клубот организираше тркалезна

[13] Куманово, Гостивар, Босилово, Струмица, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Илинден, Тетово

маса за разгледување и дискусија на предлог-измените на Законот за млади. По презентирањето на процесот и содржината од страна на пратениците од Клубот (Моника Зајкова, Јован Јаулески и Марија Кочовска), на овој настан се обратија и Директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски и Посебниот советник за млади при Владата, Ѓорѓи Тасев. Претставниците од младинскиот сектор, меѓународната заедница и националните институции, дадоа свои коментари, видувања и предлози за унапредување на презентираните содржини. По средбата, пратениците проценија дека е потребно дополнителна консултација и координација помеѓу младинските организации, со цел градење консензус и обезбедување на јасни препораки за потребните измени на Законот.

14. **Работен викенд за утврдување на приоритети и препораки на Клубот за младински прашања и младински политики**

На 1-2 декември 2023 година, Клубот на млади пратеници одржа работен викенд посветен на стратешко планирање на понатамошната работа и креирање на документи со препораки и приоритети за ова тело, со поддршка од ВФД. Дел од агендата на овој работен викенд беа и состаноци со претставници од ОДАС и Сојузот на средношколци кои ги презентираа политиките за кои се застапуваат и младинските приоритети на кои препорачуваат да работи Клубот во претстојниот период. На работниот викенд присуствуваа пратениците: Моника Зајкова, Јован Јаулески, Дарко Каевски, Марија Петрушевска и Мухамет Кадриов.

СОРАБОТКА СО ИНСТИТУТОТ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВРОАТЛАНТСКИ ПЕРСПЕКТИВИ (ИДУЕП)

ВОВЕД И РЕЗИМЕ НА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во 2023 година ИДУЕП продолжи со својата активна работа на иницијативи и проекти од општествена важност со цел унапредување квалитетот на живот на сите граѓани ставајќи фокус на подигнувањето на јавната свест за придобивките од дигитализацијата како неминовен процес на сите општествени сфери. Посебен акцент во работата на ИДУЕП за 2023 година беше ставен на младинскиот активизам и младинско организирање но и на зајакнување/охрабрување на жените особено младите жени отворено да зборуваат и да се вклучуваат во општествените текови. Во 2023 година ИУДЕП дополниелно ја продлабочи својата соработка со Клубот за младински прашања и политики при Собранието на веќе постоечки иницијативи, а оствари и нови соработки на различни проекти.

1. **Посети на општини во соработка со Клубот за младински прашања при собранието во рамки на иницијативата: „Младите во фокусот"**

Оваа активност чија цел е зајакнување на соработката меѓу Собранието и единиците на локалната самоуправа, со вклученост и на граѓанскиот сектор, а првенствено во интерес на подобрување на положбата на младите луѓе во општеството, како и процесот на дигитална трансформација кој е од интерес на сите граѓани ја започнавме во февруари 2023 година од Тетово. Координаторката на Клубот, пратеничката Моника Зајкова, претставници на ИДУЕП,

како и на Евро Атлантскиот Совет на Македонија беа дел од делегацијата која се сретна со градоначалникот Биљал Касами, претседавачот на Советот на Општината, претседателката на новоформираниот ЛМС, како и претставнички и претставници на сите советнички групи во Советот на Општината.

Како дел од предлозите за соработка и решенија од средбата со претставниците на локалната самоуправа во Тетово беа издвоени: поголемо вклучување на студентите во работата на локалниот Младински совет; поголема информираност и вклученост на младите во работата на општината преку Младинскиот совет; натпартиска соработка меѓу сите советнички групи на тема млади и дигитализација; поддршка на различни активности за млади, кои не секогаш нужно треба да се од доменот на политиката; формирање на општинска Комисија за млади и спорт која ќе биде сочинета од советници и советнички од сите партии застапени во Советот на Општината; членовите на локалниот Младински Совет да одат во редовна посета на Собранието и Клубот за младински прашања, како и да се воспостави директен линк со цел едноставно покренување на иницијативи, јавни дискусии и други јавни настани.

Следните 2 заеднички средби во рамки на оваа активност се реализираа во текот на месец април со посета на општините Центар и Чаир со поддршка на Вестминстер фондацијата за демократија. Дел од пратеничките и пратениците од Клубот за младински прашања и политики при Собранието, заедно со претставници на Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП) и Вестминстер фондацијата за демократија беа во посета на општините Чаир и Центар. Пратениците Моника Зајкова, Дарко Каевски, Марија Петрушевска и Мухамед Кадриов на средбите со градоначалниците Висар Ганиу и Горан Герасимовски се информира за спроведувањето на младинските политики на локално ниво, разговараа за успесите и предизвиците во локалното спроведување на младинските политики, а особено внимание беше посветено на можностите за остварување на заедничка соработка и активности кои во центарот ќе ги стават младите луѓе, нивните потреби и вклученост во носењето на одлуки и креирање на политики.

2. **Организација на заеднички јавен настан меѓу Клубот и ИДУЕП во Собранието за промоција на финален документ за идно дејствување на клубот**

Настанот кој се одржа во Собранието, беше наменет за промоција на финалниот Документ за идно дејствување на Клубот пред пратениците и имаше за цел дополнително вмрежување на пратеничките и пратениците со различни граѓански организации кои застапуваат и работат со млади. Преку ваквиот пристап треба да се зајакне улогата и вклучувањето на младите луѓе во процесите на одлучување на сите нивоа на власт.

Клубот за младински прашања и политики во Собранието треба да прерасне во формална комисија која ќе може поефикасно и поактивно да ги застапува младите и нивните политики во законодавниот дом – ова е заклучокот од оваа дебатата во организација на Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи и Клубот за младински прашања и политика при Собранието на која учествуваа повеќе младински организации и дел од младите пратеници од повеќе политички партии. На настанот беше презентиран Документот за идно дејствување на Клубот млади пратеници кој е изготвен од страна на ИДУЕП и Фондацијата „Фридрих Науман" со

цел предлог конкретни активности и мерки кои ќе водат кон подигнување на младинскиот стандард во земјата

Финалниот Документ со конкретни препораки и предлози за идното дејствување на Клубот за младински политики при Собранието 2023/2024 година кој е изготвен од страна на Институтот за добро управување и евро-атлантски перспективи (ИДУЕП) и Фондацијата „Фридрих Науман" е со цел предлог конкретни активности и мерки кои ќе водат кон подигнување на младинскиот стандард во земјата.

Овој документ е дел од 6 месечен консултативен процес во кој беа вклучени различни граѓански организации кои застапуваат и работат со млади, а започна со организирање на јавниот настан на тема „Како до подобар младински стандард во 2023 година?" кој во текот на месец декември 2022 година се организираше во директна соработка со Клубот за младински политики при Собранието.

Публикацијата беше издадена на македонски и албански јазик во текот на месец мај 2023 година и е достапна на следниов линк:
https://iduep.org.mk/2023/07/26/policy-brief-kako-do-podobar-mladinski-standard-preporaki-i-predlozi-za-dejstvuvane-na-sobraniskiot-klub-za-mladinski-prashana-i-politiki/

3. **Дигитална трансформација на универзитетите носи предност за секого – Остварени консултативни средби на дел од државните универзитети**

Во рамки на иницијативата за организирање на „Диги образовен хакатон" од страна на Фондацијата „Фридрих Науман" и ИДУЕП, а на кој студенти претставници на различни универзитетски студентски собранија изнаоѓаа конкретни решенија за спроведување на брза и одржлива дигитализација во високото образование претходеа три консултативни средби со претставнички и претставници на дел од универзитетските студентски собранија и дел од ректорските управи на државните универзитети.

Тема на сите три средби беа тековни иницијативи и соработки во дел на дигитализација во високото образование, тековни можности за заеднички активности помеѓу сите страни, а во интерес на подобрување на положбата на младите и студентите во целата земја. Исто така, претставниците на ИДУЕП и координаторката на Клубот за младински политики ги поканија студентските собранија и претставниците на ректорските управи да номинираат учеснички и учесници на „Диги образовниот хакатон", како и на јавна дебата во Собранието насловена „Неопходни законски измени за брза и ефикасна дигитализација во високото образование".

Координаторката на Клубот, пратеничката Моника Зајкова, заедно со претставници на ИДУЕП оствари вакви консултативни средби во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

4. **Digi Edu Hackathon и јавна расправа на тема дигитализација во високото образование во Собранието**

„Диги образованиот хакатон" беше организиран од страна на Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП) и германската фондација за слобода „Фридрих Науман", а во соработка со Клубот за младински прашања и младински политики при

Собранието. Целта на Хакатонот беше заедничка работа и дружење помеѓу претставниците и претставничките на универзитетските студентски собранија кои во текот на два дена работеа на конкретни идеи за примена на дигитална трансформација на универзитетите. Тие, своите идеи, заедно со пратеници, професори и претставниците на граѓанските организации ги обликуваа во форма на финални заклучоци и предлози за законски измени кои беа презентирани и дадени на разгледување и усвојување од страна на пратениците на јавна дебата во Собранието насловена „Неопходни законски измени за брза и ефикасна дигитализација во високото образование", одржана на 20 декември 2023 година во 12 часот. Собраниската јавна расправа ја организираше Клубот за млади пратеници во соработка со „#DigiU" платформата за дигитализација во високото образование.

Јавната дебата „Неопходни законски измени за брза и ефикасна дигитализација во високото образование" се одржи на 20 декември 2023 година со почеток во 12 часот во Уставната Сала во Собранието. Овој настан го организираше Клубот за младински прашања и политики при Собранието во соработка со платформата за дигитализација на државните универзитети #DigiU каде ИДУЕП е една од трите организации кои ја иницираа оваа платформа.

Настанот имаше за цел адресирање на конкретни законски измени кои ќе понудат решенија за актуелните предизвици и проблеми поврзани со нецелосната имплементација на дигитализацијата во високото образование, како и поврзување на едно место на претставнички и претставници на министерствата за образование и информатичко општество, ректорските управи, студентските собранија и носителите на легислативната власт.

На овој настан присуствуваа координаторката на Клубот, пратеничката Моника Зајкова, пратеничките Марија Петрушевска и Фиснике Бектеши Шаќири, министерот за информатичко општество и администрација, Азир Алиу, како и повеќе од 30 други релевантни претставници на наведените општествени чинители.

5. **Презентација на успешни македонски примери во спроведување на младински политики и конкретни иницијативи и соработки кои младински организации и млади ги спроведуваат со институции од земјава**

На 20 и 21 декември 2023 година, во организација на Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП) и Фондацијата за слобода „Фридрих Науман" – регионална канцеларија за Источна и Југоисточна Европа (ИЈИЕ) се одржа тематска работна посета на Националниот младински форум на Бугарија во сферите на презентација на успешни македонски примери во спроведување на младински политики и конкретни иницијативи и соработки кои младински организации и млади ги спроведуваат со институции од земјава. При посетата, делегацијата на НМФ во која беа и претседателот и генералниот секретар на Форумот оствари работна средба со пратеничката и координаторка на Клубот за младински прашања и политики при Собранието, Моника Зајкова која претстави како функционира ова натпартиско тело составено од млади пратеници и пратенички од различни политички партии и кои дејствуваат обединети на прашања поврзани и во интерес на младите и младинските организации.

Беше изразен заемен интерес за скорешна посета на координаторката на Клубот, пратеничката Зајкова на Софија каде би се разговарало за поддршка при имплементација на

ваквиот модел за вклучување на младите и младинските организации од страна на тамошната законодавна власт.

## ОРГАНИЗИРАНА ДИСКУСИЈА ЗА ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И НЕЈЗИНО СВЕЧЕНО ПОТПИШУВАЊЕ

Клубот за младински прашања и политики во соработка со Регионалната канцеларија за младинска соработка-Локална подружница Скопје, и канцелариите во Скопје на Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС) и Фондацијата Конрад-Аденауер (КАС) на 20 септември 2023 година (среда) од 13 часот во салата Борис Трајковски организираше дискусија за Декларацијата за млади и нејзино свечено потпишување од страна на претседателите на младинските крила на политичките партии кои беа вклучени во овој процес.

Како резултат на напорите на Регионалната канцеларија за младинска соработка-Локална подружница Скопје, и канцелариите во Скопје на Фондацијата Фридрих Еберт (ФЕС) и Фондацијата Конрад-Аденауер (КАС), иницијативата предложена од претставниците на младинските крила на политичките партии беше да се развие Декларација за млади со цел да се поттикне активна соработка меѓу младите и да се фокусираат на заеднички напори за унапредување на положбата на младите во нашата земја и пошироко. Декларацијата за млади ја развија заеднички младинските крила на политичките партии поддршка на организацијата.

## КОНСУЛТАТИВЕН НАСТАН ЗА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023-2027

На 22 март 2023 година (среда), од 11 часот во Уставната сала, Клубот за младински прашања и политики во соработка со Владата на Република Северна Македонија, односно, Соработникот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија за млади и младински политики одржа консултативен настан за Националната стратегија за млади 2023-2027.

На настанот беа поканети да присуствуваат подмладоците на политичките партии, претставници на Агенцијата за млади и спорт, ОБСЕ, пратениците од Клубот за младински прашања и политики и Соработникот на Претседателот на Владата на РСМ за млади и младински политики, г. Ѓорѓи Тасев.

Настанот се организира со цел организирање на широки консултации со што поголем број на млади луѓе кои ќе бидат вклучени во овој процес, каде што ќе се остави простор и можности на подмладоците на политичките партии да ги искажат своите коментари и забелешки во однос на текот на Стратегијата и истите да бидат земени во предвид.

## ПОСЕТА НА МЛАДИ ПРАТЕНИЦИ ОД ПАРЛАМЕНТОТ ОД БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Клубот на младински прашања и политики во соработка со НДИ на 20 март 2023 година (понеделник), од 12 и 30 часот во Уставната сала организираше настан по повод посетата на млади пратеници од Парламентот од Босна и Херцеговина.

На посетата присуствуваа Lana Prlić (Лана Прлиќ), Suzana Krišto (Сузана Кришто), Ismet Lulić (Исмет Лулиќ), Jasmin Music (Јасмин Мушиќ), Vekas Gušo: (Векас Гушо) и Филип Кондовски како

претставници на НДИ, Координаторката на Клубот за младински прашања и политики, Моника Зајкова и други пратеници членови на Клубот.

Посетата беше организирана со цел делегацијата да се запознае со работата на Клубот за младински прашања и политики, учеството во креирање на релевантна легислатива за младински политики, регионална соработка и други теми од заеднички интерес.

## КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ

На 16 февруари 2023 година (четврток), од 11 часот во Сала бр. 5, Клубот за младински прашања и политики одржа координативен состанок со претставници на Американската амбасада во Скопје.

Состанокот беше организиран на иницијатива на Американската амбасада во Скопје со цел запознавање со активностите на Клубот за младински прашања и политики и презентација на досегашните активности на Клубот.

## ОРГАНИЗИРАНА СТУДИСКА ПОСЕТА КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ "ИНКУБАТОР ЗА ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИТЕ" НА НАЦИОНАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 29 март 2023 година (среда) со почеток од 10 часот во Уставната сала, Клубот за младински прашања и политики одржа настан по повод студиската посета во Скопје, Република Северна Македонија во перодот од 28 до 30 март, 2023 година, организирана од Националниот младински совет на Македонија во рамки на проектот "Инкубатор за јакнење на младите".

Во рамките на проектот досега успешно се реализираа четири студиски посети во партнерските земји: Србија, Словачка, Естонија и Латвија, кои претставуваат платформа за размена на добри практики помеѓу националните младински совети од земјите, како и поддршка на развојот и застапувањето на младинските политики.

Главната цел на проектот "Инкубатор за јакнење на младите" е да се зголеми младинското учество и нивната застапеност на национално и на европско ниво, и истиот е поддржан од Европската Унија.

Клубот за младински прашања и политки, како тело кое активно ги застапува интересите на младите од нашата земја, е пример за позитивна практика на вклучување на младите и формите на младинско организирање при креирањето и застапувањето на младинските политики, што беше главната причина за организирање на овој настан.

Членовите на Клубот за младински прашања и политики имаа можност да го споделат своето досегашно искуство и да ги запознаат учесниците на студиската посета со работата на ова тело.

## 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

### 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Вовед**

Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (понатаму ИППГ) е неформална група во Собранието на Република Северна Македонија, составена од пратеници од сите претставени политички партии. Нејзината главна улога е да ги активира потребите на лицата со посебни способности во законодавниот дом, пред претставници на извршната власт, како и да го издигне прашањето на хендикепот во законодавните решенија.

ИППГ е воспоставена на 19 мај 2003 година на иницијатива на Полио Плус – движење против хендикеп. Од тогаш Полио Плус ја има улогата на Технички Комитет на групата и е суштинскиот линк помеѓу останатите организации на лица со посебни способности во Република Северна Македонија и ИППГ. Со својата работа, ИППГ стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со посебни способности.

Визијата за формирање и постоење на ваква група беше таа да претставува спрега помеѓу организациите на лица со посебни способности и власта; да биде гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на лицата со посебни способности пред народните избраници; како и да помогне тие потреби да се преточат во конкретни законски решенија кои ќе гарантираат остварување на права и ќе креираат еднакви можности.

Мотивите за вклучување на пратениците во ИППГ се различни, но се водени од желбата и согледаната потреба за унапредување на состојбата на лицата со посебни способности. Без оглед дали се работи за филантропија, лична засегнатост или обид за самопромоција, основниот постулат на кој почива оваа група е тие да не бидат нечесни и да не ја претворат групата во инструмент за надмудрување и меѓупартиска борба во која прашањето на хендикеп би било искористено и злоупотребено.

**Визија и мисија**

**Визија**

Визијата за формирање на оваа група: Општество во кое сите лица со посебни способности ќе учествуваат целосно како еднакви граѓани.

**Мисија**

Остварување и уживање на човековите права на лицата со посебни способности, создавајќи еднакви можности за сите и овозможувајќи инклузија на овие лица во сите општествени текови. Вклучување на прашањето на хендикеп во сите законодавни процеси ќе го поддржи процесот на еволуција на целокупното општество и ќе биде двигател кон неопходни промени.

## Структура и работа на ИППГ

### Пратеници

Јадрото на ИППГ го сочинуваат членовите-пратеници во Собранието. Членовите на ИППГ се претставници на сите политички партии кои се претставени во Собранието, но заедно придонесуваат кон остварување на визијата и мисијата на групата. ИППГ не поседува строга и ригидна формална структура, ниту таква работна агенда. Тоа е така бидејќи истата мора да е флексибилна и способна за брзи реакции.

Сепак, ИППГ има минимална организациска структура – претседавач со ИППГ, негов/нејзин заменик/ци, координатор и Технички Комитет. Бројот на останатите членови не е фиксен и варира во зависност од составот на Собранието во секој мандат – пратениците доброволно и самостојно одлучуваат да се придружат на ИППГ согласно со личните убедувања и интереси.

### Технички комитет

Сочинет од мала, професионална и ефективна група индивидуи, Техничкиот Комитет има главна задача да овозможи практична поддршка на јадрото на ИППГ, примарно во легислативните аспекти од работата на ИППГ, како и во промоција и подигнување на свеста за човековите права на лицата со спосебни способности. Техничкиот Комитет е сместен во Полио Плус – движење против хендикеп. Комитетот е во постојана комуникација со Координаторот на ИППГ во Собранието на Република Северна Македонија со кого заеднички ги имплементираат активностите на групата како целина.

Исто така, Комитетот ја фацилитира работата на пратениците овозможувајќи работни материјали; спроведувајќи анализи и истражувања; изготвувајќи законодавни иницијативи; овозможувајќи различни настани за градење на капацитетите на членовите на групата; како и останата техничка поддршка.

### Советодавен комитет

Советодавниот Комитет претставува функционален форум кој ги координира и канализира напорите на членовите на Надворешната група. Во суштина, овој Комитет е алката која ја поврзува Надворешната група, од една страна, со Техничкиот Комитет и јадрото на ИППГ, од друга страна. Комитетот е составен од претставници од секој сегмент на Надворешната група.

Граѓанското општество ги номинира своите најважни чинители за членови на овој Комитет. Организациите на лица со посебни способности, пак, водени од мотото „Ништо за нас без нас!" даваат најголем придонес, посебно имајќи предвид дека лицата со посебни способности се тие кои директно ги чувствуваат последиците од нарушувањето и негирањето на нивните права.

### Надворешна група

Надворешната група е составена од претставници на сите чинители во општеството, вклучувајќи: централна и локална власт, бизнис заедница, граѓанското општество, медиуми, како и меѓународната заедница. Оваа Група овозможува поддршка и експертиза за прашања поврзани со хендикепот и човековите права во сите општествени сфери.

Преглед на активности на ИППГ

1. Редовни месечни состаноци;
2. Семинари – обуки за членовите на ИППГ, како и обуки имплементирани од членови на ИППГ;
3. Подигнување на свест – работа на терен, кампањи, јавни појавувања и прес конференции;
4. Студиски посети – трансфер на знаења и добри практики;
5. Работни групи и јавни дебати – унапредување на правата на лицата со посебни способности;
6. Истражување – студии, анализи, мапирања, анкети и друго и
7. Документација – архивирање и креирање на дата бази.

Оправданост

Феноменот на хендикеп во Република Северна Македонија сеуште се доживува еднодимензионално и во рамките на медицинскиот и/или религиозниот пристап кон истиот. Токму ова е и најголемиот предизвик: менување на парадигмата од овие два пристапи кон социјалниот пристап и човековите права на лицата со хендикеп, прокламирани со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН.

Република Северна Македонија е земја во која силно се чувствуваат последиците кои ги оставија (и сеуште оставаат) медицинскиот и религиозниот пристап кон хендикепот. Овие последици се видливи во сите полиња и сфери на живеење – сеуште постои законска и институционална сегрегација на децата со хендикеп во „специјални училишта", како и на лицата со хендикеп вработени во „заштитни компании". Образованието и вработувањето се клучните области за лична реализација и придонес кон општеството и токму овие две сфери треба да се тие кои ќе овозможат еднакви можности за сите лица, без разлика на тоа дали лицето има хендикеп или не. Во рамки на социјалната заштита, на лицата со хендикеп им се овозможени само финансиски бенефиции, без ниту еден сервис за поддршка на нивното независно живеење. Дури постојат и институции во кои се сместуваат лица со хендикеп, сегрегирани од општеството во целина и целосно невидливи – дури и пристапот до овие институции е екстремно ограничен или забранет за јавноста. Пристапноста на архитектонската околината е на неверојатно ниско ниво – дури и новоизградените објекти многу често се непристапни и недостапни за лицата со хендикеп. Пристапот до добра и услуги е уште поограничен, оневозможувајќи ги лицата со хендикеп под еднакви услови да ги користат и уживаат. Дискриминацијата врз основа на хендикеп е третиот најзастапен вид на дискриминација во Република Северна Македонија, веднаш зад политичката и етничката дискриминација. Уште повеќе, во случаи на повеќекратна дискриминација, хендикепот е водечка основа за дискриминација. Целокупната поставеност на системот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување е во многу наврати дискриминаторски поставен, наметнувајќи непотребни барања и услови за лицата со хендикеп да остварат одредени права – услови кои на лицата без хендикеп не им се поставуваат.

Од друга страна, после предвремените парламентарни избори во 2014 година, за првпат се ангажираше и лице од Собранието на Република Северна Македонија како точка за поврзување меѓу јадрото и Техничкиот Комитет на ИППГ. Ефектот од овој пристап е многу видлив, придонесувајќи кон повеќекратно зголемување на активностите и успесите на ИППГ. Сепак, потенцијалот кој постои во ваквиот пристап е уште поголем – негово потполно искористување значително ќе придонесе кон подигнување на прашањето на хендикеп во

целокупното законодавство, како и во подобрена координација кон подигнување на јавната свест. Имено, пратениците-членови на ИППГ по сопствена волја и убедување пристапуваат кон оваа пратеничка група која се бори за промоција и унапредување на правата на лицата со хендикеп.

СОСТАВ НА ИППГ во периодот 2020-2024

Претседателство
г. Јован Митрески – претседавач со ИППГ
г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику – потпретседавач со ИППГ
г-ѓа Ели Панова – потпретседавач со ИППГ
г. Никола Мицевски – потпретседавач со ИППГ
г. Халил Снопче – потпретседавач со ИППГ

Членови
45 пратеници од Пратенички состав 2020-2024 година

Технички комитет на ИППГ
Полио Плус – движење против хендикеп
Марија Вељовска-Кондовска – Собрание на Република Северна Македонија

Широка лоби група
Претседател на Комисија за образование
Претседател на Комисија за труд и социјална политика
Претседател на Комисија за здравство
Претседател на Комисија за еднакви можности на жените и мажите
Претседател на Комисија за транспорт врски и екологија
Претседател на Комисија за финансирање и буџет
Потпретседатели на Собранието на Република Северна Македонија
Координатори на пратеничка група
Организации кои работат за правата на лицата со попреченост
Претставници на медиуми
Претставници од Завод за социјални дејности
Претставници од Делегацијата на Европската Унија
Претставници од НДИ

Активности на ИППГ во текот на 2023-та

- На 28 март 2023 година во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) се реализираше тркалезната маса на тема „Учеството на лицата со попреченост во изборните процеси", која се одржа во Хотел DoubleTree by Hilton, Скопје. На тркалезната маса земаа учество претставници на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со посебни способности.

- На 20 јули 2023 година во организација на Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците"  во соработка со Народниот правобранител, а со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) беше релаизирана презентација на клучните наоди од направената анализа за пристапноста до високо образование за лицата со попреченост. Имено, иницијативата за оваа студија произлегува од обврската на државите потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост да обезбедат лицата со попреченост да имаат пристап до високото образование, без дискриминација и на еднаква основа со другите, заради што е потребно да овозможат разумно прилагодување за лицата со попреченост. Во суштина, Анализата ја утврдува физичката пристапност на државните факултети, достапната литература, асистивна технологија и друг вид поддршка за студентите со попреченост. Имајќи ја предвид клучната улога на ИППГ во унапредување на правата на лицата со попреченост, на овој настан воведно обраќања имаше пратеничката Жаклина Лазаревска, членка на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности и претседателка на собраниската Комисија за образование, наука и спорт. На настанот свои обраќања имаа и заменичката на народниот правобранител, Васка Бајрамовска – Мустафа; претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Исмаил Камбери и директорката на ВФД во Република Северна Македонија, Дона Костуранова.

- На 7 декември 2023 година, Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со посебни способности во соработка со Парламентарниот институт и НВО ИНКЛУЗИВА, организираа Тркалезна маса на тема: „Политичко учество на лица со попреченост". На настанот учествуваа лица со попреченост, пратеници членови на неформалната интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со посебни способности и претставници на цивилното општество (ИНКЛУЗИВА, НДИ). На тркалезната маса свои обраќања имаа потпретседателот на оваа ИППГ, Халил Снопче, потоа Благица Димитровска, претседателка на НВО ИНКЛУЗИВА и Александра Крстевска од НДИ.

- На 21 декември 2023 година Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА, организираше завршна конференција со панел дискусија на тема Еднакво учество на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот. На настанот се презентираа резултатите од проектот „Политичко учество на лицата со попреченост", кој го реализира здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА преку грант од  Национален Демократски Институт за Меѓународни односи-Вашингтон (National Democratic Institute for International AffairsWashington), со  поддршка од Стејт департмент (State Department). На настанот учествуваа членови на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со посебни способности.

## 4.4.2.2 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ

Иницијативата за формирање на неформална Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, произлезе од група пратеници од различни политички партии застапени во Собранието на Република Северна Македонија. Формирањето на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија е израз за безрезервна поддршка за иницирање на активности во Собранието на Република Северна Македонија кој ќе придонесат за забрзување на процесите на инклузија и интеграција во Република Северна Македонија за заштитата и унапредувањето на правата на Ромите во земјава.

Низ работни седници и други активности членовите на оваа група ќе застапуваат носење на препораки, декларации и законски решенија кои ќе влијаат за интеграцијата на Ромската заедница.

Интерпартиска парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија на **11 февруари 2021 година**, одржа конститутивна седница. За координаторка едногласно беше избрана пратеничката Љатифе Шиковска, а за заменици координатори пратениците Љупчо Балковски и Игор Здравковски.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ЉАТИФЕ ШИКОСКА,<br>координатоор | |
| | ИГОР ЗДРАВКОВСКИ<br>ЉУПЧО БАЛКОВСКИ,<br>заменици на координатор | |
| ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Арбана Пашоли | |
| 2. | Санела Шкријељ | |
| 3. | Дафина Стојаноска | |
| 4. | Мерита Колџу Коџаџику | |
| 5. | Јадранка Поцкова | |
| 6. | Велика Стојкова Серафимова | |
| 7. | Бедри Фазли | |
| 8. | Ангелинка Петкова | |
| 9. | Даниела Николова | |
| 10. | Лидија Тасевска | |

**Активности:**

**13 февруари 2023 година**, Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, во Собранието на Република Северна Македонија, одржа работна средба за извештајот на активости на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија и предлог акцискиот план за 2023 година.

**6 април 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, го одбележа **Меѓународниот ден на Ромите.**

**10 мај 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија и Комитетот за односи меѓу заедниците, оствари работна средба со Коалицијата на граѓански организации-Форум на помалкубројни заедници во Република Северна Македонија.

**11 јули 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, оствари работна средба во врска со редовните активности за 2023 година.

**15 септември 2023 година,** одржа средба со Делегација на проектот Генерациски и културолошки разлики меѓу Македонските и Финските Роми поддржани од Еразмус програмата.

**22 септември 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата во Собранието на Република Северна Македонија заедно со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија.

**24 октомври 2023 година,** дел од членови на ИППГ учествуваа на Годишната конференција на ОН за 2023 посветена на човековите права, одбележувајќи ја 75 годишнината од Универзалната декларација за човекови права, под мотото **„Слобода, еднаквост и правда за сите".**

**25 октомври 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, оствари редовна работна средба со Невладини организации.

**1 и 2 ноември 2023 година,** на покана на Владата на Република Косово, координаторката на ИППГ групата, Љатифе Шиковска учествуваше на Самитот на Западен Балкан, против расна дискриминација. Таа беше дел од панел дискусијата на тема: Буџетирање одговорно за Ромите, добри практики и предизвици на двете нивоа на власта.

**9 ноември 2023 година**, Работна средба на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија со невладини организации на жени Ромки од Битола.

**17 ноември 2023 година**, Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, заедно со Националниот Демократски Институт (НДИ) оствари работна средба со Посебната организациона единица - Парламентарен институт и Парламентарна буџетска канцеларија (ПБК), одржа презентација на Годишниот извештај за темелните права на Агенцијата за темелни права на Европската Унија.

## 4.4.2.3 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛИЦАТА

Во “Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата” во Собранието на Република Северна Македонија членуваат пратеници од постоечкиот собраниски состав од различни политички партии.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | МАЈА МОРАЧАНИН, координатоор | |
| ЧЛЕНОВИ | | |
| 1. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 2. | Драгица Ѓавочанова | |
| 3. | Љупчо Пренџов | |
| 4. | Гордана Силјановска Давкова | |
| 5. | Љатифе Шикоска | |
| 6. | Марија Костадинова | |
| 7. | Санела Шкријељ | |
| 8. | Моника Зајкова | |
| 9. | Велика Стојкова Серафимова | |
| 10. | Рашела Мизрахи | |
| 11. | Марија Петрушевска | |
| 12. | Даниела Николова | |
| 13. | Арта Биљали Зендели | |
| 14. | Мерита Колџу Коџаџику | |

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата оствари повеќе средби, учествуваше на дебати и дискусии, организираше тркалезна маса, соработуваше со граѓанските организации, воспостави меѓународна соработка и одржуваше состаноци и се бореше против говорот на омраза во медиумите.

**14 февруари 2023 година**, Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, во Уставна сала во Собранието на Република Северна Македонија, одржа средба со Делегацијата на Советот на Европа, односно Одделот за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права и Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права. На средбата се дискутираше за потребата од измена на Законот за матична евиденција, со цел овозможување правно признавање на родот, како обврска од пресудата на Европскиот суд за човекови права за случајот "Х против Република Северна Македонија".

**6 март 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, одржа средба со невладиниот сектор на која се усвои Планот на активности на ЛГБТИ групата за 2023 година.

**31 март 2023 година** ИППГ за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата објави соопштение на веб страницата на Собранието, по повод одбележувањето на 31 март - Меѓународниот ден за видливост на трансродовите лица, искажувајќи поддршка на трансродовите луѓе, за заштита и унапредување на нивните права.

**17 мај 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, организираше настан во Уставна сала на Собранието на Република Северна Македонија, по повод одбележување на Меѓународниот ден за борба против хомофобија и трансфобија. На настанот свои обраќања имаа координаторката на групата, Маја Морачанин, амбасадорката на САД, Анџела П. Агелер, евроамбасадорот Дејвид Гир, претставници од граѓанските организации и

пратенички членови на ИППГ за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата.

**13 јуни 2023 година,** седум пратенички членови на ИППГ за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, поднесоа Предлог закон за дополнување на Законот за матична евиденција, со цел овозможување на правно признавање на родот на трансродовите лица. На 7 јули 2023 година, Комесарката за човекови права на Советот на Европа, Дуња Мијатовиќ, упати писмо до Собранието на Република Северна Македонија во кое силно ги охрабрува напорите да се усвои предлог законот.

**24 јуни 2023 година,** ИППГ за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата објави соопштение на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија истакнувајќи дека Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата се придружува на Парадата на гордоста, која оваа година се одржува на 24 јуни, во Скопје, под мотото „Гласни и горди".

**16 септември 2023 година,** координаторката на ИППГ за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, Маја Морачанин имаше свое обраќање во парламентот на Малта, во рамки на Глобалниот парламентарен форум, на тема Унапредување на ЛГБТИ еднаквоста преку лидерство и претставеност.

**22 септември 2023 година,** Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата во Собранието на Република Северна Македонија заедно со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во Република Северна Македонија, организираше јавна расправа во салата Борис Трајковски во Собранието на тема: Презентација и дискусија за Годишниот извештај за темелните права за 2022 година на Агенцијата за темелни права на Европската унија. На јавната расправа учествуваа претставници од граѓанските организации и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Северна Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Северна Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали,
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Северна Македонија и со Владата на Република Северна Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Северна Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**ЈАНУАРИ 2023**

**Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Прошталнa средба** со амбасадорката на Сојузна Република Германија, Н.Е. Анке Холштајн (12 јануари 2023 година);
- **Средба** со министерката за надворешни работи на Босна и Херцеговина, Бисера Турковиќ (20 јануари 2023 година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со регионалниот директор на Фондацијата за демократија на Вестминстер за Европа и Централна Азија, Кристијан Левик (16 јануари 2023 година)

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Положување** цвеќе пред споменикот на Скендербег (17 јануари 2023 година);
- **Состанок** на Совет за безбедност, Вила Водно (23 јануари 2023 година);
- **Брифинг со новинари** (24 јануари 2023 година);
- **Учество** на доделување CCIT Awards во Тирана ( 25 јануари 2023 година);
- **Свечена изјава** на Душица Димитриеска, член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (30 јануари 2023 година);
- **Работен состанок** на Управувачкиот совет на ПСП (30 јануари 2023 година);
- **Средба** со градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска (31 јануари 2023 година).

**СЕДНИЦИ**

1. Вторник, 15 јануари 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 99
2. Понеделник, 23 јануари 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 102
3. Вторник, 24 јануари 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 100
4. Среда, 25 јануари 2023 година, 12:00ч- Седница бр. 100
5. Четврток, 26 јануари 2023 година, 11:00ч- Седница бр. 103

**КООРДИНАЦИИ**

1. Понеделник, 9 јануари 2023 година, 10:00 - Координација бр. 102
2. Понеделник, 16 јануари 2023 година, 10:00 - Координација бр. 103
3. Понеделник, 23 јануари 2023 година, 10:00 - Координација бр. 104

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

1. Понеделник, 9 јануари 2023 година, 11:00 - Работен состанок бр. 13

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 2 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 7 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 5 |

### ФЕВРУАРИ 2023

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Проштална средба** со словенечкиот амбасадор во Република Северна Македонија, Н.Е. Милан Предан (2 февруари 2023 година);
- **Средба** со претседателката на Унгарија, Н.Е Каталин Новак (6 февруари 2023 година);
- **Средба** со Јан Липавски, министер за надворешни работи на Чешката Република (7 февруари 2023 година);
- **Средба** со претседателката на Државниот збор на Република Словенија, Уршка Клакочар Зупанчич, Љубљана ( 16 февруари 2023 година);
- **Средба** со претседателот на Владата на Република Словенија, Роберт Голоб, Љубљана ( 16 февруари 2023 година);
- **Протоколарна** средба со новоименуваниот амбасадор на Јапонија во нашата земја, Н.Е. Оцука Казуја (28 февруари 2023 година).

### Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работна средба** со амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Н. Е Дејвид Гир (1 февруари 2023 година)

### Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Работен** ручек со НДИ (8 февруари 2023 година);
- **Средба** со претставници на ЗНМ (21 февруари 2023 година);
- **Брифинг** со новинари (22 февруари 2023 година);
- **Средба** со ученици од основно училиште од Гостивар (23 февруари 2023 година);
- **Средба** со Пепо Леви, претставник на еврејска заедница (23 февруари 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на Конференцијата Украина - година на хероизмот (24 февруари 2023 година);
- **Средба** со НДИ (27 февруари 2023 година);
- **Средба** со избраниот ИПС стипендист во германскиот Бундестаг, Виктор Антовски (27 февруари 2023 година);
- **Средба** со почесниот конзул на Република Северна Македонија од Брисел, Рејес Леменс ( 28 февруари 2023 година)

## СЕДНИЦИ

6. Понеделник, 13 февруари 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 103
7. Понеделник, 13 февруари 2023 година, 13:00ч - Седница бр. 99
8. Понеделник, 13 февруари 2023 година, 13:30ч - Седница бр. 84
9. Понеделник , 13 февруари 2023 година, 15:00ч - Седница бр. 104
10. Вторник, 14 февруари 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 104
11. Среда, 15 февруари 2023 година, 12.00ч- Седница бр. 104
12. Четврток, 16 февруари 2023 година, 11.00ч - Седница бр. 104
13. Понеделник, 20 февруари 2023 година, 12.00ч - Седница бр. 104
14. Вторник, 21 февруари 2023 година, 11.00ч- Седница бр.103
15. Среда, 22 февруари 2023 година, 12.00ч- Седница бр.104
16. Четврток, 23 февруари 2023 година, 11.00ч – Седница бр.105
17. Четврток, 23 февруари 2023 година, 11.00ч- Седница бр.105
18. Петок, 25 февруари 2023 година, 12:00ч- Седница бр.104
19. Понеделник, 27 февруари 2023 година, 12.00ч- Седница бр. 104
20. Вторник, 28 февруари 2023 година, 14.00ч- Седница бр.104

## КООРДИНАЦИИ

2. Понеделник, 6 февруари 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 105
3. Понеделник, 13 февруари 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 106
4. Понеделник, 20 февруари 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 107
5. Понеделник, 27 февруари 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 108

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

1. Понеделник, 20 февруари 2023 година, 11:00ч - Работен состанок бр. 14

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 6 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 10 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 15 |

## МАРТ 2023

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Проштална средба** амбасадорот на Република Полска во Република Северна Македонија, Н.Е. Војциех Тицињски (9 март 2023 година);
- **Средба** со Делегацијата од Кнесетот на Државата Израел, предводена од Хамад Амар, претседател на Парламентарната група за пријателство (9 март 2023 година);
- **Работна средба** со амбасадорката на Хрватска, Н.Е Нивес Тигањ (13 март 2023 година).;

- **Средба** со специјалниот претставник за Западен Балкан од Министерството за надворешни работи на Романија, Адриан Давидоиу (22 март 2023 година);
- **Средба** со Олта Цачка, министерка за европски и надворешни работи на Република Албанија (27 март 2023 година);
- **Средба** со претседателот на Република Австрија, д-р Александар ван дер Белен (29 март 2023 година);
- **Средба** со Фатмир Ѓека, министер на Црна Гора за човекови и малцински права (30 март 2023 година)

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со специјалниот претставник на ЕУ задолжен за дијалогот Белград-Приштина, Мирослав Лајчак (17 март 2023 година);
- **Средба** со Жозеп Борел, висок претставник на Европската унија за надворешна и безбедносна политика и потпретседател на Европската комисија (17 март 2023 година).

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со претставниците на синдикатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, (3 март 2023 година);
- **Одбележување** на годишнината од основањето на Ослободителната војска на Косово, Преказ (6 март 2023 година);
- **Одбележување** на 20-годишнината од основањето на Клубот на жени пратенички (8 март 2023 година);
- **Учество** на настан организиран од ДУИ (20 март 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на работилницата „Млад франкофонски парламент“ на едукативната активност „Имам став!“ (21март 2023 година);
- **Учество** на настан организиран од Општина Кичево (24 март 2023 година);
- **Брифинг** со новинари (27 март 2023 година);
- **Ифтар-**вечера во организација на МАТТО (29 март 2023 година);
- **Ифтар-**вечера во организација на Стопанската комора на Северозападна Македонија (30 март 2023 година).

**СЕДНИЦИ**

21. Четврток, 2 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 104
22. Понеделник, 6 март 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 97
23. Понеделник,, 6 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 91
24. Понеделник, 6 март 2023 година, 15:30ч - Седница бр. 95
25. Среда, 8 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 107
26. Четврток, 9 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 91
27. Понеделник, 13 март 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 57
28. Понеделник, 13 март 2023 година, 14:30ч - Седница бр. 71
29. Вторник, 14 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 79
30. Среда, 15 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 71
31. Среда, 15 март 2023 година, 15:30ч - Седница бр. 100

32. Среда, 15 март 2023 година, 15:40ч - Седница бр. 103
33. Четврток, 16  март 2023 година, 16:20ч - Седница бр. 106
34. Понеделник,  20 март 2023 година, 16:30ч - Седница бр. 71
35. Понеделник, 20 март 2023 година, 16:40ч - Седница бр. 79
36. Понеделник, 20 март 2023 година, 16:50ч - Седница бр. 95
37. Понеделник, 20 март 2023 година, 17:00ч - Седница бр. 97
38. Понеделник, 20 март 2023 година, 17:10ч - Седница бр. 100
39. Понеделник, 20 март 2023 година, 17:20ч - Седница бр. 103
40. Среда, 22 март 2023 година, 12:30ч - Седница бр106
41. Понеделник 27 март 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 50
42. Понеделник, 27 март 2023 година, 13:00ч - Седница бр. 79
43. Понеделник, 27 март 2023 година,13.30ч- Седница бр.86
44. Понеделник, 27 март 2023 година, 14.00ч- Седница бр.71
45. Вторник, 28 март 2023 година, 11.00ч- Седница бр.108
46. Четврток, 30 март 2023 година 12.00ч- Седница бр.71

**КООРДИНАЦИИ**

2. Понеделник, 6 март 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 109
3. Понеделник, 13 март 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 110
4. Понеделник, 20 март 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 111
5. Понеделник, 27 март 2023 година, 10:00ч- Координација бр. 112

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

1. Понеделник, 6 март 2023 година, 12:00ч - Работен состанок. 15
2. Понеделник, 20 март 2023 година, 11:00ч - Работен состанок. 16

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 7 |
| Мултилатерални активности | 2 |
| Други активности | 9 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 2 |
| Седници | 26 |

## АПРИЛ 2023

### Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери

- **Средба** со претседателот на Владата на Република Хрватска, Андреј Пленковиќ (5 април 2023 година);
- **Средба** со новоименуваната амбасадорка на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, Н.Е. Петра Дрекслер (11 април 2023 година);
- **Средба** со Шалва Папуашвили, претседател на Парламентот на Грузија, Прага (24 април 2023 година)
- **Средба** со Марко Лотрич, претседател на Националниот совет (Горниот дом) на Република Словенија, Прага (24 април 2023 година);

- **Средба** со претседателот на Врховната рада на Украина, Руслан Стефанчук, Прага (25 април 2023 година);
- **Средба** со претседателката на Република Косово, Вјоса Османи-Садриу (26 април 2023 година);
- **Средба** со Н.Е. Метју Лосон**,** амбасадор на Обединетото Кралство (26 април 2023 година);
- **Средба** со Постојаниот координатор на Обединетите нации во Северна Македонија, Росана Дуќак (27 април 2023 година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Учество** на Конференција на претседатели на парламенти на земјите членки на ЕУ, Прага (24 април 2023година)

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Присуство на поставување** на камен - темелник на проектот - Коридор 8 (4 април 2023 година);
- **Снимање видео** порака за ифтар за украинските војници (5 април 2023 година);
- **Присуство на ифтар** приреден од ИВЗ (5 април 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на одбележувањето на Меѓународниот ден на Ромите (6 април 2023 година);
- **Присуство** на ифтар приреден од Халк Банк (6 април 2023 година);
- **Присуство** на ифтар приреден од премиерот на Владата (11 април 2023 година);
- **Приредување** ифтар за пратениците (12 април 2023 година);
- **Обраќање** на Конференцијата на претседатели на парламенти на земјите членки на ЕУ, Прага (25 април 2023 година);
- **Брифинг** со новинари (27 април 2023 година);
- **Прием** по повод Денот на Кралот, Холандска резиденција (27 април 2023 година);
- **Учество** на презентација на НАТО нуклеарна политика (28 април 2023 година)

**СЕДНИЦИ**

47. Понеделник, 3 април 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 91
48. Понеделник, 3 април 2023 година, 12:30ч - Седница бр. 100
49. Понеделник, 3 април 2023 година, 13:20ч - Седница бр. 103
50. Понеделник, 3 април 2023 година, 14:00ч - Седница бр. 106
51. Среда, 5 април 2023 година, 13:00ч - Седница бр. 108
52. Понеделник, 10 април 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 112
53. Понеделник, 10 април 2023 година, 12:20ч - Седница бр. 50
54. Понеделник, 10 април 2023 година, 12:30ч - Седница бр. 71
55. Понеделник, 10 април 2023 година, 12:40ч - Седница бр. 79
56. Понеделник, 10 април 2023 година, 12:50ч - Седница бр. 86
57. Понеделник, 10 април 2023 година, 13:00ч - Седница бр. 100
58. Понеделник, 10 април 2023 година, 13:10ч - Седница бр. 103
59. Понеделник, 10 април 2023 година, 13:20ч - Седница бр. 106
60. Среда, 19 април 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 111
61. Среда, 26 април 2023 година, 13:30ч - Седница бр. 112

62. Среда, 26 април 2023 година, 16:00ч - Седница бр. 111
63. Четврток, 27 април 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 113

**КООРДИНАЦИИ**

6. Понеделник, 3 април 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 113
7. Понеделник, 10 април 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 114
8. Понеделник, 18 април 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 115
9. Понеделник, 26 април 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 116

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

1. Среда, 5 април 2023 година, 10.00ч - Работен состанок бр. 17

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 8 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 11 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 17 |

**МАЈ 2023**

**Надворешно - политички билатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со делегацијата на Пратеничката група за соработка со Собранието на Република Северна Македонија од Австрија (10 мај 2023 година);
- **Средба** со амбасадорката на Кралството Шведска, Н.Е. Ами Ларсон Џеин (11 мај 2023 година);
- **Средба** со претседателот на Домот на пратеници на италијанскиот парламент, Лоренцо Фонтана, Рим (23 мај 2023 година);
- **Чествување** на Светите Кирил и Методиј во Ватикан (23-25 мај 2023 година);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Државата Кувајт за Република Северна Македонија, Н.Е. Гази Хамад Ал - Фадли (30 мај 2023 година).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Учество** на претседателот Џафери на 61. Генерално собрание на ПАБСЕК, Анкара, Туркије (3 мај 2023 година);
- **Средба** со претседателот на Интерпол, Ахмед Насер Ал-Раиси (10 мај 2023 година);
- **Средба** со Рајнер Вилант, потпретседател на Европскиот парламент и член на Комитетот за уставни прашања на Европскиот парламент (16 мај 2023 година);
- **Средба** со европратениците Андреас Шидер, Марион Валсман, Александар Јорданов, Богдан Рзонца и Тијс Реутен (16 мај 2023 година);

- **Учество на** претседателот Џафери на 10. пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Будва (17-19 мај 2023 година).

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Обраќање** на претседателот Џафери на 61. Генерално собрание на ПАБСЕК (3 мај 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на централната прослава по повод одбележувањето на 7 Мај - Денот на полицијата (7 мај 2022 година);
- **Давање** свечена изјава на Ермон Незири, јавен обвинител (8 мај 2023 година);
- **Присуство** на гала вечер на Интерпол **-** (9 мај 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери во чест на одржувањето на 50. Европска регионална конференција на Интерпол (9 мај 2023 година);
- **Средба** со делегација на Советот на американски амбасадори (САА), предводена од Тимоти Чорба, претседател на САА (12 мај 2023 година);
- **Изјава** за Канал 5 (15 мај 2023 година);
- **Средба** со Робин Красниќи (15 мај 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на 10. пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Будва (17 мај 2023 година);
- **Учество** на Денот на високи гости – Криволак (29 мај 2023 година);
- **Брифинг** со новинари (30 мај 2022 година);
- **Состанок** на Управувачки совет на ПСП (30 мај 2023 година);
- **Прием** по повод Национален ден на Хрватска (30 мај 2023 година);
- **Средба** со Дарко Станчиќ **-** ДКАФ (31 мај 2023 година);
- **Работен ручек** со амбасадорот на ЕУ, Н.Е Дејвид Гир (30 мај 2022 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на Втората годишна конференција на Министерството за финансии (31 мај 2022 година).

**СЕДНИЦИ**

64. Среда, 10 мај 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 115
65. Понеделник, 15 мај 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 116
66. Среда, 17 мај 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 115
67. Четврток, 18 мај 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 115
68. Вторник, 23 мај 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 115
69. Четврток, 25 мај 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 115
70. Петок, 26 мај 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 117
71. Петок, 26 мај 2023 година, 15:00ч - Седница бр. 115
72. Среда, 31 мај 2023 година, 11:00ч - Седница бр. 100

**КООРДИНАЦИИ**

10. Вторник, 2 мај 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 118
11. Понеделник, 8 мај 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 119
12. Понеделник, 15 мај 2023 година, 10:00ч - Координација бр. 120
13. Понеделник, 22 мај 2023 година, 10:00ч-Координација бр.121

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

1. Вторник, 2 мај 2023 година, 11.00ч - Работен состанок бр. 18
2. Среда, 31 мај 2023 година, 11.00ч - Работен состанок бр. 19

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 5 |
| Мултилатерални активности | 4 |
| Други активности | 16 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 2 |
| Седници | 9 |

**ЈУНИ 2023**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Средба** со првата потпретседателка на Националното собрание на Француската Република, Валери Рабо, Вилнус (1 јуни 2023година);
- **Средба** со членовите на делегацијата на Комисијата за европски прашања на Република Албанија (5 јуни 2023година);
- **Средба** со членовите на делегацијата на Комисијата за европски прашања на Република Косово (5 јуни 2023 година);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Република Полска во Република Северна Македонија, Н.Е. Кшиштоф Гжелчик (7 јуни 2023 година);
- **Средба** со делегација на Групата за пријателство Косово - Северна Македонија (7 јуни 2023 година);
- **Средба** со претседателката на Република Словенија, Наташа Пирц Мусар (13 јуни 2023 година);
- **Средба** со претседателот на шведскиот парламент, Андреас Норлен, Шведска (19 јуни 2023 година);
- **Средба** со потпретседателот на Парламентот на Република Полска, Ришард Терлецки. (26 јуни 2023 година);
- **Средба** со претседателот на Националното Собрание на Република Бугарија, Росен Желјазков**,** Шпанија (30 јуни 2023 година)

**Надворешно - политички мултилатерални активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери**

- **Учество** на претседателот Џафери на Состанокот на високо ниво на претседатели на парламенти на земји членки на НАТО, Вилнус, Литванија (1-2 јуни 2023 година);
- **Учество** на претседателот Џафери на Интерпарламентарната конференција за демократијата во Европа, Стокхолм (18-19 јуни 2023 година);
- **Средба** со европратениците Андреас Шидер, Марион Валсман и Илхан Ќучук и работната група за учество во дијалогот Жан Моне (21 јуни 2023 година);

- **Учество** на Меѓународната конференција за одбележување на Меѓународниот ден на парламентаризмот, Леон, Шпанија (29 јуни 2023 година).

**Други активности на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**

- **Обраќање** на претседателот Џафери на Состанокот на високо ниво на претседатели на парламенти на земји членки на НАТО на тема: „Глобални предизвици, глобални партнери, глобален НАТО“ (1 јуни 2023 година);
- **Презентација** на годишна анкета за перцепцијата на граѓаните за работата на Собранието- НДИ (5 јуни 2023 година);
- **Одбележување** на 21- годишнина на ДУИ (5 јуни 2023 година);
- **Средба** со претставници на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и меѓународни новинарски организации (6 јуни 2023 година)
- **Прием** во резиденцијата на Амбасадата на Шведска (6 јуни 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на свечена седница на Комитетот за односи меѓу заедниците (7 јуни 2023 година);
- **Работен состанок** на Работната група за учество на Дијалогот "Жан Моне" (9 јуни 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на заедничкиот настан на Собранието со Обединетите нации (12 јуни 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на презентацијата на Националната развојна стратегија (НРС) 2024-2044 во Собранието (13 јуни 2023 година);
- **Прием** по повод роденденот на Кралот, Амбасада на Обединетото Кралство, (14 јуни 2023 година);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на Конференцијата за демократија во Европа, Стокхолм, Шведска (18 јуни 2023 година);
- **Средба** со заменик-омбудсманот, Јован Андоновски ( 21 јуни 2023 година)
- **Обраќање** на претседателот Џафери на Регионалната конференција: Унапредување на родовата еднаквост во парламентите (23 јуни 2023)
- **Брифинг** со новинари (27 јуни 2023 година);

**СЕДНИЦИ**

73. Вторник, 6 јуни 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 66
74. Вторник, 6 јуни 2023 година, 12:15ч - Седница бр. 91
75. Среда, 7 јуни 2023 година, 12:00ч - Седница бр. 115
76. Среда, 7 јуни 2023 година,12:40ч - Седница бр.41
77. Вторник, 13 јуни 2023 година, 13:00ч - Седница бр.118
78. Среда, 14 јуни2023 година, 11:00ч - Седница бр.117
79. Среда, 14 јуни2023 година, 11:00ч - Седница бр.41
80. Среда, 14 јуни2023 година, 13:00ч - Седница бр.66
81. Среда, 14 јуни2023 година, 13:10ч - Седница бр.91
82. Среда, 14 јуни2023 година, 13:20ч - Седница бр.95
83. Среда, 14 јуни2023 година, 13:30ч - Седница бр.99
84. Среда, 14 јуни2023 година, 13:40ч - Седница бр.100
85. Среда, 14 јуни2023 година, 13:50ч - Седница бр.111
86. Среда, 14 јуни2023 година, 14:00ч - Седница бр.112
87. Среда, 14 јуни2023 година, 14:10ч - Седница бр.115

88. Четврток, 15 јуни 2023 година, 13:30ч - Седница бр.117
4. Шефот на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Дарко Каевски, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата, учествуваше на состанокот на Комисијата за политички прашања и демократија, кој се одржа во Севиља, Шпанија на 11 и 12 мај 2023 година.

5. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, која е составена од шефот на Делегацијата г. Дарко Каевски и членот г-ѓа Арта Биљали-Зендели, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата, учествуваше во работата на Третиот дел од редовната летна сесија на ПС на СЕ, што се одржа од 20 до 24 јуни 2023 година во Стразбур, Франција. Во текот на редовната сесија, на шефот на Делегацијата на Собранието, г. Дарко Каевски, му припадна честа во својство на потпретседател да претседава со Асемблејата на тема: „Вонредна состојба во јавното здравје, потребата од холистички пристап кон мултилатерализмот и здравствената заштита".

6. Пратеникот г. Дарко Каевски во својство на член на Делегацијата, учествуваше на седницата на Комисијата за политички прашања и демократија на Парламентарното собрание на Совет на

Европа, што се одржа на 11 и 12 септември 2023 година во Париз, Француска Република, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

7. Пратеничката г-ѓа Арта Биљали Зендели, член на Делегацијата, на 14 и 15 септември 2023 година во Париз, Француската Република, учествуваше на состанокот на Комисијата за еднаквост и недискриминација, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата. На состанокот на Комисијата се разгледува и програмата за работа, во која е вклучен извештајот за „Глобалните правила за елиминирање на сите форми на религиозно угнетување" кој што во име на Комисијата, го подготвува известителот г-ѓа Арта Билали Зендели.

8. Пратеникот г. Александар Николоски, како известител определен од Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа, учествуваше во мисија за утврдување на фактите во Босна и Херцеговина од 27 до 29 септември 2023 година. Ова е првпат член на македонската Делегација во Парламентарното собрание на Советот на Европа во функција на известител да учествува во мониторинг мисија.

9. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, учествуваше на Европската конференција на претседатели на парламенти, што се оддржа на 28 и 29 септември 2023 година во Даблин, Ирска, под покровителство на Парламентарното собрание на Совет на Европа.

10. Во составот на делегацијата беа и г. Никола Мицевски, координатор на ПГ на ВМРО-ДПМНЕ и Генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, која учествуваше на состанокот на генерални секретари на парламентите на земјите-членки на Советот на Европа. Делегацијата ја придружуваше г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

10. На четвртиот дел од Редовната есенска сесија за 2023 година, што се одржа од 9 до 13 октомври 2023 година во Стразбур, Француската Република, учествуваа: г. Дарко Каевски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Арта Билали Зендели и г. Александар Николоски, членови на Делегацијата во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

11. Во Собранието на Република Северна Македонија на 20 октомври 2023 година се одржа Конференција за меѓупарламентарен дијалог за понатамошно унапредување на европската интеграција на Западен Балкан, во заедничка организација на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) и Собранието на Република Северна Македонија. Регионалниот настан имаше за цел да им обезбеди на парламентарците од регионот широка платформа за соработка и дијалог за предизвиците со кои се соочуваат и добрите практики кон европска интеграција. Настанот, во улога на модератор, го отвори г. Јоргос Папандреу, известител на Парламентарното собрание за „Поддршка на европската перспектива за Западен Балкан". На воведната сесија, свои обраќања имаа г. Талат Џафери, претседател на Собранието, г.Тини Кокс, претседател на ПССЕ, г. Бојан Маричиќ, заменик-премиер за европски прашања и г. Золт Немет, претседател на Комитетот за политички прашања и демократија на ПССЕ.

Во рамките на Конференцијата за Меѓупарламентарен дијалог за натамошно унапредување на европската интеграција на Западен Балкан, во Собранието на Република Северна Македонија се одржа средба меѓу генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова и генералната секретарка на Параламентарното собрание на Советот на Европа, г-ѓа Деспина Хаџивасилиу-Цовилис. На средбата присуствуваше и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

12. Шефот на Делегацијата во Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Дарко Каевски, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата, учествуваше на седниците на Бирото и на Постојаниот комитет, кои на 27 и 28 ноември се одржаа во Вадуз, Лихтенштајн.

13. На седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права на ПССЕ, што се одржа на 30 ноември и 1 декември 2023 година во Париз, Француската Република, учествуваше членот на Комисијата пратеникот г. Александар Николоски, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, ко-секретар на делегацијата. На оваа седница на Комисијата г.Александар Николоски беше реизбран за генерален известувач за укинување на смртната казна.

14. Пратеничката г-ѓа Фаница Николоска, во својство на членка на Комисијата, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, ко-секретар на делегацијата, учествуваше на седницата на Комисијата за култура, наука, образование и медиуми на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа на 4 и 5 декември 2023 година во Париз, Француската Република.

15. Пратеничката Арта Биљали-Зендели, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата, учествуваше во работата на денешната седница на Комисија за еднаквост и недискриминација на Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа на 7 декември 2023 година во Париз, Француската Република.

16. На редовниот годишен состанок на секретари на делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 15 декември 2023 година во Париз, Француската Република, учествуваше г.Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Игор Јанушев
**Членови:** г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче
**Заменици-членови:** г. Диме Велковски, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова и г. Берат Ајдари.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ

и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така, се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите-членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Пратениците г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ); г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата, учествува во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламентарните и претседателските избори во Република Туркије, што се одржаа на 14 мај 2023 година.

2. Пратениците г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) и г. Халил Снопче, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата,учествуваа во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на вториот круг на претседателските избори во Република Туркије, што се одржаа на 28 мај 2023 година.

3. Делегација на Собранието во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во состав: г. Игор Јанушев, шеф на Делегација, г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата, учествуваше во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламенарните избори во Полска, што се одржаа на 15 октомври 2023 година.

4. На 20 октомври 2023 година, г-ѓа Пиа Каума (Финска), претседателка на Парламентарното собрание (ПС) на ОБСЕ, одржа дигитален координативен состанок со специјалните претставници на ПС на ОБСЕ, на кој учествуваше г-ѓа Моника Зајкова, член на Делегацијата и специјална претставничка на ПС на ОБСЕ на младинско

ангажирање. Состанокото го следеше и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

5. Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во состав: г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата и г. Халил Снопче, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, учествува на Есенската сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 18 до 21 ноември 2023 година во Ереван, Ерменија.

6. Бирото на Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) се состана на 29 ноември 2023 година во Собранието на Република Северна Македонија, на дебата за иднината на Организацијата и за приоритетите на Парламентарното Собрание. Седницата на Бирото на ПС на ОБСЕ претходеше на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје, што се одржа на 30 ноември и 1 декември 2023 година, во рамки на претседавањето на Северна Македонија со ОБСЕ. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ во состав: г.Игор Јанушев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Моника Зајкова и г.Халил Снопче, членови, г-ѓа Билјана Огненовска, секретар и г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата, учествуваа на Седницата на Бирото на ПС на ОБСЕ и Министрескиот совет на ОБСЕ.

7. Пратениците г. Игор Јанушев, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), г-ѓа Моника Зајкова и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата учествуваа во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламентарните избори во Република Србија, што се одржаа на 17 декември 2023 година.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Арта Биљали Зендели

**Членови:** г. Илија Николовски и г. Антонио Милошоски

**Заменици-членови:** г. Миле Талевски, г-ѓа Марија Петрушевска и г. Елми Азири.

ПС на НАТО има 274 делегати од 31 земји-членки на НАТО, делегати од 11 асоцијативни земји-членки, од Европскиот парламент, од 4 регионални партнери и од Медитеранските асоцијативни земји-членки, како и парламентарни набљудувачи од 8 други земји и 3 меѓупарламентарни собранија, кои, исто така, земаат учество во активностите на Собранието. Делегатите на ПС на НАТО се номинираат од националните парламенти, во согласност со нивните процедури, врз основа на партиската застапеност, така што ПС на НАТО застапува широк спектар на политички мислења.

Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се

обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите-членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се: охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања; привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа; пренесување колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји-членки; подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 274 члена, има пет постојани комитети, осум поткомитети, Интерпарламнетарен совет НАТО-Украина и Специјална група за Медитеранот.

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО има статус на полноправен член од 27 март 2020 година (после 25 години статус на асоцијативен член кој го имаше уште од 1995 година) и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јауари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Во заедничка организација на Парламентарното собрание на НАТО и Парламентот на Кралството Норвешка (Стортингет), на 25 и 26 март 2023 година во Осло се одржа состанок на Постојаниот комитет. На овој состанок, каде по функција членуваат шефовите или замениците-шефови на делегациите на земјите членки, учествуваа 26 делегации, претседателите на петте комитети на ПС на НАТО и претседателот на Специјалната Медитеранска група. Беа поканети и шефовите на делегациите од парламентите на Шведска и Финска, како земји кои наскоро треба да станат полноправни членки на НАТО, при што учествуваше само делегација од Парламентот на Шведска. Од Собранието на Република Северна Македонија учествуваше заменик-шефот на Делегацијата, г. Миле Талевски, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

2. Шефицата на Делегацијата на Собранието во ПС НАТО, г-ѓа Арта Билали Зендели, на 16 мај 2023 година, во Собранието оствари работна средба со г-ѓа Лариса Дир, Амбасадорка на Украина во

Република Северна Македонија. Средбата се реализираше во пресрет на Пролетната сесија на ПС НАТО во Луксембург и опфати повеќе димензии на соработката со Украина во рамките на ПС НАТО. Украина има асоцијативен статус во ПС НАТО, а од 2002 година е формирано и посебно тело за соработка UNIC – Интерпарламентарен совет Украина - НАТО, каде членка од нашата Делегација е г-ѓа Арта Билали Зендели. На средбата присуствуваа и г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата и д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

3. На Пролетната сесија на ПС на НАТО, која се одржа од 19 до 22 мај 2023 година во Луксембург, Големото Војводство Луксембург, учествуваше Делегација од Собранието на Република Северна Македонија во состав: г. Миле Талевски, во својство на шеф на Делегација и пратениците г. Илија Николовски, член и г-ѓа Марија Петрушевска, заменик-член на Делегацијата, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

4. На состанокот на високо ниво на претседатели на парламенти на земји-членки на НАТО, кој за прв пат се одржа од 2 до 4 јуни 2023 година во Вилнус, Република Литванија, улествуваше делегација на Собранието предовдена од г.Талат Џафери, претседател на Собранието, пратениците г. Миле Талевски, претседател на Комисијата за одбрана и безбедност и заменик-член на собраниската делегација во ПС НАТО, г-ѓа Вјолца Адеми, заменик-членна Комисијата за одбрана и безбедност и г. Драган Ковачки, член на Комсиијата, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата на Собранието во ПС НАТО.

5. На Годишната сесија на Парламентарното собрание на НАТО, која се одржа од 7 до 9 октомври 2023 година во Копенхаген, Кралството Данска, учествуваше Делегација од Собранието на Република Северна Македонија во состав: г-ѓа Арта Биљали Зендели, шеф на Делегација и пратениците г. Антонијо Милошоски и г.Илија Николовски, членови на Делегацијата во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

6. На традиционалниот годишен Трансатлантски парламентарен форум, што се одржа од 4 до 6 декември 2023 година во Вашингтон Д.Ц., САД, учествуваа: г. Миле Талевски, заменик-шеф на Делегацијата и г.Антонијо Милошоски, член, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери

**Членови:** г. Диме Велковски,
г. Јован Митревски, г. Никола Мицевски,
г-ѓа Ели Панова, г. Арбер Адеми
г-ѓа Илире Даути и
г-ѓа Цветанка Иванова.

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто

воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 179 национални парламенти, а 13 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Северна Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ), предводена од шефот на Делегацијата, г.Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија, заедно со членовите на делегацијата, г.Јован Митрески, г.Арбер Адеми, г.Никола Мицевски, г.Атнан Незири, г.Диме Велковски, г-ѓа Ели Панова и генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, на 12 јули 2023 година во Собранието оствари средба со г-ѓа Касандра Фернандо, претседателка на Групата за пријателство со Собранието на Република Северна Македонија на Парламентот на Австралија. На средбата присуствуваа и г.Реџеп Прекопуца, секретар и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Рашела Мизрахи
**Членови:** г. Кастриот Реџепи и г. Арбен Зибери
**Заменици-членови:** г. Љупчо Балковски, г-ѓа Благица Ласовска и г. Скендер Реџепи.

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија,

Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Северна Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја-членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Шефицата на делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централно-Европската иницијатива (ЦЕИ), г-ѓа, Рашела Мизрахи, учествуваше на состанокот на Економскиот комитет на ПД ЦЕИ во Букурешт, Романија што се одржа во периодот од 26 до 28 март 2023 година, во придружба на секретарот на делегацијата г. Глигор Стоименов.

2. Шефицата на делегацијата на ПД ЦЕИ г-ѓа Рашела Мизрахи учествуваше во работата на Пролетниот Комитет на ПД ЦЕИ, што се одржа на 22 и 23 мај 2023 година, во Кишињев, Република Молдавија, во придружба на г.Агим Сулејмани, ко-секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Ѓорѓија Сајковски
**Членови:** г. Енес Ибраим, г. Сурија Рушиди (до март 2023)
**Заменици-членови:** г-ѓа Марија Георгиевска, г-ѓа Иванка Василевска и г. Бедри Фазли

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како наследник на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на

Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно со членот 6 став 1 од Статутот, "Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Северна Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието".

Земји-членки (28) на Парламентарно-то собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Северна Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (EMUNI, MEDREG, PUIC, CTBTO, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите-членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела, на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Собранието на Република Северна Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

Делегацијата во овој период немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г. Талат Џафери

**Членови:** г. Мартин Костовски, г. Павле Трајанов, г. Владо Мисајловски и г-ѓа Артина Ќазими

**Заменици-членови:** г. Хусни Исмаили, г. Иван Стоиљковиќ, г. Петар Ристески и г-ѓа Вјолца Адеми

Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и натамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите-членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарни-те дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондациите;

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии:

Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сè заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. На седницата на Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ, што се одржа на 2 мај 2023 година на дигитална платформа, во организација од Парламентот во Приштина, Република Косово, учествуваше г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор.

2. На 3 мај 2023 година се одржа дигитална седница на Комисијата за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка на ПС на ПСЈИЕ, што беше во организација од Парламентот во Приштина. На седницата учествуваше пратеникот г. Павле Трајанов, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ). Седницата ја следеше и г-ѓа Лидија Каракамчева, Национален координатор.

3. Делегација на Собранието предводена од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, учествуваше на Десеттата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ што се одржа од 18 до 19 мај 2023 година во Будва, Црна Гора. Во составот на Делегацијата беше и пратеникот г. Мартин Костовски. Во придружба на Делегацијата беше г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор. Во рамките на Пленарната сесија се одржа седница на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), на која присуствуваше пратеникот г. Мартин Костовски, член на овој Комитет.

На крајот на седницата на Постојаниот комитет сите пратеници ја потврдија Завршната декларација која се усвои на Десеттата пленарна сесија на 19 мај 2023 година и на која учествуваше и се обрати претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери.

Во рамките на 10. пленарна сесија претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, имаше средба со претседателката на Собранието на Црна Гора, г-ѓа Данијела Ѓуровиќ, на која се изврши протоколарното примо-предавање на претседавањето со Парламентарното собрание на Процесот за соработка на Југоисточна Европа од досегашниот претседавач, Подгорица, на Скопје.

4. Во рамките на претседавањето на Собранието на Република Северна Македонија со Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), Делегација предводена од г. Горан Мисовски, потпретседател на Собранието, учествуваше на 42. Сесија на Балтичкото собрание и 29. Балтички совет, што се одржуваат на 23 и 24 ноември 2023 година во Талин, Република Естонија. Во составот на Делегацијата беа г. Мартин Костовски, пратеник и претседавач со Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ и г. Мики Милковски, заменик-генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, заменик - национален координатор во ПС ПСЈИЕ.

5. Седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) се одржа на 15 декември 2023 година во Скопје, во Собранието на Република Северна Македонија. Со седницата претседаваше пратеникот Мартин Костовски. На седницата се дискутираше за приоритетите на Претседателството на Република Северна Македонија со овој процес (2023-2024) и за новиот пристап на Стратегијата SEE2030. На седницата присуствуваа и г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор во ПС ПСЈИЕ и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик-национален координатор.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Абдула Салиу
**Членови на Делегацијата:** г. Ненад Коциќ
г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска и
г-ѓа Сафије Садики Шаини.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, кои што се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова Собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на

образованието и комуникациите во франкофонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 88 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат четири комисии: за политички прашања; за образование, комуникациии и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања, четири регионални собранија: Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа, Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата за првпат основало Секција во ПС на Франкофонијата во јануари 2001 година. Во овој парламентарен состав претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 13 октомври 2020 година во име на пратениците кои го користат или се служат со францускиот јазик донесе Одлука за основање на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата.

Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 13 и 14 октомври 2020 година. Секцијата брои девет члена, Бирото на Секцијата шест члена, а Делегацијата четири члена.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Во Собранието на 21 март 2023 година се одржа работилница на тема Млад франкофонски парламент - едукативна активност „Имам став!". Настанот се одржа за прв пат на иницијатива на Бирото на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, во соработка со Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Францускиот институт во Скопје. Целта на одржувањето на овој настан во месецот посветен на Франкофонијата, преку дебатата на млади лица од средните училишта на актуелни теми на француски јазик, е за поголема промоција на францускиот јазик и култура и за неговата поголема застапеност во општествено-политичкиот живот во земјата.

На отворањето поздравни обраќања имаа: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија; Н.Е. г. Сирил Бомгартнер, амбасадор на Француската Република во Република Северна Македонија; г. Абдула Салиу, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и г-ѓа Лилиана Танги, претседателка на Групата за пријателство Франција - Северна Македонија во Националното собрание на Француската Република.

2. Пратеничката г-ѓа Лидија Тасевска, член на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата на 15 мај 2023 година учествуваше на Парламентарен семинар на

мрежата на жени парламентарки на ПС на Франкофонијата во Приштина, Република Косово.

3. Претседателот на Секцијата на Собранието во ПС на Франкофонијата, г. Абдула Салиу, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата, учествуваше во работата на Конференцијата на претседатели на секциите на Регионот Европа на ПС на Франкофонијата, што се одржа на 2 јуни 2023 година во Париз, Француската Република.

4. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата од 4 до 8 јули 2023 година учествуваше на 48-та сесија на ПС на Франкофонијата, што се одржа во Тбилиси, Република Грузија. Делегацијата е во состав од пратениците г. Абдула Салиу, шеф на Делегацијата, членовите: г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска и г-ѓа Лидија Тасевска, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

5. Во повод 26 Септември, Европскиот ден на јазиците, Делегација на Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата оствари посета на гимназијата „Орце Николов". Делегацијата беше во состав од пратениците: г. Абдула Салиу, претседател на Секцијата; г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, потпретседателка; г-ѓа Лидија Тасевска и г-ѓа Драгица Ѓавочанова, членки на Секцијата. Во придружба на Делегацијата беа Н.Е. г. Кирил Бомгартнер, амбасадор на Француската Република во Република Северна Македонија и г. Иго Бештал, директор на Францускиот институт во Скопје.

6. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата учествуваше на 35. Годишна сесија на Регионот Европа на ПС на Франкофонијата што се одржа од 5 до 7 ноември 2023 година во Атина, Република Грција. Делегацијата беше во состав: пратениците г. Абдула Салиу, шеф на Делегацијата, г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска и г-ѓа Лидија Тасевска, членови, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ПРАВОСЛАВИЕТО (ИПСП)

**Членови:** г.Миле Талевски и г-ѓа Ане Лашкоска

Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПСП) е меѓународна политичка организација основана во 1993 година, со седиште во грчкиот парламент во Атина. Оваа иницијатива произлезе од Парламентот на Република Грција, а во моментов членовите на ИПСП се официјални парламентарни делегации, како и групи или одделни пратеници од триесет парламенти од целиот свет.

Целта на организацијата е да развие повеќеслојна политичка и културна соработка во насока на поттикнување на контакти и проширување на односите на доверба, разбирање на современите политички феномени и општествени трендови и истакнување на елементите на

православието како позитивно влијание на меѓусебното разбирање меѓу културите. Затоа постојат два столба на кои се заснова ИПСП: од една страна одбрана на независниот парламентаризам и од друга страна ширење и консолидирање на принципите и вредностите на православната христијанска традиција. Секоја активност на ИПСП е фокусирана на оние што страдаат.

Последното 27 годишно Генерално Собрание на ИПСП поради исклучителни околности предизвикани од пандемијата на Ковид 19 се одржа во виртуелен формат на 17 септември 2020 година. Во рамките на ова Генерално собрание добивме покана како Собрание на Република Северна Македонија за првпат официјално да учествуваме во неговата работа со свои претставници, но и покана да делегираме постојана делегација во ИПСП. Поради тоа што сеуште немавме формирано парламентарна делегација на ИПСП поради неодамна одржаните парламентарни избори (јули 2020), немавме можност да учествуваме на ова Генерално собрание. Токму поради тоа, врз основа на добиената покана за полноправно членство и постигнатиот општ политички консензус меѓу парламентарните политички партии, согласно "Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 310/20), претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери, со официјално писмо упатено да претседателот на ИПСП г. Сергеј Гаврилов, на 22 октомври 2020 година ги номинираше пратениците г-ѓа Ане Лашкоска и г. Миле Талевски за претставници на нашето Собрание во Интерпарламентарното собрание на Православието.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Во рамките на јубилејното 30годишно Генерално собрание на Интерпарламентарно собрание на Православието (ИСП) што во периодот од 29 јуни до 2 јули 2023 година се одржа во Порто Карас, Република Грција, учествуваше и делегацијата на ИПСП од Собранието на Република Северна Македонија, претставувана од пратениците: г. Миле Талевски и г-ѓа Ане Лашкоска, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

2. Во рамките на посебните активности на Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПС на Православието), од 24 до 26 септември 2023 година во Хелсинки, Република Финска, се одржа презентација на финското издание на монографијата "Света Софија - црквите на мудроста Господова ширум светот". На овој настан и придружните активности учествуваше делегација од ИПС на Православието во која од Собранието на Република Северна Македонија беа пратениците г. Миле Талевски и г-ѓа Ане Лашкоска, членови во ИПС на Православието, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, ко-секретар на Делегацијата.

3. На презентацијата на изданието на германски јазик на монографијата „Света Софија - црквите на мудроста Господова ширум светот", што се одржа на 13 и 14 ноември 2023 година во Минхен, СР Германија, учествуваше г. Миле Талевски,

член на Делегацијата на Собранието во ИПС на Православието, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

## ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ЦРНОМОРСКА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА (ПАБСЕК)

**Шеф на Делегација:** г-ѓа Лидија Тасевска

**Членови:** г-ѓа Благица Ласовска, г-ѓа Вјолца Адеми и г. Елми Азири

Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК), беше креирано како резултат на големите политички промени во доцните осумдесетти години, кога нациите на регионот на Црното Море повторно се појавија на светската сцена. Потрагата на земјите од регионот за начините на соочувањето со предизвиците во врска со националниот развој и европската интеграција, го трасираше патот за комбинирање на нивните напори за претварање на Регионот на Црното Море во регион на стабилност, просперитет и мир. Искористувајќи ги заедничките именители како што се географската близина и заедничкото културно и историско наследство, земјите од регионот го забрзаа воспоставувањето билатерални и мултилатерални односи.

Декларацијата на Самитот за Црноморска економска соработка и изјавата од Босфор, потпишана во Истанбул, на 25 јуни 1992 година, ги дефинира основните принципи и целите на Црноморската економска соработка (БСЕЦ), со што формално се воведува нов процес на регионална соработка со учество на единаесет земји: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Бугарија, Грузија, Грција, Република Молдавија, Романија, Руската Федерација, Турција и Украина. Србија и Црна Гора се приклучија на ПАБСЕК во 2004 година, со што станаа дванаесеттата земја-членка. Во 2006 година, откако Црна Гора ја прогласи својата независност, Република Србија стана правен наследник на поранешната држава и во БСЕК и во ПАБСЕК.

Работни јазици на Собранието се англиски, француски, руски и турски. Официјален јазик на документите и кореспонденцијата на ПАБСЕК е англискиот јазик.

Главни тела се: **Генералното собрание,** кое се состанува двапати годишно во редовна пленарна сесија (пролет и есен); **Постојан комитет,** кој се состои од претседателот на Собранието, заменици на претседателот на Собранието, претседателите на трите комисии и шефовите на националните делегации; **Биро на Собранието,** кое се состои од Претседателот и шест потпретседатели; **Комисии** - Собранието има три специјализирани комисии: **Комисијата за економски, трговски, технолошки и еколошки прашања; Комисијата за легални и политички прашања и Комисијата за култура, образование и социјални прашања**.

Меѓународниот секретаријат на ПАБСЕК е со седиште во Истанбул, Турција. Меѓународниот секретаријат е извршно и техничко тело за централна комуникациска врска меѓу парламентарните делегации на

ПАБСЕК, меѓу БСЕК и неговите поврзани тела и Парламентарното собрание и меѓу ПАБСЕК и другите институции и меѓународните организации. Меѓународниот секретаријат е предводен од Генерален секретар.

Собранието на Република Северна Македонија стана полноправна членка на седницата на Генералното собрание на ПАБСЕК, што се оддржа виртеулно на 22 јуни 2021 година во организација на молдавскиот парламент земја претседавач со ПАБСЕК.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Г-ѓа Лидија Тасевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, на 17 јануари 2023 година учествуваше во работата на Постојаниот комитет на ПАБСЕК, што се одржа во Истанбул, Република Туркије, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

2. Г-ѓа Вјолца Адеми, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за црноморска економска соработка (ПАБСЕК), учествуваше во работата на Комисијата на ПАБСЕК за ревизија и буџет, која се одржа на 17 февруари 2023 година во седиштето на ПАБСЕК во Истанбул, Република Туркије, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

3. Членовите на Комисијата за правни и политички прашања на ПАБСЕК, на 61. онлајн состанок што се одржа на 22 февруари 2023 година, ја избраа Лидија Тасевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, за потпретседател на Комисијата, со мандат од две години. Настанот го следеа и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

4. Во рамките на подготовките за пролетната сесија на Парламентарното собрание на Организацијата за соработка на Црното Море, што предвидено да се одржи во мај 2023 година во Анкара, Република Турција, претседателката на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија при Парламентарното собрание на Организацијата за соработка на Црното Море, г-ѓа Лидија Тасевска, на 26 април 2023 година одржа онлајн средба со претседателката на Украинската делегација, Ана Пуртова, која воедно е и потпретседателка на ПАБСЕК. Настанот го следеше и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

5. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, предводена од г-ѓа Лидија Тасевска, а во чиј состав се и членовите г-ѓа Вјолца Адеми и г-ѓа Благица Ласовска, како и генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, учествуваа на Пролетното 61. Генерално собрание на Црноморската организација за економска соработка (ПАБСЕК), што се одржа на 4 и 5 мај 2023 година во Анкара, во организација на Големото народно собрание на Туркије. По повод 30-годишнината од постоњето на ПАБСЕК, беше одржан и Самит на претседатели на парламенти на земјите членки на ПАБСЕК, на кој зеде учество и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери. Во придружба на Делегацијата беа г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа

Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

6. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК, во состав од пратеничките г-ѓа Лидија Тасевска и г-ѓа Вјолца Адеми, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата, учествуваше во работата на Работната група, Комисијата за политички прашања и Комисијата за технологија, што се одржа на 31 октомври 2023 година во Истанбул, Република Туркије.

7. Пратеничките г-ѓа Благица Ласовска и г-ѓа Вјолца Адеми, членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното Собрание на организацијата за црноморска економска соработка (ПАБСЕЦ), во придружба на г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата, учествуваа на 62.Генерално Собрание на ПАБСЕЦ, што се одржа од 16 до 17 ноември во Киев, Украина.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Претседател на Делегацијата:** г-ѓа Соња Мираковска

**Потпретседатели:** г. Антонио Милошоски и г-ѓа Фисникe Бектеши-Шаќири

**Членови:** г. Бејџан Иљас, г-ѓа Жаклина Лазаревска, г-ѓа Маја Морачанин, г.Скендер Реџепи, г-ѓа Иванка Василевска, г. Никола Мицевски, г. Александар Николоски, г-ѓа Жаклина Пешевска, г. Бајрам Кадрија и г. Атнан Незири.

**Заменици-членови:** г. Мирослав Јовановиќ, г-ѓа Даниела Колева, г. Панчо Минов, г-ѓа Снежана Калеска-Ванчева, г-ѓа Благица Ласовска, г. Бојан Стојаноски, г. Јован Јаулески, г-ѓа Ане Лашкоска, г-ѓа Мерита Колчи-Коџаџику и г-ѓа Сафије Садики Шаини.

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Северна Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Северна Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Северна Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија - Република Северна Македонија и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент

разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и до Владата на Република Северна Македонија, до Советот на Европската Унија и до Европската комисија.

МПК се состанува двапати годишно - еднаш во Собранието на Република Северна Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година**

1. Членовите на Делегацијата на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европската Унија, г-ѓа Соња Мираковска, во својство на копретседавач и членовите г-ѓа Жаклина Лазаревска, г.Бајрам Кадрија, г-ѓа Жаклина Пешевска и г-ѓа Маја Морачанин, на 15 и 16 февруари остварија работна посета на Европскиот парламент во Стразбур, при што имаа одделни средби со европратеникот г. Тонино Пицула, координатор на Пратеничката група на социјалистите и демократите во Комисијата за надворешна политика, а потоа и со членот на МПК од страна на Европарламентот, холандскиот пратеник г. Тијс Ројтен, со г. Стелиос Кулоглу, известител во сенка за Република Северна Македонија во Комисијата за надворешна политика од Европската обединета левица, потоа со г. Матијаж Немец, исто така известител во сенка од групата на Социјалистите и демократите, како и со претседателот на Комисијата за надворешни работи во Европскиот парламент и потпретстедател на Европските народни партии, г. Дејвид Мекалистер. Делегацијата беше придружувана од г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на МПК - РСМ и ЕУ.

2. Во Собранието на Република Северна Македонија на 16 и 17 мај 2023 година се одржа 21. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ. Состанокот го отворија двајцата копретседавачи на МПК, г-ѓа Соња Мираковска и европратеникот г.Андреас Шидер. На состанокот учествуваа и европратениците заменик-претседавачката г-ѓа Марион Валсман од Германија, г. Тијс Ројтен од Холандија и г. Александар Јорданов од Бугарија. Состанокот го следеа и: секретарот на Комитетот г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска и г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

Гостите од Европскиот парламент остварија средба со претседателот на Собранието, г.Талат Џафери и генералната

секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова.

3. Во Европскиот парламент во Стразбур, Француската Република, на 22 и 23 ноември 2023 година се одржа 22. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ, на кој учествуваше делегација од Собранието во состав: г-ѓа Соња Мираковска, претседател на Делегацијата, г-ѓа Фиснике Бектеши Шаќири, заменик-претседател, г-ѓа Жаклина Лазаревска, член, г-ѓа Маја Морачанин, член, г-ѓа Иванка Василевска, член, г-ѓа Жаклина Пешевска, член и г-ѓа Сафие Садики Шаини, заменик-член на Делегацијата, како и ко-секретарот на Комитетот г-ѓа Марија Стефанова и г-ѓа Лидија Каракамчева, член на Секретаријатот.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

1. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 6 февруари 2023 година се сретна со претседателката на Унгарија, г-ѓа Каталин Новак, која е во официјална посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и г. Исмаил Јахоски, претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Унгарија и г. Агим Сулејмани, секретар на Групата.

2. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 7 февруари 2023 година оствари средба со г. Јан Липавски, министер за надворешни работи на Чешката Република, на која присуствуваше пратеникот г. Ненад Коциќ, претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Чешката Република и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

3. На покана на Претседателката на Државниот збор Уршка Клакочар Зупанчич, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 16 и 17 февруари 2023 година оствари официјална посета на Република Словенија, заедно со пратеници од Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Словенија. Во составот на Делегацијата беа пратениците: г. Александар Велјановски, претседател на Пратеничката Група за соработка со Парламентот на Република Словенија и членовите г-ѓа Бети Рабаџиевска Наумовска и г. Берат Ајдари, како и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата. Меѓу другите средби, беше остварена средба и со претседателката на Групата во Словенечкиот парламент, г-ѓа Сандра Газинковски и членовите на Групата за пријателство во Државниот збор на Република Словенија пратениците г-ѓа Алма Интихар, г. Томаш Лисец и г. Мирослав Грегорич.

4. Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Косово во состав: г. Африм Гаши, претседател, г. Бејџан Илјаз, г. Боби Мојсоски и г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска, членови на Пратеничката група, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група, на 27 февруари 2023 година оствари билатерална посета на Република Косово, на покана од г-ѓа Ганимете Муслиу, претседателка на Пратеничката група за пријателство Косово-Северна Македонија на Собранието на Република Косово.

5. По повод 80-годишнината од депортацијата на Евреите од Македонија во логорот Треблинка, претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Државата Израел г-ѓа Рашела Мизрахи во име на Собранието упати покана за официјална посета на Делегација од Кнесетот на Израел, односно до г. Хамад Амар, претседател на Групата за пријателство Израел-Северна Македонија. Во Делегацијата беше и г-ѓа Цега Мелаку, членка на Групата и г.Дор Каидар, секретар. Посетата се реализираше во периодот од 9 до 13 март 2023 година во Собранието, Делегацијата оствари средби со г. Талат Џафери, претседател на Собранието на РС Македонија, со претседателката и членови на Групата за

соработка г-ѓа Рашела Мизрахи, г-ѓа Гордана Сиљановска Давкова, г. Дарко Каевски, г. Павле Трајанов, г. Изет Меџити и г. Сурија Рашиди. Надвор од Собрание, Делегацијата оствари средби со претседателот на Република Северна Македонија г. Стево Пендаровски, со претседателот на Владата г. Димитар Ковачевски и со министерот за надворешни работи г. Бујар Османи. Во постојана придружба на Делегацијата беше г-ѓа Ана Качакова, собраниски државен советник за меѓународна соработка и секретар на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Државата Израел.

6. Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Босна и Херцеговина, во состав: г. Мартин Костовски, г-ѓа Лидија Петковска, г. Бастри Бајрами, г-ѓа Арта Билали Зендели и г-ѓа Грација Бакраческа, во придужба на г. Агим Сулејмани, секретар на Групата, на 21 март 2023 година оствврија работен ручек со група млади парламентарци од Босна и Херцеговина г-ѓа Лана Прлиќ, г-ѓа Сузана Крищто, г. Исмет Лулиќ и г. Јасмин Мусиќ, кои во организација на НДИ престојуваат во студиска посета на Собранието.

7. Во рамките на билатералната работна посета на данскиот парламент, Делегацијата од Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Данска, составена од пратениците: Марија Георгиевска, во својство на шеф на Делегацијата, како и членовите на Делегацијата, пратениците: Петар Ристески, Фадил Зендели, Илире Даути и Бајрам Кадрија, во придружба на Глигор Стоименов, секретар на Пратеничката група, на 18 април 2023 година остварија средби со претседателот на Комитетот за европски прашања, Нилс Флеминг Хансен, како и со претставниците од Комитетот за надворешна политика на Данскиот парламент.

8. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 5 април 2023 година оствари средба со претседателот на Владата на Република Хрватска, Андреј Пленковиќ, кој престојува во официјална посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Хрватска, г-ѓа Благица Ласовска, како и секретарот на Пратеничката група г-ѓа Марија Стефанова.

9. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 26 април 2023 година оствари средба со претседателката на Република Косово, г-ѓа Вјоса Османи-Садриу, на која присуствуваше и претседателот на Пратеничката група за соработка со Собранието на Косово, Африм Гаши, како Билјана Огненовска, секретар на Групата.

10. Претседателот на Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Азербејџан, г. Енес Ибрахим и членовите г. Бејџан Илјаз, г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику и г-ѓа Емилија Рамбабова, како и г. Глигор Стоименов, секретар на Пратеничката група, на 4 мај 2023 година остварија протоколарна средба со амасадорот на Република Азербејџан за Република Северна Македонија, г.Камил Касијев.

11. Делегација на Пратеничката група на Парламентот на Република Австрија за соработка со Собранието на Република Северна Македонија, предводена од г-ѓа Штефани Криспер, претседателка на Групата, на 10 мај 2023 година оствари средба со претседателот на ПГ на Собранието за соработка со австрискиот Парламент, г. Арбер Адеми и со членови на оваа група. На средбата присуствуваше и г. Агим Сулејмани, секретар на Групата.

12. На 12 мај 2023 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, прими делегација на Советот на американски амбасадори (САА), предводена од Тимоти Чорба, претседател на САА. На средбата присуствуваше и претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со Конгресот на САД, г. Диме Велковски, како и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Групата.

13. Делегација на Групата за пријателство Косово-Северна Македонија на Собранието на Република Косово на 7 јуни 2023 година престојуваше во посета на Скопје. Претседателката на Групата за пријателство, г-ѓа Ганимете Муслиу, која ја предводеше Делегацијата, во чиј состав се и пратеничката г-ѓа Влора Думоши и г. Флоријан Ќехаја, амбасадорот на Република Косово во Северна Македонија, остварија средба со Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Косово, на која присуствуваа г .Африм Гаши, претседател на Пратеничката група, членови на Групата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група.

14. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 13 јуни 2023 година оствари средба со претседателката на Република Словенија, г-ѓа Наташа Пирц Мусар, која престојува во официјална посета на земјата. На средбата присуствуваше и г. Александар Велјановски, претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Словенија, како и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата.

15. Потпретседателот на Собранието г. Горан Мисовски на 20 јуни 2023 година оствари средба со Делегација на Групата за пријателство од Националното собрание на Француската Република, предводена од г-ѓа Лилиана Танги, претседателка на Групата. Во делегацијата се и г. Бертран Сор, заменик претседател, г. Артур Делапорт, г. Винсен Сетлинже, г-ѓата Марин Амеле, придружувани од Н.Е. г. Сирил Бомгартнер, Амбасадор на Француската Република во Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа и Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република г. Александар Николоски и генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, како и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Пратеничката група.

16. Претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со Палраментот на Република Србија, г. Иван Стоилковиќ, на 20 јуни 2023 година оствари средба со српска делегација, предводена од г. Стефан Кркобабиќ, претседател на Пратеничката група ПУПС - солидарност и правда. На средбата присуствуваше и г. Глигор Стоименов, секретар на Групата.

17. Делегација од Сејмот на Република Полска, предводена од г.Ришард Терлецки, заменик-претседател на Сејмот и претседател на Полско-балканската парламентарна група и г-ѓа Анита Червињска, претседателка на Пратеничката група за соработка Полска-Северна Македонија, и членови на Групата, на 26 јуни 2023 година оствари средба со претседателката и членови на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Полска, г-ѓа Фаница Николоска, претседателка на Групата, членовите: г-ѓа Марија Петрушевска, г-ѓа Јадранка Поцкова, г-ѓа Емилија Рамбабова и г. Мирослав Јовановиќ. На средбата присуствуваше и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Групата.

18. Делегација од Комисијата за европски прашања од данскиот Парламент, која на 19 и 20 септември 2023 година престојуваше во Скопје, на 19 септември 2023 г. оствари средба со претседателката и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Данска. На средбата присуствуваа пратениците: г-ѓа Марија Георгеивска, претседателка на Групата, г. Фадил Зендели, г-ѓа Марија Петрушевска, г-ѓа Олга Лозановска, г.Ненад Коциќ, г. Петар Ристески, г. Бајрам Кадрија, г-ѓа Илире Даути, како и г.Глигор Стоименов, секретар на Групата.

19. Пратеничката г-ѓа Марија Георгиевска, како претседателка на Пратеничката група за соработка со Кралството Данска, на 27 септември 2023 година во Собранието оствари средба со членови на Извршниот комитет на Данското европско движење, предводени од г. Кенет Финсен. На средбата присуствуваше и секретарот на Групата, г. Глигор Стоименов.

20. Пратеникот г. Љупчо Димовски, претседател на Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентите на земјите од Латинска Америка и од Карибите и членовите г. Атнан Незири, г-ѓа Рашела Мизрахи, г. Боби Мојсовски и г-ѓа Лидија Тасевска, на 27 септември 2023 година во Собранието оствари средба со новоименуваната амбасадорка на Куба, Мариета Гарсиа Хордан. На средбата присуствуваше и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

21. Пратениците на Левица, г.Димитар Апасиев и г.Борислав Крмов на 18 октомври 2023 година во Собранието се сретнаа со амбасадорот на Народна Република Кина во земјата, Н.Е. г. Џанг Syo. На средбата присуствуваше и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на ПГ на Собранието за соработка со НР Кина.

22. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, во придружба на пратениците г. Никола Мицевски, г. Диме Велковски и г. Арбер Адеми, во својство на претседател и членови на Интерпартиската парламентарна група за Кримската платформа, учествуваше на Вториот парламентарен самит на Меѓународната Кримска платформа кој се одржа на 23 и 24 октомври во Прага, Чешка Република. Во составот на делегацијата беше и г. Агим Сулејмани, секретар на Групата.

23. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Украина, г. Јован Митревски и пратеникот г. Боби Мојсовски, член на Пратеничката група, на 1 декември 2023 година во Собранието остварија средба со Делегација од Врховната Рада на Украина, составена од пратениците г. Микита Потураев, и г. Артур Герасимов, како и амбасадорката на Украина во нашата земја, Н.Е. г-ѓа Лариса Дир. На средбата присуствуваше и г. Агим Сулејмани, соработник во Секторот за меѓународна соработка.

24. Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија на 12 декември 2023 година во Собранието оствари средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика на Парламентот на Република Албанија, предводена од претседателката на Комисијата, г-ѓа Мими Кодели. На средбата беа присутни г. Изет Меџити, претседател на Групата, како и г. Тони Јаревски, г-ѓа Лидија Петкоска, г. Љупчо Балкоски, г. Бастри Бајрами како и г-ѓа Илире Даути, членови на Групата и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Групата.

# 6.3.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

Европски парламент/Европска Унија

1. На покана на г. Фабио Масимо Касталдо, претседател на програмата за Млади политички лидери, во Европскиот парламент (ЕП) во Брисел, од 24 до 27 април 2023 година, се одржа работилница посветена на младинското политичко учество и младинските политики за пратеници од Западен Балкан. Од Собранието на Република Северна Македонија на настанот учествуваа пратениците г-ѓа Моника Зајкова, г-ѓа Фиснике Бектеши Шакири, г-ѓа Марија Кочовска и г.Јован Јаулевски, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, во својство на секретар на Делегацијата.

2. На покана на г.Фабио Масимо Касталдо, претседател на програмата за Млади политички лидери, во Европскиот парламент (ЕП) во Брисел, од 24 до 25 октомври 2023 година, се одржа Работилница посветена на младинското политичко учество и младинските политики за пратеници од Западен Балкан. Од Собранието на Република Северна Македонија на настанот учествуваа пратениците г-ѓа Вјолца Адеми, г-ѓа Санела Шкријељ, г. Бојан Стојановски и г. Халил Снопче.

3. Во рамките на долгогодишната програма за соработка со Европскиот парламент, д-р Маријана Опашинова Шундовска, координатор за односите со Европскиот парламент, од 23 октомври до 30 ноември 2023 година, беше на стажирање-специјализација во Брисел, во Под-комитетот за одбрана и безбедност и Комитетот за надворешни работи. Специјализацијата се реализираше по пауза од повеќе години, заради ограничувањата на движење предизвикани со пандемијата од Ковид-19. Во текот на престојот, покрај средбите и состаноците со европратеници и Служба, беа остварени и средби со Европската комисија и Советот на Европската Унија.

Ад хок и други активности

Проект на Собранието со Шведскиот Риксдаг

Управувачката група на Собранието на Република Северна Македонија е во состав: г. Фадил Зендели, претседавач со Групата, членови г. Мартин Костовски, г-ѓа Маја Морачанин, г-ѓа Гордана Силјановска-Давкова, г. Ѓоргија Сајкоски, г. Александар Вељановски, г. Арбер Адеми, г-ѓа Арта Билали Зендели, г-ѓа Арбана Пашоли, г-ѓа Сафије Садики Шаини, г. Халил Снопче и г. Борислав Крмов.

Секретаријатот на Управувачката група го сочинуваат г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор.

Активности во периодот 1 јануари - 31 декември 2023 година

1. Во рамките на соработката за демократски развој, која веќе трета година се одвива меѓу Собранието на Република Северна Македонија и Шведскиот Риксдаг, Делегацијата на Собранието во состав г. Фадил Зендели, претседател и членовите г-ѓа Маја Морачанин,

г. Мартин Костовски, г. Александар Велјановски, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова, г-ѓа Арбана Пашоли, г. Халил Снопче, г-ѓа Снежана Калеска Ванчева и г. Здравко Трајанов, како и Секретаријатот на Управувачката група г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор и г-ѓа Марија Стефанова, заменик-координатор, на 22 и 23 мај 2023 година престојуваа во дводневна студиска посета на Стокхолм.

2. Делегација од Управувачката група за соработка за демократски развој со Шведскиот парламент, во состав г-ѓа Шестин Лундгрен, претседавач на Управувачка група и трет потпретседател на Шведскиот Риксдаг, од Централната партија, г. Кенет Г. Форслунд, пратеник, потпретседавач на Управувачката група, прв потпретседател на Шведскиот Риксдаг, од Социјал-демократската партија, г. Расмус Гиертс, пратеник од Шведските демократи, г-ѓа Бориана Оберг, пратеник од Умерената партија, г-ѓа Џесика Ветерлинг, пратеник од Левица, г-ѓа Хелена Вилхелмсон, пратеник од Централната партија, г-ѓа Гудрун Брунегард, пратеник од Демохристијаните, г-ѓа Камила Хансен, пратеник од Партијата на зелените, г. Јуар Форсел, пратеник од Либералната партија, како и г-ѓа Лена Еклуф, г-ѓа Јохана Ингварсон и г. Јерју Кисч од парламентарната служба, од 1 до 3 октомври 2023 година престојуваа во Скопје, Република Северна Македонија. Дводневните работни средби беа во фокус на борбата против корупцијата и мерките за справување, како и европската интеграција на земјава. Пред пратениците се обрати и генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова, која ја поздрави спремноста на шведските пратеници за пренесување на искуства од долгогодишната парламентарна пракса на Шведска и упати благодарност што при мајската студиска посета на Шведска, учествуваа и двајца службеници од македонското Собрание, со што, соработката се прошири и на ниво на парламентарна администрација. Таа изрази надеж дека и во иднина ќе продолжи заедничката соработка, и дека богатото демократско искуство и знаење од шведскиот парламентарен живот ќе придонесе за дополнително зајакнување на нашите демократски капацитети. На средбите присуствуваше и Секретаријатот на Управувачката група г-ѓа Лидија Каракамчева, координатор на Проектот и г-а Марија Стефанова, заменик-координатор.

<u>Форум Питинџер</u>

1. Пратеничката г-ѓа Жаклина Пешевска учествуваше на Парламентарниот безбедносен форум што се одржа на 24 и 25 септември 2023 година во Блони Ђ Сан - Лежен, Швајцарија. Форумот беше во заедничка организација на Фондацијата наследство и Институтот Дунав со цел да го поттикне дијалогот меѓу креаторите на политиките и експертите за сајбер безбедносните политики и соработка.

2. Пратениците г. Дарко Каевски и г. Бастри Бајрами, во придружба на -ѓа Блета Билали Ајети, во својство на секретар на Делегацијата, учествуваа на Парламентарниот разузнавачко-безбедносен форум, што се одржа од 6 до 8 декември 2023 година, во Сенатот на САД во Вашингтон, Д.Ц.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

## 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Работилница на тема:„ Детски парламент", за ученици од основните училишта на Република Северна Македонија. Воведно обраќање на потпретседателот Горан Мисовски **(24 февруари 2023)** |
| Свеченост за одбележување на Јубилеј 20 години од постоењето на Клубот на пратенички<br>Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (8 март 2023) |
| Едукативна активност „Имам Став" на француски јазик, по повод одбележување на месецот на Франкофонијата во Собранието на РС Македонија. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (21 март 2023) |
| Обраќање на Н.Е. Александер Ван дер Белен, сојузен претседател на Република Австрија, пред пратениците на Собранието (29 март 2023) |
| Обраќање на Н.Е. Андреј Пленковиќ, премиер на Република Хрватска, пред пратениците на Собранието (5 април 2023) |

| |
|---|
| Одбележување на 8. Април - Меѓународен ден на Ромите. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (8 април 2023) |
| Обраќање на Н.Е. Вјоса Османи-Садриу, претседател на Република Косово, пред пратениците на Собранието (26 април 2023) |
| Работилница на тема: „Улогата на парламентите во процесот на пристапување во ЕУ", во рамките на проектот за Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) (10 мај 2023) |
| 21. Состанок Мешовит парламентарен комитет - Република Северна Македонија (16-17 мај 2023) |
| Одбележување на Меѓународниот ден на борбата против хомофобијата и трансфобијата - Интерпартиска парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето (17 мај 2023) |
| Свечена седница на Комитетот за односи меѓу заедниците за одбележување на 25 години од стапувањето на сила на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа (7 јуни 2023) |
| Заеднички настан на Собранието на РСМ и Обединети нации на тема: „Придонесот на Парламентот во работата на Советот за човекови права на ОН и Универзалниот перодичен преглед". Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (12 јуни 2023) |
| Обраќање Н.Е. Наташа Пирц Мусар, претседател на Република Словенија, пред пратениците на Собранието (13 јуни 2023) |
| "Жан Моне" Дијалог (20-21 јуни 2023) |
| Свечено отворање на Балкански фестивал на народни песни и игри. Покровител Собрание на РС Македонија. Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски (5 јули 2023) |
| Одбележување на 11 Јули - Ден за сеќавање на геноцидот на Сребреница (Комитет за односи меѓу заедниците) (11 јули 2023) |
| Одбележување на 60 годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје, на седница на Собрание. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (26 јули 2023) |
| Свечено отворање на 53. Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" во Битола. Обраќање на потпретседателот на Собранието на РС Македонија, Горан Мисовски (26 јули 2023) |
| Прием по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Северна Македонија. Обраќање на претседателот Талат Џафери (7 септември 2023) |
| Конференција на тема: „Унапредување на Берлинскиот процес преку парламентарна демократија" - Институт за Демократија. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (септември 2023) |
| Одбележување на 20 години од основањето на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги (РКЕ). Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски (27 септември 2023) |
| Школа на политики за 2023 година при претседателскиот центар за политичко образование. Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски (29 септември 2023) |
| Свечена седница по повод 20 години на Комитетот за односи меѓу заедниците. Обраќање на потпретседателот, Хусни Исмаили (10 октомври 2023) |
| Министерски форум за правда и внатрешни работи Европска Унија - Западен Балкан, под покровителство на Шпанското претседателство во Советот на Европската Унија (26-27 октомври 2023) |
| Презентација на извештајот на Европската комисија за РСМ за 2023 година од страна на Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европска Унија во РСМ (8 ноември 2023) |
| Презентација на наодите и препораките од Извештајот подготвен од меѓународната консултантка за родови прашања г-ѓа Флоренс Гану, од Меѓународната федерација за изборни системи (ИФЕС), пред Клубот на пратенички (9 ноември 2023) |
| Одбележување на 15 години од основањето на Агенцијата за пошти. Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски (10 ноември 2023) |

| |
|---|
| Свечено отворање на изложбата „Сребрена Тракија" во Археолошки музеј. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (14 ноември 2023) |
| Одбележување на Светскиот ден на детето - ІДецата го преземаат Собранието". (30 години од потпишување на Декларацијата за правата на децата). Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (20 ноември 2023) |
| Обраќање на Н.Е. Јенс Столтенберг, генерален секретар на НАТО, пред Собранието на Република Северна Македонија (21 ноември 2023) |
| Потпишување Меморандум за соработка и спроведување на проектот „Практикувај демократија" меѓу Собранието на Република Северна Македонија, Амбасадата на Обединетото Кралство и Вест минстер фондација (28 ноември 2023) |
| Седница на Бирото на ПС на ОБСЕ (29 ноември 2023) |
| Лидерска средба во Кристална сала на Собранието на Република Северна Македонија - (4 декември 2023) |
| Јубилеен самит на асоцијацијата на спортски новинари од Југоисточна Европа под мотото „Со љубов од Македонија", Голема сала - Купола (7 декември 2023) |
| Студиска посета на НАТО Одбранбениот колеџ (НДЦ)<br>Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (11 декември 2023) |
| Свечено отворање на Собранискотo студио (13 декември 2023) |
| Промовирање на Фаза 2 од Програмата за парламентарна поддршка. Обраќање на ПСРСМ, Талат Џафери (13 декември 2023) |
| Постојан комитет на Парламентарното Собрание на Југоисточна Европа (15 декември 2023) |
| Годишно обраќање на Н.Е. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија, пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија |
| Конференција на тема „Превенција и заштита од насилство врз жените и девојчињата. Регулатива, имплементација и реалност", во организација на Македонско женско лоби со учество на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите. |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г-ѓа Душица Димитриеска**, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(30 јануари 2023)** |
| Свечена изјава на **г. Кренар Лога,** министер за правда **(27 фреврари 2023)** |
| Свечена изјава на **г. Фатмир Меџити,** министер за здравство **(27 фреврари 2023)** |
| Свечена изјава на **г. Азир Алиу,** министер за информатичко општество и администрација **(27 фреврари 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Каја Шукова,** министер за животна средина и просторно планирање **(27 фреврари 2023)** |
| Свечена изјава на **г. Тирон Јајага**, заменик министер за одбрана **(2 март 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Викторија Аврамовска Мадиќ,** заменик министер за правда **(2 март 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Маја Манолева,** заменик министер за здравство **(2 март 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Вјолца Бериша,** заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство **(2 март 2023)** |
| Свечена изјава на **г. Агим Нухиу,** заменик министер за образование и наука **(2 март 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Елизабета Дуковска,** судија на Уставен суд на Република Северна Македонија **(10 април 2023)** |
| Свечена изјава на **г. Ермон Незири**, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(8 мај 2023)** |

| |
|---|
| Свечена изјава на **г-ѓа Антоанета Димовска**, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(25 јули 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Светлана Жупаноска**, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(25 јули 2023)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Кети Петкова**, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(26 јули 2023)** |
| Свечена изјава на **Јадранка Дабовиќ Анастасовска**, судија на Уставен суд на Република Северна Македонија **(12 декември 2023)** |
| Свечена изјава на **Јелена Догазанска Колева**, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(28 декември 2023)** |

## 7.4. Доделување државни награди

Доделување на Државна награда **„Гоце Делчев" - (4 мај 2023)**
**Добитници на наградата во областа на науката:**
- **Нано Ружин** со „Балкански иконографии"
- **Проф. д-р Трифче Сандев и д-р Александар Иомин** со „Специјални функции на фракционо сметање: апликации на дифузија и случајно пребарување"
- **Д-р Александар Василески** со „Поствизантиски претстави на Страшниот суд од Република Северна Македонија, идејна основа, ликовни извори и иконографска анализа".

Доделување на Државна награда **„8 Септември" - (8 септември 2023)**
**Добитници на наградата:**
- **г. Дејан Богданов,** награда за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на РС Македонија на меѓународен план;

**Награда со која се оддава признание на спортисти, тренери (селектори) и спортски работници за остварување во областа на спортот**
- **Елизабета Божиновска Вучкова;**
- **Назим Али;**
- **Златко Калински;**
- **Санде Коцев.**

Доделување на Државна награда **„11 Октомври" - (11 октомври 2023)**
**Добитник за животно дело во областа на културата и уметноста**
- **Љупчо Константинов**, композитор

Доделување на Државната награда **"23 Октомври" - (23 октомври 2023)**
**Добитници на наградата:**
За остварување во областа на науката и образованието:
**Тимот за трансплантација на црн дроб:**
- **проф. д-р Зоран Караџив**
- **проф. д-р Светозар Антовиќ**
- **доц. д-р Бети Тодоровска**
- **прим. д-р Татјана Спировска**
- **проф. д-р Маја Мојсова Мијовска** и
- **проф. д-р Африм Османи**, универзитетски професор.

За остварување во областа на културата и уметноста
- **проф. м-р Роберт Јанкулоски**
- **Блаже Миневски**, новинар.

Доделувања на Државна награда **„22 Ноември" - (22 ноември 2022)**
**Добитници на наградата:**
- **Проф д-р Агим Винца**, истражувач и писател
- **Амет Селмани,** писател.

Доделување на Државната награда **„Свети Климент Охридски" - (8 декември 2021)**
**Добитници на наградата:**
Во областа на воспитанието и образованието:

- **проф. д-р Рабије Мурати**, универзитетски професор;

Во областа на културата и уметноста

- **Антонио Митрикески**, филмски режисер.

Доделување на Државната **награда „Мето Јовановски" - (10 декември 2021)**
За остварување во областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права, добитници на наградата:

- **Платформа за одржлив развој „Лице в Лице"**
- **Борче Стаменов**

Доделување на Државна награда **„Мито Хаџивасилев Јасмин" - (21 декември 2021)**
**Добитници на наградата се:**

- **Ненад Георгиевски**, публицист;
- **Мијалче Иванов**, новинар.

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.Канцеларии за контакти на пратениците Со граѓаните во изборните единици

Со Законот за Собрание е уредено и предвидено функционирањето на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ.

Целта на овие канцеларии е да се овозможи на граѓаните да имаат директна комуникација со своите пратеници, да разменуваат информации, да даваат предлози и сугестии за одредени прашања и полесно да ги искажат проблемите и да најдат заеднички решенија (да учествуваат во изнаоѓањето решенија) за истите.

Одделението за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ од јануари до декември 2023 година имаше отворено вкупно 51 канцеларија во следиве општини:
Аеродром, Битола, Богданци, Велес, Виница, Василево, Гостивар, Гевгелија, Гази Баба, Делчево, Дебар, Демир Хисар, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Кавадарци, Кичево, Карпош, Кочани, Маврово и Ростуше, Неготино, Охрид, Пласница, Прилеп, Петровец, Радовиш, Ресен, Струмица, Свети Николе,Тетово,Теарце, Чаир, Штип и Шуто Оризари.

**Реализирани работни задачи и преземени активности во 2023 година**

Во периодот од јануари до декември 2023 година во канцелариите за остварување контакти на пратеници со граѓани во ИЕ реализирани се:

**5039** - посети во канцелариите за остварување контакти на пратеници со граѓани во ИЕ,
**3295** - новорегистрирани случаи (без оглед дали се решени или сè уште отворени),
**1782** - на решени случаи,
**113** - поднесени пратенички прашања и
**25** - граѓански иницијативи покренати во Собранието на Република Северна Македонија.

Во 2023 година Председателот на Собранието на Република Северна Македонија даде согласност за обезбедување финансиски средства со Буџетот за 2024 година за ангажирање до 75 лица од 1.1.2024 до 31.12.2024 година, во бруто износ од 10.000 денари, месечен надоместок за извршена работа.

Собранието во континуитет се подготовува и превзема чекори во соработка со единиците за локална самоуправа, ЗЕЛС и со Владата на Република Северна Македонија заради обезбедување просторни услови, за отворање и на преостанатите канцеларии, согласно со закон.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во секојдневната работа во законодавниот процес го користат системот на е-Парламент кој е интегриран со веб-страницата, која, покрај на македонски и на албански јазик, има и англиска и француска јазична верзија.
Е-Парламентот се базира на најнови технологии, овозможувајќи целосно компјутеризиран и дигитален принцип на функционирање и работа без хартија.




Системот за говорење и гласање во Сала „Македонија" е поврзан со е-Парламентот. Секоја делегатска единица прикажува агенда на седницата, тековен говорник, пријава за збор, процедурални забелешки, реплика и контра-реплика, гласање по точките од дневниот ред, гласање со допир на екранот, прилагодување на менито на јазикот на пратеникот.

Исто така, веб-страницата на Собранието (www.sobranie.mk) овозможува логичка поврзаност на содржините, лесна навигација, напредно пребарување, интеграција со социјалните мрежи, унапреден видео-стриминг и др., со што ги зголемува транспарентноста и отчетноста пред граѓаните и воедно овозможува полесен пристап до голем број информации за работата на Собранието.

На веб-страницата можат да се најдат сите материјали кои биле или се во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, извештаите поврзани со нив, видео-записи од пленарните седници и извештаи од седниците на работните тела.

Преку календарот достапна е агендата за дневните активностите во Собранието: закажани пленарни седници, седници на работни тела, средби, прес-конференции, други настани, како и планирани следни активности.




Тековно, на веб-страницата се објавуваат соопштенија од посети, настани и одржани официјални средби во Собранието, но и од меѓународна активност на пратениците, и истите редовно се објавуваат на социјалните мрежи преку официјалните профили на Собранието - Facebook, Twitter, Youtube, Flickr.

Исто така, достапни се и информации за работата на Парламентарниот институт на Собранието и Парламентарната буџетска канцеларија.






Веб-страницата нуди информации за надлежноста и палатата на Собранието, Стратешкиот план, Кодексот, Законот за Собранието, за пратениците, Уставот, Деловникот и законодавната постапка.

Достапни се информации за собраниското раководство, биографии на пратениците и нивните активности во Делегациите, Пратеничките групи за соработка со другите земји, Комитетот за односи меѓу заедниците, Советите, Клубот на пратенички, Клубот за младински прашања и политики, како и други Интерпартиски парламентарни групи.





Со цел да се зголеми отчетноста и финансиската транспарентност пред граѓаните, објавени се информации за Буџетот на Собранието, Годишниот план за јавни набавки, јавни набавки, завршни сметки и ревизорски извештаи, огласи, како и останати публикации.

Податоците за Канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици, се достапни на веб-страницата. Согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, граѓаните своите барања можат да ги доставаат електронски до Собранието.

Сите граѓани што сакаат да ја разгледаат зградата, Собранието организира Отворен ден, а граѓаните имаат можност да се пријават електронски преку следниов линк: http://poseti.sobranie.mk/.



## 8.3. Собраниски ТВ канал

1. Директни преноси од пленарните седници во Собранието на Република Северна Македонија
2. Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет
   - усвојување на буџетот за 2023 г.
3. Снимки од работата на собраниските тела
4. Снимки од настани одржани во Собранието на Република Северна Македонија
   - Доделување на државни награди во Собранието на Република Северна Македонија
   - Едукативни содржини доставени од Собранието на Република Северна Македонија
5. Месечни прегледи за искористено програмско време на Собранискиот канал

На Собранискиот канал програмата се емитува од 10.00 до 22.00 ч.

Терминот за емитување се пролонгира, само доколку во Собранието се одржува седница што трае и по 22.00 ч.

**Емитувани директни преноси**

**1. Директни преноси од пленарните седници**

| Месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јануари | 5 | 376 |
| февруари | 16 | 3.884 |
| март | 29 | 2.526 |
| април | 15 | 717 |
| мај | 11 | 1.698 |
| јуни | 20 | 1.229 |
| јули | 22 | 1.437 |
| август | 1 | 167 |
| септември | 10 | 1.568 |
| октомври | 7 | 464 |
| ноември | 25 | 991 |
| декември | 19 | 1.991 |
| **Вкупно** | **180** | **17.048 мин.** |

**2. Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет**

Усвојување буџет за 2023 г.

| Месец | број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| декември | 10 | 2.469 |
| **Вкупно** | **10** | **2.469 минути** |

3. Емитувани снимки од седниците на собраниските тела

| Собраниски работни тела | бр.на заседанија | време во мин. |
|---|---|---|
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | 37 | 3.793 |
| Комисија за делов. и мандатно имунитетни прашања | 4 | 423 |
| Законодавно-правна комисија | 70 | 991 |
| Комисија за одбрана и безбедност | 17 | 291 |
| Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство | 5 | 121 |
| Комисија за транспорт,врски и екологија | 6 | 222 |
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | 28 | 2.936 |
| Комисија за европски прашања | 37 | 3.453 |
| Комисија за надворешна политика | 14 | 871 |
| Комисија за финансирање и буџет | 25 | 1.665 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните | / | / |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите | 5 | 55 |
| Комисија за здравство | 5 | 136 |
| Комисија за труд и социјална политика | 4 | 453 |
| Комисија за економски прашања | 11 | 720 |
| Комисија за култура | 2 | 150 |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | 2 | 165 |
| Комитет за односи меѓу заедниците | 6 | 317 |
| Комисија за локална самоуправа | 2 | 206 |
| Комисија за уставни прашања | 1 | 123 |
| Национален совет за евроинтеграции | 6 | 468 |
| Буџетски совет на Собрание на РСМ | 3 | 22 |
| Агенција за надзор над работата на АНБ и АР | 2 | 22 |
| Анкетна комисија за скандалот на онкологија | 17 | 3.020 |
| Комисија за образование,наука и спорт | 3 | 143 |

4. Снимки од настани одржани во Собрание на РСМ

МАРТ

8. 3.2023 - 20 години – Клуб на жени пратенички тр.20 мин - снимка

---

21. 3.2023 – Младински форум тр. 105 мин /емитуван двапати на програма

---

31. 3.2023 –Јавна дебата за актуелните младински политики тр.134 мин.

---

АПРИЛ

6. 4.2023 -Одбележување на Денот на Ромите- снимка тр. 54 мин

---

МАЈ

4. 5.2023 –Доделување државна награда Гоце Делчев- снимка тр. 29 мин

---

ЈУНИ

12. 6.2023 – Придонес на парламентот во работата на Советот за човекови права на ОН и Универзалниот периодичен преглед тр. - 2 ч . 10 мин

---

30. 6.2023 –Чествување на Св Кирил и Методиј во Рим- Репортажа М. Ристевски снимка 14.11 мин

---

ЈУЛИ

21. 7.2023 Јавна дебата –Национална стратегија за ментално здравје на младите тр. 49 мин- снимка

---

АВГУСТ

2. 8.2023 -Директен пренос од одбележувањето на 2 август – Од Крушево, обраќањето на Т. Џафери претседател на Собрание на РСМ - тр.1ч. 36 мин.

---

СЕПТЕМВРИ

8.9.2023 - Обраќање на Т Џафери по повод 8 Септември снимка тр. 06.34 мин

---

8.9.2023 - Доделување на државната награда 8 Септември – снимка тр. 28 мин.

---

12.9.2023 - Конференција-Унапредување на берлинскиот процес преку парламентарна демократија тр. 28 мин

---

20.9.2023 - Зајакнување на капацитетите на партиските подмладоци –снимка тр 37 мин.

---

22.9.2023 - Презентација на годишниот извештај за темелните права на Агенцијата за темелни прашања на ЕУ – снимка тр. 2.44 мин.

---

ОКТОМВРИ

11.10.2023- Доделување на државната награда 11 Октомври - тр. 18.23 мин. – снимка

---

17.10.2023- Средба на неформалната -Зелена собраниска група -т р. 81.30 мин. снимка

---

23.10.2023 – Доделување на државната награда 23 Октомври - тр.26.49 мин.- снимка

---

20.10.2023 – Конференција за меѓупарламентарен дијалог за понатамошно унапредување на европската интеграција западен Балкан тр. 382 мин.

---

НОЕМВРИ

09.11.2023 – Презентација на членките на Клунот на пратенички тр. 92 мин

---

20.11.2023 – Децата го превземаат Собранието тр.106 мин

---

ДЕКЕМВРИ

08.12.2023 – Доделување на државната награда -Св. Климент Охридски - тр. 19 мин.

---

10.12.2023- Доделување на државната награда - Мито Хаџивасилев Јасмин тр.18 мин.

---

26.12.2023 – Конференција – Превенција и заштита од насилство врз жените и девојчињата.Регулатива , имплементација и реалност - тр. 184 мин емитувана и реемитувана

---

Новогодишна честитка од претседателот на собранието Т.Џафер на македонски и на албански јазик

5. Месечени прегледи за искористеното програмско време :

| Месец | Собраниски активности | Настани податоци од преглед 4 | Едукативни содржини-Собрание на РСМ | МТВ архива |
|---|---|---|---|---|
| јануари | 22 ч. 41 мин | | 26 ч. 26 мин | 322 ч. 53 мин. |
| февруари | 20 ч. 54 мин | | 26 ч 31 мин. | 288 ч. 35 мин |
| март | 68 ч. 20 мин. | 20 мин. | 29 ч.08 мин | 274 ч. 12 мин. |
| април | 43 ч. 20 мин. | 54 мин. | 28 ч. 45 мин. | 287 ч. 01 мин. |
| мај | 96 ч. 45 мин. | . 29 мин. | 24 ч. 23 мин. | 250 ч. 23 мин. |
| јуни | 58 ч 28 мин. | 2 ч. 24 мин. | 27 ч. 45 мин. | 271 ч. 23 мин. |
| јули | 53 ч. 05 мин | 49 мин. | 28 ч. 24 мин. | 289 ч. 42 мин. |
| август | 3 ч. 24 мин. | 1 ч. 36 мин. | 32 ч. 05 мин. | 334 ч. 55 мин. |
| септември | 57 ч. 52 мин. | 1 ч. 43 мин. | 28 ч. 22 мин. | 272 ч. 03 мин. |
| октомври | 79 ч. 18 мин. | 8 ч. 29 мин | 27 ч. 13 мин | 277 ч. / |
| ноември | 80 ч. 09 мин.. | 1 ч. 38 мин | 2 5 ч. 55 мин. | 252 ч. 18 мин. |
| декември | 74 ч. 06 мин | 7 ч. 05 мин. | 27 ч. 18 мин. | 263 ч. 31 мин. |
| ВКУПНО | 658 ч. 22 мин. | 25 ч. 27 мин. | 332 ч. 15 мин. | 3.383 ч. 56 мин. |

## 8.4. Средства за јавно информирање

За следење на активностите на Собранието, вкупно се акредитирани 676 претставници на средствата за јавно информирање, кои електронски или лично поднеле барање за акредитација до Секторот за односи со јавноста. До сите акредитирани медиуми, редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА | |
| ТЕЛЕВИЗИИ | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 11 |
| МТВ 1 | 53 |
| МРТ 2 | 9 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 14 |
| ЧЕТВРТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ТУРСКИ, ВЛАШКИ, РОМСКИ БОСАНСКИ И СРПСКИ ЈАЗИК | 20 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 36 |
| ТЕЛМА | 34 |
| АЛСАТ М | 25 |
| СИТЕЛ | 60 |
| ТВ АЛФА | 25 |
| ТВ СОНЦЕ | 8 |
| 24 ВЕСТИ | 44 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 6 |
| ТВ 21М | 13 |
| ТВ КЛАН | 11 |
| ТВ КОХА | 3 |
| ТВ М2 | 1 |
| ТВ ШЕЊА | 16 |
| РАДИЈА | |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 15 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 17 |
| РАДИО МОФ | 2 |
| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
| ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ | |
| ВЕЧЕР | 20 |
| КОХА | 6 |
| ЛАЈМ | 4 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 6 |
| ИНТЕРНЕТ МЕДИУМИ | |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК | 13 |
| РЕПУБЛИКА | 6 |
| А1 ОН | 10 |
| МКД.МК | 5 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | 4 |
| ИНФОМАКС | 7 |

| | |
|---|---|
| ПЛУСИНФО | 8 |
| ЦИВИЛ | 8 |
| 360 СТЕПЕНИ | 17 |
| ТАЈМБАЛКАН.КОМ | 2 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 11 |
| ОРА24.ТВ | 2 |
| ИНДЕКС.МК | 7 |
| ПОЛИТИКО.МК | 4 |
| МАКТЕЛ.МК | 2 |
| 24ИНФО.МК | 5 |
| ЕМАГАЗИН.МК | 2 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 50 |
| ЕВРОЊУЗ | 1 |
| ПРЕСС ОНЛИНЕ | 2 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 2 |
| СЛОБОДЕН ФОТОГРАФ | 1 |
| БИРН | 5 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 2 |
| ANADOLU AGENCY | 8 |
| ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА | 16 |
| РТК - LIVE | 2 |
| ФОКУС | 5 |
| СКОПЈЕ 1 | 2 |
| ЖУРНАЛ | 3 |
| ММС | 3 |
| ОПЕН - ТВ | 1 |
| РОЈТЕРС | 1 |

Секторот за односи со јавноста редовно ја ажурира веб-страницата на Собранието - www.sobranie.mk, објавувајќи ги собраниските активности, соопштенија, најави за средби и настани, прес-конференции и други разни материјали за потребите на Собранието, како: Годишен, мандатен и периодичен извештај, ІМојот пратеник", МПК билтен, ЕУ весник, завршни сметки, финансиски извештаи, ревизорски извештаи, годишни и стратешки планови, огласи, публикации, акти, проекти, апликации, активности на Парламентарниот институт и на Парламентарната буџетска канцеларија, итн., сето тоа на македонски, албански, англиски и на француски јазик.

Исто така, Секторот ги објавува и биографиите на пратениците врз основа на доставени евидентни листови.

Секторот ги најавува и проследува официјалните и работните средби и настани во Собранието и потоа известува за истите преку веб-страницата. Воедно, ги преработува и доставените извештаи од седниците на работните тела и ги објавува на веб-страницата.

По електронски пат, Секторот ги информира медиумските куќи за собраниските актуелности.

Собраниските активности Секторот ги објавува и на социјалните мрежи *Facebook* і *Twitter*, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

# 9. ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОБРАНИЕТО

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Северна Македонија

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

**Активности во соработка со Собранието на Република Македонија за 2023 година**

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 1 јануари до 31 декември, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ) во рамките на различни програми и проекти имплементирани самостојно и заеднички со други партнери, а финансирани од повеќе различни донатори. Покрај наведените активности, би сакале да нагласиме дека НДИ и во изминатата година обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

Во продолжение е прегледот на активности даден по области:

**ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА (ПСП) (НДИ, ИДСЦС, ЦУП)**

**ПСП управувачки совет**

Во 2023 година одржани се два состанока на Управувачкиот совет за имплементација на Програмата за парламентарна поддршка (30 јануари и 30 мај) на кои се дискутираше за имплементација на предвидените активности и донесени се одлуки за истите, при што е одобрен и план за јавни набавки од финансиски придонес на Програмата за парламентарна поддршка за 2023 година. За таа цел во март 2023 година извршен е последниот трансфер на средства од НДИ кон Собрание од финансискиот придонес во износ од 222.665 CHF во согласност со Договорот за финансиски придонес за периодот 2020-2023 година.

На 27 јули и 05 октомври 2023 година одржани се консултации со ПСП Управувачкиот совет (во кој членуваат потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, генералната секретарка на Собранието под водство на претседателот на Собранието) со цел идентификување на приоритетите на Собранието и утврдување на ПСП проектните активности за втората фаза на Програмата во перидот 2023-2027 година, а во насока на поддршка на реализацијата на новиот усвоен Стратешки план на Собранието 2024 - 2028 година.

### Политички дијалог



Во насока на реализација на реформата на службата за обезбедување на Собранието постигната со консензус меѓу сите парламентарни партии, а преку политички дијалог во 2022 година и стратешкото партнерство со германскиот Бундестаг за оваа цел, во периодот од 6 до 9 февруари 2023 година беше организирана посета на експерти за безбедност од Бундестаг-от на Собранието на Република Северна Македонија. За време на посетата и експертската размена беа согледани потребите и споделени експертски искуства од Германија при што на крајот на посетата на членовите на ПСП Управувачкиот совет им беа пренесени наодите и сугестиите за продолжување на оваа значајна реформа која има за цел целосна независност на Собранието.  Во насока на дополнителна поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во оваа насока Бундестагот понуди донација на два рентген апарати кои би се користеле за проверка при влез во институцијата.

### Стратешки план на Собранието

На 26 јули 2023 година ПСП го поддржа Собранието во организација на работилница за евалуација на постојниот Стратешки план и изработка на нов Стратешки план на Собранието за периодот 2024-2028. Дополнителни консултации се одржани меѓу Собранието и ПСП во врска со планираниот придонес на ПСП во предлог Стратешкиот план по што Буџетскиот совет на Собранието го донесе Стратешкиот план на Собранието за периодот 2024 - 2028 година.



### Човечки ресурси и организациски развој

Во првата половина на 2023 година ПСП работеше заедно со секторот за управување со човечки ресурси на низа активности кои беа насочени кон: унапредување на процесот на планирање на работната сила во Собранието, вклучувајќи го и намалувањето на одливот на кадар, креирање на политики за работно време и управување со отсуства; креирање на критериуми за оценување, мотивација и наградување на вработените со користење на рамката на компетенции и сл. Беа развиени неколку интерни акти кои треба да придонесат за подобро управување со човечките ресурси во Собранието, меѓу кои и регулирањето на постапките во врска со правата од работен

однос на помошно-техничкиот персонал во собраниската Служба. ПСП ја поддржа и изработката на нова стартегија за управување со ризици во Собранието.

### Стипендиска програма за собраниската Служба



Програмата за парламентарна поддршка продолжи со имплементација на Швајцарската стипендиска програма, обезбедувајќи можности на парламентарниот персонал, а од декември 2023 година и за Државниот завод за ревизија, да го продолжат своето образование и да ги подобрат вештините што ги користат на работните места. За време на 2023 година, се обезбедија вкупно 19 нови стипендии за изучување странски јазици, стекнување IT вештини и студирање магистерски и докторски студии во повеќе области. Од 2018 до 2023 година доделени се вкупно 49 стипендии за 39 стипендисти.

### КАФ - Заедничка рамка за управување со квалитет (CAF - Common Assessment Framework)



Една од целите на ПСП проектот, е и поврзување на Собранието со стратешките цели на ЕУ за квалитетно управување со работата во институциите. Во таа насока ПСП го поддржува Собранието во имплементација на моделот за Заедничка рамка за проценка (CAF - Common Assessment Framework), во два циклуси (2019-2020 и 2022-2023). Целта на овој модел е да се дијагностицираат силните страни и предизвиците т.е слабите страни во работата на Собранието во однос на деветте специфични критериуми и да се предложат мерки за подобрување на истите.

Вториот циклус се имплементираше од ноември 2022 до јули 2023, преку обука за работната група, како и работилници за конкретните критериуми каде со консензис се дефинираа мерките за подобрување на институциите. Работата на работната група резултираше со подготовка на ЦАФ извештај со вкупно 201 предложени мерки за подобрување во работата и работните процеси. На работилницата за приоретизација сочинета од работната група и врвното раководство на институцијата беа селектирани 40 стратешки важни мерки кои ќе бидат

реализирани во наредните 2 години и 29 мерки - „брзи победи" кои ќе бидат реализирани во наредните 6 месеци. Акциски план и план за подобрување беше изготвен во период јули - септември 2023 година, каде за секоја конкретна мерка се назначија одговорни лица и временска рамка за реализација. Исполнувањето на избраните мерки за подобрување предложени од самите службеници ќе придонесе за подобрување на работата во идентификуваните слаби страни на институцијата согласно критериумите на ЦАФ моделот.

**Јавни набавки од финансискиот придонес**

Во текот на 2023 година со помош на специјалистот за јавни набавки ангажиран во рамките на Програмата за парлментарна поддршка од финансискиот придонес во рамки на ПСП успешно се склучени 10 договори за јавни набавки во согласност со Планот за јавни набавки од финансискиот придонес и притоа се набавени: (1) ви-фи корпоративна мрежа, (2) консултантски услуги за имплементација на ИСО 27001, (3) систем за видео надзор и мониторинг, (4) конференциски системи за уставна сала и сала 4 и централна единица за конференциски системи, (5) систем за пријавување инциденти (е-тикетинг), (6) мултимедиа сервер со сториџ за архива на аудио и видео записи, (7) услуги за сместување за настани и работилници, (8) видео миксер - преклопник со додатна опрема, (9) ви-фи контролер, (10) услуги за ангажирање на приватна агенција за извршување на услуги за привремени вработувања (во рамки на оваа набавка од финансискиот придонес се обезбедуваат плати за 7 вработени лица во Собраниското ТВ студио). Заклучно со овие набавки во рамките на Договорот за финансиски придонес од НДИ за Собранието 2020-2023 година успешно се спроведени 22 јавни набавки во вкупна вредност од околу 1.500.000 швајцарски франци.

**Обуки за јавни набавки**

На ден 22.12.2023 година, се одржа обука на тема „Чекор по чекор до успешна јавна набавка" во просториите на Собранието на Република Северна Македонија, наменета за вработените во институцијата. Главниот осврт на обуката беше правната заштита при спроведување на јавните набавки. На обуката учествуваа 28 лица, вработени во Собранието на Република Северна Македонија, односно лица кои ги подготвуваат јавните набавки, како и комисии кои ги спроведуваат истите.

**Поддршка на развојот и зајакнување на капацитетите на Парламентарната буџетска канцеларија**




ПСП во 2023 година продолжи да го поддржува развојот на капацитетите на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК). За таа цел, ПСП набави пет современи лаптопи со напредни можности за обработка и визуелизација на податоците, и професионален принтер во боја, а обезбеди и модерна стручна литература за графички дијазн и визуелизација на податоците за потребите на ПБК.

Вработените од ПБК се стекнаа со сертификат од Бреинстер академија за Data Science, која е специјализирана наука за управување со големи бази на податоци, и присуствуваа на обука во Виена на тема Основи на економетрија. ПСП обезбеди и стручна поддршка и менторство за анализи на буџетот и за креирање единствени бази на податоци преку домашни и меѓународни експерти.

Дополнително, ПСП организираше неколку размени на ПБК со партнерски буџетски служби од Конгресот во САД, како и парламентите во Шкотска, Чешка, Босна и Херцеговина, Црна Гора и други. По примерот на соработката со службата од парламентот на Црна Гора, беше иницирана изработка на билатерална анализа со чешката парламентарна истражувачка служба на тема поврзана со финансирањето на пензискиот систем (фонд) во двете држави.



Во мај 2023 се спроведе и студиска посета на шкотскиот парламент, каде вработените од ПБК и Комисијата за финансирање и буџет имаа можност да ги збогатат своите знаења и искуства од областа на буџетските анализи и фискалниот надзор, со акцент на визуелизација на податоците во анализите, како и за начините за редовно вклучување на ревизорски извештаи во анализите на ПБК.

Во текот на јуни, ПСП, исто така, ја поддржа ПБК во спроведувањето на Проценка на влијанието на регулативата за предлог Законот за солидарен данок.

ПСП и оваа година даде поддршка за годишното планирање на активностите за 2023-2024, во рамките на поширокиот Стратешки план на Собранието.



Во текот на 2023 година ПБК има изработено вкупно 43 проактивни продукти (23 периодични извештаи, 2 едукативни материјали, 9 брифови и 8 тематски анализи). ПБК изработи и анализи како одговор на вкупно 22 барања од пратеници.

**Поддршка за зголемен парламентарен фискален надзор и активности за соработка на Собранието со Државниот завод за ревизија**



НДИ одржа повеќе активности кои беа насочени кон јакнење на парламентарниот буџетски надзор, особено преку интензивирање на соработката со Државниот завод за ревизија.

Така, на 3 - 4 април, со поддршка од Националната фондација за демократија од САД (НЕД), НДИ организираше дводневна работилница на пратеници од Комисијата за финансирање и буџет, како и вработени од собраниската Служба, со претставници од ДЗР, на

која учесниците имаа можност поблиску да се запознаат со Меморандумот за соработка меѓу Собранието и ДЗР, како и за работата и активностите на ДЗР. На работилницата се утврдија и можности за позасилена идна соработка.



Преку ПСП, НДИ организираше и втора работилница за Буџетска отчетност и транспарентност на 18 - 19 октомври, на која пред членовите на Комисијата за финансирање и буџет беше презентирана сеопфатна анализа на завршната сметка на буџетот за 2022 од страна на ПБК, како и ревизорскиот извештај за Завршната сметка на буџетот за 2022 година.



Со поддршка од НЕД, на 30-ти јуни НДИ спроведе и еднодневна работилница за соработка на Службата на Собранието и Државниот завод за ревизија (ДРЗ). На работилницата, вработените од ПБК, Парламентарниот институт, Одделението за внатрешна ревизија и советниците од Комисијата за финансирање и буџет, имаа можност да се запознаат поблиску со работата и видот, структурата и содржината на извештаите на ДЗР, а беа воспоставени и контакти за поинтензивна понатамношна соработка.

Преку механизмот за Демократското партнерство на Претставничкиот дом на САД, на 5 - 6 мај, НДИ организираше одделни средби и сесии со раководството на Собранието, пратениците од Комисијата за финансирање и буџет, со претседателите на собраниските Комисии, како и со претставници од собраниската служба, кои имаа можност да разменат искуства и знаења со искусни претставници од Конгресот на САД за подобрување на парламентарната фискалната контрола и зголемување на буџетскиот надзор во Република Северна Македонија. На средбите преставниците разговараа за предизвиците со кои се соочува Собранието во вршење на парламентарниот буџетски надзор, како и за начините за понатамошно јакнење на капацитетите на пратениците и вработените во Собранието, особено преку редовно разгледување и постапување по конечните ревизорски извештаи од ДЗР.

## Поддршка при основањето и работата на Интерпартиската парламентарна група против корупција

Во текот на 2023 година, НДИ со поддршка од Националната фондација за демократија од САД (НЕД), го поддржа процесот на формирање и функционирање на нова Интерпартиската парламентарна група против корупција. Како иницијатори за основање и промовирање на оваа интерпартиска парламентарна група се појавија четири пратеници кои ја поднесоа иницијативата до претседателот на Собранието на 16 март 2023 година, додека вкупно 67 пратеници од

актуелниот состав на Собранието се приклучија кон оваа група чија стратешка цел ќе биде борбата со негативните ефекти на разните форми на корупција и коруптивните практики.

Во декември 2023 година, НДИ одржа работна средба  со пратениците - иницијатори на групата за борба со корупцијата во просториите на Собранието на која се разговараше за отпочнување со работа на групата и одржување прва  средба за стратешко планирање со цел воспоставување на начинот и делокругот на работа  и активностите на групата. Средбата на која ќе се поканат и претставници од институции и од невладиниот сектор, беше закажана за 15-ти  јануари 2024 година.

**Реформа на системот на етика кој го регулира однесувањето на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија**



На 7 февруари 2023 година, група од пет пратеници, како и членови на пратеничката меѓупартиска група за борба против корупцијата, се сретнаа со директорот за координација за парламентарната соработка од германскиот Бундестаг при што се презентираа новините во германскиот модел, а се дискутираа и најновите предизвици во однос на изработениот Кодекс за етика и парламентарниот интегритет.

Курикулумот за обука на пратениците за етика кој ПСП го подготви во рамки на процесот за надградба на системот за парламентарна етика беше усвоен на 14та седница на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на 20 март 2023 година.

На 5 април 2023 година, ПСП го презентираше Истражувањето за перцепцијата на граѓаните во однос на примената на Етичкиот кодекс од страна на пратениците. На презентацијата присуствуваа вкупно 16 пратеници, по што следеше дебата за важноста на етичкото однесување во Собранието.



Во периодот од 1 до3 ноември 2023 година, делегација на пратеници заедно со претставници на Програмата за парламентарна поддршка учествуваше на регионален настан кој се одржа во Будва, Црна Гора, а кој беше организиран од регионалната програма на НДИ - „Собраниски интегритет - Градење на доверба во парламентите". На настанот беше споделено искуството на Република Северна Македонија во процесот на унапредување на системот на парламентарна етика.

На 1 ноември 2023 година, се одржа работна средба на пратеници од сите пратенички групи кои беа активно вклучено во изработка на новиот предлог Етички кодекс, како и Упатството за примена со потпретседателката на германскиот Бундестаг, Ајдан Озогуз. На



средбата учесниците слушнаа од потпретседателката за напредните пракси кои се применуваат во Бундестаг, а во врска со етичките норми и механизми и приота ги споделија своите искуства од Собранието на Република Северна Македонија. Сите присутни се сложија дека изработените предлог акти по донесувањето би можеле значително да придонесат во подобрување на парламентарниот интегритет.

### Одлука за номотехнички правила за подготовка на законите

ПСП го поддржа Собранието во подготовката на Одлуката за номотехнички правила за подготовка на законите,  со обезбедување на двајца национални експерти кои работеа со претставници на собраниските служби за изработката на одлуката. Проектот обезбеди експертиза и размена на искуства со хрватскиот парламент во однос на содржината и начинот на имплементација на хрватскиот акт за номотехника за подготовка на актите донесени од хрватскиот парламент. Во периодот од март до мај 2023 година се одржаа седум целодневни работилници меѓу собраниските служби и експертите ангажирани преку ПСП кои работеа на текстот на Предлог на одлуката, член по член. Проектот, исто така, помогна да се обезбеди политичка поддршка од различните партии претставени во Собранието, како и во усогласувањето на ставовите со претставниците на извршната власт, односно Секретаријатот за законодавство. Одлуката се финализираше на дводневна работилница организирана во месец мај во хотел "Радика", Леуново. Одлуката за номотехнички правила за подоготвување на законите беше усвоена од Собранието на 18 јули 2023 година со консензус од сите политички партии.

### Собраниски календар

Во 2023 година ПСП го поддржа Собранието во воспоставувањето на собраниски календар преку мапирање на правилата, практиките и процесите за воспоставување на попредвидлив собраниски календар. Беа изработени три модели на календар преку симулација на правилата и процесите кои беа дискутирани на работилница со собраниската служба, која се одржа на 13-14 јули, во хотел "Радика", Маврово. ПСП исто така ангажираше меѓународен експерт, Душан Штрус (поренешен Генерален секретар на Националниот Совет на Словенија) кој ги разгледа предлозите и даде соодветни препораки. Врз основа на дискусиите од работилницата, презентираните предности и недостатоци, како се организира работата на Собранието, беше одлучено дека најдобро одговара третиот модел кој предвидува седниците на работните тела да се одржуваат секој понеделник и вторник, а пленарните седници секоја среда и четврток.

**Собраниски надзор и јакнење на капацитетите на пратениците за разгледување на закони и дебата**

На 23 јануари 2023 година, 14 пратеници и четворица вработени од службата учествуваа на обука организирана од ПСП за улогите и одговорностите на сите актери вклучени во надзорните расправи. Обуката се фокусираше на практични препораки во однос на идентификацијата и постигнувањето консензус во однос на листата на „сведоци", како да се обезбеди да се добијат соодветните информации, како да се обезбеди дека поканетите овластени претставници имаат соодветно време за исказ, како најсоодветно да се искористи времето предвидено за прашања, и како да се обезбеди консензус во однос на подготовката на извештајот и заклучоците од надзорната расправа.

ПСП ја поддржа Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието во организацијата и одржувањето на надзорна расправа за утврдување на резултатите од примената на Законот за нерегистрирани лица во матичната книга на родените, проблемите со кои се соочуваат нерегистрираните лица и тешкотиите што ги имаат во остварувањето на нивните права.



Во текот на 2023 година беше изработен и Прирачникот за пратеници за управување со кризи и ризици од катастрофи кој има цел да им помогне на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија пред, за време на и после кризите и катастрофите практично да применуваат активности кои ќе придонесат за намалување на ризиците, последиците од овие настани, како и да учествуваат во донесување инклузивни решенија за градење на отпорноста на општеството и заедниците. На 25 јули 2023 година, прирачникот беше презентиран пред пратеници од повеќе пратенички групи, како и пред претставници од Парламентарниот институт.

Во соработка со Комисијата за европски прашања, на 3 мај 2023 година се одржа Работилница за улогата на парламентите во процесот на пристапните преговори, на која беа презентирани искуствата на Чешката Република, Хрватска и Црна Гора. Низ дискусијата на пратениците, следните прашања беа идентификувани како важни за натамошниот период: склучување Меморандум за соработка меѓу Владата и Собранието за регулирање на односите во пристапните преговори, спроведување почести и потемелни дискусии за прашањата на ЕУ во Собранието, формирање меѓупартиска група на пратеници кои ќе обезбедат консензус за процесите, подоследна примена на процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, зајакнување на собраниската служба и на парламентарната дипломатија.

На 24 март 2023 година беше спроведена обука за јавно говорење и квалитетната аргументација, на која присуствуваа 18 пратеници и двајца асистенти на пратеничките групи. Обуката беше спроведена од професори од правниот факултет, а пратениците развија клучни вештини и техники за јавно говорење и градење аргументи со добар квалитет.

## Дигитализирање на учеството на граѓанските организации во законодавниот процес

Во рамки на Програмата за парламентарна поддршка беше формирана Работна група за поддршка при подготовка на софтверската апликација ‘’Регистар на организации’’ достапна на registar.sobranie.mk. Оваа дигитална алатка го олеснува и овозможува учеството на граѓаните во процесот на креирање политики и ги поттикнува дополнително да се информираат за работата на Собранието и работните тела. Регистарот е наменет за организациите кои што ја следат работата на Собранието. Со регистрирање на дигиталната платформа, организациите ќе добиваат редовни известувања за работата на Собранието и за собраниските работните тела од интерес за организациите. Дигиталната алатка е достапна на македонски, албански и англиски јазик и е адаптирана за лица со оштетен вид, а беше промовирана пред собраниското раководство на 15 декември 2023 година.






Од 20 до 22 март група на млади пратеници и пратенички од Федерацијата на Босна и Херцеговина го посетија Собранието на Република Северна Македонија при што остварија средби со Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, со Клубот за младински прашања и политики, како и со координаторките на останатите интерпартиски пратенички групи. Освен средби со неформалните групи, тие се запознаа и со работата на Парламентарниот институт и со Парламентарната буџетска канцеларија.

## Партнерство за отворена власт / Отворен парламент

Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) ги поддржа напорите на Собранието во процесот на креирање, спорведување и мониторинг на Акцискиот план на Собранието кон заложбите на Партнерството за отворена власт (ПОВ). ПОВ е иницијатива која обезбедува меѓународна платформа за домашни реформи, насочена кон поотворени, поотчетни и поодговорни власти пред граѓаните. Собранието се приклучи на иницијативите за ПОВ со комплементарна активност за постигнување на Отворен Парламент во 2017 година, и досега има спроведено два акциски плана кои ги покриваат периодите 2018-2020 и 2021-2023. Третиот акциски план за периодот 2024-2026 е усвоен во јануари 2024 година.

*РЕЗИМЕ НА НИВОТО НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕКОЈА ЗАЛОЖБА ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН НА ПОВ ВО ПЕРИОДОТ ЈУЛИ 2021 – ЈУНИ 2023*

**Кратко резиме:**
Број на заложби: 3

Број на достигнувања во рамки на заложбите: 11

Напредок во спроведувањето на заложбите:
Остварени заложби: 0/3
**Значително завршени: 3/3**
Ограничено завршени: 0/3
Незапочнати заложби: 0/3

Напредок во спроведувањето на достигнувањата:
Остварени достигнувања: 4/11
Значително завршени: 4/11
Ограничено завршени: 2/11
Незапочнати достигнувања: 1/11

Во 2023 година, ПСП публикуваше два мониторинг извештаи кои се однесуваат на напредокот на спроведувањето на Акцискиот план 2021 – 2023 и со кои е покриен периодот јули 2021 - јуни 2023. Во општите наоди за извештајот од јуни 2023 се забележува дека сите три заложби се во напредна фаза на имплементација: 1) Собранието за граѓаните со отворен одговор и отворено закрепнување од пандемијата COVID-19; 2) Подобрена ИКТ инфраструктура; 3) Учество на граѓаните/отворен парламент. ИДСЦС е активно вклучен во процесот на заедничко креирање на новиот Процесот на ко-креација на новиот Акциски план 2024-2026 кој започна во првата половина на 2023 година, и консултациите вклучуваа пратениците, собраниски персонал и граѓански организации.

Во март 2023 година, ПСП ја објави анализата „Отвореност на парламентот: трендови и најдобри практики на ОВП" за да обезбеди информации за процесот на ко-креирање на нов акционен план за ОВП. Документот дава краток преглед на формалните насоки за ангажман на парламентот во ОВП и дискутира за секоја од улогите што парламентот се охрабрува да ги преземе.



Делегација од Собранието составена од пратениците Даниела Колева, Никола Мицевски и Арта Биљали Зендели; генералната секретарка на Собранието Цветанка Иванова, заменикот генералниот секретар на Собранието Бојан Василевски, раководителот на Парламентарниот институт Златко Атанасов, амбасадорката на Швајцарија во Северна Македонија Н.Е. Вероник Улман Марти, како и претставници од ПСП учествуваа на осмиот глобален самит на ПОВ, што се одржа на 6 и 7 септември 2023 година, во Талин, Естонија. На самитот беше презентиран стратешкиот фокус на ПОВ за следните години: градење на партнерства и вмрежување; отворена власт на сите нивоа и во сите гранки на власта; да се прошири и заштити граѓанското општество; забрзување на реформите за отворена власт со иновации, дигитализација и размена на искуства. Во рамки на посетата беа одржани билатерални средби во парламентот на Естонија во врска со: дигитализација на услуги во парламентите, систем за е-петиција како дигитална форма за учество на граѓани и комуникација со јавноста преку веб страница, отворен ден во парламентот со сесии за анти-корупциски практики и политики.

## Подобрена ИКТ инфраструктура - Дигитална трансформација

### Интероперабилност на системи

НДИ преку Програмата за парламентарна поддршка обезбеди експерт за технологија и иновации за критички да ја процени ИКТ стратегијата и да понуди стратешки насоки на парламентот. Ова иницијатива, исто така, се осврна на потенцијалните решенија за кадровските и менаџерските предизвици на ИКТ секторот и придонесе за развој на нацрт регистар на ризици фокусиран на сајбер безбедноста како одговор на предизвиците со кои се соочува Собранието.

Во 2023 година се проучуваа и основните принципи на пристапот „дизајн фокусиран на човекот", и нивно идно воведување нагласувајќи ја важноста за целната публика, во овој случај, корисниците во Собранието.

Проектот исто така канализираше значителни ресурси, преку експерти, за да го премости јазот во интероперабилноста што постои помеѓу постоечките ИКТ системи. Овој напор произведе нацрт препораки, кои ја оценуваа интероперабилноста на повеќе системи како што се новата веб-страница (интернетска старница) на Собрание на Република Северна Македонија, е-парламент системот, порталот за отворени податоци, ЕРП системот, итн., земајќи ги во предвид нивните технички потреби при успешна интероперабилност.

### Систем за пријавување инциденти - е-тикетинг

Дополнително, ПСП, во соработка со Собранието, иницираше и ја комплетираше набавката на тикетинг систем или познато како систем на пријавување инциденти, користејќи ја ИТ експертизата на швајцарскиот парламент во неговиот заеднички развој со Собранието. Истовремено се истражуваше и можноста за развивањето и надградба на системи за управување со учењето во иднина во Собранието.

### Ви-фи корпоративна мрежа

Во текот на 2023 година успешно е реализирана набавка и инсталацијата на Ви-фи корпоративна мрежа во Собранието преку претходно обезбедени документи и анализи за целосно покривање на Собранието со интернет пристап со високо ниво на безбедност за службите и пратениците во целата зграда на Собранието. Со ова Собранието се здоби со оптимално покривање на просториите со мрежата.

### Континуирана ИКТ поддршка

ПСП продолжува да обезбедува поддршка преку ангажирање на двајца ИКТ инженери кои обезбедуваат постојана витална техничка поддршка во Собранието. Тие помагаат на пратениците и на службите преку решавање на хардверски и софтверски проблеми, обезбедувајќи му на собранискиот ИКТ сектор да се фокусира на други критични технолошки области. До сега се направени стотици интервенции од хардверски и софтверски тип, така придонесувајќи за непрекинато функционирање на виталните ИКТ системи во Собранието.

## ИКТ Стратегија

Во текот на 2023 година беше изработена Предлог Стратегија за Информациско технолошки комуникации на Собранието која го опфаќа периодот од 2024 до 2028 година. Оваа стратегија е во согласност со Стратешкиот план на Собранието и оди во чекор со дигиталните текови кои се случуваат во светот, а кои се менуваат постојано и со динамично темпо. ИКТ Стратегијата беше изработена партиципативно и во најголем дел од страна на работната група составена од службата на Собранието кои најмногу работат во овој дел, но и со учество на сите сектори од Собранието.

## Портал за отворени податоци

Порталот за отворени податоци беше пуштен во употреба преку веб страницата https://data.sobranie.mk/. Порталот за отворени податоци содржи податоци поврзани со работата на Собранието, изработен за едноставно пребарување и преземање на податочни сетови. Порталот за отворени податоци значително придонесува за транспарентноста и отчетноста на Собранието бидејќи корисниците може да ги добијат податоците во најосновната форма, давајќи им многу поголем потенцијал за изработка на истражувања, анализи, стории, како и апликации користејќи ги тие податоци.

На порталот за отворени податоци има објавени податоци поврзани со: пратеничките состави, работата на собраниските тела, стручните служби, истражувања финансиски податоци и сл. На порталот има објавено вкупно 18 податочни сетови.

## Консултантски услуги за имплементација на ИСО 27001

ПСП исто така помогна во реализирањето на набавката на консултански услуги за импленентација на ИСО 27001 безбедносниот стандард на управување со податоци врз основа на првичните наоди направени минатите години. Процесот на обезбедување на услугите е во тек за идна имплементација на ИСО 27001.

## Анализи во однос на перцепција на граѓаните за работата на Собранието и теми поврзани со работата на Собранието

ПСП редовно го информира Собранието за перцепцијата на граѓаните за неговата работа преку истражување на јавно мислење спроведувајќи теренска анкета и фокус групи. Истражувањето се фокусира на теми околу работата на Собранието и политичките партии, квалитетот на живот, политичките прашања и довербата во институциите на Северна Македонија генерално. Резултатите од истражувањето во 2023 година, укажуваат дека доминантен дел од граѓаните сметаат дека Собранието има значајна улога во политичкиот живот на државата, но и дека има простор за унапредување и зајакнување на работата во Собранието во однос на сите негови функции.

Во јули 2023, ПСП ја објави кратката анализа „Родово чувствително Собрание и родова еднаквост на политичката сцена: Преглед на актуелната ситуација во Северна Македонија".

Анализата заклучува дека постои напредок во учеството на жените во македонската политика, но дека постои и огромен простор за унапредување на родовата еднаквост. Нотирано е и дека зголемениот број на пратенички овозможува родовите прашања почесто да бидат дел од политичката агенда на Собранието.

**Број на кандидатки како носителки на листи**

| ИЗБОРНА ЕДИНИЦА | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на кандидатски листи | 13 | 15 | 13 | 13 | 14 | 10 | 78 |
| Број на кандидатски листи на кои носители се жени | 6 | 3 | 3 | 1 | 3 | 3 | 19 (24%) |

*Табела од анализата „Родово чувствително Собрание и родова еднаквост на политичката сцена: Преглед на актуелната ситуација во Северна Македонија", јуни 2023*

Во декември 2023 година, ПСП ја објави кратката анализа „Хармонизација на националното законодавство со правото на ЕУ: Компаративен преглед на Северна Македонија со Албанија и Србија". Анализата дава компаративен преглед на Северна Македонија со Албанија и со Србија, и нивните практики во донесувањето закони со брза постапка, со посебен осврт на законите донесени со европско знаме. Од анализата се заклучува дека утврдувањето на стапката на успешност за усогласување на законодавството на една земја со законодавството на ЕУ е сложен процес, па оттука брзината и бројот на усогласени закони не можат да бидат примарен и единствен показател за успех.

### Парламентарно емитување – Собраниски ТВ Канал и Собраниско ТВ Студио

ПСП во текот на 2023 година го водеше процесот на соработка со Собранието на РСМ и своите партнерски организации и институции, домашни и меѓународни експерти во испораката и опремувањето на Собраниското ТВ Студио и негово интегрирање со постоечките системи, кое што е завршено во мај 2023 година. Обезбедена е најсовремена опрема за емитување и продукција, вклучувајќи и 4К камери и специјална опрема за уредување, во овој пакет се вклучени и камерите за пренос од пленарната сала и други простории на комисиите за емитување на интернет. Со ова Собранието е опремено со најсовремени алатки, поставувајќи стабилна основа за стандардите за продкуција и емитување.

Собраниското ТВ студио денес обезбедува дигитализирано парламентарно емитување со подобрен сигнал, со подобрена контролна просторија, интернет парламентарното емитување е интегрирано со надградената веб-страница на Собранието, се овозможуваат пребарувања на видеа по различни критериуми, итн.; се обезбедуваат повеќе видео преноси истовремено. Исто така во 2023 година се работеше на предвидливо емитување со дефинирана програмска шема која што треба да влезе во функција во 2024 година, со ова се подобрени и парламентарните

продукциски капацитети. Целиот овој процес ја следи планираната реформа на Собранискиот ТВ канал кои се опфатени претходно во донесените измени и дополнувања на Законот за Собрание.

ПСП помагаше во изготвувањето на новите програмски планови за насочување на идното креирање содржина за ТВ каналот и студиото на Собранието. За да обезбеди врвен квалитет и стандарди, ПСП ја користи стручноста на меѓународен медиумски професионалец, поранешен уредник во Би-Би-Си парламент, како и локален медиумски продуцент. Телевизиското студио на Собранието генерираше пилот содржини во форма на вежби во текот на втората половина на 2023 година, кои ќе се користат во идното емитување планирано од 2024 година.

Во текот на 2023 година, ПСП во партнерство со Собранието спроведе неколку постапки за вработување за ангажирање на кадар во новоформираното ТВ студио во Собранието. ПСП со Собранието ги спроведе процесите на регрутирање на инклузивен и транспарентен начин вклучувајќи административни проверки на добиените документи, како и проверка на искуството и референците, знаењата и вештините преку спроведување на професионални интервјуа и тестови, како резултат на што 7 вработени беа успешно ангажирани од Собранието во собраниското ТВ студио, како дел од пошироката поддршка кон Собранискиот ТВ канал. Персоналот е составен од продуцент/режисер, двајца новинари, двајца сниматели, аудио инженер и видео миксер/монтажер.

### Камери и придружна опрема за интернет пренос

Во 2023 година успешно се поставени, поврзани и активирани камерите за пренос на седници од комисијските сали и од пленарната сала на интернет. Камерите сега обезбедуваат следење на седниците на Собранието на веб порталот на Собранието и делумно на социјалните медиуми, а во иднина и целосно. Камерите се дел од акцискиот план на отворено Собрание и се интегрирани со новото Собраниско ТВ Студио и Собранискиот ТВ Канал. Како дел од истата иницијатива набавен е и мултимедиа сервер со сториџ за архива на аудио и видео записи кои што ќе се генерираат од собраниското емитување како и видео миксер - преклопник со додатна опрема која што ќе се користи во професионалната продукција на содржини од секојдневното работење и емитување од собраниските седници.

### Стратешки комуникации

Во рамките на ПСП беше ангажирана агенција Њу Момент која спроведе низа активности во насока на зајакнување на капацитетите на вработените во Собранието и пратениците. Во периодот март - мај 2023 година, спроведоа обуки за медиумски настап наменет за пратениците, а за собрнаиските служби обуки за пишување на објави поврзани со работата на Собранието наменети за социјалните медиуми. Потоа, се финализираа часовите по знаковен јазик каде пратениците и вработените се стекнаа со основно и напредно ниво за користење на знаковниот јазик. Се подготви и видеозапис од соработката со Средното училиште „Димитар Влахов" за лица со оштетен слух кое понатаму ќе биде база за идни соработки со цел се поголема инклузивност на сите категории на граѓани. Агенцијата исто така даде поддршка и на

Парламенатрниот институт од Собранието за дизајн и подготовка на печатени материјали кои се значајни за едукација и комуникација со јавноста.

Во Собранието во текот на месец мај, со поддршка на „Њу Момент" беше организирана изложба од детски цртежи од учесниците во Карававнот „Собрание за граѓаните" (реализиран во 2022 година) преку кои децата од основни училишта од 13 градови испратија пораки до Собранието и пратениците за нивното разбирање на демократијата и работата на Собранието. Изложбата беше отворена за сите посетители во Собранието.

Со цел заокружување на првата фаза од имплементација на ПСП, „Њу Момент" со тимот на НДИ подготви видео запис и брошура за сите достигнувања изминативе 4 години.

Во периодот 29 септември - 1 октомври, ПСП организираше обука и работилница за учесниците на Претседателскиот центар за политичко образование на тема „Парламентарна демократија". Во рамките на оваа обука потпретседателот Мисовски и заменик генералниот секретар Милковски ги примија учесниците во Собранието при што ги запознаа учесниците со поставеноста на трите власти во политичкиот систем на Република Северна Македонија, надлежностите на Собранието, неговата улога како и организацијата на работата во Собранието. После оваа воведна сесија учесниците имаа обиколка на Собранието, по што ја продолжија обуката во Кавадарци каде пратениците Панчо Минов, Лолита Ристова, Златко Пенков и Бајрам Кадрија преку панел дискусија со учесниците дискутираа за претставничката улога на пратениците и комуникацијата со граѓаните. Учесниците на обуката имаа можност и да вежбаат парламентарна дебата преку едукативната програма „Имам став" на Парламентарниот институт.

## Комуникациска стратегија на Собрание

Во соработка со агенцијата „Њу Момент", Службата за односи со јавноста подготви Предлог Комуникациска стратегија на Собранието која понатаму по стандардизирањето треба да стане алатка за работа на службата.

## Пикаса Аналитика

Пикаса Аналитика беше ангажирана во првите два квартала од 2023 година со цел мерење на застапеноста на пратениците и пратеничките во медиумите и социјалните мрежи. Се подготвуваше анализа - извештај изразена во бројки, каде преку дата базата на Пикаса Аналитика се мереа објавите поврзани со пратениците и пратеничките, вклучително и говорот на омраза. На крајот од секој квартал, секоја пратеничка група имаше можност да го проследи извештајот изразен во бројки и да го користи за понатамошни анализи.

### Квалитет на дебата




ПСП редовно го информира Собранието и граѓаните за квалитетот на дебата во Собранието. Анализата на дебатата го мери степенот на аргументираност на говорот, степенот на почит на аргументите и личноста на соговорникот, степенот на отвореност на прифаќање на туѓи аргументи и менување на сопствени ставови поради изнесување на поиздржани аргументи од страна на соговорникот и можноста пратениците да ги изнесат своите ставови.

Во 2023 година се финализирани две полугодишни анализи кои ги покриваат периодите јули - декември 2022 година и јануари - јуни 2023 година. И двата извештаја укажуваат на релативно ниско ниво на квалитет на дебатата во Собранието и ја потврдува констатацијата дека има простор за значително подобрување. Извештаите нудат и препораки како да се подобри квалитетот на дебатата меѓу пратениците.

Во таа насока, во март 2023 година се реализираше обука за дебата за пратеници „Парламентарната дебата и нејзината важност за квалитетното законодавство, граѓанското претставување и парламентарниот надзор" на која присуствуваа дел од пратениците.

### Дополнителна финансиска поддршка

Во рамките на ПСП покрај спроведените активности во соработка со Собранието, како и јавните набавки кои се реализираат од ПСП финансискиот придонес Програмата, исто така, даде поддршка за реализација на следниве активности и набавка на стоки и услуги: 30 компјутери all in one за собраниските служби, 5 лаптопи и 1 професионален печатач, дигитализирање и архивирање на материјали од мандатен период 2011-2014 година, набавка и донација на софтверска апликација Регистар на организации.

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

### Форум на генералните секретари



Форум на генералните секретари на парламентите од Југоисточна Европа и од други земји се одржа во Будва, Црна Гора од 31 мај до 3 јуни 2023 година. Овој регионален форум е дел од иницијативата на НДИ за зајакнување на законодавците во Југоисточна Европа, финансирана од Националаната фондација за демократија, која им помага на парламентите во регионот да го зајакнат својот капацитет за

законодавство, надзор и застапување. Намерата е да се подобри соработката и компаративното учење во регионот и да им се обезбеди на парламентите важен ресурс за справување со слични организациски и законодавни предизвици во зајакнување на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога. На Форумот присуствуваа генералните секретари на парламентите од Северна Македонија Цветанка Иванова, како и генералните секретари на Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Словенија, како и високи претставници од Германскиот Бундестаг, Претставничкиот дом на Велика Британија, Парламентот на Унгарија, а генералниот секретар на Парламентот на Косово имаше онлајн учество. Форумот даде одлична можност да се разменат искуства, но и да се создадат неформални мостови за соработка меѓу генералните секретари од парламентите од земјите од југоисточна Европа и ЕУ. Собранието на Република Северна Макеоднија го претставуваа генералната секретарка Цветанка Иванова и заменик генералниот секретар Бојан Василевски. На крајот на Форумот беше искористена можност за билатерална размена на искуства и придобивки во врска со учеството на Собранието во глобалната иницијатива за Партнерство за отворена власт / Отворен парламент меѓу генералните секретари на Собранието на Република Северна Македонија и Парламентот на Црна Гора.

**Парламентарна етика - ноември 2023 Црна Гора**

Пратениците Панчо Минов и Дајанчо Ефтимов од 1 - 3 ноември 2023 година учествуваа на регионална работилница за „Парламентарен интегритет – градење доверба во парламентите" која се одржа во хотел Авала, Будва. Настанот се организираше во соработка со германскиот Бундестаг, а е дел од регионалната иницијатива на НДИ за законодавно зајакнување на Западен Балкан. На работилницата пратеници и претставниците на граѓанското општество од земјите од Западен Балкан разговараа за парламентарниот интегритет како еден од клучните чекори во градењето на довербата во институциите и процесите, но и мапираа практики кои водат кон градење и одржување на култура на интегритет со посебен фокус на законската рамка, кодексите на однесување и стандарди и процедури за антикорупција, новите технологии и сл.

**Надзорна улога на парламентите, Берлин март 2023**




Во периодот од 27-30 март 2023 година НДИ во рамките на регионалната иницијатива на НДИ за законодавно зајакнување на Западен Балкан организираше настан на тема "Парламентарен надзор – Градење доверба во парламентите" на кој зедоа учество пратениците Арбер Адеми и Бојан Стојановски, како и Марко Трошановски како претставник на граѓанскиот сектор. На оваа работилница учесниците разменија искуства и перспективи за парламентарниот надзор со посебен фокус на надзорните анкетни комисии и јавните расправи. Покрај размена на искуствата што во моментов се работи во парламентите во регионот на Западен Балкан имаше шанса и да се истражат практиките што се користат во Бундестагот во оваа насока, како и правната рамка и достапните надзорни ресурси, партнерствата со цивилното општество и другите надзорни институции, и улогата на медиумите во овие процеси.

## СИДА: УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

## ПРЕКУ ПОЛИТИЧКО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ

На 17 февруари 2023 година, граѓанската организација ЛАГ ,,Агро Лидер", во рамките на овој проект, организираше теренска посета за Клубот на пратенички во општина Долнени, со цел презентирање на законодавната иницијатива ,,Политички мобинг - дел од Законот за заштита од вознемирување на работното место". Во текот на 2023 година, во рамките на овој проект, ЛАГ ,,Агро Лидер", организираше серија на консултативни средби со претставнички на Клубот на пратенички и на Комисијата за еднакви можности за жените и мажите, како и со генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија заради преземање следни чекори на законодавната иницијатива ,,Политички мобинг-дел од Законот за заштита од вознемирување на работното место". На 1 јуни 2023 година, НДИ ја поддржа собраниската Комисија за еднакви можности во организирањето на работна средба со општинските комисии за еднакви можности. На средбата претставниците од општинските комисии за еднакви можности ги споделија нивните добри практики во градењето на систем на локално ниво со кој се овозможуваат подобри можности за жените, вклучително и вмрежувањето со локални женски организации, настани за поддршка на пациентките со рак и заштита од родово базирано насилство.

### Поддршка на интерпартиската парламентарна група за заштита на природата и борба против загадувањето и климатските промени

На 10 април 2023 година, НДИ организираше брифинг за Интерпартиската група за заштита на природата и борба против загадувањето и климатските промени на тема подготовка на Стратегија и Закон за климатска акција. Партнерите на НДИ - „Екосвест" и „Глобалниот еколошки фонд" ги предочија оние делови од законот каде што е потребно да се интервенира од страна на пратениците, во однос на важноста за воспоставување Фонд за животна средина во рамки на законот, што ќе вклучува прибирање такси по основ на емисии на јаглерод. На овој настан присуствуваа 10 пратеници.

### Поддршка на интерпартиската парламентарна група за лицата со посебни способности



На 7 декември, здружението "Инклузива" во рамки на проектот „Политичко учество на лицата со попреченост", финансиран од НДИ организираше посета на Собранието и средба со Интерпартиската парламентарна група за лица со посебни способности на која беше доставена иницијатива за промена на Законот за финансирање политички партии во насока на финансиска поддршка за партиите кои на своите кандидатски листи ќе вклучат лица со попреченост. Средбата се одржа во едукативниот центар на Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија.

# 9.2. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Северна Македонија

WFD

ВОВЕД

Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје, ја продолжија соработката во 2023 година. Цели на активностите опишани во овој извештај беа вклучување на младите во работата на Собранието преку давање на поддршка на Клубот за младински прашања и политики, унапредување на работата на Комисијата за финансирање и буџет преку градење на капацитети и поставување основи за волонтерска програма во рамки на Собранието.

## I. ПОТПИШУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ

**Потпишан Меморандум за разбирање меѓу Собранието на Република Северна Македонија, Британската Амбасада во Скопје и Фондацијата за демократија на Вестминстер за проектот „Практикувај демократија"**

На 28 ноември 2023 година Собранието на Република Северна Македонија, Фондацијата за демократија на Вестминстер и Министерството за надворешни работи и развој на Британскиот Комонвелт потпишаа Меморандум за разбирање со кој се уредува соработката во рамки на проектот „Практикувај демократија", кој е финансиран од Британската амбасада во Скопје. Целта на проектот е да се обезбеди поддршка на Собранието во зајакнување на програмата за волонтерска работа за млади; поддршка за работата на неформалните тела (Клубот за младински прашања и младински политики) и собраниските комисии (Комисијата за финансирање и буџет); како и други тела и комисии согласно утврдените заеднички потреби. Меморандумот беше потпишан од страна на Генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија г-а Цветанка Иванова, Ендру Бренд, Директор на Програми во Британската Амбасада во Скопје и Кристофер Левик, Регионален директор за Европа и централна Азија за Фондацијата за демократија на Вестминстер.

## II. ПОДДРШКА НА ПРАТЕНИЧКИОТ КЛУБ ЗА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Во текот на 2023 продолжи со соработката со Клубот за младински прашања и младински политики при Собранието (во понатамошниот текст: „Клубот"). Во овој период, поддршката кон Клубот беше насочена кон овозможување соработки со младински организации, координација на институциите кои работат на младински политики, теренски посети на младински центри и

локални самоуправи и унапредување на политиките за млади. Клубот се постави како соработник на младите и гласноговорник за нивните потреби.

Во 2023, при спроведување на активностите Клубот се водеше по Програма за работа за 2023 година, креирана на почетокот на годината, а пратениците-членови постојано ја следеа имплементацијата на младинските политики и работата на институциите задолжени за нивната имплементација.

Во 2023 година, Клубот и пратениците, со поддршка на ВФД одржаа: 4 теренски посети на локално ново, 3 дебати во Собранието, 1 тркалезна маса, 2 координации со институции, прибирање на коментари за измена на законски решенија и учество на работни средби со засегнатите страни и повеќе состаноци и работилници. Темите во фокус на работата на Клубот за младински прашања и младински политики беа гарантирање на младинско и ученичко организирање и учество во образовниот процес, финансирање на нивното учество на локално и национално ниво, менталното здравје на младите и поврзани прашања. Меѓу приоритетите беше застапување за Стратегија за ментално здравје на млади, вклучувањето на средношколското организирање во новиот Предлог – Закон за средно образование, отпочнувањето на дијалог за измени на Законот за младинско учество и младински политики.

Пратеници членови на Клубот за младински прашања и политики, кои беа и активни во работата на Клубот за 2023, се: Моника Зајкова (претседавач), како и пратениците Фиснике Бектиши Шаќири, Јован Јаулески, Мухамет Кадриов, Дарко Каевски, Марија Кочовска, Марија Петрушевска, Сафије Садики Шаини, Бојан Стојаноски и Артина Ќазими.

1. Средби за стратешко планирање на Клубот за младински прашања и младински политки

Клубот за младински прашања и политики дефинираше план за работа во февруари 2023. Планот беше изработен, а понатаму и ревидиран преку три повеќедневни средби за стратешко планирање (одржани во февруари, јуни и декември 2023 година). Клубот за младински прашања и младински политики на овие работилници ги постави приоритетите за својата работа и вршеше пресек на имплементацијата на младинските политики и итните потреби на младите. Резултат од овие средби беше вклученоста на Клубот во креирањето на содржината на Националната стратегија за млади, отворање на дискусија за донесување на Национална стратегија за ментално здравје на младите и застапување за законско регулирање и гарантирање на ученичкото учество во средните училишта.

2. Работна група за предлог-измени на Законот за средно образование

Како резултат на отворените дискусии за ученичкото организирање од страна на Клубот и препораките кои ученичките и младинските организации ги доставуваа до младите пратеници, уште во 2022 година Клубот формираше работна група за кеирање на предлог-измени на Законот за средно образование. Оваа работна група одржа средба на 31 јануари 2023 година на која детално беа разгледани предлозите од младинските и граѓанските организации, во соработка со членови на Комисијата за образование, наука и спорт. Водени од намерите за

поддршка на ученичкото учество, а според заклучоците од работата на групата и предлозите од ученичките организации, пратениците од клубот одржаа средба со министерот за образование и наука, Јетон Шаќири, на 9 февруари 2023 година, на која побараа средношколското организирање да биде вклучено во предлог-Законот за средно образование кој ќе биде изработен од Министерството за образование и наука.

3. **Јавни дебати во Собранието на Република Северна Македонија организирани од Клубот за младински прашања и младински политики**

Во текот на 2023 година, Клубот за младински прашања и младински политики организираше четири јавни дебати, со цел да иницира дискусија и консултации на теми од интерес на младите.

Дебатите кои беа организирани беа на следниве теми:

- Спроведувањето на Законот за младински учество и младински политики (31 март 2023),
- Нацрт-националната стратегија за млади (22 март 2023),
- Потреба за донесување на национална стратегија за ментално здравје за младите (21 јули 2023) и
- Дебата за нацрт-предлозите за измени на Законот за младинско учество и младински политики (18 октомври 2023).

На овие настани учество земаа 150 претставници на младински и граѓански организации, институции и други засегнати страни.

Овие дебати послужија за дефинирање на насоката во која Клубот ја вршеше својата работа и претставуваа платформа за директна комуникација на младите и формите на младинско организирање со нивните претставници во Собранието и носителите на одлуки.

4. **Теренски посети на Клубот за младински прашања и младински политки**

Клубот за младински прашања и младински политики, ја продолжи успешната практика од претходните години на одржување средби со младите и локаните самоуправи, за дискусија на нивните потреби и спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, Клубот продолжи со теренските посети, и реализираше посети на: Општина Чаир (5 мај 2023), Општина Центар (5 мај 2023), Општина Шуто Оризари (29 мај 2023) и Општина Илинден (29 мај 2023). Посетите беа во функција на приближување на Клубот до секојдневието на младите, нивните предизвици и успеси на локално ниво. Препораките кои младите ги даваа на овие средби послужија на членовите во Клубот во застапувањето за измени и креирање на младински политики.

5. **Процес на прибирање на консултации за предлог измени на Законот за младинско учество и младински политики**

Со цел да одговори на барањата на младинските организации и институциите за спроведувањето и потребите измени на Законот за младинско учество и младински политики (во понатамошниот текст ЗМУИМП), Клубот за младински прашања и младински политики отвори

јавни консултации за потенцијалните измени на овој пропис. На оваа консултација претходеа 12 теренски посети на локални самоуправи и младински центри, две јавни дебати и други настани и дискусии, на кои претставници од граѓанскиот сектор, институциите и младинските организации, во повеќе наврати посочија за потребата од интервенирање во содржината на Законот за младинско учество и младински политики

Во мај 2023, Клубот упати повик до засегнатите страни за доставување писмени мислења за спроведувањето на ЗМУИМП, при што пристигнаа мислења од 11 организации и институции. По прибраните коментари (од отворените консултации и двете јавни дебати), Клубот организираше координативна средба со државни институции во јуни 2023. На оваа средба присуствуваа претставници од: Агенцијата за млади и спорт, Министерството за финансии, Националната агенција за европски образовни програми, Агенција за вработување, Заедница на единици на локална самоуправа. На средбата беше повторно изразена потребата за измени во законскиот текст, а со цел негова поголема функционалност.

Сите прибрани мислења од јавните дебати и добиениете писмени коментари од граѓанскиот сектор и институциите, беа преточени во документ со потенцијални измени на Законот за младинско учество и младински политики. За изработката на документот исто така беа направени и интервјуа со засегнати страни, кои имаа за цел детално да ги вклучат перспективите на имплементаторите на ЗМУИМП, односно директно од искуствата и препораките на овие актери да се креираат соодветни предлози за интервенирање во текстот.

Како завршна активност од овој процес, на 18.10.2023 Клубот организираше тркалезна маса за разгледување и дискусија на овие предлог-измени на Законот за младинско учество и младински политики. По презентирањето на процесот и содржината од страна на пратениците од Клубот (Моника Зајкова, Јован Јаулески и Марија Кочовска), на овој настан се обратија и Директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски и Посебниот советник за млади при Владата, Ѓорѓи Тасев. Присутните дадоа свои коментари, видувања и предлози за унапредување на презентираните содржини. По средбата, пратениците проценија дека е потребно дополнителна консултација и координација помеѓу младинските организации, со цел градење консензус и обезбедување на јасни препораки за потребните измени на ЗМУИМП.

6. Студиска посета на Клубот за младински прашања и младински политики во Шкотскиот парламент

На 28-29 септември 2023, делегација предводена од пратеничката Моника Зајкова како претседавач со Клубот, заменик генералниот секретар Бојан Василевски, пратениците Јован Јаулески, Дарко Каевски и Фисникe Бектеши Шаќири, заедно со претставници од Фондацијата за демократија на Вестминстер и Британската амбасада во Скопје, учествуваа во дискусии со пратеници и службеници од Шкотскиот парламент, и се сретнаа со организации како Youth Link Scotland и Детскиот парламент.

Студиската посетата овозможи пратениците од Клубот да се запознаат со начинот на кој работи Шкотскиот парламент, како институциите можат ефективно да ги адресираат проблемите на младите, но и да се добијат повеќе приоритетите на Клубот за млади и Комисијата за млади во

Шкотска. Покрај можноста да се запознаат со колегите од тамошниот парламент и да оформат мрежи кои ќе ја унапредат работата на Клубот, пратениците можеа да разменат идеи и мислења за застапеноста на младите, ангажманот во заедницата и предизвиците со кои се соочува младата генерација во нашата земја и во Шкотска.

### III. ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ ВО СОБРАНИЕТО НА РСМ

Фондацијата за демократија на Вестминстер во 2023 година работеше на зајакнување на капацитетите на членовите на Комисијата за финансирање и буџет, со цел унапредување на финансискиот надзор на Собранието за поефикасно и поефективно трошење на јавните пари. Темите на соработка се однесуваа на реформски закони од областа на јавните финансии, за кои пратениците имаат потреба од дополнителни информации и експертиза.

На 15 јануари 2023 година, претставници на Фондацијата за демократија на Вестминстер, се сретнаа со членовите на Комисијата за финансирање и буџет. Средбата имаше за цел презентирање на активностите за времетраењето на програмата пред членовите на Комисијата.

Како дел од овој процес во текот на 2023 година беа реализирани две работилници и тоа:

1. Предизвици за македонската економија од воведувањето на даночната реформа

Работилницата се одржа во Маврово од 21 до 22 март 2023. Присуствуваа пратеници од Комисијата за финансирање и буџет, како и претставници од Службата на Собранието распределени во соодветната комисија. Целта на работилницата беше да се запознаат пратениците и да дискутираат за приоритетите во реформите на даночниот систем, како и да се направи компаративна анализа на даночните реформи во Република Северна Македонија со други земји од Западен Балкан. Оваа анализа беше изработена и презентирана од страна на претставници на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) во Собранието на Република Северна Македонија.

Дополнително, работилницата ја опфати суштината на даночната реформа во Република Северна Македонија и апликативните аспекти и предизвици на даночната реформа. Од суштинско значење за пратениците беше и улогата на Собранието при носењето и имплемтирањето на даночната реформа (мапирање на потреби и предизвици за Комисијата и Собранието на Република Северна Македонија).

2. Буџетски предизвици од финансирањето на единиците на локална самоуправа: Стабилни финансии - Одговорна локална самоуправа

Работилницата се одржа на од 7 до 8 јули 2023. На работилницата беа присутни пратеници од Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за локална самоуправа, како и претставници од Службата на Собранието распределени во соодветните комисии. Целта на работилницата беше да се презентираат приоритетите на реформите за унапредување на фискалната децентрализација, како и да се запознаат пратениците со механизмите за поефикасно и порационално користење на буџетските средства од страна на општините и зајакнување на фискалната дисциплина на општините.

Од страна на Парламентарната буџетска канцеларија беше изработена и презентирана анализа за „Буџетски трансфери кон програмите за финансирање на локалната самоуправа" што е од витално значење за пратениците при носењето на буџетот на Република Северна Македонија.

На работилницата беа презентирани и клучните наоди од Извештајот за мониторинг на јавните набавки на локално ниво, а беше разработена и улогата на Собранието при носењето и имплементирањето на реформите за унапредување на фискалната децентрализација.

## IV. ПОДДРШКА ЗА ВОЛОНТЕРСКА ПРОГРАМА

Програмата за волонтерска работа за млади во Собранието има за цел градење на капацитети и градење на доверба на младите кон Собранието. Оваа проектна активност вклучува креирање на анализа за потребите, нацрт програма, оперативни подготовки и ангажирање на волонтери во Собранието.

ВФД во соработка со Собранието на Република Северна Македонија во 2023 година изработи „Анализа за потребата од програма за волонтирање во рамките на Собранието на Република Северна Македонија", и врз основа на оваа анализа, во текот на септември беше доставена до Собранието и презентирана „Програмата за волонтирање во Собранието на Република Северна Македонија".

Програмата вклучува теоретски дел во времетраење до еден месец и практичен дел во времетраење до пет месеци. Програмата нуди детално образложение на теоретскиот дел од волонтерската програма, додека практичниот дел ќе биде реализиран во рамките на секторите каде ќе бидат распределени волонтерите. Со тоа, во 2023 година завршија подготовките за почеток на програмата во следната календарска година

# 9.3. Активности на DCAF во Собранието на Република Северна Македонија

<u>Општо за Програмата и Проектот</u>:

ДЦАФ им помага на земјите-партнери во изготвувањето и унапредувањето на легислативата, подобрување на капацитетите на институциите и развој на политиките и практиките за подобрување на управувањето и отчетноста на нивниот безбедносен сектор, преку инклузивни и партиципативни реформи засновани на меѓународни норми и согласно со начелата на: непристрасност, локална одговорност/сопственост, инклузивно учество и родова еднаквост.

ДЦАФ и Собранието го започнаа стратешкото партнерство со потпишување на Меморандум за разбирање на **3 мај 2018** година за спроведување на Проектот „***Развивање на парламентарен и независен надзор***“, како дел од пошироката „***Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017-2021 година***“ реализирана од страна на ДЦАФ.

Оттогаш се постигнати забележителни позитивни резултати, а Проектот обезбеди навремена поддршка за почетната фаза од тоа што ќе прерасне во подолготраен реформски процес за демократско управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. Ова на директен и решителен начин придонесува за изградба на нужните механизми за отчетност, поврзани со напредокот на преговорите за членство во ЕУ.

Врз основа на резултатите и продолжувањето на реформските приоритети од страна на Собранието, со финансиска и стратешката поддршка од Швајцарија, Шведска, Холандија и Европската Унија, почнувајќи од 1 април 2021 година, ДЦАФ ја иницираше нова фаза и ја започна ***Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија***. Програмата ќе има продолжена временска рамка за имплементација со две фази на интервенција: 2021-2023 (фаза II) и 2024-26 (фаза III). Во таа насока ДЦАФ и Собранието на **19 ноември 2021 година** го потпишаа **вториот Меморандум за соработка** кој ја регулира соработката во втората и третата фаза за реализација на Проектот ***„Поддршка за развојот на парламентарниот надзор над безбедноста и разузнавањето во Република Северна Македонија“***.

Активности реализирани во периодот од 1 јануари 2022 до 31 декември 2023 година

Активностите организирани од ДЦАФ во 2023 година имаа за цел зголемување на свеста и релевантната експертиза за парламентарен надзор над безбедноста и разузнавањето.

ДЦАФ со Собранитето на Република Северна Македонија, како партнерска институција, покрај редовната секојдневна подршка на Собранието, реализираше дванаесет настани кои се претставени во табеларниот преглед подолу.

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни од Собранието |
|---|---|---|---|
| 1. | Работилница бр. 1 - "Концептуализација и динамика на изработка на акредитациски документи за заштитената соба " <br> 16-17.2.2023, Велес | Дефинирање на пристапот и поставување на контурите и опфатот насе дефинира и понатамошната динамика на работа. <br> Прва од предвидениот сет на работилници кои, заедно со процесот на изработка, имаа за цел продуцирање на нацрт документите (во согласност со стручните национални и меѓународни стандарди) кои подоцна ќе бидат доставени до Собранието на разгледување, одобрување и поднесување до авторитетите за акредитација. | 4 претставници од парламентарна служба, 1 претставник од парламентарно обезбедување |
| 2. | Работилница бр 1. „Развивање стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и контролни и надзорни институции" <br> 27-28.2.2023, Велес | Разбирање на концептот за поднесување на извештаи од институциите и неговата важност во процесите на транспарентност и одговорност на разузнавачкиот и безбедносниот сектор. Конкретно, учесниците разговараа и ги разгледаа стандардите и законските барања за тоа изработка и структурирање на нивното известување, како да се известува јавноста, како да се презентираат квантитативните и квалитативните податоци во извештаите и со тоа да се направи известувањето поконзистентно во овој сектор со цел да се создаде поголема јавна свест и транспарентност за нивните активности за надзор и контрола. | 3 претставници од парламентарна служба |
| 3 | Работилница бр. 2 - Концептуализација и динамика на изработка на акредитациски документи за заштитената соба " <br> 22-24.3.2023, Берово | Усогласување на концептот и отпочнување на изработка на документот Изјава за безбедносни потреби, кој е еден од акредитациските документ за Заштитената соба во Собранието. | 5 претставници од парламентарна служба, 1 претставик од парламентарно обезбедување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Работилница бр. 3** - Концептуализација и динамика на изработка на акредитациски документи за заштитената соба " 11.4.2023, Скопје, Собрание | Работа во изработката на документот Изјава за безбедносни потреби, концепиран и прилагоден на реалните состојби/потреби за Заштитената соба во Собранието. | 4 претставници од парламентарна служба |
| 5. | **Работилница** со повеќе засегнати страни, Продлабочена тема: „Усогласување на парламентарниот надзор со граѓанскиот надзор над разузнавањето и безбедноста". 26-28.4.2023, Охрид | Цели * Да се зајакне знаењето и разбирањето на Пратениците/Собраниската служба и претставниците на граѓанските организации и медиумите како формалниот парламентарен надзор и неформалниот граѓански надзор се надополнуваат еден со друг. * Подобрување на соработката помеѓу пратениците/Собраниската служба и претставниците на граѓанските организации/медиумите, со цел зајакнување на надзорот над разузнавањето и безбедноста преку заедничко дефинирање на примарните одговорности и предизвици. * Поттикнување дискусија и дебата за прашања од заеднички интерес поврзани со подобри практики на надзор. | 12 пратеници и 4 претставници од парламентарна служба |
| 6. | **Работилница бр 2.** **„**Развивање стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и контролни и надзорни институции" 5-7.5.2023, Маврово | Првата работилница имаше за цел да ја пополни празнината во разбирањето на барањата за известување и неговата важност, со цел дада се подобри транспарентноста и одговороноста на разузнавачкиот и безбедносниот сектор. Последовстелно, во втората работилница учесниците се обидоа да ги одредат специфичностите и предизвиците при изработка на извештаите од страна на институциите на разузнавачкиот и безбедносниот сектор и предлагаа заеднички решенија за нивно надминување преку усогласување на минималните стандарди за известување. | 3 претставници од парламентарна служба |
| 7. | **Работилница бр. 5** - Концептуализација и динамика на изработка на акредитациски документи за заштитената соба " 25-26.5.2023, Велес | На оваа практична работилница се финализираше документот Изјавата за безбедносни потреби и се отпочна со изработката на Безбедносната проценка. Исто така, се дефинираше и понатамошната динамика на целокупната работа. | 4 претставници од парламентарна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | **Работилница „**Управување и отчетност на разузнавачкиот и безбедносниот сектор. Пристап на НАТО и ЕУ за реформи во безбедносен сектор: Лекции за парламентарен надзор"<br><br>5-7.6.2023, Велес | * Да се зајакне знаењето и разбирањето на пратениците и Собраниската служба за пристапот на НАТО и ЕУ кон реформите во безбедносниот сектор, управувањето и отчетноста пресликана преку надзорот во безбедносниот сектор,<br>* Пристап кон концептот на ЕУ и НАТО за реформа на безбедносниот сектор во дигиталната ера. Сајбер закани за безбедноста и нивните различни концепти: сајбер криминал, сајбер тероризам и сајбер војување,<br>* Преку практични вежби и примери се поттикна дискусија и дебата за прашања поврзани со управувањето на разузнавачкиот и безбедносниотсектор и практиките на парламентарниот надзор. | 15 пратеници 4 претставници од парламентарна служба |
| 9. | "**Работилница** со повеќе засегнати страни и **Работна посета** за улогата на граѓанските организации и медиумите во управувањето и надзорот на безбедносниот сектор"<br><br>5-7.9.2023, Берлин, Германија | * Подобрување на знаењето и разбирањето на претставниците на македонските ГО и медиумските организации за нивната улогата во демократскиот надзор,<br>* Размена на искуства со германските колеги и поттикнување на дебата и дискусија за афирмација на германските најдобри практики за цивилен надзор што може да се применат во македонскиот систем,<br>* Промоција и вмрежување за градење на професионални односи кои можат да бидат од корист за подобар надзор во РСМ,<br>* Посета на Бундестагот, Парламентарен надзорен панел за разузнавање. | 1 претставник на парламентарна служба |
| 10. | **Работилница бр. 2** со повеќе засегнати страни, „Усогласување на реформата на безбедносниот сектор со реформата во правосудниот сектор".<br><br>18-20.10.2023, Маврово | Настанот ги спој претставниците на Парламентот (пратеници и парламентарна служба), претставниците на Правосудството (судии и јавни обвинители), и претставниците на граѓанските организации/медиумите со цел зголемување на разбирањето за нивните различни улоги во надзорот и обезбедувањето на ефикасно и отчетно управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор. Потребата од ваков тип на работилница пред сее произлегува од интересот на засегнатите страни за размена на размислувања, знаења, добри практики и дефинирањето на одговорностите и улогите во сеопфатниот надзор и контрола над безбедносно разузнавачкиот сектор во РСМ. | 15 пратеници и 4 претставници на парламентарна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11.** | **Работилница бр 3.**<br>„Развивање стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и контролни и надзорни институции"<br>21.11.2023, Скопје | Целта на работилницата беше презентирање на изработената нацрт публикација со стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и контролни и надзорни институции и давање на можност за финални коментари и дополнувања во публикацијата од страна на сите учесници од вкупно 18 институции. | 3 претставници на парламентарна служба |
| **12.** | Работна посета на Словенечкиот Парламент и Заштитената Соба<br>4-6.12.2023, Љубљана, Словенија | Целта за пратениците беше работна средба со словенечките колеги за искуствата на словенечкиот и македонскиот модел на парламентарен надзор, подобрување на моделот и идни перспективи.<br>Целта за Собраниската служба беше, индивидуално (секој во својот специфичен сегмент на работа), да се запознаат со словенечките искуства, да ги споредат и споделат искуствата, се со цел оптимизирање на работата, процесите и процедурите за Заштитената соба во Собранието. | 3 пратеници и 8 претставници на парламентарна служба |

<u>Идни предизвици:</u>

- Континуитет на надзорниот процес, обука и вовоедување во процесот на новиот парламентарен состав од 2024;
- Вложување на потребни ресурси во одржливоста на постигнатите резултати со Службата на собранието и преземање на иницијативата за надзорниот процес од нивна страна, што дополнително ќе ја гарантира одржливоста на постигнатите резултати;
- Подобрување на квалитетот на парламентарниот и независен надзор;
- Создавање услови и операционализација на Советот за граѓански надзор да може да функционира во рамки на своите надлежности;
- По изградбата на заштитената соба, истата да се акредитира, а лицата одговорни да се обучат за употреба на истата;
- Давање совети, експертиза, продукти на знаење и поддршка на наздорните комисии од страна на ДЦАФ.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *собраниски државни советници;*
4. *сектори;*
5. *одделенија и*
6. *посебни организациони единици.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија раководи генералниот секретар **г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар има тројца заменици и тоа, **Неџбедин Ибраими, Мики Милковски и Бојан Василески.***

*Со Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Северна Македонија донесен на 29 јануари 2021 година и Согласноста за негова примена од 1 февруари 2021 година, во Службата се утврдени еден кабинет, 15 сектори, 49 одделенија во рамките на секторите и кабинетот, една посебна организациона единица - Парламентарен институт и две посебни организациони единици како одделенија. Во Службата се утврдуваат работни места - собраниски државни советници, за одделени области од надлежност на Собранието.*

Собраниските државни советници вршат најсложени работи и задачи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот систем, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието во чиј состав се формирани три одделенија, се грижи за извршување на стручни, аналитички и советодавни работи за остварување на надлежностите на претседателот на Собранието, како и за подготовка и реализација на тековните и меѓународните активности и јавни настапи.

Секторот за поддршка на генералниот секретар на Собранието е составен од пет одделенија. Во Секторот за поддршка на генералниот секретар на Собранието се извршуваат работите за поддршка на работата на генералниот секретар; нормативно-правни работи; поддршка на работата на пратеничките групи; организирање на работата за остварување контакти на пратениците со граѓаните; протоколарните работи за претседателот и потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и замениците.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија во негов состав, подготвува и дава стручна помош во подготвувањето на текстови на Предлог на закони и други акти и на амандмани кои ги предлагаат пратениците; врши правно-техничко уредување на текстовите на предлог на законите за трето читање; врши номотехничко уредување на текстовите на законите и другите акти на Собранието за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија"; јазична редакција, лекторирање, коректура и срамнување на законите и другите акти на Собранието; се грижи за објавувањето на законите и другите акти донесени од Собранието во "Службен весник на Република Северна Македонија", јазична редакција, лекторирање, коректура и срамнување на законите и другите акти на Собранието; се грижи за објавувањето на законите

и другите акти донесени од Собранието во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и врши други нормативно-правни работи што произлегуваат од законодавната надлежност на Собранието.

Секторот за седници на Собранието е составен од три одделенија. Во Секторот за седници на Собранието се извршуваат работи за подготовка и организирање на седниците на Собранието; изготвување на Решение за свикување на седници на Собранието; изготвување на покани за присуство на седниците на Собранието; изготвување на записници од седниците на Собранието; работи поврзани со пратеничките прашања; врши дактилографски работи; изготвува писмен текст од аудиозаписи од седниците (стенографски белешки); изготвува писма со кои претседателот на Собранието доставува предлози на закони, акти и други материјали до сите пратеници во електронска форма, како и други материјали во пишана форма; изготвува писма што претседателот на Собранието предлозите на законите и другите општи акти и материјали ги доставува до претседателот на Републиката, Владата, пратениците, работните тела на Собранието и другите субјекти; како и работни задачи поврзани со е-парламент и е-влада.

Секторот за работни тела на Собранието е составен од осум одделенија. Во Секторот за работни тела се извршуваат работи за подготовка и реализација на седниците на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела; дава стручна и советодавна поддршка и ги координира седниците на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела; ги организира седниците и дава поддршка на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците. Во рамките на одделенијата се врши планирање на седниците на комисиите; подготвување на материјали за седниците, покани, сценарија за предлози на закони и други материјали; се подготвуваат извештаи од прво читање на предлог на законите; сценарија за водење претрес и гласање по поднесени амандамани; подготвување амандмани на работно тело; подготвување дополнет предлог на закони од второ читање и на други предлог акти; подготвување предлог-одлуки, мислења; подготвување извештаи и заклучоци по други материјали што се доставуваат до Собранието согласно со надлежностите на комисиите; подготвува записници и се вршат други работи потребни за реализирање на надлежностите на комисиите; како и внесување на е-парламент на сите материјали кои се поврзани со седниците на комисиите.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите со двете одделенија во негов состав извршуваат стручни и советодавни работи за: организирање, координирање и реализација на седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот; изготвување на документи и обезбедување работни материјали за потребите на Советот; следење на процесот на евроинтеграциите; изготвување на приоритетите на Собранието и информации за реализирани активности на Собранието во процесот на евроинтеграциите; изготвување на анализи и информации за национални стратешки документи и документи на Европската Унија; следење на усвојувањето на законодавството на Европската Унија од годишните ревизии на НПАА; на пратениците преку ЕУ Центарот им обезбедува пристап до информации за прашања од Европската Унија; остварување на редовна соработка во процесот на интеграција во Европската Унија и обезбедува јавност во работата на Советот.

Секторот за меѓународна соработка на Собранието е составен од две одделенија. Во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат работите за организирање и координирање на меѓународните активности на претседателот на Собранието, постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија и на генералниот секретар; подготвување на информации и други материјали од областа на меѓународните активности на Собранието; подготвување на стручен и информативен материјал за потребите на пратениците за билатералните средби со претставници на парламенти на други држави;

подготвување потсетници, извештаи, анализи и други информативни материјали за потребите на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламенти на одделни држави; организирање на службените патувања за билатералната и мултилатералната соработка на Собранието; учествува во организирање на други службени патувања за пратениците и Службата и учествува во организирање на настани во државата.

Во рамките на трите одделенија во Секторот за административни се извршуваат административни работи: прием и заверка на пошта, архивирање и чување на материјали; испраќање на материјали; достава на поштата и пратките преку курирска служба надвор и во зградата на Собранието; се вршат работи поврзани со е-парламент и е-Влада; врши подготовка за испраќање на покани и материјали за свечени приеми и прослави; доставува материјали во салата за одржување на седници на Собранието за време на одржување на седници; до носителите на јавни функции доставува одлуки за избор, именување и разрешување; изготвува статистички информации; врши секретарски работи за потребите на потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, генералниот секретар и замениците на генералниот секретар; врши статистичка обработка на различни податоци по барање на пратениците, пратеничките групи и Службата; прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието; документациониот фонд и стенографските белешки од седниците на Собранието и работните тела; обработува фактографска документација по одделни прашања и проблеми за потребите на Службата; води селекција и евиденција во влезен картон и електронска обработка на документациониот материјал; обезбедува пристап за барателите од Службата и надворешни корисници преку интеранетот и веб-страницата на Собранието; средува и обработува материјали од седниците на Собранието; обработува стенографски белешки од седниците на Собранието со опис и попис согласно нормативите на Архивот на Република Северна Македонија што се предаваат на трајно чување во Архивот; обработува, средува и чува оригинали на закони, одлуки и други акти за секоја изминатата година.

Во Секторот за преведување и толкување формирани се четири одделенија, во кои се извршуваат работи на толкување (устен превод) и писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик; јазична редакција и срамнување на материјали преведени од македонски на албански јазик; јазична редакција на текстови на акти преведени од македонски на албански јазик за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија"; како и устен и писмен превод од македонски на албански јазик на странски јазици и обратно за потребите на Собранието.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и во него се извршуваат работи на планирање, развој и имплементација на информатичкиот систем; овозможува непречено функционирање на информатичкиот систем; се грижи за безбедност на информатичкиот систем; овозможува непречено функционирање на софтверските апликативни решенија во употреба во Собранието; веб-страницата на Собранието; сметките на Собранието на социјалните мрежи и базите на податоци; врши планирање, развој и имплементација на системите за електронско гласање и говорење; овозможува функционирање на аудио и видеопремата во текот на одржувањето на седниците на работните тела и седниците на Собранието.

Секторот за односи со јавноста е составен од две одделенија. Во Секторот за односи со јавноста се извршуваат работи за информирње на јавноста и остварување комуникација со медиумите во врска со работата на Собранието;  објавување на собраниските активности, соопштенија, материјали и информации од јавен интерес на веб-страницата на Собранието; најавување и известување за официјалните средби и други настани во насока на транспарентно Собрание на веб-страницата; промовирање на собраниските

активности на социјалните медиуми; обезбедување непосредна комуникација со медиумите; врши акредитација на новинари; учество во одржувањето на прес-конференции и брифинзи за медиумите како и електронско информирање на истите за собраниските актуелности/активности.

Во Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал во чии рамки се наоѓаат две одделенија, се извршуваат работите на планирање, подготовка и реализација на преноси на седниците на Собранието, работните тела и други тела на Собранието и други настани организирани од Собранието.

Секторот за финансиски прашања е составен од три одделенија и во него се извршуваат работи од областа на финансиското управување и контрола; следење на целосното и навремено прибирање на приходите; навременото плаќање на расходите во согласност со процедурите за преземање на обврски и извршување на плаќања; следење на усогласеноста на извршувањето на буџетот во целост или за одделни буџетски ставки; буџетското и финансиското известување; координирање при подготовката на стратешкиот план на Собранието и предлог-буџетот за наредната година и повеќегодишните проекции поврзани со буџетот; подготвување на Предлогот за изменување и дополнување на буџетот; координира при следење на ефективноста на буџетската контрола што ја спроведуваат раководителите при управувањето со сопствениот дел од буџетот, при што обезбедува дали: одобрените буџети не се надминати; пренамените помеѓу буџетските ставки се вршат согласно на целите и/или намената и буџетските ставки се извршуваат во годината за која се планирани; воспоставува ревизорска трага, односно документиран тек на финансиските и други трансакции од нивниот почеток до крај; координира спроведување контрола на ревизорската трага воспоставена од раководителите во субјектот; изготвување Годишен финансиски извештај согласно со закон; пресметка и исплата на платите; благајничко работење; водењето деловни книги предвидени согласно со закон; усогласувањето на средствата и изворите на средствата; водење на евиденција на основни средства и изготвувањето на завршните сметки на Собранието; прием, евидентирање и издавање на материјали од магацинот.

Секторот за јавни набавки е составен од две одделенија. Во Секторот за јавни набавки се извршуваат работи на следењето и примената на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки; планирање, реализирање и контролирање на набавките на стоки, услуги и работи за потребите на Собранието за тековната година, а согласно со одобрените средства во буџетот на Собранието; спроведување на јавните набавки; изготвување на акти од областа на јавните набавки; водењето на евиденции за постапките за јавни набавки и други евиденции; комплетирање и средување на документациите за извршените набавки и формирање на досиеја; подготвување и давање на известувања, информации и извештаи до Бирото за јавни набавки; истражување на пазарот; давање на стручна и техничка помош на комисиите за јавни набавки.

Во Секторот за техички работи во чии рамки се формирани две одделенија, се извршуваат работи за тековно и инвестиционо одржување на објектот на Собранието; подготовка и реализација на проекти за тековно инвестициони зафати во објектот; тековно одржување на системите (инсталации и опрема) за греење, ладење, ПП заштита, громобранска инсталација, фиксна телефонија, ентериерно уредување на сали и кабинети; по потреба учествува во организирање на свечености и други средби и активности во Собранието; се грижи за одржување на културното наследство согласно со етнолошката традиција; врши фотокопирање и умножување на материјали за потребите на Собранието, работните тела и Службата.

Секторот за управување со човечки ресурси е составен од две одделенија. Во Секторот за управување со човечки ресурси се вршат работите од делокругот на планирање и екипирање на човечките ресурси преку постапки за вработување со јавен оглас; унапредување со интерен оглас; мобилност; права и обврски од работен однос на вработените, пратениците и именувани лица; координација на процесот за

оценување; проценка и анализа на потребите од обука; планирање на обуки; испорака и евалуација на обуките; согледување на вредноста и квалитетот на реализираните обуки; грижа за мотивација на вработените; следење и унапредување на дисциплината на вработените и водење на постапки за дисциплинска и материјална одговорност; внесување и ажурирање на податоци за вработените во електронскиот систем за човечки ресурси и води евиденција за присуство и отсуство на вработени.

Посебната организациона единица-Парламентарен институт ја сочинуваат два сектора, во рамките на кои се формирани по две одделенија. Оваа организациона единица врши истражувања и изработува анализи за потребите на пратениците, работните тела, советите и пратеничките групи; изработува билатерални истражувања и регионални студии со парламентите од земјите од регионот и Европската Унија; разменува информации со ЕЦПРД, ИПУ, ИФЛА, ИЦА, Форумот на центрите за посетители на парламентите и други парламенти и предлага на генералниот секретар кореспондент или заменик кореспондент во Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД) од вработените во Парламентарниот институти обезбедува информации за парламентарни и други меѓународни организации; планира, организира и спроведува специјализирани обуки, семинари и работилници за пратениците, вработените во Службата на Собранието, практикантите во Собранието; асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните и надворешните соработници на пратеничките групи; организира и спроведува воведна сесија за новоизбрани пратеници и брифинзи (кратки презентации); користи законодавна база на податоци (е-архива); управува со библиотека и софтвер за е-библиотека и набавува книжен фонд; спроведува програма за практиканти во Собранието; организира и спроведува специфична комуникација со јавноста; планира и спроведува буџетска потпрограма за Парламентарниот институт.

Посебната организациона единица-Одделението-Парламентарна буџетска канцеларија (ПБК) врши финансиски и буџетски анализи за обезбедување информации на пратениците и работните тела, собраниските комисии во врска со вршење на пратеничкиот мандат и за потребите на Собранието заради унапредување на парламентарниот финансиски надзор. Финансиските анализи кои опфаќаат информативни материјали, брифинзи и кратки студии поврзани со: буџетот, изменување и дополнување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија; годишниот и други финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија, како и на останатите независни тела, основани од Собранието; врши анализи од областа на фискалната и монетарната политика; изработува сопствени финансиски пресметки и основни финансиски проценки на предлог политики, како и проценки на трошоци и користи (cost-benefit) на предлог-законите поднесени од пратеник/пратеници; ја следи работата на Комисијата за финансирање и буџет, како и на останатите работни тела во Собранието; по сопствена иницијатива изработува анализи и статистички макроекономски прегледи за движењето на основните макроекономски индикатори како што се: движењето на БДП, стапката на инфлација, странски директни инвестиции, платен биланс, надворешно трговска размена, монетарни движења, јавен долг, пазар на работна сила и друго; по потреба, организира брифинзи (кратки известувања), семинари и работилници, во областа на фискалната политика, а се поврзани со финансискиот и буџетски надзор; врши размена на информации со други парламенти и со останатите органи на државната управа, како и меѓународни финансиски институции.

Посебната организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на: процена на усогласеност на работењето на Собранието во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори; темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола; оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на генералниот секретар за намалување на факторите за ризик; проверка на точноста, комплетноста и законитоста на

сметководствената евиденција и финасиските извештаи на Собранието; давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на Собранието; извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување; изготвување на извештаи од извршените ревизии; следење на спроведување на мерките преземени од генералниот секретар врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи; изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешна ревизија и други работи од областа на внатрешната ревизија.

| *Назив на секторот* | *вкупен број на вработени во сектори* | *Државни службеници* | | | *работници кои не се државни службеници* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *рако-водни* | *стручни* | *помошно стручни* | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | *1+3* | - | - | - | - |
| *Собраниски државни советници* | *9* | *9* | - | - | - |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | *5* | *2* | *3* | - | - |
| *Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието* | *25* | *2* | *18* | *3* | *2* |
| *Законодавно - правен сектор* | *8* | *1* | *5* | - | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | *9* | *3* | *5* | *1* | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | *33* | *7* | *25* | *1* | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | *6* | *2* | *4* | - | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | *9* | *3* | *5* | *1* | - |
| *Сектор за административни работи* | *37* | *2* | *7* | *14* | *14* |
| *Сектор за преведување и толкување* | *23* | *3* | *18* | *2* | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | *14* | *3* | *3* | *8* | - |
| *Сектор за односи со јавноста* | *5* | *2* | *3* | - | - |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | *5* | *3* | *2* | - | - |
| *Сектор за финансиски прашања* | *15* | *4* | *7* | *4* | |
| *Сектор за јавни набавки* | *6* | *2* | *3* | - | *1* |
| *Сектор за технички работи* | *26* | *1* | *4* | *7* | *14* |
| *Сектор за управување со човечки ресурси* | *5* | *2* | *3* | - | - |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | *21* | *5* | *16* | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение парламентарна буџетска канцеларија (ПБК)* | *5* | *1* | *4* | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | *3* | *1* | *2* | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | ***273*** | ***58*** | ***137*** | ***43*** | ***31*** |

Со измените и дополнувањата на Законот за Собранието на Република Македонија, Службата ја сочинуваат собраниски службеници и лица вработени во Службата кои вршат помошно-технички работи. Собраниските службеници се лица со статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и општите прописи за работните односи, освен ако со овој закон не е поинаку уредено. Лицата вработени во Службата кои вршат помошно-технички работи немаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и прописите за работни односи.

Во Службата, заклучно со 31 декември 2023 година има 242 собраниски службеници и 31 лице вработени кои вршат помошно-технички работи (помошно-технички лица) или вкупно 252 вработени во работен однос на неопределено време. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, кој има заменици.

Генералниот секретар формира Совет на собраниска служба како негово советодавно тело, кое изготвува функционална анализа; предлага акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места во Службата, изготвени врз основа на функционалната анализа; предлага пополнување на работни места во Службата преку интерен и јавен оглас; му помага на генералниот секретар во врска со функционирањето и координирањето на Службата и врши други работи.

Службата има 58 раководни собраниски службеници, 137 стручни собраниски службеници, 42 помошно-стручни собраниски службеници и 31 лице вработени кои вршат помошно-технички работи (помошно-технички лица).

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собранието, на секои пет пратеници, организирани во пратеничка група, предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

Собранието презема активности за зајакнување на собраниската служба како основа за спроведување на другите реформски процеси и активности околу кадровско екипирање, систем за мотивација на вработените, институционална реорганизација и зајакнување на административните капацитети преку систем на генерички и специјализирани обуки.

Собранието како носител на законодавната власт и орган кој што врши политичка контрола на извршната власт овие уставни овластувања може да ги врши само во услови на постоење на негова финансиска и административна независност.

Со измените и дополнувањата на Законот за Собранието на Република Македонија се постигна делумна административна самостојност на Службата на Собранието што се изрази преку: донесување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места

од генералниот секретар на Собранието на предлог на Советот на собраниска служба и истите се применуваат по добиена согласност од претседателот на Собранието; Годишниот план за вработување, за кој финансиска согласност дава Буџетскиот совет на Собранието и Постапките за пополнување на работно место во Службата кои се вршат преку спроведување на постапка за: вработување, преку објавување на јавен оглас; унапредување преку објавување на интерен оглас и мобилност, преку распоредување или преземање, се спроведуваат по претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од претседателот на Собранието, во рамките на обезбедените средства во Буџетот за Собранието и Годишниот план за вработување.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Северна Македонија се создаде законски основ за независна, професионална и ефикасна собраниска служба заснована врз начело на законитост, начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност, начело на стручност и компетентност, начело на управување со ефектот на вработените, начело на сервисна ориентираност, начело на професионална етика, непристрасност и објективност, начело на одговорност, начело на спречување судир на интереси и начело на економично користење на средства.

**Реализирани обуки во 2023 година**

Континуираната едукација е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само високостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Според Законот за административни службеници, административните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието има воспоставен механизам на едукација како предуслов за професионалниот развој во звањата и постојаност во Службата. Притоа се следени примерите и позитивните искуства на другите парламенти и нивна соодветна примена. Во извештајниот период се остварени значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, работилници, конференции со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено се водеше сметка за обука на Службата во сите сегменти, вклучително и за усовршување на познавањето на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е подготвката на годишна програма за обука на собраниските службеници во Службата на Собранието во која се содржани активностите кои им помагаат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен ефект, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории собраниски службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните знаења, вештитни и стручност. Програмите за обука на собраниските службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на

наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието. Процесот на обука во Службата на Собранието се одвиваше континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа.

*Јануари*

1. Курс за француски јазик, во организација на Француски институт-Скопје, 10, 12,17,24 и 26 јануари 2023 година;
2. ЗУМ вебинар : „Институционално интегрирање на родовите аспекти во националните парламентив, во организација на ОДИХР, 24 јануари 2023 година;
3. ЗУМ вебинар: „Веб Дијалог за Институционализација на родов меинстрим во парламентите: Родова ревизија и родови акциски плановив, во организација на OSCE/ODIHR и OSCE Parliamentary Assembly (OSCE PA), 24 јануари 2023 година;
4. Вебинар: „Дали хибридното работење ќе стане „нова нормалност“ за парламентите?“, во организација на Интерпарламентарна унија (ИПУ), 25 јануари 2023 година;
5. Вебинар: „Поддржување на владеењето на правото и улогата на парламентарните административци“, во организација на ЕЦПРД и грчкиот парламент, 30 јануари 2023 година;

*Февруари*

6. Курс за напредно познавање на знаковен јазик за пратеници и вработени во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, во организација на Парламентарниот институт на Собрание на Република Северна Македонија, 7, 14 и 21 февруари 2023 година;
7. Онлајн обука на тема: „Сајбер безбедност за вработени во јавната администрација и во приватниот сектор“, во организација на Агенцијата за електронски комуникации, 23-28 февруари 2023 година;
8. „Анализа за потребата од унапредување на капацитетите за имплементирање на принципите и механизмите на доброто владеење“, во организација на Центар за експертиза за добро владеење, Советот на Европа и Владата на Република Северна Македонија, 28 февруари-1 март 2023 година;
9. Курс за француски јазик, во организација на Парламентарниот институт на Собрание на Република Северна Македонија, 27 февруари 2023 година;
10. Вебинар: „Развојот и реализацијата на Демократската лабараторија“, во организација на Меѓународниот форум на центрите на посетители во парламентите, 28 февруари 2023 година;

*Март*

11. Онлајн обука на тема: „Основна обука за сајбер безбедност за менаџерски и раководен персонал во јавен и приватен сектор“, во организација на Агенцијатата за електронски комуникации, 13-31 март 2023 година;
12. ЕЦПИД семинар од областа на ИКТ на тема: „Како да ги зачуваме нашите парламенти безбедни?“, во организација на ЕЦПИД, 16 и 17 март 2023 година;
13. Воведна сесија за новоработени во Собранието, во организација на Парламентарниот институт, 20 и 21 март 2023 година;
14. Онлајн обука на тема: „Обука за вештини за успех“, во организација на Мотива ДОО - Скопје, авторизиран центар за менаџмент, 21 - 23 март 2023 година;
15. Семинар на ЕЦПРД: „Парламентарни истражувачки служби-интерфејси и кругови на влијание“, во организација на ЕЦПРД и Кнесетот на државата Израел, 22 и 23 март 2023 година;
16. Работилница: „Донесување на Правилникот за утврдување на распоред на работното време, начин на водење на електронската евиденција на работното време, прекувремената работа на вработените и отсуствата од работа на вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија“, во организација на Парламентарниот институт, 23 - 25 март 2023 година;
17. ЕЦПРД семинар на тема: „Парламентите и граѓанските собранија“, во организација на парламентот на Кралството на Белгија и ЕЦПРД, 23 и 24 март 2023 година;
18. „Основен курс по прва помош на работното место“, во организација на Црвен крст на Република Северна Македонија, 29 март 2023 година;
19. Работилница за пратеници, собраниска служба, партнерски организации и граѓански организации на тема:„Собранието и партнерството за отворена власт (ПОВ) - Подготовка на акциски план 2023-2025“, во организација на Парламентарен институт, 30 март-1 април 2023 година;

*Април*

20. Работилница за изработка на ИКТ стратегија на Собранието, во организација на Собрание на Република Северна Македонија, 3 април 2023 година;
21. Работилница: „Зајакнување на парламетарниот буџетски надзор“, во организација на НДИ Македонија, 3-4 април 2023;
22. Програма за парламентарна поддршка: „Посета на претставници од службата на Парламентот на Шкотска - Фискален надзор", во организација на Националниот демократски институт, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје и Центарот за управување со промени, 11 и 12 април 2023 година;

*Мај*

23. Обука на тема :„Подобрување на буџетската контрола и фискалниот надзор во Република Северна Македонија“, во организација на НДИ и Конгресната буџетска канцеларија (ЦБО) во рамките на програмата „Демократско партнерство на Конгресот на САД“, 3-5 мај 2023 година;
24. Работилница на тема: „Улогата на парламентите во процесот на пристапување во ЕУ“, во организација на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СЦД) преку Швајцарската Амбасада во Република Северна Македонија, а спроведувана од Националниот демократски институт, Институтот за демократија„Социетас Цивилис" Скопје и Центарот за управување со промени, 3 мај 2023 година;
25. Вебинар: „Transforming Parliaments: Cloud Computing-choosing the best approach“ , во организација на ИПУ, 8 мај 2023 година;
26. Работилница на тема: „Подготовка на одлука за единствени номотехнички правила за изготвување на закони и други прописи“, во организација на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Швајцарската Амбасада во Република Северна Македонија, а спроведувана од Националниот демократски институт, Институтот за демократија-Societas Civilis и Центарот за управување со промени, 11 и 12 мај 2023 година;
27. Работилница на тема: „Регулирање на организацијата и постапувањето во процесите со размена на информации на парламентарната служба со други парламенти, граѓански организации, меѓународни организации во земјата и меѓународни парламентарни асоцијации и мрежи“, во организација на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Швајцарската Амбасада во Република Северна Македонија, а спроведувана од Националниот демократски институт, Институтот за демократија„Социетас Цивилис"Скопје и Центарот за управување со промени 18-20 мај 2023 година;
28. Обука на тема: „Предавање од модулот„Финансиско известување во јавниот сектор", во рамки на обуката за сертифицирање на сметководители во јавен сектор (PACT)“, организирана од Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Центар за развој на финансии (CEF) - Словенија, 29 мај 2023 година;
29. Конференција на тема: „Кршење на табуата: Менструална правда за сите!“, во организација на Тиииит! Инк. и Период - Скопје, 31 мај 2023 година;

*Јуни*

30. Работилница: „Ревизија на Стратегијата за управување со ризици и регистарот на ризици на Собранието“, во организација на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), 8-10 јуни 2023 година;
31. Обука на тема: „ISMS Internal Auditor Training Course according to ISO 27001:2013“ во организација на Евросимовски консалтинг, 8 јуни 2023 година;

32. Вебинар:„Состанок на Глобалниот административен форум за парламентарна пристапност", во организација на Парламентот на Израел, 15 јуни 2023 година;
33. Вебинар:„Дигиталното патување до Европскиот парламент", во организација на Меѓународниот форум на центрите за посетители на парламентите, 27 јуни 2023 година;
34. Работилница:„Градење капацитети на собраниската служба за анализа и разгледување на извештаите на државниот завод за ревизија", во рамки на Проектот за зајакнување на надзорот над јавните трошења преку извршна транзиција, поддржан од Националната фондација за демократија на САД (НЕД) и Националниот демократски институт (НДИ), 30 јуни 2023 година;

*Јули*

35. Партнерство за отворена власт-Дијлог за Националниот акциски план 2024-2026 година, во организација на Министерство за информатичко општество и администрација, 7 јули 2023 година;
36. Програма за собраниски канал, во организација на Парламентарен институт, 8-10 јули 2023 година;
37. Вебинар на ИПУ/ИПЕН: „Младински парламенти" во организација на ИПУ/ИПЕН, 11 јули 2023 година;
38. Работилница:„Развој на собраниски календар" во организација на НДИ-ПСП-ЦУП, 13-14 јули 2023 година;
39. Работилница:„Подготовка на стратешки план на Собранието 2024-2028 година", во организација на Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија, 26 јули 2023 година;

*Септември*

40. Самит на Партнерството за отворена власт, во организација на ЕЦПРД, 3-8 септември 2023 година;
41. Онлајн настан на тема: Обука за наставници од парламентите-студии на случај од Бразил и Велика Британија, во организација на ИПУ/ИПЕН, 6 септември 2023;
42. Учество на Тркалезна маса на тема: „Пријавување и управување со примени дарови и други погодности-каде сме и што правиме", во организација на Владата на Република Северна Македонија, Меѓународната фондација за изброни системи и УСАИД, 13 септември 2023 година;
43. Форум 2023 година, шеста конференција на Меѓународниот форум на центрите на посетители во парламентите, во организација на Парламентарниот институт, 26-29 септември 2023 година;
44. Петта работилница за демократија „STRENGTHENING DEMOCRACY THROUGH EDUCATION" во организација на Австриskiot парламент, 28 и 29 септември 2023 година;

*Октомври*

45. Конференција: „Новото европско економско владеење“ во организација на Долниот дом на италијанскиот Парламент и Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација ЕЦПРД, 5-7 октомври 2023 година;
46. Работилница:„Буџетска отчетност и одговорност“ во организација на Националниот демократски институт (НДИ), 18-19 октомври 2023 година;
47. Годишна конференција на ЕЦПРД, во организација на ЕЦПРД, 18-19 октомври 2023 година;

*Ноември*

48. Презентација на тема: „Родовата застапеност во изборите и политичките процеси во Северна Македонија: научени лекции и препораки за парламентарните избори во 2024 година“, во организација на IFES и Клубот на пратенички, 9 ноември 2023 година;
49. Обука: „BRIDGE работилница за медиуми и избори“ во организација на ИФЕС, 31 октомври -2 ноември 2023 година;
50. ЕЦПРД семинар во парламентот во Виена на тема: „Иновации и дигитални трансформации во парламентите“ во организација на ЕЦПРД, 5-8 ноември 2023 година;
51. Онлајн работилница на тема: „Младинско учество" - Inter Pares - глобален ЕУ проект за јакнење на капацитетите на парламентите, во организација на Inter Pares, 15 ноември 2023 година;
52. Обука за корисници и администратори за користење на е-тикетинг системот, во организација Лирекс ДОО Скопје, 24 ноември 2023 година;

*Декември*

53. Онлајн тркалезна маса на тема:„From Voting Booths to Tik Tok Activism: Understanding the Expanded Political Repertoire of Today’s Youth“, во организација на INTER PARES, Parliaments in Partnership, EU Global Project to Strenghten the Capacity of Parliaments, 5 декември 2023 година;
54. Тркалезна маса на тема: „Политичко учество на лица со попреченост“- одбележување на два датуми: 3 декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост и 10 декември - Ден на човековите права, во организација на Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија, 7 декември 2023 година;
55. Завршна Конференција со панел Дискусија: „Еднакво учество на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот“, во организација на Инклузива Куманово, 21 декември 2023 година;
56. Обука за јавни набавки: „Чекор по чекор до успешна јавна набавка! „Од план до договор, од понуда до договор, сите чекори за успешно спроведување на јавната набавка, со примена на правна заштита во секој дел од постапката“ во организација на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), 22 декември 2023 година;
57. Дијалог за Партнерството за отворена власт со граѓанските организации, во организација на Собранието на Република Северна Македонија, 25 декември 2023 година.

Покрај специјализираните обуки, реализирани се генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на секоја општа компетенција, предвидена во Рамката на општи работни компетенции за административните службеници во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административните службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/ЛМС) на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Менаџирање на промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Еднаквост и недискриминација;
- Проценка на влијанието на регулативата;
- Менторство.

# 10.2.ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

## 10.2.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да придонесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови;

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите;

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија постапува во согласност со Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија, кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија а го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, согласно со законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2023 година, беа планирани следниве ревизии и тоа:

1. Ревизија на усогласеност (регуларност) при спроведување на процесот на внатрешниот ред на Собранието (Влегување во зградата, користење на работните простории, примањето на странки, присуството на седниците на Собранието и на работните тела, чувањето на службени материјали и акти, противпожарната заштита);
2. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот при спроведување на Службените патувања во странство во Собрание на Република Северна Македонија;
3. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на планирање, организирање и реализирање на седници на Собрание на Република Северна Македонија;
4. Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени во согласност со Годишниот план за извршување на ревизијата за 2022 година на Собранието на Република Северна Македонија;

*ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА*

1. **Ревизија на усогласеност (регуларност) при спроведување на процесот на внатрешниот ред на Собранието (влегување во зградата, користење на работните простории, примањето на странки, присуството на седниците на Собранието и на работните тела, чувањето на службени материјали и акти, противпожарната заштита)**

Ова ревизија е спроведена согласно со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2023 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали процесот на внатрешниот ред на Собранието се спроведува во согласност со законите, подзаконските и интерните акти што се во сила.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

2. **Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот при спроведување на службените патувања во странство во Собранието на Република Северна Македонија**

Ова ревизија е спроведена согласно со Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2023 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешни контроли при спроведување на Службените патувања во странство;

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

3. **Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на планирање, организирање и реализирање на седници на Собрание на Република Северна Македонија**

Ова ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2023 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешни контроли при планирање, организирање и реализирање на седници на Собрание на Република Северна Македонија;

За ова ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

4. **Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизијата за 2022 година на Собранието на Република Северна Македонија**

Ова ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2023 година.

Со ревизијата е опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2022 година.

За спроведената ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Северна Македонија за бројот на спроведени/неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи изготвени во претходната година од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

## 10.2.2 Одделение – Парламентарна буџетска канцеларија

Парламентарната буџетска канцеларија, која од позиција на посебна организациона единица, преку инволвираност и проактивност дава свој придонес во унапредување на парламентарниот надзор, како една од главните улоги на Собранието на Република Северна Македонија. Независноста на Канцеларијата се базира на анализа на перформансите на фискалниот систем и обезбедување на аналитичка поддршка преку истражување на буџетски документи, но и испорака на едукативни материјали од актуелен интерес за парламентарниот состав во Собранието.

Поддршката која ја испорачува Парламентарната буџетска канцеларија, преку навремена испорака на документи од макроекономски и фискален карактер има цел да се редуцира асиметријата на информации помеѓу извршната и законодавната власт и да ја истакне фактичката состојба во државата на макроекономски план. Преку објективна анализа, концизност и експедитивност, користејќи податоци од внатрешни извори на клучни домашни институции и од надворешни извори од меѓународни финансиски институции, секој документ е во насока на подобрување на парламентарната дебата, зголемена транспарентност на јавниот сектор и поголем увид во макроекономски трендови и фискална одржливост на среден рок.

Во 2023 година Канцеларијата евидентира најголем број на изработени проактивни документи, каде од вкупно 43 има 23 периодични извештаи, 3 едукативни материјали, 9 кратки информации и 8 тематски анализи. Беа организирани 3 работилници, во кои беа опфатени актуелни теми поврзани со буџетското планирање и извршувањето на буџетски средства, како и за имплементацијата на даночните реформи во државата.

За потребите на матичните работни тела, беа изработени 4 клучни тематски анализи, една која е резултат на билатерална соработка со Парламентарната буџетска канцеларија на Собранието на Црна Гора на тема движења на странски капитал и состојба на трговска размена и втора како регионална компаративна анализа на состојбата на јавниот долг и сервисирањето на буџетскиот дефицит во девет селектирани економии. Втората и четвртата тематска анализа се однесуваат на предложениот буџетски документ за следната фискална година и извршувањето на републичкиот буџет во претходната година.

На барање од пратеници, изработени се 22 анализи на теми поврзани со предлог буџетскиот документ и завршна сметка на истиот, како и за спроведени даночни реформи кај селектирани земји од регионот. Од вкупниот број на подносители на

барања за анализа, 8 анализи беа од страна на парламентарното мнозинство и 14 од опозицијата во парламентот. Родовата застапеност во поднесените барања покажуваат на 13 мажи и 9 жени, додека националната припадност евидентира 18 Македонци и 4 Албанци.

Во 2023 година вработените од Парламентарната буџетска канцеларија учествуваа во три настани, од кои два поврзани со најавените даночни реформи, на кои даде свој придонес со едукативни материјали и опширна финансиска анализа и трет на тема трансфери за капитални инвестиции од републички буџет до единиците на локалната самоуправа.

Во соработка со Националниот институт за демократија, беа остварени три средби и тоа една со претставници од Чешкиот парламент, со кои се отвори можност за соработка на нова билатерална анализа, втора со претставници од американската конгресна буџетска канцеларија преку механизмот за Демократско партнерство со цел размена на искуства на тема клучни двигатели на ефективен надзор на буџетскиот процес и трета со претставници од Шкотскиот парламент како работна сесија за презентирање на пристапи на изработка на анализи и споделување практични знаења од работата со членови на парламент. Дополнително, во соработка со Фондацијата за демократија Вестминстер се организира работен состанок со регионалниот директор на фондацијата и претставници од британската амбасада на кој се дискутираше за напредокот на Парламентарната буџетска канцеларија, тековните активности и очекувањата за претстојниот период за реализација на стратешки цели.

Вработените од Канцеларијата имаа работна посета во Шкотскиот парламент, организиран од Националниот институт за демократија, каде во текот на три дневна агенда, беа споделени искуства со посебни организациони единици од Шкотскиот парламент, чии ингеренции се поклопуваат со тие на буџетската канцеларија со цел да се имплементираат пристапи на работа за да се зголеми транспарентноста и одговорноста на извршната власт преку унапредување на парламентарниот надзор.

## 10.2.3 Парламентарен институт

Резиме

Врз основа на член 42 од Законот за Собранието и член 13 од Правилникот за работа и организација на Парламентарниот институт, раководителот на Парламентарниот институт поднесува **Извештај за работата за 2023 година** до членовите на Управувачкиот совет. Во 2023 година Управувачкиот совет оддржа состанок на 30 јануари 2023 година.

Во функција на информирање на пратениците, во 2023 година беа одговорени **59 доставени барања**; подготвени **32 истражувања** по сопствена иницијатива; и одговорени **113 прашалници** кон меѓународни мрежи и други парламенти. Дополнителен фонд на информации беа обезбедни со **10 референтни материјали** од библиотеката; беа изнајмени **82 наслови**; ставени на располагање **3 бази на податоци**; **78 претплати** на Службен весник; **8** весници и списанија; воведна сесија за новите вработени во Службата; една обука за асистентите на пратеничките групи во Собранието.

Во функција на отвореност на Собранието и комуникација со јавноста за улогата на законодавната власт, демократски вредности и политичка култура беа спроведени следниве активности:

Во 2023 година, **10.245 граѓани** беа дел од **246 организирани обиколки** на Собранието. од 50 различни населени места во државата, од кои 23 различни градови и 27 различни рурални средини.

Беа одржани вкупно **22 едукативни семинари и работилници** наменети за ученици од основно и средно образование, студенти на универзитетите и наставници во основно и во средно образование со вкупно **717 учесници,** на кои учествуваа и **34 пратеници**. Подетално се организираа: една работилница **„Детски парламент",**за ученици од основните училишта; се одржаа 12 работилници **"Имам став"** и на нив учествуваа **271 учесници**; **три** еднодневни едукативни семинари, насловени „Демократијата и Собранието"; **три** семинари за студенти со работен наслов „Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право"; работилница насловена „Собранието и граѓанското образование за наставници во училиштата; работилница за новинари и волонтерска програма со **5 волонтери.**

Како дополнителни активности, беа испечатени вкупно **6.505** информативни и промотивни материјали кои беа дистрибуирани; изработен календар во **500** примероци за 2024 година; спроведени 8 активности за одбележување на поводи и значајни датуми.

За вклучување на маргинализираните групи беше организиран настан во соработка со ИППГ за правата на лицата со посебни способности и НВО Инклузива од Куманово, додека за денови на франкофонијата, за прв пат се реализираше настанот "Млад франкофонски парламент-симулација „Имам став".

Како интегрален дел од Службата на Собранието, Парламентарниот институт координираше или даде придонес кон Акцискиот план 2021-2023 кон Партнерството за отворена власт; Програмата за парламентарна поддршка и Стратешкиот план на Собранието 2024-2028.

Спроведувањето на сите активности на Парламентарниот инстиут ја чинат државата плати и придонеси за моментално 20 вработени. Од оперативните расходи и според одобрениот буџет за 2023 година, се потрошија 400.000 денари за патувања и сместувања во странство, одржување

на софтвери и хардвери преку два договора 1.200.000 денари, намирници за посетителите (кафиња, води и закуска) 860.000 денари и уште 700.000 денари за договорни услуги (печатење, преводи, пристап до бази на податоци и слично.) или вкупно 0.5% од годишниот буџет на Собранието.

1. Информиран законодавен дом

1. 1. Во 2023 година беа поднесени 59 барања за истражувачки работи од кои 56 барања се поставени од пратеници, додека 3 барања се од генералниот секретар. Реализираните 56 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно 27 различни пратеници или 22,5% од вкупниот број на пратеници. Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието.

Табела 1 статистика на истражувања по барање на пратеници

| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | | Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | | | | | 27 | | | | |
| Полова структура | број на барања од пратенички | | број на барања од пратеници | | Полова структура | пратенички | | пратеници | |
| | 31 | 55.36% | 25 | 44.64% | | 17 | 62.96% | 10 | 37.04% |
| Етничка припаднос т | број на барања од пратеници Македонци | | број на барања од пратеници Албанци | | Етничка припадност | пратеници Македонци | | пратеници Албанци | |
| | 49 | 87.5% | 7 | 12.5% | | 22 | 81.48% | 5 | 18.52% |
| Политичка припаднос т | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | | Политичка припадност | владејачко мнозинство | | опозиција | |
| | 32 | 57,14% | 24 | 42.86% | | 17 | 62.96% | 10 | 37.04% |

1.2.По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи 32 истражувачки работи[14].Со истражувачките работи по сопствена иницијатива се анализираат актуелни теми и теми кои се поврзани со предлог на законите кои се во собраниска процедура.

1.3.Дополнително во извештајниот период одговорени се 113 прашалници во рамки на ЕЦПРД, ИПУ и други организации и парламенти.

1.4.Во рамките на активностите, Парламентарниот институт одржа воведна обука за нови вработени во Службата на Собранието како дводневна работилница на 20 и 21 март 2023 година, за 10 нововработени со цел да се запознаат со организацијата и функцинирањето на Собранието.

1.5.На 26 и 27 јануари Парламентарниот институт организираше и спроведе обука за зајакнување на административните капацитети на надворешните соработници на пратеничките групи на тема: „Употреба на новиот Е-парламент систем и номотехнички правила на изработка на прописи", на која вкупно учествуваа 14 надворешни соработници на пратеничките групи со цел да им се

[14] Истражувачките работи по сопствена иницијатива се јавно достапни на веб- страницата на Собранието на следниот линк https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniotinstitut-ns-article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut-2023-godina

приближат различните аспекти од работењето на Собранието за да се обезбедат квалитетни, административни, стручни, технички и други услуги за пратениците.

1.6.Во извештајниот период, Параламентарниот институт за првпат реализираше Волонтерска програма со цел да им овозможи на младите штотуку дипломирани образовани луѓе да се стекнат со практични знаења за законодавната власт. Волонтерската работа се реализираше во периодот од 15 мај до 15 ноември 2023 година со пет избрани кандидати во претходен процес на селекција преку јавен оглас.

1.7.По спроведена постапка за јавна набавка на дневни и неделни весници на 3 ноември 2021 година е склучен Договор со Друштво за дистрибуција, трговија и услуги Колпортер ДОО Скопје, согласно кој Собранието ги добива следните весници и списанија (истиот, по спроведена постапка е продолжен со истите количини за до крајот на 2022 година и за 2023):

1. Нова Македонија - 17 броја
2. Вечер - 17 броја
3. Слободен печат - 18 броја
4. Лајм - 7 броја
5. Коха - 8 броја
6. Фокус (неделно) - 17 броја
7. Економија и Бизнис (месечно) - 2 броја
8. Лице в Лице (периодично) - 12 броја

1.8.Собранието е претплатено и добива 10 примероци печатено издание на „Службен весник". За потребите на пратениците и за Службата на Собранието, Парламентарниот институт се има претплатено и на три бази на податоци - Службен весник на Република Северна Македонија, Академика и Праксис. На електронската база на податоци на „Службен весник" се претплатени 49 корисници до 10.02.2024 година, 29 корисници до 15.8.2024 година.

1.9.Библиотечниот фонд е унифициран и достапен за пратениците и другите корисници. Во системот е-библиотека се обработени, евидентирани и внесени 14.211 книги, истите локациски се распределени во витрини во просториите на Парламентарен институт и по ходниците на зградата на Собранието. Како што беше предвидено во претходната година, книгите од салата „Борис Трајковски" се евидентирани во системот е-Библиотека и распоредени во соодветни витрини, а согласно областите систематизирани и распоредени по шкафови. Нивниот број изнесува 1.701. Електронскиот каталог се пристапува преку страницата: <http://biblioteka.sobranie.mk/General/Books.aspx>, каде секој корисник може да пристапи со неговото коирсничко име и лозинка со која и се пристапува во системот е-парламент.

1.10.Од библиотеката во текот на 2023 година се изнајмени 82 наслови од кои 3 книги беа изнајмени од страна на пратеници.

1.11.0Во текот на 2023 година се изработени десет тематски истражувања од библиотечниот фонд со кој располага библиотеката и тоа:

Нобеловци;

Корпоративно право и финансии;

Безбедност;

Кризи и справување со истите;

Парламентарни процедури;

Сиромаштија;

Претприемништво;

Фармакологија;

Историска географија;

Земјоделско прехранбени продукти.

Тематските истражувања се достапни на рмс системот на Парламентарен институт, во читалницата на истражувачката библиотека како и по полиците низ Собранието заедно со другите материјали на Парламентарниот институт.

2. Собранието за сите

2.1.На седницата на Управувачкиот совет од 30 јануари 2023 година, беа предложени и усвоени Годишен план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2023 година и Годишен план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2023 година. Овие два плана се основа за спроведување на активностите за едукација и информирање на граѓаните, како и на пратениците, вработените во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните

2.2.Согласно плановите за едукација и специфична комуникација со јавноста, Парламентарниот институт во текот на 2023 година организира и спроведе семинари и едукативни работилници за следниве целни групи

* две едукативни работилници наменети за ученици од основните училишта во Република Северна Македонија насловени „Детски парламент", вкупно 150 учесници, ученици и наставници.

* четири еднодневни едукативни семинари, на тема „Демократијата и Собранието" за ученици во средните училишта, вкупно 104 учеснции, ученици и наставници;

* десет едукативни работилници за ученици од средните училишта во вид на симулации (игри на улоги) насловени „Имам став!", вкупно 271 учесници, ученици од 10 средни училишта;

* три еднодневни интерактивни семинари за студенти со работен наслов „Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право" во вкупен број од 81 студенти и професори;

* работилница за наставници по граѓанско образование од основните училишта во Република Северна Македонија, вкупно 24 учесници наставници од основните училишта;

* работилница за новинари акредитирани во Собранието на Република Северна Македонија, вкупно 13 учесници, новинари.

Во текот на 2023 година беа одржани вкупно 22 едукативни семинари и работилници наменети за ученици од основно и средно образование, студенти на универзитетите и наставници во основно и во средно образование. Во едукативните настани со вкупно 717 учесници, се вклучија и вкупно 34 пратеници од различни политички партии.

- Едукативна работилница Детски парламент - првата работилница беше организирана на 24 февруари 2023 година и на неа учествуваа вкупно 72 учесници од 15 основни училишта, додека втората се одржа на 5 декември 2023 година (по повод Светскиот ден на детето), со 78 учесници од 15 основни училишта. Целта на оваа активност е преку

симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. На работилниците учество земаа и шест пратеници од различни пратенички групи во Собранието, при што учениците имаа несекојдневна можност да разговараат со пратениците и да им поставуваат прашања.

- Едукативен семинар „Демократијата и Собранието" - на првиот семинар кој се одржа на 31 јануари учествуваа 26 учесници од 5 средни училишта од 4 различни градови, на вториот семинар на 22 февруари од 5 средни училишта од 5 различни градови во вкупен број од 28 учесници, на третиот семинар на 7 март учествуваа 24 учесници од 5 средни училишта од 4 различни градови и на последниот семинар на 15 септември по повод Меѓународниот ден на демократијата учествуваа ученици од 5 средни училишта од 5 различни градови во вкупен број од 26 учесници.
- Едукативна работилница „Имам став!" - Работилниците во рамките на „Имам став!" се реализираа во еден циклус, првиот во периодот од 14 март до 12 април, земаа учество 10 средни училишта со вкупно 271 учесници. Симулациите на законодавната постапка опфатена во рамките на активноста, ја оценуваше жири комисија составен од по тројца пратеници, при што во оваа сезона на „Имам став!" учествуваа вкупно 23 пратенички и пратеници од различни пратенички групи. Финалниот настан се одржа на 2 мај, а победници на ова издание на „Имам став!" беа учениците од „Раде Јовчевски - Корчагин" од Скопје.
- Семинар за студенти - трите семинари со работен наслов „Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право" се реализираа на 1 март, на 3 мај и на 16 ноември и вкупно учествуваа 81 студенти и професори од 5 различни универзитети. На семинарите се вклучија тројца пратеници од различни пратенички групи во Собранието и на студентите им го пренесоа своето практично искуство во извршувањето на пратеничката функција.
- Работилница за наставници по граѓанско образование од основните училишта -одржана на 5 октомври по повод Светскиот ден на наставниците и на неа земаа учество наставници од 24 основни училишта од целата држава од 19 различни градови и рурални средини. На работилницата земаа учество тројца пратеници во Собранието од три различни пратенички групи, членови во Комисијата за образование, наука и спорт.
- Работилница за новинари акредитирани во Собранието на Република Северна Македонија - одржан на 3 февруари 2023 година во Едукативниот центар на Парламентарниот инситут, со учество на 13 новинари на тема: „Основи на парламентаризмот: теорија и пракса“.

2.3.Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт спроведува организирани тури на зградата на Собранието за сите заинтересирани граѓани. Во 2023 година, 10.245 граѓани беа дел од 246 организирани обиколки на Собранието. Бројот на организирани обиколки и бројот на учесници во 2023 година претставуваат рекордни постигнувања, односно најголем број на обиколки и учесници досега во рамките на една календарска година. Организираните обиколки се реализираа со физичко

присуство на учесниците во зградата на Собранието. Преку овие тури, кои се со времетраење од еден час, граѓаните имаат несекојдневна можност да ја разгледаат зградата на Собранието и да видат каде работат пратениците.

Во однос на типот на терминот за обиколка, 9.067 (88.50%) учесници имало на обиколките со физичко присуство на учесниците, 385 (3.76%) на онлајн турите, додека 793 (7.74%) биле за време на обиколките кои се одржуваат во склоп на едукативните семинари/вебинари.

Табела 2. Преглед на учесници на обиколките според тип на термин за посета во 2023 година

| тип на термин за посета | број на обиколки | број на учесници |
|---|---|---|
| обиколки со физичко присуство на посетителите | 227 | 9.067 |
| онлајн тури | 5 | 385 |
| организирани обиколки во склоп на едукативните семинари/вебинари | 24 | 793 |
| вкупно | 256 | 10.245 |




Во однос на целните групи опфатени со обиколките, најголемиот број на учесници (6.176 или речиси две третини од вкупниот број) биле ученици и наставници од основните училишта. Голем удел во вкупниот број на учесници имаат и учениците и наставниците од средните училишта (1.711).

Табела 3. Преглед на учесници на Собранието според тип на учесници во 2023 година

| тип на учесници | број на обиколки | број на посетители |
|---|---|---|
| ученици и наставници од основни училишта | 137 | 6.176 |
| ученици и наставници од средни училишта | 37 | 1.711 |
| студенти | 11 | 265 |
| деца и наставници од предучилишна возраст | 7 | 329 |
| гости на пратеници и странски делегации | 9 | 247 |
| групи на членови на граѓански организации | 14 | 557 |
| останати | 41 | 960 |
| вкупно | 256 | 10.245 |




Во однос на јазикот на кој се реализирале обиколките, најголемиот број од турите биле на македонски јазик (73,12% од вкупниот број на посетители), 47 тури биле на албански (17,63%), 6 тури биле на македонски јазик со обезбебеден превод на албански (7,72%), 12 тури на англиски (5,57%), додека две тури биле на македонски со вклучено толкување на знаковен јазик.

Табела 4. Преглед на број на обиколки во 2023 година според јазик на реализирање на обиколката

| тип на термин за посета | број на посетители |
|---|---|
| на македонски јазик | 7.491 |
| на македонски јазик со превод на албански јазик | 305 |
| на албански јазик | 1.806 |
| на англиски јазик | 571 |
| на македонски јазик со толкување на знаковен јазик | 53 |
| на српски јазик | 3 |
| на македонски јазик со превод на турски јазик | 16 |
| Вкупно: | 10.245 |



Во однос на периодот од годината, најмногу учесници на обиколките се забележани во месеците март (1.402), мај (1.324) и ноември (1.943), додека најмалку учесници имало во месеците јули (31) и август (15).

| Месец: | број на обиколки: | број на посетители: |
|---|---|---|
| Јануари | 7 | 209 |
| Февруари | 21 | 747 |
| Март | 36 | 1.402 |
| Април | 24 | 1.116 |
| Мај | 34 | 1.324 |
| Јуни | 18 | 569 |
| Јули | 3 | 31 |
| Август | 1 | 15 |
| Септември | 23 | 901 |
| Октомври | 27 | 1.096 |
| Ноември | 39 | 1.943 |
| Декември | 23 | 892 |
| ВКУПНО | 256 | 10.245 |

Табела 5: Приказ на бројот на посетители на Собранието во 2023 година по месеци



Во однос на регионалната застапеност на посетителите, во 2023 година во Собранието имало посетители од 50 различни населени места во државата, од кои 23 различни градови и 27 различни рурални средини од кои 385 онлајн учесници.

2.4.Во текот на годината беше спроведена континуирана подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт. Во 2023 година беа испечатени вкупно 6.505 информативни и промотивни материјали кои беа дистрибуирани до соодветните целни групи.

2.5.Цртежите и пораките на учениците од Детскиот парламент одржан во декември беа искористени за изработка на календар за 2024 година, кој беше испечатен во 500 примероци и дистрибуиран во насока на промоција на Парламентарниот институт и законодавната власт.

2.6.Во однос на искористеноста на материјалните средства, електронска и информатичка инфраструктура, степенот на искористеност на капацитетот на Едукативниот центар за 2023 година изнесува 34,78%. Најголема била искористеноста во текот на месеците октомври (86,88%, односно 139 од вкупно 160 работни часа) и ноември (76,7%, односно 135 од вкупно 176 работни часа), додека најниска била искористеноста во месеците август (5,68%, 10 часа од вкупно 176) и декември (8,12%, односно 13 од вкупно 160 работни часа).

2.7.Согласно Годишниот план, Парламентарниот институт пристапи кон организирање и спроведување активности за одбележување на поводи и значајни датуми. Во текот на 2023 година беа одбележани следните поводи и значајни датуми:

- 23 април - Светскиот ден на книгата и авторското право, одбележан преку изложба на избран дел од библиотечниот фонд на Собранието, размена на книги и доделување на благодарници на најактивните корисници на библиотечните услуги во Собранието за 2023 година
- 3 мај: Меѓународен ден на слободата на печатот, за правата поврзани со новинарите одбележан преку организиран едукативен семинар во Собранието со студентите од Правниот факултет од Скопје - Студии по новинарство;
- 30 јуни: Меѓународниот ден на парламентаризмот - одбележано преку активности на социјалните мрежи;
- 12 август: Меѓународен ден на младите - одбележано преку активности на социјалните мрежи;
- 15 септември: Меѓународен ден на демократијата - организиран едукативен семинар во Собранието за ученици од средните училишта;
- 5 октомври: Светскиот ден на наставниците - организирана работилница во Собранието со наставници од основно образование;
- 20 ноември: Светски ден на детето - организирана работилница Детски парламент во Собранието за ученици од основни училишта на 5 декември 2023 година
- 3 декември: Меѓународен ден на лицата со попреченост и 10 декември - Ден на човековите права - организирана Тркалезна маса на тема: „Политичко учество на лица со попреченост" на 7 декември 2023 година

2.8.Парламентарниот институт, во соработка со ИППГ за правата на лицата со посебни способности и НВО Инклузива од Куманово, на 7 декември 2023 година организираше тркалезна маса со работен наслов: Политичко учество на лицата со попреченост. На тркалезната маса учествуваа шест пратеници и 21 претставници на повеќе организации на цивилното општество

кои се занимаваат со правата на лицата со попреченост. Пратениците и останатите учесници имаа можност да проследат презентација на две анализи кои се однесуваат на проценката на инклузивноста на политичките партии, како и на вклучувањето на лицата со попреченост во изборниот процес.

2.9.По повод денови на франкофонијата, Парламентарниот институт, во соработка со МНР и со Секторот за меѓународна соработка во Собранието го реализираше за прв пат настанот Млад франкофонски парламент- симулација „Имам став!" на 21 март 2023 година на француски јазик. На настанот учество земаа 74 ученици и наставници од средни училишта од градовите Скопје, Неготино, Битола, Гостивар и Тетово. Учениците дискутираа на три различни теми на француски јазик. Покрај тоа, учесниците на Младиот франкофонски парламент едногласно ја усвоија „Декларацијата за унапредување на францускиот јазик", која ќе има големо значење за унапредување на местото и улогата на францускиот јазик во образовниот систем и во јавниот простор на Република Северна Македонија.

2.10.Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за известување за своите настани преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на Институтот на социјалните мрежи и/или на интернетската страна на Собранието.

2.11.Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт континуирано во текот на годината ги објавуваше истражувачките работи подготвени по сопствена иницијатива од 2023 година на интернет страница на Собранието. Истите се достапни на следниот линк: https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut-ns_article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut-2023-godina.

**3. Современ Парламентарен институт**

3.1.Парламентарниот институт беше домаќин на шестата конференција на Меѓународниот форум на центрите на посетители на парламентите кој од 26 до 29 септември 2023 година се одржа во Скопје на тема „Промена, прилагодување, еволуција - како да се остане релевантен во динамична и постојано променлива околина".

На Форумот кој има за цел да ја промовира отвореноста на парламентите и да ја зајакнува меѓународната парламентарна соработка во областа на информирањето и едуцирањето на јавноста, учествуваа 45 учесници од 19 национални парламенти од целиот свет.

Работниот дел на Форумот се состоеше од серија на сесии за размена на искуства и споделување на најдобрите практики помеѓу учесниците. Овие сесии покрија различни аспекти кои се однесуваат на работата на центрите за посетители како што се евалуацијата и значењето на повратните информации, (не)формалната политичка едукација, како и споделување на иновативни активности и производи. Исто така посетителите имаа можност да го гледаат специјалното издание на едукативната активност Имам став!, кое за првпат се одржа на англиски јазик. На Форумот беа поканети како гости предавачи универзитетски професори од УКИМ.

3.2.Шест вработени ја користат можноста за стипендирање за професионално усовршување, и тоа тројца вработени на последипломски, двајца на докторски студии и една вработена на специјализирана обука.
3.3.Во насока на мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите на Парламентарниот институт, се врши евалуација на едукативните настани по завршувањето на истите, при што се изработуваат Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки, кои се земаат во предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани.
3.4.Во извештајниот период, продолжи соработката на Парламентарниот институт во рамки на Меѓународната Федерација и Асоцијација на Библиотеки ИФЛА, Меѓународниот Совет за Архиви (ИЦА), Меѓународниот форум за парламентарни центри за посетители, Глобалниот административен форум за пристапност на парламентите и Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД).
3.5.Во соработка со истражувачкиот центар на Домот на лордовите на Обединетото Кралство и Универзитетот во Лидс, Парламентарниот институт стана член на Меѓународната мрежа за парламентарна акција хттпс://ипен-нетњорк.орг/ чија цел е да се развие меѓународна мрежа на експерти и практичари во врска со ефективноста и влијанието на програмите за вклученост на јавноста во парламентите.

**4.Дигитален парламент**

4.1.Парламентарниот институт располага за софтверски платформи за неколку работни процеси: Е-архива, Е-библиотека и РМС, е-системите за регистрација на граѓани, едукативен квиз, виртуелна тура, Е-семинари и Е-обуки. Дополнително, вработените користат цанва и адобе лиценци за изработка во графички дизајн. Сите системи беа предмет на превентивно оддржување. Преку овие услуги се врши квалитетно и навремено одржување на апликативните решенија и базите на податоци на информацискиот систем.
4.2.Во рамки на ПСП програмата, Собранието на 11 септември 2023 година под број 02-4153/3 прими 30 нови десктоп компјутери за потребите на Парламентарниот институт. Истите се распределни меѓу вработените на користење.
4.3.Дополнително, Собранието прифати да се склучи договор помеѓу НДИ како донатор на средства и Државниот Архив за скенирање и индексирање на архивски документи од законодавната архива во софтвер сопственост на Парламентарниот иснтитут во Собранието. Договорот беше склучен на 15 август 2023 година на износ од 420.600 денари за да се скенираат и индексираат 102 архивски кутии од мандатот 2011-2014. Скенирањето на документите е завршено, во тек е внесување во софтверското решение, за што група од 8 вработени од Државниот архив се ангажирани во просториите на Парламентарниот институт да индексираат документи од законодавната архива.

## 10.3.СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Собранието на Република Северна Македонија има имплементирано два меѓународни системи за управување со квалитет: ИСО стандард 9001-2015 и КАФ моделот.

### ИСО СТАНДАРД 9001-2015

### Систем за управување со квалитет ИСО 9001:2015,

Во извештајниот период, согласно барањата на стандардот во Собранието беше спроведен внатрешен аудит (проверка) од страна на сертифицираите внатрешни проверувачи (аудитори) на спроведувањето и примената на документираните информации и функционирање на Системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015, вклучително и преиспитување од страна на раководството.

Во ноември 2023 година е извршена втора надзорна проверка (аудит) од акредитирано сертификационо тело. Во декември 2023 година е спроведена анкета за оценување на задоволството на службата и пратениците во Собранието.

### Систем за управување со квалитет ИСО 27001:2013

Во извештајниот период во Собранието беше имплементиран Системот за управување со безбедност на информации.

## КАФ МОДЕЛ

Собранието на Република Северна Македонија исправено пред предизвиците на европската интеграција, но и потребата од функционален,отворен, дигитален и безбеден парламент, градењето на ефикасна, модерна и транспарентна собраниска служба која се соочува со предизвици да иновира и да ја подобрува својата професионалност и ефективност и која ќе обезбеди висок квалитет во работењето, продолжува со континуирано градење на системи за управување со квалитет во работењето.

Во таа насока, за реализација на стратешката цел 6 – Ефикасна служба, приоритет 6 – Спроведување на Заедничка рамка за оценка или Common Assessment Framework (CAF) дефинирана во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за 2023-2027, генералниот секретар Цветанка Иванова донесе Решение за формирање на работна група за Заедничката рамка за проценка, односно за примена на ЦАФ моделот, број 02-4279/1 на 18.10.2022 година.

По одржани 3 работилници во 2022 година, во 2023 година се одржани уште 5 работилници:

-на 1 февруари 2023. за критериум 1 - Лидерство

-на 21 февруари 2023. за критериум 2 – Стратегија и планирање

-на 10 март 2023 за критериум 5- Процеси

-на 3 април 2023. за критериум 6,7,8 и 9 Резултати ориентирани кон граѓани/клиенти, луѓе - Општество и Резултати

Финалниот извештај беше подготвен во мај 2023 година и истиот беше доставен до раководната структура. Во финалниот извештај беа предложени 205 мерки за подобрување.

На 19 – 21 јули 2023 година во Охрид се одржа работилница за приоритизација на која учествуваа, тимот за само-проценка, раководители на сектори, државни советници, претставници од ППП проектот, CAF експерти од Центарот за управување со промени или вкупно 39 лица.

Целта на работилницата беше да се дискутираат предложените мерки (205) за подобрување на состојбите во Извештајот за КАФ подготвен од страна на членовите на работната група; да се изврши селекција и да се даде приоритет на мерките од најголема стратешка важност за Собранието, како и да се изврши избор на Quick Wins мерки кои се брзо спроводливи активности, не бараат значителни финансиски ресурси и можат да се реализираат во краток временски период. На крајот, заеднички беа утврдени избраните брзи мерки (24), како и приоритетните мерки (37) кои ќе бидат спроведени од страна на Собранието во наредните 2 години.

Во соработка со одговорните лица за секоја од 37-те избрани мерки / активности за подобрување, се подготвуваат предлог акциски планови за реализација на мерките.

Реализацијата на КАФ активности, обуките, состаноците и работилниците за приоретизирање на стратешки важните мерки за Собранието се остваруваше во рамките на Програмата за Парламентарна Поддршка, финансирана од Швајцарската амбасада/Швајцарската Агенција за развој и соработка, а која се имплементира од страна на Националниот Демократски Институт во Скопје, во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП) и Институтот за демократија Societas Civilis.

## 10.4. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



*Превод и толкување на странски јазици*




*Лекторирање на преведени материјали*



*Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата*




*Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата*



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



*ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ*

Вкупно измножени: А4 формат: 127.468 копии

А3 формат: 285.214 копии

А4 формат фотокопирани: 642.504 копии



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Триесет и четврта седница | 27.11.2023 | -понеделник | 13,20-13,21 |
| 2. | Четириесет и прва седница | 07.06.2023<br>14.06.2023 | -среда<br>-среда | 16,10-16,55<br>13,54-13,57 |
| 3. | Четириесет и петта седница | 27.11.2023 | -понеделник | 13,23-13,24 |
| 4. | Четириесет и седма седница | 27.11.2023 | -понеделник | 13,25-13,26 |
| 5. | Педесетта седница | 27.03.2023<br>10.04.2023 | -понеделник<br>-понеделник | 12,25-13,05<br>12,45-12,50 |
| 6. | Педесет и прва седница | 13.03.2023<br>05.07.2023<br>18.07.2023 | -понеделник<br>-среда<br>-вторник | 12,.45-12,50<br>13,26-14,05<br>14,19-14,21 |
| 7. | Педесет и четврта седница | 27.11.2023 | -понеделник | 13,27-13,28 |
| 8. | Шеесет и шеста седница | 06.06.2023<br>14.06.2023 | -вторник<br>-среда | 12,25-12,40<br>13,57-13,59 |
| 9. | Шеесет и осма седница | 05.07.2023 | -среда | 13,25-13,26 |
| 10. | Шеесет и деветта седница | 05.07.2023<br>18.07.2023 | -среда<br>-вторник | 16,33-16,35<br>14,24-14,25 |
| 11. | Седумдесет и прва седница | 13.03.2023<br>15.03.2023<br><br>20.03.2023<br>27.03.2023<br>30.03.2023<br>10.04.2023<br>05.07.2023<br><br>18.07.2023 | -понеделник<br>-среда<br><br>-понеделник<br>-понеделник<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда<br><br>-вторник | 13,15-18,35<br>12,25-14,00 и<br>15,20-18,25<br>17,20-17,25<br>15,45-17,15<br>12,25-16,55<br>12,50-12,55<br>12,24-13,25 и<br>15,00-15,13<br>14,26-14,32 |
| 12. | Седумдесет и четврта седница | 02.03.2023<br>17.10.2023<br>02.11.2023 | -четврток<br>-среда<br>-четврток | 16,45-17,45<br>14,20-14,25<br>12,55-13,00 |
| 13. | Седумдесет и деветта седница | 14.03.2023<br>20.03.2023<br>27.03.2023<br>10.04.2023<br>27.11.2023 | -вторник<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-понеделник | 12,25-14,45<br>17,25-17,35<br>13,05-15,25<br>12,55-12,57<br>13,29-13,31 |
| 14. | Осумдесет и четврта седница | 13.02.2023 | -понеделник | 13,20-13,25 |
| 15. | Осумдесет и шеста седница | 27.03.2023<br>10.04.2023 | -понеделник<br>-понеделник | 15,35-15,45<br>12,57-12,59 |
| 16. | Деведесет и прва седница | 06.03.2023<br>09.03.2023<br>03.04.2023<br>06.06.2023<br>14.06.2023 | -понеделник<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 13,53-13,54<br>12,40-18,15<br>12,30-14,25<br>12,45-14,25<br>14,00-14,03 |
| 17. | Деведесет и петта | 06.03.2023<br>20.03.2023<br>01.06.2023<br>14.06.2023<br>27.11.2023 | -понеделник<br>-понеделник<br>-четврток<br>-среда<br>-понеделник | 13,55-17,15<br>17,35-17,45<br>11,20-12,10<br>14,04-14,11<br>13,32-13,33 |
| 18. | Деведесет и седма | 06.03.2023<br>20.03.2023 | -понеделник<br>-понеделник | 12,20-13,53<br>17,45-17,46 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Деведесет и деветта | 10.01.2023<br>24.01.2023<br>25.01.2023<br>13.02.2023<br>20.03.2023<br>31.05.2023<br>14.06.2023 | -вторник<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-среда<br>-среда | 11,45-11,50<br>14,10-14,45<br>12,45-12,55<br>13,15-13,20<br>16,25-16,50<br>12,15-12,20<br>14,12-14,18 |
| 2. | Стотта | 24.01.2023<br>15.03.2023<br>20.03.2023<br>03.04.2023<br><br>10.04.2023<br>31.05.2023<br>14.06.2023 | -вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-понеделник<br><br>-понеделник<br>-среда<br>-среда | 12,35-12,50<br>15,10-15,15<br>17,45-17,47<br>15,40-15,45 и<br>16,10-16,30<br>13,00-13,01<br>12,00-12,15<br>14,19-14,21 |
| 3. | Сто и прва п*п* | 26.01.2023 | -четврток | 11,35-17,55 |
| 4. | Сто и втора | 23.01.2023 | -понеделник | 12,20-14,15 |
| 5. | Сто и трета | 13.02.2023<br>21.02.2023<br>15.03.2023<br>20.03.2023<br>03.04.2023<br>10.04.2023<br>04.07.2023<br>18.07.2023<br>27.11.2023<br>11.12.2023 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-вторник<br>-вторник<br>-понеделник<br>-понеделник | 11,45-12,50<br>11,30-15,50<br>15,15-15,20<br>17,48-17,50<br>15,45-16,10<br>13,01-13,05<br>13,20-13,30<br>14,33-14,35<br>15,35-15,37<br>17,10-17,11 |
| 6. | Сто и четврта | 13.02.2023<br>14.02.2023<br>15.02.2023<br>16.02.2023<br>17.02.2023<br>20.02.2023<br>22.02.2023<br>23.02.2023<br><br>24.02.2023<br>27.02.2023<br>28.02.2023<br>01.03.2023<br>02.03.2023 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-среда<br>-четврток<br><br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток | 15,35-17,50<br>12,35-17,50<br>12,15-18,05<br>12,25-23,45<br>11,15-14,50<br>12,20-22,55<br>12,15-01,25<br>10,15-12,15 и<br>19,00-01,50<br>12,20-18,40<br>12,40-23,35<br>14,55-20,50<br>15,35-19,35<br>12,20-16,45 |
| 7. | Сто и петта п*п* | 23.02.2023 | -четврток | 12,20-19,00 |
| 8. | Сто и шеста | 16.03.2023<br>20.03.2023<br>22.03.2023<br>10.04.2023<br>27.11.2023 | -четврток<br>-понеделник<br>-среда<br>-понеделник<br>-понеделник | 11,35-21,20<br>13,20-13,55<br>12,40-14,00<br>13,05-13,10<br>15,48-17,15 |
| 9. | Сто и седма | 08.03.2023 | -среда | 12,35-13,25 |
| 10. | Сто и осма п*п* | 28.03.2023 | -вторник | 11,40-16,40 |
| 11. | Сто и деветта | 29.03.2023 | -среда | 13,20-13,45 |
| 12. | Сто и десетта | 05.04.2023 | -среда | 13,45-14,10 |
| 13. | Сто и единаесетта | 19.04.2023<br>26.04.2023<br>01.06.2023<br>14.06.2023<br>04.07.2023<br>18.07.2023<br>27.11.2023<br>11.12.2023 | -среда<br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-вторник<br>-вторник<br>-понеделник<br>-понеделник | 12,00-13,25<br>16,25-16,55<br>12,15-12,45<br>14,22-14,25<br>13,30-13,46<br>14,36-14,37<br>15,38-15,40<br>17,13-17,14 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Сто и дванаесетта | 10.04.2023<br>31.05.2023<br>14.06.2023<br>15.11.2023 | -понеделник<br>-среда<br>-среда<br>-среда | 11,45-12,45<br>11,25-12,00<br>14,26-14,27<br>12,24-12,29 |
| 15. | Сто и тринаесетта п*п* | 27.04.2023 | -четврток | 11,30-17,35 |
| 16. | Сто и четиринаесетта | 26.04.2023 | -среда | 13,10-13,30 |
| 17. | Сто и петнаесетта | 10.05.2023<br>15.05.2023<br>17.05.2023<br>18.05.2023<br>19.05.2023<br>22.05.2023<br>23.05.2023<br>25.05.2023<br>26.05.2023<br>01.06.2023<br>07.06.2023<br>14.06.2023<br>04.07.2023<br>05.07.2023<br>18.07.2023<br>16.11.2023<br>27.11.2023 | -среда<br>-понеделник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток<br>-среда<br>-среда<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-четврток<br>-понеделник | 12,20-18,20<br>12,45-17,50<br>12,20-17,35<br>12,40-17,50<br>15,30-17,35<br>12,20-17,35<br>13,15-15,40<br>12,20-14,45<br>15,05-15,15<br>12,50-13,10<br>12,20-14,50<br>14,29-14,33<br>13,47-13,58<br>16,11-16,32<br>14,37-14,50<br>13,05-14,35<br>13,35-13,36 |
| 18. | Сто и шеснаесетта | 26.05.2023 | -петок | 12,10-14,00 и<br>15,15-17,55 |
| 19. | Сто и седумнаесетта | 14.06.2023<br><br>15.06.2023<br>26.06.2023<br>04.07.2023<br>18.07.2023<br>16.11.2023<br>27.11.2023 | -среда<br><br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-вторник<br>-четврток<br>-понеделник | 12,10-13,54 и<br>15,30-18,00<br>13,05-16,10<br>13,25-14,40<br>13,58-16,10<br>14,50-15,13<br>12,40-13,00<br>13,37-13,45 |
| 20. | Сто и осумнаесетта | 13.06.2023 | -вторник | 13,15-13,35 |
| 21. | Сто и деветнаесетта п*п* | 30.06.2023 | -петок | 11,20-17,30 |
| 22. | Сто дваесетта | 18.07.2023<br><br>19.07.2023<br>20.07.2023<br>26.07.2023<br>06.09.2023<br>12.09.2023<br>13.09.2023<br>19.09.2023<br>15.11.2023<br>27.11.2023<br>13.12.2023 | -вторник<br><br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-среда<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-среда | 13,35-14,19 и<br>15,13-21,05<br>12,45-18,05<br>12,40-17,25<br>13,50-15,45<br>12,35-16,10<br>12,30-19,00<br>12,20-14,25<br>13,10-13,25<br>12,32-18,17<br>13,46-13,49<br>15,35-15,40 |
| 23. | Сто дваесет и прва | 26.07.2023 | -среда | 12,15-12,30 |
| 24. | Сто дваесет и втора п*п* | 27.07.2023 | -четврток | 11,20-18,05 |
| 25. | Сто дваесет и трета | 18.08.2023 | -петок | 12,05-14,50 |
| 26. | Сто дваесет и четврта | 26.07.2023 | -среда | 15,25-15,40 |
| 27. | Сто дваесет и петта | 05.09.2023<br>06.09.2023<br>20.09.2023<br>03.10.2023 | -вторник<br>-среда<br>-среда<br>-вторник | 12,25-17,15<br>17,35-18,55<br>12,25-18,40<br>13,40-13,50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 28. | Сто дваесет и шеста | 19.09.2023<br><br>29.09.2023<br>03.10.2023<br>17.10.2023<br>02.11.2023 | -вторник<br><br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток | 12,50-13.10 и<br>15,00-16,30<br>12,20-15,40<br>14,00-14,05<br>14,10-14,20<br>13,00-13,05 |
| 29. | Сто дваесет и седма | 03.10.2023<br>17.10.2023<br>11.12.2023 | -вторник<br>-среда<br>-понеделник | 12,20-12,55<br>12,55-14,10<br>16,40-16,45 |
| 30. | Сто дваесет и осма п*п* | 28.09.2023 | -четврток | 11,35-16,40 |
| 31. | Сто дваесет и деветта | 02.11.2023<br><br>15.11.2023<br>27.11.2023<br>11.12.2023 | -четврток<br><br>-среда<br>-понеделник<br>-понеделник | 12,15-12,55 и<br>13,05-14,45<br>12,30-12,31<br>13,50-13,51<br>16,45-16,50 |
| 32. | Сто триесетта п*п* | 26.10.2023 | -четврток | 11,30-17,35 |
| 33. | Сто триесет и прва | 20.11.2023<br>21.11.2023<br>27.11.2023<br><br>11.12.2023<br>12.12.2023 | -понеделник<br>-вторник<br>-понеделник<br><br>-понеделник<br>-вторник | 14,25-18,45<br>11,30-13,35<br>13,53-14,00 и<br>15,40-15,48<br>16,50-17,10<br>14,15-14,30 и<br>16,30-17,45 |
| 34. | Сто триесет и втора | 21.11.2023 | -вторник | 17,30-18,00 |
| 35. | Сто триесет и трета п*п* | 01.12.2023 | -петок | 11,30-17,20 |
| 36. | Сто триесет и четврта | 19.12.2023 | -вторник | 12,15-12,45 |
| 37. | Сто триесет и петта | 22.12.2023<br>25.12.2023<br>26.12.2023<br>27.12.2023 | -петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 11,50-18,00<br>11,25-17,40<br>11,25-17,45<br>11,25-18,10 |
| 38. | Сто триесет и шеста | 11.12.2023<br><br>12.12.2023<br>13.12.2023 | -понеделник<br><br>-вторник<br>-среда | 16,25-16,40 и<br>21,40-21, 50<br>14,00-14,15<br>15,20-15,35 |
| 39. | Сто триесет и седма п*п* | 28.12.2023 | -четврток | 12,00-17,20 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Деведесет и деветта седница 10.01.2023 (вторник)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина (мај 2023 година до ноември 2023 година), под архивски број 08-4572/1;
3. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативните активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија;
4. Предлог на закон за финансиската инспекција во јавниот сектор - II читање;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола - II читање;
6. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик - II читање;
7. Предлог на закон за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка;
8. Предлог на Закон за младински додаток, по скратена постапка;
9. Предлог на одлука за давање согласност на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година;
10. Предлог на одлука за давање на согласност на Финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година;
11. **Граѓанска иницијатива за рапишување на референдум за донесување на закон за поништување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 19/2004), преку овластениот предлагач Ѓорѓи Манас[15];**
12. Барање за давање на автентично толкување на член 230 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесено од пратеникот Јован Митрески;
13. Барање за давање на автентично толкување на член 128 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Соња Михаиловска;
14. Барање за давање на автенично толкување на членовите 22, 26 и 31 од Законот за урбанистичко планирање, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово.

[15] Болдираните точки се незавршени

Стотта седница 24.01.2023 (вторник)

1. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, по скратена постапка;**
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по договорот за заем за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2", по скратена постапка;
3. Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција за 2022 година;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи -I читање;
5. Предлог на закон за нуспроизводите од животинско потекло - I читање.

Сто и прва седница 26.01.2023 (четврток)

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

Сто и втора седница 23.01.2023 (понеделник)

1. Предлог на закон за дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, по скратена постапка.

Сто и трета седница 13.02.2023 (понеделник)

1. Предлог на закон за ратификација на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија;
2. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за вода и здравје на Конвенцијата од 1992 година за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера;
3. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република";
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави;
5. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври";
6. Предлог на одлука за распишување јавен оглас за назначување на претседател и членови на Советот за граѓански надзор;
7. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување на член на Комисијата за заштита на конкуренција;
8. Предлог на одлука за распишување јавен оглас за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за механизмот за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител;
9. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување член на Државната комисија за жалби по јавни набавки;

10. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;
11. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско престапништво;
12. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за избор на заменик-директор на Агенцијата за заштита на личните податоци;
13. **Предлог на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка;**
14. **Предлог на закон за изменување на законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка;**
15. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка;
16. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка;**
17. Предлог на закон за данок на солидарност, по скратена постапка;
18. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка;**
19. Предлог на закон за изменување на Законот за царинска тарифа, по скратена постапка;
20. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, по скратена постапка;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка;
22. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија - I читање;**
23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва - I читање;
24. Барање за давање на автентично толкување на член 116 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” број 161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Даниела Колева;
25. Барање за давање на автентично толкување на член 191 а во врска со член 7 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” број 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Јован Митрески;
26. Барање за давање на автентично толкување на член 18 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 287/21 и 164/22), поднесено од пратеникот Фаница Николоска.

**Сто и четврта седница 13.02.2023 (понеделник)**

1. Предлог за разрешување на членови на Владата на Република Северна Македонија;
2. Предлог за избор на членови на Владата на Република Северна Македонија;
3. Предлог за разрешување на заменици на министри во Владата на Република Северна Македонија;

4. Предлог за именување на заменици на министри во Владата на Република Северна Македонија.

Сто и петта седница 23.02.2023 (четврток)

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

Сто и шеста седница 16.03.2023 (четврток)

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;
2. Предлог на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка;
3. Предлог на автентично толкување на член 66 став 3 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 203/22);
4. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Северна Македонија;
5. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Севена Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина, под архивски број 08-4573/1;
6. Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
7. Предлог за избор на член на Државниот совет за превенција на детско престапништво;
8. Предлог на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија мегу Република Македонија и Украина;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за амнестија, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата - I читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри - I читање;
14. Годишен извештај за работата на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите во 2022 година;
15. Барање за давање на автентично толкување на член 86 став (1) од Законот за управни спорови, поднесено од пратеникот Јован Митрески;
16. Барање за давање на автентично толкување на член 1, 8 и член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос, поднесено од пратеникот Хусни Исмаили;
17. Барање за давање на автентично толкување на член 24 став (2) точка б) од Законот за административни службеници, поднесено од пратеникот Снежана Калеска Ванчева.

Сто и седма седница 08.03.2023 (среда)

1. Информација за напредокот за родовите прашања во последните две децении во Република Северна Македонија.

Сто и осма седница 28.03.2023 (вторник)

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

Сто и деветта седница 29.03.2023 (среда)

На оваа седница на Собранието на Република Северна Македонија ќе му се обрати сојузниот претседател на Република Австрија Н.Е. д-р Александер ван дер Белен.

Сто и десетта седница 05.04.2023 (среда)

На оваа седница на Собранието на Република Северна Македонија ќе му се обрати претседателот на Владата на Република Хрватска Н.Е. Андреј Пленковиќ.

Сто и единаесетта седница 19.04.2023 (среда)

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции;
7. Предлог за избор на член на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност;
8. Предлог за престанок на мандат на член на Регулаторната комисија за домување;
9. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло;
10. Предлог на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба;
11. Предлог на закон за ратификација на Договорот за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан;
12. Предлог на закон за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан;

13. Предлог на закон за ратификација на Договорот за признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на Централно-европскиот Договор за слободна трговија;
14. Дополнет предлог на закон за дополнување на Законот за возила - II читање;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија - второ читање;
16. Дополнет предлог на закон за зоотехника - II читање;
17. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи - II читање;
18. Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2023-2032;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка;
20. **Предлог на закон за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски, по скратена постапка;**
21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште, по скратена постапка;
23. Предлог на закон за изменување на Законот за ловство, по скратена постапка;
24. Предлог на закон за воздухопловство - прво читање;
25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната - I читање;
26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната - I читање;
27. Предлог на закон за Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција - I читање;
28. **Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2021 година;**
29. **Годишен извештај на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година;**
30. Барање за давање на автентично толкување на член 93-а од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" број 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Јован Митрески;
31. Барање за давање на автентично толкување на член 20 точка 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, поднесено од градоначалникот на Општина Кавадарци.

Сто и дванаесетта седница 10.04.2023 (понеделник)

1. Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделско земјиште, по скратена постапка;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, по скратена постапка;
6. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка.

**Сто и тринаесетта седница 27.04.2023 (четврток)**

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Сто и четиринаесетта седница 26.04.2023 (среда)**

На оваа седница на Собранието на Република Северна Македонија ќе му се обрати претседателката на Република Косово Н.Е. д-р Вјоса Османи - Садриу.

**Сто и петнаесетта седница 10.05.2023 (среда)**

1. Предлог за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско престапништво;
2. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународни изложби, потпишана во Париз на 22 ноември 1928 година, изменета и дополнета со Протоколите од 10 мај 1948 година, 16 ноември 1966 година и 30 ноември 1972 година и дополнувањата од 24 јуни 1982 година и од 31 мај 1988 година;
3. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро;
4. Предлог на закон за ратификација на Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор;
5. Предлог на закон за задругите - II читање;
6. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;**
7. Предлог на закон за изменување на Законот за фитофармација, по скратена постапка;
8. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по скратена постапка;**
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка;

10. Предлог на закон за изменување на Законот за Оперативно - техничка агенција, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за академија за судии и јавни обвинители, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп - Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка;
19. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование - I читање;**
20. Предлог на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија - I читање;
21. Предлог на одлука за одобрување на Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година;
22. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година;
23. **Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година;**
24. **Предлог на одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година;**
25. **Предлог на одлука за давање согласност на Годишната програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година;**
26. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2022 година;
27. Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2022 година;
28. **Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2022 година;**
29. Извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година;
30. Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија за 2022 година;

31. Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2022 година;
32. **Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година;**
33. **Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година;**
34. Барање за давање на автентично толкување на член 115 ставови (12) и (15), а во врска со член 109 став (3) од Законот за основното образование, поднесно од пратеникот Бети Стаменкоска Трајкоска;
35. **Информација за состојбата на Судскиот Совет на Република Северна Македонија.**

**Сто и шеснаесетта седница 26.05.2023 (петок)**

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

**Сто и седумнаесетта седница 14.06.2023 (среда)**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението;
2. Предлог за избор на претседател и комисионери (членови) на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија;
3. Предлог за именување на член на Регулаторна комисија за домување;
4. Предлог за избор на член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија;
5. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, поднесен од пратеникот Марија Георгиевска;
6. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;
7. Предлог на закон за ратификација на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал;
8. Дополнет предлог на закон за вештачење - II читање;
9. **Предлог на закон за парничната постапка - II читање;**
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија - II читање;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина - II читање;

12. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва - II читање;
13. Предлог на закон за нуспроизводи од животинско потекло - II читање;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка;
15. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка;**
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по скратена постапка;
17. **Предлог на закон за дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка, поднесен од пратениците Снежана Калеска Ванчева, Жаклина Лазаревска, Фаница Николоска, Даниела Маркоска и Марија Ангелова;**
18. Предлог на закон за дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка;
19. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка;**
20. Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка;
21. Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик - I читање;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди - I читање;
23. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратениците Моника Зајкова и Боби Мојсоски - I читање;**
24. Предлог на закон за дополнување на Законот за минерални суровини - I читање;
25. Предлог на автентично толкување на членот 25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот;
26. Предлог на одлука за номотехнички правила за подготвување на законите;
27. Барање за давање на автентично толкување на член 17-в и член 29-б од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во републиката, поднесено од градоначалникот на Општина Врапчиште;
28. Барање за давање на автентично толкување на член 25-а од Законот за превоз во патниот сообраќај, поднесено од пратеникот Емилија Рамбабова;
29. Барање за давање на автентично толкување на член 40 став (2) од Законот за процена, поднесено од пратеникот Боби Мојсоски;
30. Барање за давање на автентично толкување на член 98 став 5 алинеа 3 од Закон за административни службеници, поднесено од градоначалникот на Општина Битола;
31. Годишен извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година;
32. Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година.

**Сто и осумнаесетта седница** **13.06.2023 (вторник)**

На оваа седница на Собранието на Република Северна Македонија ќе се обрати претседателката на Република Словенија, Н.Е. Наташа Пирц Мусар.

**Сто и деветнаесетта седница** **30.06.2023 (петок)**

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

**Сто и дваесетта седница** **18.07.2023 (вторник)**

1. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонијаза учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации "УНИФИЛ" ВО Република Либан;
2. Предлог на закон за ратификацијана Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро;
3. Предлог за именување директор на Агенцијата за администрација;
4. Предлог за избор на член на Советот за јавните обвинители на Република Северна Македонија;
5. Предлог за именување на претседател и членови на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија;
6. Предлог за именување на претседател и членови на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
7. Предлози за именување на членови на Фискален совет на Република Северна Македонија;
8. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/ комисии;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за данокот за солидарност, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадената вредност, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ - Скопје во услови на енергетска криза кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка;
15. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка;**
16. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште, I читање;**
17. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратеникот Моника Зајкова, I читање;**

18. Предлог на закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој, I читање;
19. Предлог на резолуција за продолжување на евроинтеграциските процеси и за признавање и афирмација на јазикот, културата и суверенитетот на Сојузна Република Германија;
20. Предлог на автентично толкување на член 15 ставови (1) и (2) и став (4) алинеи 1, 3, 5, член 19 став (2), член 38 став (4), член 41 ставови (1) и (2), член 46 ставови (3), (4), (5) и (6), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеја 2, член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 79 став (2) алинеи 1 и 5, член 80 став (3), член 83 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1, член 90 став (1) алинеја 2, член 91 став (4) алинеја 2, член 94 став (2) и член 134 став (1) од Законот за градежно земјиште;
21. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија;
22. Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028;
23. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година;
24. Барање за давање на автентиччно толкување на членот 144 став (2) од Законот за работни односи, поднесен од пратеникот Даниела Николова;
25. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година;
26. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година;
27. Годишен извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2022 година;
28. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување во 2022 година;
29. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување за 2022 година;
30. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година.

Сто и дваесет и прва седница 26.07.2023 (среда)

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе ја одбележи Шеесетгодишницата од катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26.07.1963 година.

Сто и дваесет и втора седница 27.07.2023 (четврток)

На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања

Сто и дваесет и трета седница 18.08.2023 (петок)

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија.

**Сто и дваесет и четврта седница 26.07.2023 (среда)**

1. Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обебедувањето на КПУ КПД Идризово.

**Сто и дваесет и петта седница 05.09.2023 (вторник)**

1. Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за скандалот во ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија;
2. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за избор на директор на Оперативно - техничка агенција;
3. Предлог за избор на член на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност;
4. Предлог за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско претставништво;
5. Предлог за изменување на членови на Советот на експерти на Агенција за супервизија на осигурување;
6. Предлог на закон за ратификација на изменетата Спогодба за јавни набавки (2012) со Одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светската трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012);
7. Предлог на закон за ратификација на Шестиот дополнителен протоцол кон Согодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа;
8. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за решавање банки, по скратена постапка;
